ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

МАЛА ПОДКОРИЦА

ИМПРЕСУМ

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ИНСТИТУТ ЗА
НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# 1000
## Г О Д И Н И

# ОД БИТКАТА НА БЕЛАСИЦА И СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ

# СОДРЖИНА

# ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

По повод одбележувањето на 1 000 години од битката на Беласица и на смртта на цар Самоил, во организација на Македонската академија на науките и уметностите и на Институтот за национална историја – Скопје, во просториите на МАНУ на 6 ноември 2014 година, со почеток во 11 часот се одржа Свечен собир, како и Тркалезна маса.

На Тркалезната маса беа пријавени вкупно 12 реферати на референти од Македонската академија на науките и уметностите, Институтот за национална историја, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Институтот за историја, Институтот за историја на уметноста со археологија и од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На задоволство на Организациskиот одбор и на присутните, на Свечениот собир беше прикажан документарен филм за животниот пат и за значењето на цар Самоил за македонската историја, кој беше проследен со особено внимание. Свечениот собир го отвори и на присутните им се обрати академик Владо Камбовски, претседател на Македонската академија на науките и уметностите, по што следуваше воведниот дел и Тркалезната маса.

По поднесување на рефератите, се разви богата и плодна дискусија за поголем број од поднесените реферати и за теми кои ги заинтригираа присутните. Референтите одговараа по забелешките од дискутантите, но по поединечни прашања од поднесените реферати се изнесоа ставови и согледувања кои иницираа тие да бидат вградени при конечното приложување на авторизираната форма на трудовите за објавување. По обемната дискусија, Тркалезната маса заврши успешно околу 17 часот. Електронските и пишаните медиуми со забележително внимание ги следеа Свечениот собир и Тркалезната маса, за што љубезно им благодариме. По завршувањето на работниот дел на Тркалезната маса, беше даден рок до крајот на септември 2014 година за конечно обликување на текстот на рефератите и нивно објавување во посебен зборник. Поради субјективно-објективни причини, поднесувањето на рефератите се оддолжи до почетокот на пролетта 2016 година. И покрај сите напори и потсетувања на референтите, во конечна авторизирана форма пристигнаа вкупно 10 реферати. Еден од референтите образложи дека не е подготвен да го предаде рефератот, а друг од непознати причини не го предаде својот прилог.

*Од Редакцијата*
Милан Бошкоски

**Акад. Владо КАМБОВСКИ**

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 1000 ГОДИНИ ОД БИТКАТА НА БЕЛАСИЦА И СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ

Одбележувањето со свечен собир и научна расправа на 1000-годишнината од битката на Беласица и смртта на Цар Самоил, МАНУ и македонската историска наука и општествена мисла им го должат на нашиот народ и на неговата историска меморија, постоење и иднина како завет наложен од едноставното сознание дека националниот идентитет не е исткаен само од јазикот, религијата, заедничкиот живот, просторот во кој еден народ живее, туку и од неговата култура, традиции, обичаи, страдања, победи и порази низ времињата, ропства и ослободителни борби. Тој што низ нив, самиот или неговите предци, поминувал, страдал, славел, делел радости или маки, во заедница со други, ја создавал и ја крепел цврстата народно-обичајносна целосност, што подоцна, во современите услови прераснала во најхомогена форма на народна организација – државотворна нација.

Микрокосмосот на колективната меморија натежнува врз нашата денешна свест и знаења како ѕвездена маглина, од која во секое проникнување во неа на просторот на Македонија на преминот од I во II милениум исплива ликот на Цар Самуил и неговата држава, што во времето на својот зенит, постигнат со освојување на голем дел од Балканскиот Полуостров, се сметала за моќна средновековна држава.

Во овој бележит и свечен миг – кој не е славење на победа, туку на трагичен пораз, за Цар Самуил и неговата држава е важно да се преповторат неколку констатации. Заслужува посебно внимание фактот, пред сè, дека политичкиот центар на Самуиловата држава бил востановен и до нејзиниот крај останал во Преспа и Охрид, а тоа е централниот дел на кое постоело словенското кнежевство на Берзитите (Брсјаците) во последната четвртина на VIII век. Не е неважно за проучувањето на општите историски тенденции во настанувањето на македонските склавинии како форми на релативно самостоен организиран општествен живот под власта на Византија сознанието дека на чело на тоа кнежество што ја зафаќало територијата на централниот и западниот дел на Македонија стоел кнезот Акамир (Окомир, Остромир), наречен од Анастасиј Библиотекар „Sclavinorum belzitae princeps". Тој ја признавал врховната власт на Византија, но станал толку моќен што започнал да се меша во борбата помеѓу наследниците на византискиот престол, поради што некаде на почетокот на IX век бил казнет со тогаш редовната казна ослепување.

Не може да постои никаква случајност во втемелувањето на политичкиот центар на Самуиловата држава на просторот на македонските склавинии на кои кон крајот на IX век била востановена високоразвиена црковна и духовна дејност од првиот словенски епископ Климент (893). Во неговата епископија, која била под јуриздикција на бугарската патријаршија со седиште во Преслав, а потоа и Доростол, Св. Климент, заедно со Св. Наум, развил богат духовен живот што опфаќал ширење на православието на словенски јазик, изградба на манастири и обемна образовна и книжовна дејност. Но, за согледувањето на карактерот на Самуиловото владеење е исклучително битно дека, по создавањето на неговата држава, тој не ја возобновил бугарската патријаршија, која по уништувањето на првото бугарско царство (971/72) потпаднала под јуриздикција на цариградската патријаршија, туку ја подигнал Охридската архиепископија како самостојна православна црква за своите области на рамништето на патријаршија. Знаеме дека нејзиното седиште било во Воден, Меглен, а потем во Мала Преспа, на островот на кој Самуил ги пренел од Лариса моштите на Св. Ахил во 986 година, и конечно во Охрид. Подеднакво е битен фактот дека по пропаѓањето на Самуиловото царство во 1018 година, царот Василиј II не ја укинал автокефалоноста на Охридската архиепископија, одземајќи ѝ го само статусот на патријаршија, именувајќи го македонскиот словен Јован Дебранин за архиепископ, под јуриздикција на Цариградската патријаршија, и со повелби (1019 и 1020) приклучувајќи кон неа повеќе области кои порано биле под бугарска власт.

Не противречи на истакнувањето на овие посебности на владеењето на Самуил, мислењето дека е неоспорен неговиот стремеж да ја наследи не само бугарската држава, туку и бугарската црква, поради што го преземал за истите бугарското име и титулата „бугарски цар“, како единствено постоечка во тоа време и на тие простори, покрај византиската. Факт е, исто така, дека во византиските извори е речиси еднодушна употребата на бугарското име за народот во неговата држава и на црквата. Тоа било усогласено со врежаниот обичај во Византија поданиците на некоја држава да се нарекуваат според името на државата на која припаѓаат. Колку е овој аргумент на номинирање според државната припадност во времето кога не постоеле национални држави, ниту пак внатрешно етно-национално диференцирање на словенската маса релативен, зборува и фактот дека во истите извори од тоа време за Самуил и неговите сонародници се употребувале и други називи. Така, на пример, во описот на епископот на Мерзенбург, Титмар, за честитањето на Велигден на германскиот император Отон Први во 973 година, на кое присуствувале двајцата синови на комесот Никола Самуил и Арон, меѓу делегатите кои дошле од странство се наоѓале, меѓу другите: „Унгарците, Бугарите, Даките и Словените.“ Или, во описот на битката кај Трајановата порта во 986 година, во која Василиј II бил тешко поразен од војската на Самуил, историчарот Лав Гакон, кој и самиот бил учесник во битката, изречно наведува дека таа се водела со „Мизите“, име што се наведува и во стиховите на Јован Геометар, посветени на таа битка.

Наспроти апсолутизирањето на тој аргумент, за нашите денешни опсервации на карактерот на Самуиловата држава се битни фактите кои ги нагласил и Острогорски, најдобриот византолог на овие простори, што неоспорно упату-

ваат на низата посебности, како што е поместувањето на политичкиот центар, освојувањето и напуштањето територии (најпрвин биле напуштени териториите на кои се наоѓал политичкиот и духовниот центар на Првото бугарско царство), и, што е особено значајно – посебноста и осамостојувањето на Охридската архиепископија. Дали тие посебности извирале од веќе начнатите разлики и посебни правци на развој на одделните кнежевства на Македонските Словени, наспроти првата бугарска држава, или пак самите тие, без оглед како настанале, подоцна претставувале основа за продлабочување на поделбите и разделување на Македонските Словени од општиот словенски корпус, претставува помалку важно прашање.

Денес знаеме, ослободувајќи се од позитивистичките пристапи во општествената мисла, дека аналитичкиот, индуктивен пристап кој е релевантен за историската, политичката, правната и другите општествени науки, го наложува следното барање: не ја одредува терминот содржината на поимот, туку обратно –терминот треба да извира од определена содржина и клучните елементи што ја одредуваат и неа, и самиот термин. И дека само на тој начин може да се разбистри смислата на изразите кои треба да се толкуваат и да им се даде прецизно значење во определен историски контекст.

Денешното свечено одбележување и научната расправа за Беласичката битка, смртта на Самуил, а тоа значи за Самуиловата држава и нејзиното пропаѓање, ќе претставува несомнен придонес, но и поттик за продлабочување на проучувањата на македонската средновековна историја и на византологијата, подрачја кои кај нас не се доволно истражени и расветлени. Врз основа на студиите на македонскиот ран и развиен среден век, чиишто основи ги поставија проф. д-р Стјепан Антољак и проф. д-р Бранко Панов, денес, за среќа, израснува помлада генерација која го проширува предметот на истражувањето на бројни теми од областа на историјата, религијата, културата, државата и правото, а резултатите од нивните истражувања стануваат сè повеќе достапни за светската научна јавност.

И на тој начин постапно се комплетира еден целосен видик на нашето минато, кој ги враќа во кориците на книгата во која е запишана нашата колективна меморија непознатите или загубените страници. А таа подучува дека народите и нациите настануваат по природен пат и по закони чиешто одвивање може да биде сопрено само со груба сила, дека ниеден народ не се појавил и не се загубил преку ноќ и дека не постојат октроирани народи. Народ што постои и се плоди, постои по силата на своите длабоки историски дамари што го држат цврсто прикрепен на стеблото на човековата цивилизација.

# ЦАР САМОИЛ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА И ТРАДИЦИЈА

## ЦАР САМОИЛ ВО ИСТОРИОГРАФИЈАТА

Интересот за личноста на цар Самоил се појавува во втората половина на XIX век и ја наметнува потребата од проучување на државната творба на просторот на Македонија која ја формира тој како најекспониран од синовите на комесот Никола: Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, па токму затоа по неговото име таа творба во историската наука е позната како Самоилова држава, Самоилово Царство или Македонско Царство. Првиот труд за Самоил е од перото на А. Гилфердинг во делото История Сербов и Болгар,[1] а следниот кој го поставува прашањето за Самоиловата како нова држава – Западно Бугарско Царство, со политички и црковен центар во Преспа и во Охрид, е хрватскиот славист Фрањо Рачки во делото *Borba Južnih Slovena za državnu neovisnost.*[2]

Меѓу славистите што ја разгледуваа политичката историја на Самоил е и славистот Марин Дринов, кој во докторската дисертација Началото на Самоиловата држава истакнува дека станува збор за нова држава со центар во Македонија. Разграничувајќи ја новата македонска држава од бугарската, тој пишува: „(...) няма съмнение, че във времето на тази буна Западна Блгария се е отметнала от цар Петар, съставила е ново, особно царство, като си избрала и нов цар. Това го знаем от (...) един стар паметник, който е найден в Зографския манастир, се изброяват българските царе. Между них намираме и Шишман[3] който се помену-

[1] А. ГИЛФЕРДИНГ, История Сербовъ и Болгаръ, Собраие сочинений, С. Петербург 1868, 198–225 (cf.: ГИЛФЕРДИНГ, История Сербовъ и Болгаръ).

[2] F. RAČKI, Borba južnih Slovena za državnu neovisnost, Zagreb, 1931, 12–333.

[3] Во историографијата од XIX век и првата деценија на XX век, со појавата на делото на Божидар Прокиќ, за дополнувањата на епископот Михаил Деволски како извор на Јован Скилица, во 1908 се докажува дека таткото на комитопулите се викал Никола, а мајка им Рипсимија, со што тезата дека Шишман бил нивни татко е отфрлена. Cf.: B. PROKIĆ, Die Zusätze in der handschrift des Johannes Skylitzes, München, codex Vindobensis hist. grac. LXXIV. Ein Betrag zur Geschihte des sogenamiten westbulgarishen Reiches, von Božidar Prokić, München, 1908, 7–8, 28, №. 1 (PROKIĆ, Die Zusätze). Дополнувањето на Михаил Деволски кон Јован Скилица се внесени во новото критичко издание од 1974 година: IOANNIS SCYLITZAE Synopsis historiarum, rec. I. Thurn, Berolini et Novi Eboraci, MCMLXXIII, 328, 57 63 (cf.: SCYLITZAE).

ва пред синовете си Давид и Самоил.“[4] Бугарската историографија се залагала за тоа дека во 969 година со востанието на комитопулите во Македонија била елиминирана бугарската власт. Водачот на востанието, најстариот син и цар, Давид, го признавал источноримскиот легитимитет, а во 976 година, по смртта на Јован Цимискиј (969 – 976), се дигнало второ востание, овој пат против власта на Константинопол, за создавање независна македонска држава.

Во македонската историска наука (*Historija naroda Jugoslavije,* I) по 1945 година, државата создадена во Македонија во времето на Самоил се нарекува „Makedonska država pod Samuilom“,[5] а во учебниците се именува како Самоилова држава. Од западите автори, на македонската средновековна држава прв се осврнува Густав Шлумберже во делото *L' eporèe buzantine à la fin du Xє siècle,* I-II. Тој смета дека станува збор за посебна и нова држава во Македонија – „Западно Бугарско Царство“, со центар во Преспа и во Охрид.[6] Називот е преземен од Оксфордската средновековна историја издадена во 1923 година[7].

Б. Прокиќ, во 1908 година, е еден од првите византолози кој новата држава во Македонија, со политички и црковен центар во Преспа и во Охрид, ја дефинира како „словенско царство во Македонија“, „Македонско Царство“ или „Македонска Држава“.[8] В. Марковиќ, во делото Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, го користи терминот Македонско Царство, а врз основа на средновековни извори констатира дека Самоил се нарекувал „наследником Александра Великог и Пира“ и истакнува дека Самоиловото владеење претставува вистинско „херојско доба Македоније“.[9] Д. Анастасијевиќ ја отфрла тезата дека новата држава во Македонија била бугарска, па ја нарекува „словено-македонска“ држава,[10] а В. Ќоровиќ во периодот на Кралството Југославија, во Историја на Југославија, глава IX со наслов „Држава Маћедонских Словена“, констатира дека за време на царувањето на Петар (927 – 969) во Македонија, Словените „нису били задовољни бугарском управом. Груписани у својој етничкој заједници (...) су осећали извесну противност према Бугарској, у којој је етничка мешавина још била видна и где су Бугари држали све главније положаје“. По смртта на

[4] М. ДРИНОВ, „Началото на Самоиловата държава“, Браила 1874, во: М. ДРИНОВ, Избрани съчинения, т. I, София, „Наука и искуство“, 1971, 396 (cf.: ДРИНОВ, Началото на Самоиловата държава).

[5] HISTORIJA NARODA JUGOSLAVIJE, I, Školska knjiga, Zagreb, 1953 (автор LJUBEN LAPE), 295-301 (cf.: HISTORIJA NARODA JUGOSLAVIJE, I).

[6] GUSTAV SCHLUMBERGER, L'éropée buzantine á la fin du Xe siècle. Jean Tzimiscès. les jeunes annése de Basile II le Tueur de Bulgares (Paris 1896, 1900), I, 571 sq., II, 1–374.

[7] THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, Cambridge 1923, vol. IV, part I, 240.

[8] Б. ПРОКИЋ, Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, Глас српске краљевске академије LXXVI, други разред 46, у Београду 1908, 213–307 (cf.: ПРОКИЋ, Постанак једне словенске царевине у Маћедонији).

[9] В. МАРКОВИЋ, Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији, Сремски Карловци, Српска манастирска штампарија, 1920, 9–14. Cf.: Троношки родослов: Д-Р ЯНКО ШАФАИКЪ, Гласникъ друштва српске словесности, св. V, У Београду 1853, Сербскій лътописац изъ почетка XVI-гъ столътія, 17–112, особ. 22.

[10] Д. АНАСТАСИЈЕВИЋ, Хипотеза о западној Бугарској, Гласник Скопског научног друштва, 3 (1938), 1 sq.

Петар „избио је устанак у Маћедонији“. Самоил, според В. Ќоровиќ, „не признаје власт бивше бугарске династије над својом земљом; он ствара нову династију“, останува „веран својој маћедонској средини, Преспи и Охриду. Тамо је он пренео и седиште патријаршије. Тако је област маћедонских Словена (...) постала средиште једне велике ослободилачке акције и једне велике државе. Једино што је примио Самуило из старе бугарске државе (…) јесте царска титула, као и понос и правно наслеђе, и у црквеном погледу установа патријаршије. Тиме је Самуило хтео да нагласи континуитет бугарске творевине царства као нове државне организације настале у борби против Цариграда.“[11] Пишувајќи за крајот на владеењето на Самоил, авторот ќе констатира дека „његова погибија значила је крај Маћедонске Државе (...). Крајем год. 1018. била је сва Маћедонска Држава покорена“, за да заклучи дека „цар Василије је срушио Маћедонску Државу, али је задржао самосталну охридску цркву (...) са титулом архиепископије“.[12]

Белградскиот византолог од руско потекло, Г. Острогорски, во германското издание на Историјата на Византија од 1940 година понудил аргументи за македонскиот карактер на државата на Самоил. Според него, центарот на државата се наоѓал во Македонија, со нови царски престолнини и црковни средишта во Преспа и во Охрид. Во Охрид се создало црковно седиште, кое ја надживеало Самоиловата држава за повеќе века. Државата одиграла голема улога во историјата на Јужните Словени. Идеолошки, Самоиловото Царство било поврзано со старото Бугарско Царство, така што и самите негови творци го нарекувале бугарско. Тоа било така затоа што царство и патријаршијата освен во Византија, постоеле само уште во Бугарија. Самоил ги прифатил тие традициии и го презел наследството на Симеоновото царство и на царството на Петар. Освен Солун, Самоил под своја власт ги обединил речиси цела Македонија, старите бугарски територии помеѓу Дунав и балканските планини, Тесалија, Епир, дел од Албанија со Драч, а најпосле Босна и дел од српските територии со Срем.[13] Од 1947 година германското издание е достапно на српски јазик, а во 1959 година е дополнето.[14] Објавено е на англиски, а повеќепати е и фототипно преиздавно. Од 1992 година е достапно на македонски јазик[15], а од 1997 година и на албански јазик.[16]

---

11 В. ЋОРОВИЋ, Историја Југославије, „Народно дело“ у Београду, 1933, 76–77 (cf.: ЋОРОВИЋ, Историја Југославије).

12 ЋОРОВИЋ, Историја Југославије, 80–82.

13 OSTOGORSKY, G., Geschichte des byzantinischen States, München, 1940, 145, 213–214; ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја Византије, Београд, 1947, 145–153; ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја Византије, Београд 1959, 287–300, 338. На крајот од дополнетото издание од 1959 година, по текстот, во списокот византиски и други владетели, на стр. 338 се наброени и тројца владетели на „Македонското царство: Самоил (976 – 1014), Гаврил Радомир (1014 – 1015) и Јован Владислав (1015 – 1018)“. Идентични ставови се изнесени и во преводите на Историјата на Византија од Г. Острогорски.

14 ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја Византије, „Просвета“ – Београд, 1959, 286–288 сл., 538.

15 ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја на Византија, ИП „Наша книга“, Скопје 1992, 360–363 сл., 698.

16 OSTROGORSKI, G. Historia ë perendoris Bizantine, Tiranë, 1999, 200–206, 422. Во текстот, наместо Македонско Царство, на албански е преведено како Mbreteria Makedonia (Кралство Македонија).

П. Мутавчиев ги смета востаничкото движење на комитопулите и востанието на Михаил во западните области на Царството за антибугарски отпор и обид за преземање на власта во услови на бугарско-византискиот политички судир, руско-бугарската војна и византиско-руската војна. Државата која била создадена на територијата на Македонија ја нарекува „Охридско Царство“, по името на градот Охрид – престолнината на Царството.[17] Во 1950 година во преводот на Летописот на попот Дукљанин од латински на хрватски јазик, во белешката 181 В. Мошин, повикувајќи се на германското издание на Г. Острогорски, пишува: „Mlađi od ’komitopula‘, koji su oslobodili Makedoniju od Grka poslije smrti Cimiskija, Samuil, postao je osnovač Makedonskog carstva (…) Samuilovo carstvo sa prijestonicom u Prespi, a kasnije na Ohridu (…) Uspostavljena bugarska patrijaršija bila je konačno premeštena u Ohrid. Kao i drugi savremeni izvori, Dukljanin zove Samuila bugarskim carem, jer je Samuilovo carstvo ’ideološki bilo vezano za carevinom Simeona i Petra (...)‘. Ovo se objašnjava time, što su u to doba pored Vizantije samo još u Bugarskoj postojale tradicije carstva i samostalne patrijaršije.“[18]

Д. Ташковски констатира дека со Самуловото Царство во Македонија била создадена држава на Македонските Словени.[19] Во новото издание на Кембричката средновековна историја, во списокот на владетелите под број 5, во подналов пишува „*Macedonian Empire (the Comitopuli)*: The Comitopuli brothers, David, Moses, Aaron and Samuel (sons of the *Comes* Nicholas), 976-c. 987, Samuel (rulung alone) c. 987–1014, Gabriel Radomir 1014–1015, John Vladislav 1015–1018“.[20]

Популарноста на македонската држава од времето на цар Самоил нашла одраз и во масовните медиуми каков што е стрипот. Пред илјадагодишнината од востанието на комитопулите и создавањето на македонската средновековна држава, уредниците на стрипот истакнале: „Равно пре хиљаду година створено је на Балкану огромно словенско царство на чело са македонским царем Самуилом.“[21] С. Антолјак во 1969 година, на илјадагодишнината од овие настани, се појавува со првото монографско дело во кое преку научен и критички пристап кон изворите и кон литературата се произнесува за карактерот на Самоиловата држава, која ја карактеризира како највисок политичко-црковен дострел на македонскиот народ во раниот среден век.[22] Истата 1969 година во Отешево (Преспа)

[17] П. МУТАФЧИЕВ, История на българския народ /681 – 1323/. Под редакция на проф. Васил Гюзелев, София, 1986, Издателство на Българската академия на науките, 222 sq.

[18] LJETOPIS POPA DUKLJANINA, Priredio, napisao uvod i komentar DR. VLADIMIR MOŠIN, Hrvatski prijevod latinske redakcije: S. MENCINGER i V. ŠTEFANIĆ, Matica Hrvatska, Zagreb, 1950, bel. 181, p. 77–78 (cf.: MOŠIN, Ljetopis popa Dukljanina).

[19] Д. ТАШКОВСКИ, Самуиловото царство, „Култура“, Скопје, 1961, 21, бел. 8 (cf.: ТАШКОВСКИ, Самуиловото царство).

[20] THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, vol. IV, part I, ed. J. M. Hassey, with editorial assistance of D. M. Nicol and G. Gowan, Cambridge 1966, 517–518, 799 (sq.: THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, vol. IV, part I).

[21] ЦАР САМУИЛО, Никад Робом, 126, 60, Издаје НП „Дечје новине“ – Гоњи Милановац, текст: Д. Ташковски, цртеж М. Топуз, 1967, Штампа. НИП „ Форум“ – Нови Сад. Стрипот кон крајот на XX век е неколкупати преиздаван.

[22] С. АНТОЛЈАК, Самуилова држава, Институт за национална историја, Скопје, 1969, 5–192. Монографијата доживеа второ дополнето издание во собраните трудови: СТЈЕПАН

се одржува голем меѓународен научен собир посветен на 1000-годишнината од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. Рефератите, вкупно 18 на број, се објавени во 1971 година. Во дискусијата се поставени дополнителни прашања, кои требало да бидат предмет на понатамошни научни истражувања.[23]

Франц Дворник во делото Словени, историја и цивилизација, државата на Самоил ја нарекува „Empire de Macédoine", а како нејзини владетели ги наведува: „976-1014 Samuel, 1014-1015 Gabriel Radomir et 1015-1018 Jean Vladislav."[24] Францускиот учен Мишел де Вос го застапува гледиштето дека станува збор за држава „на Славо-македонците (Ľetat Slavo-Macedonien)".[25] Љ. Максимовиќ во поглавјето „Триумфот на Византија на почетокот на XI век" од Историјата на српскиот народ, т. I, пишува за „македонска држава", „Самуилова држава", „поразом војске македонског цара на Беласици", „почетком 1018 године пред зидинама Драча пао је последњи македонски цар Јован Владислав", „слом Македонског Царства 1018. године (...)" и користи слични именувања со придавката „македонски".[26] Истакнатиот македонски византолог и медиевист Б. Панов во монографијата Охрид и Охридско низ историјата, т. 1, укажува на македонскиот карактер на државата што е формирана со востанието на комитопулите во 969 година.[27] Тој и С. Антољак како коавтоари во Историја на македонскиот народ, т. 1, во петтата глава под наслов „Создавање на македонската држава и нејзино претворање во моќно Балканско царство", ги заокружуваат истражувањата за карактерот на царството на Самоил и на неговите наследници.[28]

---

АНТОЉАК, Средновековна Македонија, 1 (том први), „Мисла", Скопје 1985, 289–604.

23 ИЉАДА ГОДИНИ ОД ВОСТАНИЕТО НА КОМИТОПУЛИТЕ И СОЗДАВАЊЕТО НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА, Скопје, 1971, 7–303.

24 F. DVORNIK, Les Slaves Histoire et Civilisation, de l' Antiquité auh débuts de l'époque contemoraine, Éditions du seuls Paris 1970, 128–131, 954–955. Cf.: МИЛАН БОШКОСКИ, Македонија во XI и XII век. Надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997, 23–27, бел. 11.

25 UNIVERSITÉ DE LA SORBONNE PARIS III, Institut National des Langues et Civilisation Orientales: UN DEMI-SIÈCLE DE L'HISTOIRE DE LA MACÈDOINE (975-1029). THÈSE DE DOCTORAT DU IIIè CYCLE DE Michel de VOS, Sous la direction de Monsieur le professeur Robert PHILIPPOT, MARS 1977, 33 sq. (cf.: DE VOS, Un demi-siècle de l'histoire de la Macèdoine (975 – 1029), 38–39.

26 ИСТОРИЈА СРПСКОГ НАРОДА, Књига прва, Београд 1981, 170, 172, 175, 176, 177.

27 ОХРИД И ОХРИДСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, Книга прва (1), Собрание на општина Охрид, Скопје 1985, 193–197. Тука се употребени следните термини со атрибутот македонски: „македонска држава", „македонско словенска држава", „Македонска црква", 193, 194, 195, 197.

28 ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1 (Први), Македонија од праисториско време до потпаѓањето под турска власт. Редактор: Професор д-р БРАНКО ПАНОВ, Институт за национална историја, Скопје, 2000, 357–392 (cf.: ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1).

## ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ НА ЦАР САМОИЛ

Дискусиите за етничката припадност на Самоил, кои траат сѐ до денес, истакнале различни ставови во историската наука. Но, етничката припадност на владетелот во средниот век не го одредува карактерот на државата. Кон крајот на XIX век (1888 година), при изградбата на новата црква, до западниот ѕид на средновековната црква Св. Герман во с. Герман на Преспанското Езеро бил откриен кирилски натпис, т.н. Самоилов натпис, датиран во 993 година, на кој биле прочитани имињата на Самоил и на неговиот брат Давид. За натписот се произнеле Т. Успенски, Т. Д. Флорински и д-р Милетич,[29] К. Јиречек и В. Јагиќ објавиле посебни прилози околу мотивите за подигнувањето на Самоиловиот натпис[30], Ј. Иванов целосно го расчитал натписот, а М. Павловиќ се посомневал во неговата автентичност.[31] Најнов прилог за Самоиловиот кирилски натпис, со историјат на проучувањето и на изданијата, придружен со структурно-јазична анализа, односно проследување на јазичните особености – правописно-фонетско-фонолошките и морфосинтактичките обележја, и со структурно-содржинско толкување е оној на М. Паунова.[32]

Објавувањето на Битолскиот кирилски натпис од 1015/1016 година, во кој македонскиот цар Јован Владислав (1015 – 1018) ги потенцира причините за градењето на битолската тврдина, донесува нови податоци за учеството на творците на Македонската Империја – Самоил и Арон, во битката кај Трајановата Врата во 986 година. Во натписот се наведени значајни податоци за битката кај Беласица во 1014 година, за учеството на цар Самоил во неа и за неговата смрт. Натписот дава автентични податоци од современ епиграфски извор и внесува нов приод кон проучувањето на неговата личност и на македонската средновековна држава[33].

[29] Т. УСПЕНСКЙ, Надпис цара Самуила. Известия рускаго археологическаго института IV, Цариград 1899, 1–4; Т. Д. ФЛОРИНСКАГО, Нъсколько замъченійо натписи цара Самуила, Известия рускаго археологическаго института IV, Цариград 1899, 5-13; Д-р МИЛЕТИЧ, Къмъ, Самуиловия надписъ от 993 година, Известия рускаго археологическаго института IV, Цариград 1899, 14–20.

[30] Arhiv für die slavische Philologie, V. XXI – S. 543–551, 551–557. Насловот на приказот на репродукцијата, според содржината на Известија, со додатокот: Separatabdurck aus der, Известия рускаго археологическаго института IV, Цариград 1899, София, 1899, 20. In 8°.

[31] Й. ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македонии, София, 1931, 23–25 (cf.: ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македонии), со кратки белешки и објаснување на кирилскиот натпис: М. ПАВЛОВИЌ, Надгробната плоча најдена во село Герман кај Преспа, Зборник: ИЛЈАДА ГОДИНИ ОД ВОСТАНИЕТО НА КОМИТОПУЛИТЕ И СОЗДАВАЊЕТО НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА, Скопје, 1971, 73–93.

[32] М. ПАУНОВА, Самоиловиот натпис како најстар кирилски епиграфски споменик од Македонија, Самуиловата држава, во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Завод за заштита на сомениците на културата и музеј – Струмица, Струмица 2015, 247–258.

[33] Позначајни библиографски изданија: В. МОШИН, Битољска плоча из 1017 године, Македонски јазик XVII, 1966, Скопје 1966, 50–61; Й. ИВАНОВ, Битолски надпис на Иван Владислав самоджец български * Старбългарски паметник от 1015/1016 година. В. ЗАИМОВА, Иван Владислав и неговият надпис, София 1970, 33–34, 142–143; во превод на македонски

Во однос на прашањето за етничкото потекло на Самоил, на неговите родители и браќа, А. Гилфердинг, прв од византолозите, врз основа на податоците на ерменскиот историчар Стефан Тaронски-Асолик, современик на настаните, кој го завршил своето дело во 1004 година, се произнел за ерменското потекло на Самоил. Овој извор известува дека Самоил и неговиот помлад брат, кој не е именуван, биле Ерменци. Гилфердинг заклучува дека комесот Никола и неговата сопруга Рипсимија, многу често име на светица кај Ерменците, и нивните синови Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, се од ерменско потекло, и тоа од областа Дерџан во Ерменија.[34]

Гледиштето за ерменското потекло на цар Самоил го прифатиле редица византолози и медиевисти. Ј. Иванов, во една статија објавена во 1925 година, го прифатил и го образложил ерменското потекло на цар Самоил.[35] Во однос на етничкиот карактер на Самуиловата држава, В. Ќоровиќ мисли дека е голема веројатноста „да је Самуило био јерменског порекла, бар по женској линији, као потомка јерменске колоније са Вардара".[36] Белгискиот учен Н. Адонтц, користејќи ги податоците на Стефан Таронски-Асолик, во својата обемна студија со силни изворни аргументи констатира дека Самоил и неговиот анонимен брат, кои ги нарекува „Komsadzag" – т.е. комитопули, биле родум од областа Дерџан во Ерменија. Во Македонија ги довел царот Василиј со ерменски полк за да се борат против Бугарите. Но тие уште во првиот судир со нив преминале на страната на „царот", кој бил евнух (курт) и стапиле во негова служба[37]. Мислењето на Н. Адонтц за ерменското потекло на Самоил го прифатил белградскиот византолог Г. Острогорски и приложил дополнителни аргументи за карактерот на државата. Според него, центарот на државата се наоѓал во Македонија, со нови престолнини и средишта во Преспа и во Охрид. Во Кембричката средновековна историја е прифатен ставот за ерменското потекло на Самоил и на комитопулите,[38] а С. Антолјак во повеќе свои трудови го застапува мислењето за ерменското потекло

---

јазик: Т. ЈАНАКИЕВСКИ, Убикацијата на средновековна Битола (VII-XIV), Битола, 2003, 45–46.

34 Собраніие сочиненій А. ГИЛЬФЕРДИНГА., Томы первый, I. Исторія Сербов и Болгаръ, С. Петербургъ 1868, 195–196, бел. 2; ВСЕОБЩАЯ ИСТОРІЯ СТЕП›АНОСА ТАРОНСКАГО – АСОХИКА по прозванию – писателя XI столътія – переведена съ армянскаго и объяснена Н. ЭМИНЫМЪ, Москва 1864, XXII, 175 sq. (cf.: ИСТОРІЯ СТЕП›АНОСА ТАРОНСКАГО – АСОХИКА).

35 ЙОР. ИВАНОВЪ, Происходотъ на цар Самуиловия род, Сборнокъ въ честь на Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишнината му от научната и професорска дейность, приготвен отъ неговите ученици и почитатели, София 1925, 55–56 Авторот категорички изјавува: „Ние сметаме че Самуиловата династия не е отъ домашенъ, славянски или прабъродлгарски родъ; нейното потекло, обаче, не било персиско, а арменско." Како доказ го наведува тврдењето на Стефан Таронски-Асолик за Самоиовото ерменско потекло и ерменските имиња на неговиот род.

36 ЋОРОВИЋ, Историја Југославије, 77–78.

37 N. ADONTZ, Samuel l'Arménien, roi des Bulgares, Mémoires de l'Académie Rouale de Balgique – Classe des Lettres et des Scienesmorales et politiques XXXIX, Brixeles 1938, 37–38 (cf.: ADONTZ, Samuel l'Armenien, roi des Bulgares).

38 THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, vol. IV, part I, p. 178-192.

на комесот Никола и на неговите синови Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, како и на нивните потомци.[39] Францускиот историчар Мишел де Вос укажува на тоа дека таткото на Самоил, Никола, мајка му Рипсимија, типично ерменско име на истакнатата ерменска светителка, и неговите браќа Давид, Мојсеј и Арон се од ерменско етничко потекло. Де Вос заклучува дека останува да му се верува на единствениот извор кој зборува за комесот Никола, за неговата сопруга Рипсимија и за нивните старозаветни имиња или да го отфрлиме, што, како што посочува тој, е целосно неодговорно.[40]

В. Р. Петковиќ, во една статија објавена на француски јазик во 1919 година, го протежира гледиштето за персиското етничко потекло и смета дека Самоил потекнувал од персиски колонисти кои византискиот цар Теофил (829 – 842) ги населил во Македонија.[41] Оваа теза останала осамена, по што Д. Анастасијевиќ во 1922 година ја отфрлил како неоснована.[42]

Божидар Прокиќ објавува серија студии посветени на Самоиловиот политички, етнички и црковен субјективитет.[43] Тој истакнува дека центарот на новиот политичко-црковен субјект кој го создал царот Самоил  бил во Македонија, а називот „Бугарско Царство" ги одразувал политичките, а не етничките констелации. За да стигне до царската круна, која во тој период имале право да ја носат само ромејскиот василевс и бугарските цареви од 917 година, Самоил ја узурпирал круната. Франачкиот крал Карло Велики, кој по освојувањето на Италија го ставил под своја заштита папата, на Божик во 800 година, во Рим бил крунисан за цар, на што остро реагирал Константинопол. По распаѓањето на неговото царство на повеќе кралства, германскиот крал Отон I (930 – 973) во 962 година, откако го освоил Рим, од папата Јован XII (955 –964) бил овенчан за император на светата Римска Империја[44].

Б. Прокиќ во однос на етничкото потекло истакнува дека Самоил потекнувал од областа Берзитија (Βερζῆται) во Централна Македонија, каде што живеело словенското племе Брсјаци или Берзити. Идејата за брсјачкото потекло на Самоил поаѓа од претпоставката дека поранешното кнежевство на Берзитите се простирало околу Охридското и Преспанското Езеро и деволската област,

39 С. АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, Институт за национална историја, Скопје 1969, 14–18 (cf.: АНТОЛЈАК, Самуиловата држава); С. АНТОЛЈАК, Самоиловата држава, Историја, V/2, Скопје, (1969), 21–22 (= С. АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1 [том први], „Мисла", Скопје 1985), 315–326 (cf.: АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1); Izvori za istoriju naroda Jugoslavije – Srednji vek, Zagreb 1978, 47–74, 127–148.

40 DE VOS, Un demi-siècle de l'histoire de la Macèdoine (975 – 1029), 38–39.

41 D-R VLADIMIR R. PETKOVIC, Une Hipothèse sur le Car Samuel, Paris, 1919, 5–27.

42 Д. Н. АНАСТАСИЈЕВИЋ, В. Р. Петковић, Une Hipothèse sur le Car Samuel, Paris, 1919, 28, Прилози за КЈИФ II, (1922), Београд 1922, 121.

43 Б. ПРОКИЋ, Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, Глас српске краљевске академије LXXVI, други разред 46, у Београду 1908, 213–307; БОЖИДАР ПРОКИЋ, Охридска архиепископија, Глас српске краљевске академије LXXVI, хрисовуља цара Василија II од 1019 – 1020, 1–62; ПРОКИЋ, Б., Јован Скилица како извор за историју маћедонске словенске државе, Глас САН, LXXIV, Београд 1910, 153–156.

44 ОСТРОГОРСКИ, Историја Византије, 277.

помеѓу градовите Прилеп, Битола и Велес, што е сосема прифатливо.[45] Тезата за брсјачкото потекло на Самоил ја прифаќа В. Ћоровић, но додава: „У Маћедонији нису били задовољни бугарском управом. Груписани у својој етничкој заједници, они су осећали извесну противност према Бугарској (...). Одма после смрти цара Петра († 969.) избио устанак у Маћедонији. Водила су га четири сина брсјачког кнеза Николе старозаветнимименима (...)“, но сепак предност ѝ дава на теоријата за ерменското потекло.[46] Ставот за брсјачкото потекло на семејството на Самоил го прифатил Љ. Лапе,[47] а понатаму речиси и целата модерна македонска историографија.[48]

Бугарската историографија, а преку неа во голем дел и светската историографија, поаѓајќи од називот Бугарско Царство и именувањето на државата како Бугарија, а на поданиците како Бугари, се залага за бугарското потекло на семејството на цар Самоил, иако тоа не е потврдено во изворите. Во таа смисла, како реакција на тезата за ерменското потекло на семејството на цар Самоил, белгискиот истражувач Н. Адонтц ја разнишува тезата за евентуалното бугарско потекло на семејството на цар Самоил изнесено од Божана Благоева.[49] Во недостаток на аргументи и извори да го побие Н. Адонтц, Благоева преку податоци од византиската писателка Ана Комнина од Алексијадата се обидува да го потврди „бугарското“ потекло на цар Самоил,[50] податок и аргумент кој Т. Томовски и Б. Панов го користат за да го потврдат македонското потекло на Самоил, поточно дека тој потекнувал од некојси Мокр (ἀπὸ Μόκρου), благородник од областа Мокра во близината на Охрид, односно во областа Девол западно од Охридското и од Преспанското Езеро.[51]

45 ПРОКИЋ, Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, 236 sq.

46 ЋОРОВИЋ, Историја Југославије, 76–77.

47 HISTORIJA NARODA JUGOSLAVIJE, I, 295.

48 ОХРИД И ОХРИДСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, Книга прва (1), Собрание на општина Охрид, Скопје 1985, 193–197; ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1 (ред. Б. Панов), 359–360.

49 БОЖАНА БЛАГОЕВА, За происхода на цар Самоил, Исторически преглед, год. XXII/2, (1966), 79–95 (cf.: БЛАГОЕВА, За происхода на цар Самоил).

50 БЛАГОЕВА, За происхода на цар Самоил, 93–95.

51 Т. ТОМОСКИ, Μόκρος во историјата на македонскиот народ, 321–347 (= Македонија низ вековите. Градови. Тврдини. Комуникации. „Матица македонска“, Институт за национална историја, Институт за историја – Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 1999, 321–347; ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1 (ред. Б. Панов), 360.

## ТЕТРАРХИЈА ИЛИ МОНАРХИЈА

Во историската наука постојат две мислења околу типот на владеење со македонската држава до зацврстувањето на Самиол како единствен монарх и цар. Соседните историографии – српската и бугарската, наметнуваат став дека комитопулите владееле заеднички, според словенскиот принцип на „задругарска влада“, односно колективно владеење, давајќи му приоритет на најстарот брат Давид, за што се изјаснува Б. Прокиќ[52], додека според В. Златарски, се работи за федеративен принцип на владеење[53], односно за тетрархија, гледиште кое е безрезервно прифатено од балканската, и од европската, како и од дел од македонската историографија.[54] И едното и другото мислење се сведуваат на „измислен“ принцип на владеење, кон кој е приспособен терминот тетрархија, затоа што во изворите се споменуваат четворица браќа комитопули. Тетрархијата како тип на владеење е позната во доцноримскиот период, во времето на цар Диоклецијан (284 – 304), и таа не почива на роднински принцип.[55] Уште во втората половина на XIX век рускиот историчар А. Гилфердинг, бугарскиот славист М. Дринов, францускиот византолог Г. Шлумберже, чешкиот историчар К. Иречек, а во поново време и белгиските авторитети Н. Адонтц и А. Лероа – Молинген, го истакнуваат ставот за монархистичкиот принцип на владеење во Македонија. Според нив, Давид, како најстар брат, бил цар и владеел со државата во Македонија.[56] Во средниот век не постои пример на земја каде што владеела тетрархија, туку постои само монархија!

Во различни временски периоди на европскиот среден век постоел интервал на слаба централна власт и силни локални авторитети, кои го занемарувале

---

52 ПРОКИЋ, Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, 258 сл., 270–273.

53 В. ЗЛАТАРСКИ, История на Първото българско царство, том I, часть 2, Отъ славънизацията на държавата до падането на Първото царство (852-1018), София, 1927, 640–644 (cf.: ЗЛАТАРСКИ, История на Първото българско царство, I/2).

54 THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, vol. IV, part I, p. 178–189; 517–518, 779.

55 М. БОШКОСКИ, Комитопулот Давид, цар Давид, Св. цар Давид (Историско-уметнички преглед), Patrimonium (Патримониум) МК, 10/2012; с. 127–140 особено 128–129, бел. 13 и 14 (cf.: БОШКОСКИ, Комитопулот Давид, цар Давид, Св. цар Давид); БОЖИЛОВ, И., ГЮЗЕЛЕВ, В., История на средновековна България VII – XIV век, София 1999, 313-318; НИКОЛОВ, Г., Централизъ и регионализъм в ранносредновековна България, 125. П. ПЕТРОВ во својот дел на ИСТОРИЯ НА БЪЛГАРИЯ, Т. 2, Прва българска държава, София, 1981, 398, повикувајќи се на помениците каде што Давид се споменува како цар, мисли дека Давид како најстар од браќата комитопули ја имал раководната улога во востанието.

56 ГИЛФЕРДИНГ, История Сербовъ и Болгаръ, 201; ДРИНОВ, Началото на Самоиловата държава, 396–397, 404–406; GUSTAVE SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine à lafin du dixième siècle, t. 1, Hachette, Paris, 1896, 590–595, 605–607. Авторот мисли дека царот Давид се повлекол од престолот околу 977 или 979 година во корист на Самоил (cf.: SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1); Д-РЪ КОНСТ. ИРЕЧЕКЪ, История на Българитѣ, подъ ред. на проф. В. Н. Златарски, преведоха А. Диамандиевъ и Ив. Ралевъ, София, 1929, 137, 140–144 (cf.: ИРЕЧЕКЪ, История на Българитѣ). Овој автор изнесува мислење дека царот Давид владеел со царството од 968? до 977 година. ADONTZ, Samuel l'Armenien, roi des Bulgares,11 sq., et A. Leroy-Molingen, Les fils de Pierre de Bulgarie et les Comètopules, Byzantion, t. XLII (1972), 416–418.

авторитетот на централната власт. Во случаи кога авторитетот на централната власт бил силен, локалните авторитети биле принудени да му се покоруваат на владетелот. Б. Прокиќ и В. Н. Златарски, соочени со фактот дека ако прифатат дека во Македонија во 969 година имало востание на четворицата комитопули и дека според принципот на примогенитура на нивно чело стоел најстариот син Давид, ќе биле принудени да го објаснат тоа. С. Пириватриќ, иако прифаќа дека во почетокот владата на Самоил била заедничка сè до моментот кога тој станал единствен владетел (монарх), констатира дека изворите не даваат детали за природата на нивната власт. Во забелешка ќе констатира дека Прокиќ „је ову колективну власт духовито назвао тетрархијом" и истакнува дека „задругарската влада" не е во согласност со наследните словенски кнезови.[57] Ирена Стефоска се согласува со С. Пириватриќ и заклучува дека „ниту еден извор не допушта да се утврди ниту природата на нивното владеење, а уште помалку областите со кои управувале". Сепак, и таа се повикува на С. Антолјак и го прифаќа тетрархиски тип на владеење во Македонија, кој, пак, наместо тетрархиски, наведува примери за монархистички принцип на владеење кај јужнословенските држави.[58] Исцрпувајќи ја дискусијата по ова прашање, сметаме дека тетрархијата во Македонија како тип на владеење е интелектуална измислица и треба да се отфрли како неисторична.

## ВЛАДЕЕЊЕТО НА ЦАР ДАВИД

Во 969 година, по смртта на бугарскиот цар Петар (927 – 969), според Јован Скилица, „во Бугарија биле испратени неговите синови да го преземат татковото царство и да ги спречат комитопулите (τοὺς κομητοπύλους ἀπείρξουσιν) во понатамошното напредување". Од цитираниот текст се подразбира дека синовите на комесот Никола востанале против бугарската власт во Македонија.[59] Политичките околности во источниот дел на Бугарското Царство биле сложени. Летото 968 година киевскиот кнез Свјатослав ја нападнал Бугарија на повик од Константинопол, а следното лето повторно се вратил. Царот Борис II (969 – 971) паднал во руско заробеништво, а кнезот го продолжил напредувањето кон Тракија. Источноромејскиот цар Јован Цимискиј (969 – 976) во 971 година ги протерал Русите, го ослободил бугарскиот цар и го повел како воен трофеј. Во престолниот град му ги симнал царските обележја,[60] ги депонирал во Св. Софија и му ја доделил дворската титула магистер. Во источниот дел од срушеното Бугар-

---

57 С. ПИРИВАТРИЋ, Самуилова држава, Београд 1998, 87, бел. 46.

58 И. СТЕФОВСКА, Струмица и Струмичко во средновековието (VI-XIV век), Сигмапрес, Скопје 2011, 96–97, бел. 213. Cf.: АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 27–30 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 352–362.

59 IOANNIS SCYLITZAE Sunopsis historiarum, rec. I. Thurrn, Berolini et Novi Eboraci, MCMLXXIII, 255, 73–256, 81 (cf.: IOANNIS SCYLITZAE); ВИЗАНТИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИСТОРИЈУ НАРОДА ЈУГОСЛАВИЈА, т. III, Београд 1966, 54–57 (cf.: ВИИНЈ III).

60 И. БОЖИЛОВ, Българите във Византийската империя, София, 1995, 182–183 №.35 (cf.: БОЖИЛОВ, Българите във Византийската империя); А. АТАНАСОВСКИ, В. САРАКИНСКИ, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале"?, во: Самуиловата држава, во историската,

ско Царство воспоставил византиски административен систем.[61]

Пред да преминеме на излагањето за цар Самоил во историјата и во традицијата, да се осврнеме на царувањето на Давид (969 – 986), најстариот Самоилов брат, со чија помош тој стигнал до царскиот трон. „Локалното предание", според А. Гилфердинг, „го познава како бугарски цар. Носел ли тој некое време царска круна (...), за тоа не можеме ниту да потврдиме ниту да одречеме: но тој имал право на неа, како најстар син (...)."[62] Едно е сигурно, по смртта на царот Петар во 969 година, со западниот дел од некогашното Бугарско Царство, со слободната територија во Македонија управувал царот Давид, како најстар меѓу браќата.




*Слика 1.*
Свети цар Давид Бугарски,
параклис на Св. Архангел и Михаил,
Рилски манастир, зограф: Захариј Христов
Зограф, 1845 година

воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Завод за заштита на сомениците на културата и Музеј – Струмица, Струмица 2015, 18–25.

[61] IKONOMIDIS, N., Les listes de présénce des IX et X siecles, Paris 1972, 267, 43, 261; 265, 9, 279, 9; 263, 31; 269, 16. Cf.: БОШКОСКИ, Комитопулот Давид, цар Давид, Св. Давид цар, 128–129; И. БОЖИЛОВ – В. ГЮЗЕЛЕВ, История на средновековна България VII – XIV век, София 1999, 309–310 (БОЖИЛОВ – ГЮЗЕЛЕВ, История); ПИРИВАТРИЋ, Самуилова држава, 53–55.

[62] ГИЛФЕРДИНГ, История Сербовъ и Болгаръ, 201.



*Слика 2.* Свети Сава со српските светители од домот на Немањиќите (во вториот ред од десно е претставен [Св.] Давид), Х. Жефаровиќ – Т. Месмер, 1741 година




*Слика 3.* С. Давид, цар, детаљ од бакрорезот на св. Сава со српските светители

Македонија и областите западно од Тријадица, според К. Јиречек, и јужно од Ниш, според Т. Василевски, биле изземени од византискиот административен систем. На тоа упатува Тактиконот на Н. Икономидес составен кон крајот на владеењето на Ј. Цимискиј. По политичката автономија на царот Давид, во Македонија, по сѐ изгледа, била издејствувана и црковната автономија, на што упатува епархискиот список од времето на Јован Цимискиј.[63]

Најраното споменување на царскиот атрибут на Давид во традицијата потекнува од Зографскиот поменик од 1502 година. На него се повикувале А. Гилфердинг, М. Дринов, Г. Шлумберже и К. Јиречек.[64] Во XVI и првата половина на XVII век на Света Гора и во Охридско-москополската книжевно-ликовна традицијата се раширил култот на св. цар Давид, братот на цар Самоил, кое му дало подлога на Христифор Жефаровиќ да го стави во Стематографијата што ја издал во Виена во 1741 година.[65] Во Историја славјанобугарска на Паисиј Хилендарски (1762) и во Зографската историја од монахот Јаков (1785) царот Давид се споменува како син на комитопулот, кој по замонашувањето му ја препуштил власта на својот најмлад брат Самоил. По смртта на царот Давид во Воден, неговите мошти, како нетлејни, биле пренесени во Охрид. Поради отстапувањето на власта на брат му Самоил и нетлејноста на моштите, тој ја заслужил честа од црквата да биде вброен меѓу светците.[66]

Македонската држава за време на царувањето на Давид веројатно ја признавала источноромејската врховна власт, но сепак како „политичка“ и „црковна автономија“, според епархискиот список од времето на Јован Цимискиј,[67] уживала и меѓународен углед, кој од Константинопол, изгледа, не бил оспоруван. Во периодот од 972 до 975 година, по сѐ изгледа, царот Давид, поради заемен интерес, успеал од Константинопол да издејствува склучување брак на својот

---

63 IKONOMIDIS, N., Les listes de présénce des IX et X siecles, Paris 1972, 264, 265; TAPKOVA-ZAIMOVA, V., Les Frontiers occidebtales des teritories conquis par Tzimisces, Studia Balcanica 10 (1975), 113–117; ИРЕЧЕКЪ, История на Българитѣ,140; ВАСИЛЕВСКИ, Т., Генеза на Самоиловото царство. Неколку забелешки во врска со откритието на Оикономидес на новиот Тактикон од X век, Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Зборник на материјали од научната средба одржана во Преспа од 10 до 15 октомври 1969 година, Скопје 1971, 249–250; БОШКОСКИ, Комитопулот Давид, цар Давид, Св. Давид цар,128–129.

64 ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македония, 489 LX I. Cf.: ДРИНОВ, Началото на Самоиловата држава, 396–397, 431–432; SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1, 599 sq., и ИРЕЧЕКЪ, История на Българитѣ,141.

65 Изображениј оружиј илирических – Стематографија. Резбали у бакру ХРИСРИФОР ЖЕФАРОВИЧ и МЕСМЕР Т., Фототипна издања, Матица српска – Нови Сад 1961, лист 1б; Ц. ГРОЗДАНОВ, Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век, 231–232; 236–137 (ГРОЗДАНОВ, Портрети на светителите од Македонија). Претставата на царот Давид во монашка одежда упатува на сознанието на Х. Жефаровиќ дека тој се закалуѓерил откако се откажал од царското достоинство.

66 Исторія славоноболгарская, собрана и нареждена ПАИСІЕМЪ ІЕРОМОНАХОМЪ, в΄ лѣто 1762, София, Държавна Печатница, 1914, 31, 59; ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македония, 636, 641. Cf.: ГРОЗДАНОВ, Портрети на светителите од Македонија, 236–237.

67 ИЗВОРИ ЗА БЪЛГАРСКАТА ИСТОРИЯ IX, ГРЪЦКИ ИЗВОРИ ЗА БЪЛГАРСКАТА ИСТОРИЯ V, София, 1964, 242.

најмал брат Самоил со ќерката на византискиот стратег на Драч. Женидбата на комитопулот Самоил со Агата, ќерката на драчкиот стратег Јован Хрисилиј, висок претставник на византиската администрација во Драч, за што се зборува и во дополнувањата на епископот Михаил Деволски кон Кратката историја на Јован Скилица, може да се смета за политичка гаранција на лојалност кон византиската власт.[68]

За слободата на царот Давид да има контакти на меѓународен план упатува податокот од 973 година. Имено, на велигденската аудиенција во Кведлинбург, според западните анали, кај германскиот цар Отон I (936 – 973), покрај другите странски делегации, се појавила и делегација од двајца македонски претставници „legatos (primetes – Ann. Altah.) (…) Bulgarorum duo“.[69] Нивните имиња не се познати. Претставниците на странските делегации на Отон I му noсeле подароци, па, природно, и македонските претставници не отстапиле од пригодниот обичај. Што му подариле на германскиот цар не се знае, но може да се претпостави. Независно од именувањето на државата од која доаѓале, во услови кога Бугарското Царство не постоело,[70] јасно било дека тие доаѓаат од Македонија, па затоа сметаме дека тие однеле подарок за себеидентификација. Во Музејот во Вурцбург (Würzburg), во музејот „Мајнфренкишен“ (Meinfräenkischen Museum), се наоѓа свилена завеса со извезен приказ на орелскиот лет на Александар Велики. Завесата, која е заведена како византиско дело од X век, би можела да биде подарок од царот Давид, братот на Самоил, со што тој ги истакнувал претензиите кон македонската антика.[71]



*Слика 4.* Завеса со приказ на орелскиот лет на Александар Велики

[68] SCYLITZAE, 349, 45–51; PROKIĆ, Die Zusätze, №. 24; ВИИНЈ III, 107-108. Cf.: М. БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, Македонска реч, Скопје, 2007, 44–45 (cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1).

[69] АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 21–24 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 334–342.

[70] MICHAELIS GLUCAE Anales, rec. I. Bekkerus, Bonnae, 1833, p. 574, 9–12.

[71] UMJETNOST U SLICI, Nastajanje Evrope, II. Dio, Magnus Backes, Regine Dölling, Rađanje Evrope, Tiskarna ljudske pravnice, Ljubljana, 1987, 218–219 sq.

По смртта на Јован Цимискиј на 10 јануари 976 година, во Македонија повторно дошло до востание на комитопулите, овој пат против источноромејската власт. Јован Скилица пишува: „Бугарите во исто време кога умрел царот Јован се одметнале, власта над нив ја здобиле четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, кои биле синови на еден многу моќен комес меѓу Бугарите по име Никола и на мајката Рипсимија, и затоа се наречени комитопули.“ Јован Зонара за истиот настан известува: „Бугарите повторно (αὖθις) се побуниле (...)“, а во продолжение кажува дека „потомците на царскиот род изумреле, а преостанал само еден од Петровите синови (...) Роман, кој бил евнух (...).“[72] За Ј. Скилица, како хроничар на настаните за времето на цар Самоил (997 – 1014) и пред него, одамна е укажувано дека е недоволно сигурен, необјективен, преполн со грешки и противречности, многу настани премолчува, а хронологијата му е без некаков ред, па според тоа не треба премногу да му се верува.[73]

Царот Давид[74] по отфрлањето на источноромејската власт разработил стратегија и тактика за проширување на државата. Ако по 976 година ја имал контролата на државата на североисток до Ниш и Тријадица (Сердика), на југ западно од долината на р. Струма, темите Стримон – Крушево, Нов Стримон, областите северно од темите Драгувитија, Бер и Хелада со седиште во Лариса (Тесалија), границата на крајниот запад допирала до темите Драч, Јерихо и Никопол со континентална Албанија. Додека Василиј II бил зафатен во Мала Азија со немирите околу престолот, царот Давид имал одврзани раце за ширење на слободната територија.

Податоците во изворите ја истакнуваат заслугата на Самоил, кој по долготрајна опсада, применувајќи различни воено-дипломатски средства за признавање на неговата власт – дозвола да ја обработуваат земјата и да ги собираат плодовите, а по три години само да ја обработуваат земјата без право да уживаат во плодовите, со гладот кој завладеал во градот, без пролеана крв ја освоил Лариса во 985 година.[75] Скилица му го припишува на Самоил раселувањето на граѓаните во внатрешноста на Македонија и внесувањето во воените списоци за да бидат користени како сојузници. На црковен план, Самоил е заслужен за

---

[72] SCYLITZAE, 328, 57-63 („τῶν δὲ Βουλγάρων ἅμα τῇ τελευτῇ τοῦ βασιλέως᾽ Ιωάννου ἀποστατησάντων, ἄρχειν αὐτῶν προχειρίζοονται τέσσαρες ἀδελφοί, Δαβίδ, Μωϋσῆς,᾽ Ααρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς παρὰ Βουλγάροις μέγα δυνηθέτων κόμητος ὄντες παῖδες Νικολάου ὀνομαζομένου, μητρὸς῾ Ριψίμης καὶ διὰ τοῦτο κομητόπωλοι κατονομαζόμενοι“); IOANNIS ZONARAE, Epitomae historiarum libri XVIII, t. III, Bonnae, MDCCCXCVII, 547, 5-9 (cf.: ZONARAE); ВИИНЈ III, 59–67, 246.

[73] SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1, 586–587; J. FERLUGA, Le soulèvement des Cometopoules, ЗРВИ 8/2 (1966), 75–84, ПИРИВАТРИЋ, Самуилова држава, 44–46.

[74] Податокот на Јован Скилица (SCYLITZAE, 329, 77–80) дека Давид бил убиен од некои Власи патници во областа помеѓу Костур и Преспа кај таканаречените Убави Дабови е произволен и неточен. Ј. Зонара (ZONARAE, 547, 12–13) посочува дека Давид најрано умрел. Уште во 1896 Г. Шлумберже укажал на тоа дека царот Давид владеел сосема сигурно до 980 година (SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1, 605–606).

[75] СОВЕТИ И РАСКАЗИ ОД КЕКАВМЕН, ед. ЈОВАН БЕЛЧОВСКИ, Македоника литера, Скопје, 2015, Македонија, глава 73. Како Самуил ја освоил Лариса, 219–221, (cf.: БЕЛЧОВСКИ, Совети и раскази од Кекавмен); ВИИНЈ III, 194–198.

ориентацијата кон раното христијанство: пренесувањето на моштите на св. Ахил Лариски, епископ на Лариса во времето на Константин Велики (324 – 337), заедно со тие на Регин Скопел и на Диодор од Трика, во Преспа, каде што му изградил грандиозна и голема црква која го носи неговото име.[76] Ова укажува на тоа дека тој му бил човек од голема доверба на царот Давид. Обидот преку војските на Мојсеј да направи пробив на исток кон Сер бил неуспешен. Вториот комитопул загинал при опсадата на градот во борба со силите на дуксот Мелесин.[77]

Околу 985/6 година Давид преминал во дипломатска офанзива. Македонскиот двор истапил со мировно барање кое предвидувало, според С. Таронски-Асолик, ородување на двата владетелски двора: „Таа година царот Василиј го испратил севастејскиот митрополит во земјата на Бугарите да преговара за мир. Бугарија барала царот Василиј да им ја даде својата сестра да се омажи за нивниот цар." Ромејскиот василевс, изигрувајќи го мировното барање, во придружба на митрополитот испратил некоја жена од своите поданици која многу личела на неговата сестра Ана. Откако се дознало за интригата, митрополитот и лажната принцеза биле спалени на клада. Тоа било направено, според Асолик, „од двајцата браќа, кои се нарекувале комсадцаг'и, од кои постариот, Ерменец по род од дерџанската област, се викал Самоил".[78]

Дипломатскиот неуспех на Авсоните го забрзал решението василевсот на Ромеите да тргне во поход кон Македонија. Пред тргнувањето кон Сердика, царот се обидел да внесе уште една дипломатска интрига меѓу комитопулите. Според арапскиот летописец Јахја Антиохиски, во пролетта 986 година[79] од куќниот притвор во Константинопол кон македонската граница биле испратени магистерот Борис и брат му, евнухот Роман. Настаните ќе покажат дека тоа не останало тајна за македонскиот двор. На византиско-македонската граница тие слегле од коњите и продолжиле пешки „и постариот го престигнал на патот помладиот брат. И тој бил преоблечен и го забележала толпата (...) што ја чувала планината од разбојници. Еден од нив стрелал во него не знаејќи кој е, бидејќи бил еден, и го убил. И пристигнал по него помладиот брат и кажал кој е. И го зеле него и го прогласиле за свој цар. И кај него [кај Роман, заб. М. Б.] бил некој роб по име Комитопул [Самоил, заб. М. Б.]„ и тој соработувал заедно со него и се собирале кај него Бугарите и војувале против Грците."[80]

---

[76] SCYLITZAE, 330, 2-9; ВИИНЈ III, 81–83.

[77] SCYLITZAE, 329, 81–85; ВИИНЈ III, 76. Cf.: АНТОЉАК, Самуиловата држава, 29–30 = АНТОЉАК, Средновековна Македонија, т. 1, 360.

[78] ИСТОРІЯ СТЕП›АНОСА ТАРОНСКАГО - АСОХИКА, XII, 175. Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 55–56. АНТОЉАК, Самуиловата држава, 36 = АНТОЉАК, Средновековна Македонија, т. 1, 379, посочува дека пратеништво пристигнало по битката кај Трајановата Врата во 986 година на иницијатива на Ромеите, за што сметаме дека е погрешно.

[79] Бегството на магистерот Борис и на евнухот Роман од Константинопол бугарската историографија го датира во 976 година, иако Јахја Антиохиски и Стефан Таронски-Асолик говорат за 986 година. На ова реагирала Божана Благоева (За происхода на цар Самоил, 81).

[80] Императоъ Василій Болгаробойца. Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго. Издалъ, Перевелъ и Обяснилъ, Баронъ Б. Р. РОЗЕНЪ, Санктпетербургъ, 1883, 20, 34–21, 15 (cf.: РОЗЕНЪ,

Доаѓањето на евнухот Роман на македонскиот двор во Преспа станал фактор на мобилизација против Ромеите. За битката кај Трајановата Врата, каде што Василиј II бил разбиен, детаљно известува Лав Ѓакон, кој бил во придружбата на царот. Ј. Скилица пишува дека „Самоил ги држел врвовите на околните ридови – зашто се плашел од отворен судир и блиска борба (...).“ Како соучесници во македонската победа ги истакнува: „Самоил, [Арон и Роман] (…) (ὁ δὲ Σαμουὴλ καὶ Ἀρὼν σὺν τῷ Ῥωμανῷ … [interpol. U]).“ И овој пат Ј. Скилица не заборавил да ја истакне воинственоста на Самоил, кој откако забележал дека повлекувањто на Ромеите наликува на бегање, веднаш нападнал и со воени извици „внесе забуна во редовите на Ромеите и ги натера на бегство, и го заседе логорот и се дограбил до целиот багаж, па и до самиот царски шатор и до царските знамиња“.[81] Следната 987 година, на 14 јуни се случила пресметката на Самоил со Арон, бидејќи тој „или затоа што, како што се зборува, бил со Ромеите, или затоа што сакал да ја приграби власта за себе со целиот род“, според Скилица, „или само за себе да ја приграби власта, или поради тоа што соработувал со Ромеите, затоа што се зборува и за едното и за другото“, според Ј. Зонара, бил убиен од Самоил. По овој настан Скилица ќе запише: „И Самоил стана единствен владетел на цела Бугарија (καί καθίσταται μόναρχος Βυλγαρίας ἁπάσις ὁ Σαμουήλ), а Зонара: „И власта во Бугарија премина единствено на Самоил“.[82]

Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго). Cf.: АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 49–51 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 648–658. Ј. Скилица (SCYLITZAE, 330, 2–9; ВИИНЈ III, 70–71) бегството на магистерот Борис и евнухот Роман погрешно го става во 976 година по смртта на Цимискиј. Тој вели дека откако побегнале од притворот, побрзале кон византиско-македонската граница „и Борис, поминувајќи низ некаква шума, загинал од стрела која ја исфрлил некој Бугарин кој бил глувонем и не чул дека тој е Борис, а мислел дека е Ромеј судејќи според облеката, додека Роман жив стигнал во Видин и малку подоцна се вратил во Цариград, како што ќе кажам на соодветно место“. Но за тоа подоцна, сепак, ништо не кажал! Поопширно за бегството на Роман и за плановите на македонскиот двор во Преспа cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 57–59; SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1, 649–651.

81 LEONIS DIACONI Caloensis historiae libri decem, 171, 6–173, 11 (cf.: DIACONI, Caloensis historiae); SCYLITZAE, 331, 39–43; PROKIĆ, Die Zusätze, №. 13; ВИИНЈ III, 17–21, 85–86. Поопширно за битката кај Трајановата Врата и за податоците на другите византиски и источни извори cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 57–65; ПИРИВАТРИЋ, Самуилова држава, 93–94; SCHLUMBERGER, L'Epopé Buzantine, t. 1, 658–672.

82 SCYLITZAE, 329, 86–89; 329, 91–330, 92; PROKIĆ, Die Zusätze, №. 9; ZONARAE, 547, 14–17; 548, 2; ВИИНЈ III, 76–77; 246.

## САМОИЛ – ЕДИНСТВЕН МОНАРХ

Доаѓањето на титуларниот цар, евнухот Роман (986 – 997), на македонскиот двор ги засилило надежите за институционализација на царската круна. Царот Давид поради политички причини абдицирал во корист на најмладиот брат Самоил.[83] Овој настан предизвикал дополнителна загриженост во Константинопол и доаѓање на Василиј II на борбената линија околу Солун. Во меѓувреме, Самоил ги освоил Верија и Сервија во 989 година, со што му се отвориле приодите кон Солун. Од хрониката на Јахја дознаваме дека пролетта 991 година дошло до судир со македонската војска. Хроничарот пишува дека ромејскиот василевс „ги натерал во бегство и го заробил нивниот цар и повторно го ставил во затворот од каде што побегнал. И се спасил Комитопулот [се мисли на Самоил, заб. М. Б.], началникот на неговата војска, и управувал со бугарската држава".[84] Четиригодишниот престој на ромејскиот василевс не го поколебал Самоил во намерите. Од последната деценија на X век тој бил одлучен да ја елиминира ромејската власт во Солун и во Драч и да излезе на Егејското и на Јадранското Море.

Ваквите негови намери ги потврдуваат ерменските и византиските извори. Стефан Таронски-Асолик пишува за жестоки борби на приодите околу Солун, во Верија, која била краткотрајно повратена. Самоил успеал да го зароби Ашот, синот на Григориј Таронит, дуксот на Солун, кој подоцна бил убиен во заседа. Покрај Ашот, Самоил успеал да го зароби и хандидскиот кнез Саак. Во 995 година на Самоил му се припишува убиството на Григориј Таронит во заседата поставена пред Солун, а истата 995 година и заробувањето на новиот дукс на Солун, патрицијот Јован од Халдеја, кој дваесет години бил чуван во струмичкиот затвор.[85] Во првата деценија на XI век, во 1009 година, латинскиот превод на Јаков Сирмондоа од XVI век зборува за нов Самоилов напад на Солун кај местото Крит.[86] Во 1014 година, пред битката на Беласица, Самоил го направил последниот неуспешен обид за освојување на Солун под водство на коњицата на Давид Несторица.[87]

---

83 Во сводната грамота, сочувана во препис од XIV век, пишува дека Светогорскиот манастир Свети Георги – Зограф го основале тројца браќа Словени од Охрид: Мојсеј, Арон и Јован. Cf.: ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македония, 538, 540, бел. 1. Cf.: БОШКОСКИ, Комитопулот Давид, цар Давид, Св. Давид цар, 137.

84 РОЗЕНЪ, Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго, 28, 4–6. Cf.: ЗЛАТАРСКИ, История на Първото българско царство, I/2, 648–658.

85 ИСТОРІЯ СТЕП›АНОСА ТАРОНСКАГО - АСОХИКА, XXXIII, XXXIV, 187–188; SCYLITZAE, 347, 81–82; 357, 72–75; ВИИНЈ III, 103, 124. Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 74–79; АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 47–49 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 413–415.

86 ВИИНЈ III, 36 бел. 21. Cf.: АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 68 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 463–465.

87 SCYLITZAE, 350, 59–65; ВИИНЈ III, 110. Cf.: В. Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, 255 (Стојчев, Воена историја на Македонија), мисли дека нападот на Солун имал за цел да го одвлече вниманието кон Солун и да го ослаби притисокот кај Беласица, што може да се прифати. АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 69 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 467; ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1 (ред. Б. Панов), 370–372.



*Слика 5.* Самоил го опсадува Солун и го убива дуксот Григориј Таронит; минијатура од Мадридскиот ракопис на Јован Скилица, лист 185 V

Во 995 година, по убиството на дуксот на Солун, Григориј Таронит, и заробувањето на Јован од Халдеја, неговиот наследник, Самоил станал суверен господар на ромејскиот „Запад“. Освојувањето на градот не можело да се реализира поради силното утврдување и немањето морнарица. Загрижен за настаните на македонското боиште, Василиј го повикал магистерот Никифор Уран, кој се истакнал во борбите на „Истокот“, и го назначил „за архонт на целиот запад“ и дукс на Солун. Кога стигнал таму, „дознал дека Самоил се занесува со убиството на Григориј Таронит и заробувањето на неговиот син“, пишува Скилица, се упатил на југ кон Беотија, Атика и на Пелопонез во разурнувачко-ограбувачки поход. Магистерот веднаш тргнал во потера. Со лесно вооружена војска и брз марш залогорил крај реката Спархеј, а од спротивната страна логорувал Самоил. Во текот на ноќта Уран нашол премин и ја нападнал македонската војска. Самоил и син му Радомир, иако тешко ранети, се измешале меѓу убиените, а следната ноќ преку „Етолските Планини (...) го преминале Пинд“ и безбедно се вратиле дома.[88] Арапските извори известуваат дека Самоил по поразот кај Сперхеј во 996 година упатил порака до ромејскиот василевс со мировна понуда.[89] Во меѓувреме, Драч, кој бил управуван од неговиот тест, паднал под македонска власт. Сонот за излез на Јадранското Море бил реализиран. Во престолнината Преспа, Самоил го ослободил заробениот Ашот Таронит, го оженил со својата поголема ќерка Мирослава и го испратил за нов управник на Драч.[90] Овој важен и свечен настан нашол свој одраз во една минијатура на Мадридскиот ракопис на Јован Скилица.

[88] SCYLITZAE, 341,13–342,50; РОЗЕНЪ, Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго, 34, 10–15; ВИИНЈ III, 88-90. Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 79–82; АНТОЛЈАК, Самуиловата држава, 49–51 = АНТОЛЈАК, Средновековна Македонија, т. 1, 417–421, смета дека со поразот кај Сперхеј се оневозможени Самоиловите напади на Пелопонез и понатамошното опседнување на Солун.

[89] РОЗЕНЪ, Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго, 34,16–18.

[90] SCYLITZAE, 52, 57–57. Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 83–86.



*Слика 6.* Самоил ја венчава ќерка си Мирослава за заробениот Ашот, син на Григориј Таронит, Мадридски ракопис на Јован Скилица, XIII век, л. 185

По испраќањето на мировната порака до ромејскиот василевс во 997 година, развојот на настаните одел со молскавична брзина во прилог на Самоил. Според известувањето на Јахја Антиохиски: „Царот (Василиј) само што сакал да се согласи со тоа, царот на Бугарите [евнухот Роман, заб. М. Б.], кој се наоѓал во константинополскиот затвор, умрел. И штом дошла веста за неговата смрт до него, робот на комитопулите, водачот на Бугарите [Самоил, заб. М. Б.], се прогласил за цар.“ За Самоиловото прогласување за цар се знае и во Летописот на попот Дукљанин. Авторот пишува: „Сред бугарскиот народ се издигна некој си Самоил, кој нареди да го нарекуваат цар (Eo tempore surrexit in gente Bulgarinorim quidam Samuel, qui imperatorem vocari…).“[91] Прогласувањето на Самоил за цар, претходното паѓање на Лариса, седиштето на темата Хелада, во 985/6 година, македонските напади на Солун во последната деценија на X век и паѓањето на пристаништето Драч под македонска власт околу 997 година предизвикале позитивно расположение во корист на Самоил не само во Солун туку и во Адријанопол (Одрин). Промакедонското расположение растело како поради сјајот на ѕвездата на Самоил така и поради отсуството на Василиј Македонец, кој бил зафатен на малоазиското боиште. Хрватскиот медиевист Стјепан Антолјак цело едно поглавје ќе наслови „Самоиловата партија во Солун и Адријанополис (Одрин)“. Високото благородништво во споменатите градови започнало да се колеба дали да му остане лојално на ромејскиот император, кој повеќе од дваесет години бил во дефанзива, или да му се приклони на новиот воинствен, надежен и жесток император Самоил. Според Скилица, „магистерот Павле Вов, еден од најугледните луѓе во Солун, и протостраторот Малакин, познат по мудроста и по говорништвото, поради обвинувањата дека им се наклонети на Бугарите (Македонците, заб. М. Б.), биле преместени“, и тоа првиот, Павле

[91] РОЗЕНЪ, Извлеченія изъ Лѣтописи Яахъи Антиохійскаго, 34, 18–21; Ljetopis Popa Dukljanina. Priredio, Napisao Uvod i Komentar d-r. VLADIMIR MOŠIN, Matica Hrvatska, Zagreb 1950, XXXIII, 77 (MOŠIN, Ljetopis Popa Dukljanina). Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 86–87; THE CAMBRIDGE MEDIEVAL HISTORY, vol. IV, part I, 517.

Вов, во Малоазиската Тракесиска Рамнина, а Малакин во Цариград. Ваквото разместување на угледните благородници од Солун предизвикало реакција на промакедонското благородништво од Адријанопол. Скилица ќе каже дека „некои истакнати достоинственици од Одрин од страв да не им се случи и ним истото поради сомневањата, пребегнале кај Самоил, Ватац со целото семејство, а Василиј Главас сам. Меѓутоа, царот го затворил и го задржал неговиот син во затвор цели три години, а потоа го ослободил.“[92] Просамоиловите приврзаници во Солун биле регрутирани од редовите на македонските благородници кои при византиските освојувања се предавале доброволно, но поставувале свои услови. Како пример го наведуваме градот Воден. Ако не порано, тогаш во 1002 година, по неуспешниот обид на ромејскиот василевс со опсада да го освои градот, „командантот (κατά ρχων) на тврдината Драгшан (Драксан), воеспособен човек, побарал да живее во Солун.“ Царот му ја исполнил желбата на командантот, а тој се оженил со ќерката на првиот од епитропите на црквата Св. Димитриј, со која имал две деца од вкупно четири, вклучувајќи ги и тие од претходниот брак. Но, неколкупати пребегнувал од една на друга страна, а на крајот бил фатен и набиен на кол.[93]

По прогласувањето на Самоил за цар во 997/8 година, тој се упатил во воен поход кон Зета (Дукља) и кон Далмација. Целта на походот била елиминација на опасноста од источноромејските сојузници: Зетското Кнежевство, Дубровничката Република и венецијанскиот Задар. Се знае дека околу 991/2 година во логорот на Василиј, кој се наоѓал околу Солун, пристигнало зетско пратеништво. Не се познати неговите намери, но поради притисокот на Самоил кон Драч, се смета дека тоа било испратено од Зета.[94] Во походот Самоил ја опсадил планината Облик, каде што се повлекол кнезот Јован Владимир. Со дипломатски средства го придобил кнезот да се откаже од отпорот, по што „царот [Самоил, заб. М. Б.] веднаш го испратил во прогонство во пределите на Охрид, во местото што се нарекува Преспа, каде што бил дворецот на истиот цар (Quem imperator statim relegavit in exilium in patribus Achridae, in loco qui Prespa dicitur ubi et curia eiusdem imperatoris erat)“.[95] Потоа, вели попот Дукљанин, го запалил Котор, од каде што ги зел моштите на св. Трифун, ја освоил и ја опустошил цела Далмација и преку Дубровник стигнал до Задар. По неуспешната опсада на Задар, преку Босна и Рашка Самоил се вратил во престолнината. Таму го ослободил кнезот Владимир, го оженил со ќерка си Косара, а по венчавањето и свадбената свеченост му ја вратил земјата на неговите татковци. Сојузник му станал и чичкото на Владимир, Драгомир, кого исто така го повикал и му ја вратил неговата земја.[96]

---

92 SCYLITZAE, 343, 68–76. Cf.: БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 87–88 и бел. 107.

93 SCYLITZAE, 375, 27–33; ВИИНЈ III, 99, 113 и бел. 77. Cf.: ЗЛАТАРСКИ, История на Първото българско царство, I/2, 720; АНТОЉАК, Самуиловата држава, 63 = АНТОЉАК, Средновековна Македонија, т. 1, 450.

94 И. ДУЙЧЕВ, Проучвания върху българското средновековие, Съюз против цар Самоила., София 1945, 27–29; ПИРИВАТРИЋ, Самуилова држава, 101, бел. 89 со наведената литература.

95 MOŠIN, Ljetopis Popa Dukljanina, XXXVI, 78–80.

96 MOŠIN, Ljetopis Popa Dukljanina, XXXVI, 80-81; ESTRATTO DE MISSER SAN TRUPHON martireconfalon et protector dela Citade de Catharo, ed. G. GELCHICH, Storia documenta dela Marinerezza Bocchese, Ragusa 1889, 81–85.

Како реакција на Самоиловиот поход во Дукља и во Далмација, летото 999 година Василиј навлегол во Македонија и ја нападнал Сердика, но без посериозни последици. Со заминувањето на василевсот на источното боиште, македонскиот цар со голема војска се упатил кон Унгарското Кралство. Најнапред го освоил Срем и склучил сојуз со кралот Стефан врз антивизантиска основа. Македонско-унгарскиот сојуз бил зајакнат со брачна врска: Гаврил Радомир, Самоиловиот син, склучил брак со ќерката односно со сестрата на унгарскиот крал (εἶχε δὲ γυναῖκα ὁ᾽ Ραδομηοὸς τὴν θυγατέρα τοῦ κράλλη Οὐγγαριας).[97] Мајката на унгарската принцеза која се омажила за македонскиот престолонаследник била ќерка на баварска принцеза од Светата Римска Империја, со што Македонија ја стекнала наклоноста на германскиот цар Отон III (983 – 1002).

По враќањето на Самоил од походот кон Унгарија следувало неговото крунисување за цар. Биле остварени дипломатски контакти со папската столица за време на понтификатот на папата Силвестер (999 – 1003) (световното име му било Герберт од Оријак, учен човек кој кусо време му бил воспитувач на младиот Отон III), за кого се смета дека бил личност чија должност била да ги благословува и да ги одобрува одлуките на другите. Во услови кога од Константинопол, со кој бил во остар конфликт, не можел да добие царска круна, најавторитетна личност на духовен план од која Самоил можел да добие поддршка за круната бил папата. Може да се претпостави дека папата Силвестер II на Самоиловите пратеници им укажувал на апостолската улога на св. Климент, чиј култ почнал да се гради веднаш по неговата смрт. Св. Климент, поради ширењето на христијанството меѓу словенскиот свет, „подвиг кој е рамен на подвигот на апостол Павле“, кон крајот на X и почетокот на XI век веројатно бил канонизиран и прогласен за заштитник на градот Охрид. Тоа го дознаваме од глаголскиот ракопис на Асемановото евангелие настанато во тој период. Имено, во месецословот под 27 јули стои дека тогаш се слави денот на „светиот светител, таткото наш Климент, епископ велички“.[98] Церемонијата на крунисување цар на Истокот ја вршел патријархот, а на Западот папата. Наводите дека, според Јахја, „тој (Самоил, заб. М. Б.) се прогласил за цар“ штом дознал дека Роман умрел или, според Летописот на попот Дукљанин, дека Самоил „нареди да го нарекуваат цар“, упатуваат на констатацијата дека по природата на моќта, Самоил се прогласил за цар. Тој се придржувал кон законскиот ред на прогласување за цар, па одлуката ја донел по смртта на евнухот Роман, со кого се прекинала бугарска династија. Тоа значело дека цар Самоил воспоставил нова македонска владетелска династија.[99] По

[97] SCYLITZAE, 250, 56; ВИИНЈ III, 109. Во историографијата се прифаќа дека Самоиловиот син се оженил со најмладата сестра на унгарскиот крал Стефан. Cf.: Р. ИЛЈОВСКИ, Византиско-унгарски сојуз во почетокот на XI век против Самоил и неговите наследници. Обид за хронолошко определување, ЗРВИ XXIX-XXX, 1991, 85–87; БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 97–98.

[98] ФРАНТИШЕК ВАЦЛАВ МАРЕШ, Словенските светци во Асемановото евангелие, Лихнид Зборник на трудови 6, 1988, Охрид, 1–10; ГРОЗДАНОВ, Портрети на светителите, 40–41; Б. КОНЕСКИ, Канонизацијата на словенските светци во Охридската црква, Прилози на Македонската академија на науките и уметностите, I, 1-2, Скопје, 1976, 68–69.

[99] ЏОЗЕФ Х. ЛИНЧ, Историја средњовековне цркве, превели са енглеског Драган Живковић и Бранислав Танчић, CLIO Београд, 1999, 163–164.

него за македонски цареви се крунисувале: Гаврил Радомир, Јован Владислав, Петар Делјан и Бодин.

Свечената церемонија по повод крунисувањето на Самоил за цар во присуство на папски легати, на преспанско-охридскиот патријарх Филип (990 – 1015), кој „резидирал во Лихнид, во старо време наречен Сасарипа, а сега Охрид“, според Диканжовиот список[100], кој за таа пригода бил хиротонисан за патријарх, на високото првосвештенство, царското семејство, македонското благородништво, на меѓународни претставници од Кнежевството Дукља, од Травунија и од Унгарското Кралство се извршило на Велигден, на Христовото воскресение, во 1001 година, најверојатно во Охрид, во новата соборна црква Св. Софија.[101] Податоци за крунисувањето на Самоил за цар наоѓаме во писмото на бугарскиот цар Калојан до папата Инокентиј III од 22 ноември 1202 година, во кое бара да биде крунисан за цар. Од нивната кореспонденција дознаваме дека покрај бугарскиот цар Петар, со царска круна од римскиот папа се здобил и Самоил. Во писмото на Калојан се вели: „Нашето царство сака од апосолскиот престол ние да бидеме потврдени како со мајчинско чувство од Римската црква. На прво место, ние како сакан син сакаме од нашата мајка, Римската црква, царска круна и достоинство исто како што го имале нашите стари цареви. Откако најдовме запишано во нашите книги, едниот бил Петар, а вториот – Самоил и други кои го наследувале царството.“[102] Околу прашањето за царската титула на Самоил, интересна е констатацијата на Ј. Скилица, кој пишувајќи за влегувањето на Василиј II Македонец во Охрид во летото 1018 година, забележал дека таму се наоѓале дворците на царевите (τω̃ν βασιλεω̃ν) на Бугарија. Кога василевсот ја отворил ризницата, нашол големо богатство и (царски) круни од бисери (στέμματα ̓εκ μαργάρων).[103]

Околу прашањето за рангот на Охридската црква, интересни се исправките на епископот Михаил Деволски, кој на две места терминот „архиепископ“ во изворниот текст на Скилица го заменил со неутралниот термин „архијереј“, односно првосвештеник, што може да означува и архиепископ и патријарх.[104] Во науката не е спорно дека архијерејот на Охридската архиепископија го имал рангот на патријарх.[105] Тоа изворно ни е потврдено во преводот на Житието на св. Атанасиј од Јован Презвитер, сочуван во препис од XIV век. Во Житието се

---

[100] ИВАНОВЪ, Български старини изъ Македония, 566.

[101] БОШКОСКИ, Великаните на македонскиот среден век, кн. 1, 102–104.

[102] Pontificia commissio ad redigendum, Codicem iuris canonici orientalis, Fontes Series III, vol. II ACTA INNOCENTII PP. III (1198-1216) E Registris Vaticanis alilsque eruit, Interoductione auxit, Notisque Illustravit, rec. P. Theodosius Haluščynskyj, Typis Polyglottis, Vaticanis, MCMXLIV, № 8, 562–563. Cf.: ЗЛАТАРСКИ, История на Първото българско царство, I/2, 702–704; ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, Т. 1 (ред. Б. Панов), 372–374.

[103] SCYLITZAE, 358, 14 –359, 16.

[104] Б. ПРОКИЋ, Први охридски архиепископ Јован, Глас САН 88 (1911), 267–303, особено 261, бел. 1.

[105] Д. ЗАЈКОСКИ, Црковната хиерархија на Охридската патријаршија во времето на Самоиловата држава, Историја, г. XLVII/1, 176–179.

вели дека тоа било напишано по налог на „Јован, господин наш архиепископ, кој бил патријарх на бугарските земји“.[106]

Во 1014 година византискиот император Василиј II решил конечно да се пресмета со цар Самоил. И покрај преградата, демата, која ја направил македонскиот суверен кај Клидион (Клуч), со што настојувал да ги спречи понатамошните навлегувања на ромејските сили во Македонија, специјалната планинарска воена единица на Никифор Ксифијас, дукс на Адријанопол, по заобиколни патишта, од јужните падини на Беласица успеала да се пробие зад грбот на македонските бранители. Неочекуваниот судир во зората на 29 јули предизвикал катастрофални последици. Состојбата била толку драматична што совладетелот на царот, Гаврил Радомир, бил принуден да го спасува Самоил, при што го качил на својот коњ и го однел на безбедно место во тврдината Прилеп. Битката имала неповолен тек, а воените операции, со променлив тек,[107] продолжиле повеќе од еден месец. Покрај големите човечки загуби на двете страни, негативниот исход на битката завршил со голем број заробени Самоилови војници, кој достигнал, според едни, 15 000, а според други византски автори, 14 000.[108] Источноромејскиот цар, не можејќи воено да го совлада Самоил, решил да си поигра со судбината на заробените војници за психички да го скрши нивниот цар. Имено, тој ги ослепил сите заробени војници, а на секој стотник му оставил по едно око за така да ги одведе кај нивниот цар. Кон крајот на септември или почетокот на октомври 1014 година македонскиот цар, кога ја видел потресната слика, односно како доаѓаат неговите заробени и ослепени војници во толкав број и во воен ред, не можејќи да го поднесе тоа, најнапред се онесвестил, а по укажаната лекарска помош добил срцев удар и по два дена умрел на 6 октомври. Погребот на цар Самоил се одвивал во најстрога можна тајност, а ромејскиот император Василиј II за смртта на својот најопасен непријател дознал дури на 24 октомври 1014 година.

---

106 Б. СТ. АНГЕЛОВ, Презвитер Јован, Из старата българска, руска и сръбска литература, книга II, София 1967, 106–138, 110. Српскиот ракопис на преводот на Житието се наоѓа во збирката на А. И. Хлудов (Государственный исторический Москва) под бр. 195 (наведната белешка е на л. 239b–240a).

107 Се знае дека по повлекувањето на царот Самоил во Прилеп, врховната команда ја презел совладетелот Гаврил Радомир, кој се вратил на военото боиште кај Струмица. Василиј II успеал да ја освои само тврдината Мацукион, но освојувањето на Струмица било невозможно. Тврдините во околината на Струмица биле добро заштитени и снабдени со оружје и со храна. Совладетелот на планината Беласица му задал силен удар на ромејскиот војсководач и дукс на Солун, Теофилакт (Никифор) Вотанијат. Нему ромејскиот василевс му наредил да го расчисти патот од Струмица кон Солун. Принцот Гаврил Радомир, кој ги бранел македонските позиции во околината на Струмица, според Ј. Скилица, ја пропуштил војската на Теофилакт Вотанијат, „но кога тој по извршените наредби сакал повторно да се врати кај царот, паднал во заседа поставена токму за него и скриена во некој теснец. И откако влегол во него, бил од сите страни опкружен и одозгора со камења и со стрели гаѓан, и никој не можел да се брани поради теснецот и неможноста да најде излез, па и самиот загинал, дури не можејќи да се служи со сопствените раце, бидејќи Радомир со копјето што го носел му ја распарал утробата. Со него изгинала и поголем дел од војската.“ SCYLITZAE, 350, 73–351, 79–81; ВИИНЈ III, 110–11.

108 SCYLITZAE, 348, 9–349, 39; БЕЛЧОВСКИ, Совети и раскази од Кекавмен, 121. Подетално за битката на Беласица cf.: Стојчев, Воена историја на Македонија, 255–256.

Цар Самоил бил погребан во царската гробница на островот Св. Ахил на Малото Преспанско Езеро во истоимената црква. За време на археолошките ископувања во шестата деценија на XX век, грчкиот археолог Николаос Муцопулос во гробот Г открил скелет на маж на околу 70 години со скршеница на левата рака, која деформирано е зарасната. Угледниот покојник, за кого со голема сигурност се смета дека е цар Самоил,[109] бил погребан во свечена облека со златноткаени конци, на која се претставени ранохристијански симболи – пауни како пијат вода од рајскиот извор, според четириесет и првиот (41.) псалм. Оваа претстава на пауни била вообичаена на мозаичните подови во ранохристијанските базилики во Македонија, како што се онаа во Охрид на Плаошник, Св. Еразмо, потоа во Хералеја, во Стоби и др. Н. Муцопулос смета дека на облеката на цар Самоил се извезени папагали.[110] Покојникот од гробот Г на градите носел градник (панцир) исплетен од бакарна жица прекриена со мали метални плочки. Гробот бил покриен со мермерна плоча со крстови и со други владетелски и христијански симболи. Денес моштите на цар Самоил и преостанатите наоди се чуваат во Археолошкиот музеј во Солун, Република Грција.



*Слика 7.* Дел од облеката на цар Самоил со престава на пауни

[109] Moutsopoulos, N. C., The Basilica of st. Achilleus at Prespa. A repositoru of local history, Thessalonica, 1999, 135-173, особено:148-161 (cf.: Moutsopoulos, The Basilica of st. Achilleus at Prespa).

[110] Moutsopoulos, The Basilica of st. Achilleus at Prespa, 149, n. 320 p. 172.

Околу називот на државата на цар Самоил и на неговите наследници, интересни податоци ни дава еден анонимен картограф, свештеник, кој изработил карта на светот на своето време кон крајот на X и првите децении на XI век. На картата, која е позната под името *Tabula Cottoniana*, или Англосаксонска карта, и се чува во Британскиот музеј под сигнатура Cotton MS Tiberius B V, fol 56[111], наоѓаме картографски сознанија за Македонија во почетокот на XI век. Картата, која му припаѓа на типот „манастирски“ карти, ја изработил анонимен монах од Равена, Италија, е во правоаголна форма со размер 21,2 + 17,6 см. На неа се претставени државите во Европа кои постоеле во тоа време. Недостасува Франкската Империја, која се распаднала на Франција и Германија, како и Светата Римска Империја и, воопшто, католичкиот Запад, кој е претставен преку Рим, а Источноримското Царство и православниот Исток се претставени преку Цариград. Затоа не се наведени и државните граници. Картата изобилува со имињата на области и на провинции од римскиот период. Анонимниот автор на Англосаксонската карта ги забележал во 865 година покрстените Бугари, Западните Словени, кои го примиле христијанството помеѓу 900 и 1000 година, и Унгарците, кои се забележани како „Hunorum gens“, а се покрстиле во 1000 година. Картографот за овие настани можел да добие сознанија преку одредени ракописи или раскази во Италија.[112] На картата *Tabula Cotonian*а авторот, имајќи предвид дека Бугарското Царство е уништено во 971 година и анектирано од Византија, со претставата на Македонија (Macedonia), која се протега на север до Пелагонија, ги внел политичките промени што се случиле по наведениот период. Секако дека максималните граници на Македонија – Македонското Царство, во времето на цар Самоил (цела Македонија со исклучок на Солун, цела Тесалија, Албанија, Дукља, Далмација до Задар, Босна, Србија и Срем, сосе Бугарија од пл. Балкан до реката Дунав) веројатно не му биле познати на анонимниот картограф, па затоа не ги ни внел. На картата, имајќи ги предвид спомenatите промени кои настанале во ромејската империја во 971 година со елиминирањето на Бугарското Царство, Бугарите ги забележал со етнонимот *Bulgarii*, и тоа на север од реката Дунав.

111 Кодот под кој се наоѓа картата го носи името на Робертус Котон Бруцеус (Robertus Cotton Bruceus), кој во 1598 година ги собрал збирките во двотомниот зборник и ги нумерирал. Поопширно види: П. КОЛЕДАРОВ, Най-рани споменвания на българите върху старинните карти, Известия на Института за история, т. 20 (София) 1968, 233 (КОЛЕДАРОВ, Най-рани споменвания върху старинните карти).

112 КОЛЕДАРОВ, Най-рани споменвания върху старинните карти, 242–247.




К. Извадок од картата *Tabula Cottoniana*




K. *Tabula Cottoniana*, Британски музеј, први децении на XI век

## ЦАР САМОИЛ ВО ТРАДИЦИЈАТА

По паѓањето на Македонија под ромејска власт, цар Самоил станал симбол на непокорност, борба за отфрлање на византискиот јарем (власт), симбол за слободата во поранешните времиња и копнеж за обновување на Царството. Скиличиниот Продолжувач, пишувајќи за востанието на Петар Делјан, истакнува дека „царот Василиј, штом ја освоил Бугарија [се мисли на Македонија, заб. М. Б.], не сакал да менува ништо од обичаите на овој народ, туку само им наредил на старешините да се покоруваат и да живеат по своите обичаи, како што било во времето на Самоил кој бил нивни водач.“[113] Ј. Зонара, пишувајќи за преминувањето на целата власт во рацете на Самоил, констатира дека Самоил, „кога видел дека ромејските трупи се зафатени со граѓанската војна, неказнето поминувал по сите западни ромејски покраини кои не само што ги пљачкал туку цели области сосе градовите ги потчинувал (...).“ Василиј II, откако го поразил Варда Склир воден од желбата „да му се освети на варваринот [се мисли на цар Самоил, заб. М. Б.], одлучи лично да поведе борба против него“. За Ј. Зонара, Самоил честопати е варварин, како за време на битката кај Сперхеј, за време на битката кај Скопје 1003 година или во делот каде што зборува за востаниците на Петар Делјан, кои се варвари за него, а „Самоил е народен водач (ὃς τοῦ Σαμουὴλ τοῦ ἄρξαντος τοῦ ἔθνους)“.[114]

Ј. Скилица, кој истакнува дека царот Василиј II Македонец во периодот на своето владеење, „зафатен со борбите против Самоил, немал прилика добро и како што треба да ги уреди работите во Царството на Исток, таму се појавувал сосема накусо и се мешал во работите онолку колку што го дозволувал моментот за тоа. Кога се вратил од таму, постојано бил зафатен со желбата и со настојувањето како да го потчини бугарскиот народ (Βουλγάρων ... γένος), што било повод поголемите градови да го отфрлат јаремот и да побараат слобода. Но, додека тој бил жив, мислеле само на одметнување, но прикриено и потајно.“[115]

Михаил Псел, пишувајќи за потчинувањето на Македонија од царот Василиј II и за востанието на Петар Делјан, ќе истакне: „Народот на Бугарите (...) не поднесувајќи го тој пораз долго време, почнал да ја повраќа својата поранешна гордост“, се мисли на онаа од времето на цар Самоил. Осврнувајќи се на востанието на Петар Делјан, Псел ќе рече дека „кај Бугарите [Македонците, заб. М. Б.] има обичај на водењето на народот од луѓе од царски род (...) и од царска лоза“.[116]

Никифор Вриениј, ромејски автор кој се родил во 1062, а умрел во 1137 година, оженет за Ана Комнина, ќерката на царот Алексиј I Комнин (1081 – 1118), во своето дело Алексијада на двапати го нарекува Самоил цар, неговата држава „царство“, а за Македонците покрај терминот „Бугари“, го користи и терминот „Словени“ и „варвари“, особено за време на востанието на Ѓорѓи Војтех. Тој пишува: „Кога Бугарите, како што е веќе раскажано, биле целосно победени од царот Василиј и нивното царство било уништено, овие варвари само

[113] ВИИНЈ III, 178.

[114] ZONARAE, 548,1–8; 559, 7; 560, 15–16; 698, 11.

[115] SCYLITZAE, 378, 37–46; ВИИНЈ III, 168–169.

[116] Michel Pselos, Chronographiet. I, Paris 1926, cap. 39–40, p. 76–77; ВИИНЈ III, 220–221.

до некое време го поднесувале јаремот на ропството. Потоа тие измислувале и настојувале да го отфрлат јаремот на ропството.“ Пишувајќи за сопругата на ромејскиот василевс Исак Комнин (1057 – 1059), авторот вели дека тој „бил оженет со постарата ќерка на царот на Бугарите, Самоил (βασιλέως Βουλγάρων Σαμουήλ), по име Катерина“.[117] Никифор Вриениј, кажувајќи за востанието на Ѓорѓи Војтех 1072 година, вели дека „народот на Словените (τοῦ Σθλαβίνων ἔθνους) ја отфрлил покорноста на Ромеите и ја пустошел и ја ограбувал земјата на Бугарите“.[118] Истиот автор кога зборува за улогата на Марија, внуката на македонскиот цар Јован Владислав (1015 – 1018), која особено се истакнувала по убавината, и тоа не само по надворешната туку и по внатрешната убавина и слава, наведува дека „од страна на таткото водела потекло од Самоил[119], царот на Бугарите (τὸν βασιλὲια Βουλγάρων τὸν Σαμουήλ), како ќерка на неговиот син Трајан (...)“.[120]

Во втората половина на XIII век, во периодот кога постоело обновеното Бугарско Царство, во Македонија сè уште биле свежи сеќавањата за цар Самоил. Тој живеел во меморијата на Македонците, за што ни потврдува Јован Ставракиј, автор на Чудата на св. Димитриј Солунски *III*. Тој пишува: „Не толку одамна владеел со Бугарите оној Самоил, кој сè до денес е во устите на Бугарите. Тој со другите луѓе ги освоил сите области на запад од Солун, како бугарски така и ромејски, и во управувањето постапувал сурово.“[121]

Во периодот на преродбата и на националното будење во XIX и првите децении на XX век, идеолозите, поистакнатите дејци и интелектуалци, водачите на македонското националноослободително движење и на борбата за национална држава, може да се каже дека редовно се повикувале на македонската државноправна традиција од времето на цар Самоил и на Самоиловото Царство. Македонските емигранти во Белград, во Кнежевството Србија, во писмото од 12 јуни 1878 година, по повод претстојниот Берлински конгрес, барале да бидат земени предвид интересите на Македонија за автономна управа со христијански губернатор, затоа што Македонците „под својот цар Самоил биле самостојни (...)“.[122] На свеченоста по повод формирањето на Охридската чета на ТМОРО одржана на 24 јули (нов стил) 1901 година, на Иванден, според Атанас Кецкаров, игуменот на манастирот, Атанас Темјанов, го прочитал молебенот и ја „освети и ја благослови Самоиловата војска воскресната во лицето на петте четници“. По осветувањето комитите одржале реч во која се повикале на славното минато

[117] Катерина, сопругата на ромејскиот император Исак I Комнин, била ќерка на македонскиот цар Јован Владислав, а не на Самоил.

[118] ВИИНЈ III, 236–238.

[119] Марија била ќерка на Трајан, синот на царот Јован Владислав.

[120] ВИИНЈ III, 241–242.

[121] Јоаким Ивирски, Ioanou Staurakiou lo/goς eiς tà qau/matα toῦ῾ Agι/ou Dhmhtrι/ou, Makedonikά, (Солун, 1940), 360, 15–16; ВИИНЈ III, 182–183.

[122] ДРЖАВЕН АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА (Cf.: ДАРМ), фонд МИП, П.С., III/34; ГРАЃА ЗА ИСТОРИЈУ МАКЕДОНСКОГ НАРОДА ИЗ АРХИВА СРБИЈЕ (Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија), т. III, књ. II, Београд 1984, 319–320, док. бр. 226.

на македонскиот народ во времето на „цар Самоил“.[123] Христо Узунов, охридски револуционер од предилинденскиот период, во својата кореспонденција со повеќе адресати ги користел псевдонимите Самоил, Самоил Езерски и Самоил Салајмо. Поковникот Атанас Јанков во повикот за омасовување на движењето за национална слобода во весникот Реформи ќе истакне: „Македонци! Спомнете си за светскиот победник, светската слава на Александар Македонски; спомнете си за храбриот цар Самоил (...).“[124]

Македонскиот национален деец и полиглот Крсте Петков Мисирков во делото За македонцките работи истакнува дека како резултат на дејствувањето на народниот дух на културно-историската основа „се іавуват образуваніе на силна македонцка држаа от цар Самоил и богата народна литература“.[125] Христо Шадлев, член, секретар и претседател на ТМОК во периодот од 1901 до 1905 година, основач на МНЛД во Санкт Петербург и учесник во Илинденското востание, во статијата под наслов „Духот на Македонија“ пишува: „(...) духот на древните Македонци им се предава на новите доселеници. Изразител на тој дух беше Самоил, кој како политичар, давајќи му самоуправа на својот народ, се стремел да ги обедини сите Словени на Балканскиот Полуостров, а како стратег на битките со своите непријатели се приближува до генијот Александар Македонски (...).“[126]

Во периодот на Народноослободителната борба (1941 – 1944) и на Првото заседание на АСНОМ одржано во манастирот Прохор Пчински на 2 август 1944 година, во повеќе документи е потенцирано дека македонската национална држава која се создава е продолжение на средновековната Самоилова држава, а царот Самоил му припаѓа на историското наследство на македонскиот народ.[127]

Во Народна Република Македонија во составот на ФНРЈ, во наставата по историја се изучувале неколку наставни единици во основното и во средното образование со содржини за цар Самоил. По него се именуваат училишта, улици, хотели и други институции. Македонската телевизија по повод илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на македонската држава емитува специјална драмска серија под наслов „Залезот на езерската земја“ според сценариото на Томе Арсовски и во режија на Благој Андреев. И во народниот фолклор честопати се среќаваат народни песни за цар Самоил. Македонската опера на сцената ја постави операта „Цар Самоил“. Приближно во тој период, академскиот сликар Димитар Кондовски на платно го наслика цар Самоил. Во

---

123 АНТОНЪ КЕЦКАРОВЪ, Четническото движение въ Охридско, Илюстрация Илинденъ, г. VIII, кн. 2 (72), София, 1936, 9.

124 Притурка на в. Реформи од 20 септември 1902 година.

125 К. П. МИСИРКОВ, За македонцките работи, София 1903 (Фототипно издание по повод 100-годишнината од излегувањето на книгата на К. П. Мисирков, За македонцките работи, приредил Б. Ристовски, МАНУ Скопје 2003), 130–131.

126 ХРИСТО ШАДЛЕВЪ, „Духътъ на Македония“, Илюстрация Илинденъ год. VII, кн. 7–8 (67–68), София май-юний, 1935, с. 3. Поопширно: М. БОШКОСКИ, Македонската античка и средновековна традиција, одразена во идеите и симболите од Илинденскиот период, Гласник на ИНИ, 47 (Скопје) 2003, 89–110.

127 ДОКУМЕНТИ ЗА БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА САМОСТОЈНОСТ И ЗА НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА, Скопје, 1985, т. 2, 114, 555, 563, 565, 571, 575, 581, 608, 624.

досието на Драган Богданоски, политички емигрант и национален деец, македонските безбедносни служби го завеле под псевдонимот „Самоил", што упатува на неговата борба за самостојна и независна македонска држава.[128] Во 1996 година, по повод 1000-годишнината од прогласувањето на Самоил за цар, Поштата на Република Македонија издаде пригодна марка со ликот на цар Самоил. Марката на преден план го има неговиот лик според платното на Димитар Кондовски, а пред него е исцртан Самоиловиот натпис од 993 година.

По осамостојувањето на Република Македонија со Референдумот од 8 септември 1991 година започнаа размислувањата за подигање споменик на цар Самоил. Конечно, во рамките на проектот „Скопје 2014", на 28 јуни 2011 година на централниот плоштад „Македонија" во Скопје беше поставен споменик на цар Самоил. Споменикот е изработен од бел мермер, висок е 5 метри и има постамент од бел мермер со висина од 3,5 метри. Автор на споменикот е скулпторот Димитар Филиповски.

---

[128] ДАРМ, Ф. 885, кутија 744, папка II, бр. 05031, 25.3.1969.

Milan BOSKOSKI

## TSAR SAMOIL IN THE MACEDONIAN HISTORY AND TRADITION

*Summary*

The author, places the interest for the study of Tsar Samoil's state and his personality in the second half of Nineteenth Century, with the paper of the Russian historian A. Gilferding, who pointed out that a new state was formed with its political and church centar at Prespa and Ohrid. The French byzantinist Gustave Shlumberger with „L' epopèe Byzantine à la fin du Xє siècle, I-II", included Tsar Samoil in the West European Byzantology. In Serbia, interes for research about Samoil showed B. Prokich, who assessed his state as Macedonian, and in Kingdom of Yugoslavia wrote V. Markovic and M. Corovic. In Bulgaria, Samoil was a subject of interest to J. Ivanov, V. Zlatarski and P. Muthafchiev. In 1938 the belgian N. Adontz puts forth the thesis about Samoil's Armenian origin. In 1940 G. Ostrogorski, in his "History of Byzantium", accepted his view and points to the Macedonian character of the State, which was also accepted by the contemporary West European historiography. In 1969, in S.R. of Macedonia, S. Antoljak wrote a monograph about Samoil's State. Since then, Branko Panov intensified the research.

The theory that the Cometopouloi David, Moses, Aaron and Samuel ruled on the principle of tetrarchy is non-historic. In the Middle Ages the principle of primogeniture was respected. David (969-985), as the oldest son of the Komes Nikola, according to Zograf's pomenik of 1502, was an uncrowned Tsar. His portrets as st. Tsar David in copper engraving were made by Christiphor Zhefarovic. We see st. Tsar David on the frescoes in Athos, Zograf and Rila Monastir and other places. After death of Roman in 997 Samoil proclaimed himself a Tsar, by usurping the crown.

In Nineteenth and Twentieth Sentury during the cultural revival and the national-liberation movement and the documents of ASNOM (Anti-Fascist Assembly of People's Liberation of Macedonia), Tsar Samoil and his state were estimated as a continuation of the Macedonian state tradition from the Middle Ages. Today in Skopje, as a symbol of the Macedonian struggle for freedom, independence and self-government, a monument to Tsar Samuil rises.

Милан БОШКОСКИ

# ЦАР САМОИЛ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА И ТРАДИЦИЈА

*Резиме*

Авторот, интересот за проучување на личноста на цар Самоил и неговата држава ја става во втората половина на XIX век, со трудот на рускиот историчар А. Гилфердинг, кој укажал дека е формирана нова држава со политички и црковен центар, во Преспа и Охрид. Францускиот византолог Густав Шлумберже, цар Самоил преку „L' epopèe buzantine à la fin du Xє siècle, I-II“, го внесе во проучувањата на западноевропската византологија. Во Србија, истражувања за Самоил пројави Б. Прокиќ, кој држава ја оцени како македонска, а во Кралството Југославија, пишуваа В. Марковиќ и В. Ќоровиќ. Во Бугарија истражувања за Самоил пројавија Ј. Иванов, В. Н. Златарски и П. Мутавчиев. Во 1938 година белгиецот Н. Адонтц изворно ја изнесе тезата за ерменско потекло на Самоил. Г. Острогорски во 1940 година во Историја на Византија ги прифати неговите ставови и укажа на македонскиот карактер на државата, кој беше прифатен во модерната западноевропска историографија. Во 969 година во Македонија, С. Антолјак се појави со монографија посветена за Самоиловата држава. Оттогаш истражувањата за Самоил ги интензивираше со Бранко Панов.

Тезата дека комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самоил владееле врз принципот на тетрархија, е неисторична. Во средниот век, бил почитуван принципот на примогенитура. Давид (969-985) како најстариот син, на комесот Никола според Зографскиот поменик од 1502 година, бил некрунисан цар. Негови портрети како св. цар Давид, во бакрорез изработил Христифор Жефаровиќ. Св. цар Давид го гледаме на фрески во Хиландар, Зографскиот, Рилскиот манастир и др. места. По смртта на цар Роман во 997 година, Самоил се прогласил за цар, со узурпација на круната. Цар Самоил формирал своја владетелска династија.

Во XIX и XX век за време на Преродбата и националноослободителното движење и низ докумантите на АСНОМ, цар Самоил и неговата држава се почитувани како продолжение на македонската државноправна традиција од средниот век. Денес во Скопје, како симбол на македонската борба за слобода, независност и самостојност се издига споменик на цар Самоил.

**Цветан ГРОЗДАНОВ**

# БЕЛЕШКИ ЗА КУЛТУРАТА И ЗА УМЕТНОСТА ВО/ОД ВРЕМЕТО НА ЦАР САМОИЛ

***Айсшракш:*** *Црквиите посветени на св. Ахил Лариски Преспански во регионот на Охрид. Претставите на св. Ахил Лариски Преспански до крајот на XIII век. Катедралната црква на цар Самоил во Преспа и во Охрид.*

*Охридската книжевна школа. Асемановото евангелие, календарот во Асемановото евенгелие. Спомнување на деновите на словенските просветители. Петнаесетте струмички маченици, св. Еразмо Охридски, св. Ахил Лариски Преспански. Стилот на минијатурите на Асемановото евангелие и прашањето на тератолошката илуминација.*

*Фигурата на св. Давид во Стематографијата на Христифор Жефарович, култот на царот св. Давид, најстариот брат на цар Самоил.*

Во досегашните истражувања на културата и на уметноста во државата на цар Самоил, посебно внимание ѝ се посветувало на Самоиловата катедрала во Преспа посветена на св. Ахил, а, пред сè, на археологијата и на архитектурата на преостанатите делови од Самоиловата катедрала – катедралата на Самоиловата патријаршија. Со префрлањето на престолнината од Преспа во Охрид, а со тоа и на катедралната црква, настапува уште поголема еманација на култот на св. Ахил во регионот меѓу Охрид и Скопје, што нас посебно ќе нè интересира во овој прилог.

## СВЕТИ АХИЛ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ ВО ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ДО КРАЈОТ НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

Познатиот охридски теолог, местобљуститeл и митрополит драчки Козма Китијски, уште на крајот на XVII век го составил списокот на охридските цркви според нивната енориска распределба. Во тој список, во втората енорија, чија главна црква е храмот на светите врачи, се наоѓа храмот на св. Ахил. Оваа енорија, според распоредот на црквите, се протегала под Плаошник и стигнувала до патот познат како Попарница, кој води од катедралата Св. Софија до Горна

порта. Црквата Св. Ахил не е сочувана, а според преданието, во градот се наоѓала на локалитетот кај охриѓани познат како „Црква кај Манчевци“.[1] На овој локалитет се вршени археолошки ископувања и се откриени темели на црква со мозаични остатоци. Таа сè уште не е публикувана од археолозите. Манчевци се старо охридско семејство, коешто во охридски Варош имало значително влијание. Локалитетот се наоѓа само на 200 до 300 метри од катедралата Св. Софија.[2]

Друга црква посветена на св. Ахил се наоѓа во близината на манастирот Св. Јован Бигорски во селото Требиште.[3] Црквата не е проучувана, но заслужува внимание фактот што меѓу фреските се наоѓа и стоечката фигура на св. Ахил, дело на Дичо Зограф.[4] Во регионот на Македонски Брод, во пишуваните извори е сочуван запис за црквата Св. Ахил, која се спомнува во грамотата на црквата Св. Георги Горг во Скопје.[5]

Познато е дека црквата Св. Ахил, Ариље, постоела пред 1219 година, а подоцна станала седиште на Моравичката епископија.[6] Истото се однесува и на топонимот Архиљевица јужно од Врање.[7] Во науката е познато и поинакво мислење, но треба да се подвлече фактот дека во католиконот на Ариље се насликани неколку портрети на св. Ахил Лариски.[8]

Угледот на преспанската катедрала Св. Ахил постојано зрачел и додека катедралата на Архиепископијата била во Охрид. За тоа сведочат и одредени инсерти од преписката на Теофилакт каде што се спомнува и храмот во Преспа. Така, на пр., од писмото до Григориј Таронит напишано по 1103 година сознаваме дека особено се прославувал празникот на св. Ахил (15 мај) и по тој повод за Преспа патувале повеќе истакнати личности.[9] Во друго Теофилактово писмо упатено до Мекраволит, архонт на Преспа, охридскиот поглавар најавува синодална седница повторно во Преспа, во црквата Св. Ахил, во 1108 година. Од овие податоци произлегува дека синодалните седници се одржувале и во Преспа, што би значело дека делегациите на епархиите од целата диецеза на Архиепископијата пристигнувале во овој свет храм.[10] Преку синодалните претставници зрачел и

---

[1] Ив. Снегаров, *Историия на Охридската архиепископия патриаршия*, том 2, София 1995², 296.

[2] Црквата била соградена веројатно по преместувањето на црковното средиште од Преспа во Охрид.

[3] Ц. Грозданов, „Ахил Лариски во византискиот и поствизантискиот живопис“, *Зборник средновековна уметност*, Музеј на Македонија, Скопје, 2001, 15.

[4] С. Цветковски, *Иконите на Дичо Зограф од црквите во Дебар и Мала Река*, Струга 2013.

[5] Р. Груић, „Властелинство Св. Ђорђа код Скопља од XI-XIV“, *ГСНД I*, Скопље 1925, 46–48; В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, „Грамоти од манастирот Св. Георги Горг скопски“, *Споменици за средновековната историја на Македонија, I*, Скопје 1980, 189–190, 227.

[6] Н. Л. Окуневъ , *Арилье*, Seminarium Kondakovianum VIII, Praha 1936, 221.

[7] Р. Груић, *Споменица српско-православног саборног храма Свете Богородице у Скопљу 1835–1935*, Скопље 1935, 84.

[8] Н. Л. Окуневъ, *op. cit*., 222–257, 240, 250.

[9] *Византијски извори за историју народа Југославије том III*, Београд 1966, 284–285 (Р. Катичић).

[10] Ibid., 324

култот на св. Ахил северно од Охрид, додека јужно од Преспа неговиот спомен траел во Тесалија и во Епир со стариот центар во Лариса.[11]

Во еманацијата на местото и улогата на ликот на св. Ахил, а под влијание на неговиот преспанско-охридски култ, неговите портрети останале речиси незабележани во поновата грчка и бугарска историографија.[12] Додека најстариот портрет на св. Ахил, современ на катедралата во Преспа, е обработуван уште на крајот на XIX век од истакнатиот руски проучувач П. Миљуков[13], остатоци од ликот на св. Ахил спомнува А. Муцопулос во доградбите на Самоиловата катедрала.[14] На другите портрети на св. Ахил насликани во храмовите северно од Преспа и од Охрид се осврнавме во нашите постари студии[15] и во оваа пригода треба да обрнеме внимание на неговиот лик откриен уште од Н. Л. Окуњев, којшто е малку спомнуван во науката.[16] Тој се наоѓа на лакот од северниот влез на олтарот на црквата во Нерези. Што се однесува до ликовите на св. Ахил во XIII век, речиси го нема неодамнешното укажување на примерокот во Св. Богородица Перивлепта од 1295 година, во ѓакониконот на овој охридски храм.[17] Исто така, сме пишувале и за портретите на почвата на Србија, во епархиите што биле под охридска јурисдикција во Студеница и во Милешево, како и за посветата на црквата Св. Ахил, Ариље, во подоцнежната Моравичка епархија, исто така од времето на охридската јурисдикција, т. е. до 1219 година.[18] Проучувањето на Светиахиловите портрети во ликовната уметност денес не би можело да се толкува без познавањето на книжевните текстови на словенските јазици коишто потекнуваат од Србија и од Македонија. Тие се објавени од И. Суботин Голубовиќ и Љ. Васиљев и говорат за заемното проникнување на култот на св. Ахил во литературата и во уметноста.[19]

---

11 Г. Суботић, „Почетци монашког живота и црква манастира Сретења на Метеорима", *ЗЛУ МС 2*, Нови Сад, 1966, 167–169.

12 Тоа особено се однесува на поновата публикација: Н. Муцопулос, *Базиликата "Свети Ахилии" в Преспа*, Пловдив 2007.

13 П. Н. Милюковъ, „Христіанскія древности Западной Македоніи", *ИРАИК, IV*, София 1899, 52.

14 Н. Муцопулос, *op. cit.*

15 Ц. Грозданов, *Портретите на светители од Македонија IX–XVIII век*, Скопје 1983, 145–158; Idem, *Ахил Лариски во византискиот и поствизантискиот живопис*, 7–30.

16 Портретот на св. Ахил Лариски во книгата е сигниран како непоснат светец. Cf.: I. Sinkevic, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi*, Wisbaden 2000, 165, fig. 28.

17 М. Марковић, „Иконографски програм најстаријег живописа цркве Богородица Перивлепте у Охриду", *Попис фресака и белешке о појединим прогрмским особеностима, Зограф 35*, Београд 2011, 122–123, сл. 4а–4б.

18 М. Јанковић*, Епископије и митрополија српске цркве у средњем веку*, Београд 1985, 27–33.

19 Т. Суботин-Голубовић, „Култ светог Ахилија Лариског", *ЗРВИ 26*, Београд 1987, 21–32; Љ. Васиљев, „Један нови податак о времену настанка Асеманијевог јеванђеља", *Климент Охридски и улогата на охридската книжевна школа во развојот на словенската просвета*, МАНУ, Скопје 1989, 33–36.

# СВ. АХИЛИЈ ЛАРИСКИ
# ST. ACHILLEIOS OF LARISSA




Слика 1. св. Ахил (Ахилиј), црква св. Пантелејмон Нерези, 1164 година.
Pic. 1. St. Achilles (Achilleios) church of St. Pantalejmon Nerezi, 1164



Слика 2. св. Ахил (Ахилиј) и св. Никола, црква Св. Ѓорѓи Курбиново, 1191 година.
Pic. 2. St. Achilleios and st. Nicholas, church of St. George Kurbinovo, 1191



Слика 3. св. Ахил (Ахилиј), црква Богородица Перивлепта, 1295 година.
Pic. 3. St. Achilleios, church of the Virgin Peribleptos, 1295



Слика 4. св. Ахил (Ахилиј), црква Св. Никола Псача, околу 1365 – 70 година.
Pic. 4. St. Achilleios, church of St. Nicholas Psača, around 1365-70



Слика 5. Иницијали и орнаменти, Асеманово евангелие, крај на 10 и почеток на 11 век.
Pic. 5. Initials and ornaments, the Gospel of Asemani, end of X and the beginning of the XI century



Слика 6. Иницијали и орнаменти, Асеманово евангелие, крај на 10 и почеток на 11 век.
Pic. 6. Initials and ornaments, the Gospel of Asemani, end of X and the beginning of the XI century



Слика 7. Ракопис од збирката на Музејот во Охрид, 11 век.
Pic. 7. Manuscript from the collection of the Museum in Ohrid, XI century

## ЗА ОРНАМЕНТИКАТА И ЗА КАЛЕНДАРОТ НА АСЕМАНОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ

Во лингвистиката и посебно во славистиката, Асемановото евангелие се смета дека е најстар глаголски споменик од Охридската книжевна школа. Овој книжевен споменик се датира широко во втората половина на X век и првата половина на XI век.[20] Врз основа на лингвистичките особености, но, исто така, и на празниците што се поместени во ксинаксарот, се проценува дека Асемановото евангелие настанало во Западна Македонија и дека неговиот протограф потекнува од регионот на Охрид. Во поглед на локацијата на која настанал овој драгоцен примерок, постои и мислење дека тој би можел да биде и од просторот на Солун, односно од Јужна Македонија, на што укажува прославувањето на неколку светци од солунската диецеза. Посебно се подвлекува поменот на Петнаесетте струмички (тивериополски) маченици, чиј култ е поврзан со градот Струмица.[21] Притоа, сосема е испуштено одбележувањето на поменот на св. Еразмо (Размо) Лихнидски (Охридски).

Пред да се осврнеме на овие поменички аспекти, да спомнеме дека Асемановото евангелие содржи 240 иницијали и 21 заставка, чии стилски белези имаат свои аналогии во илуминацијата на предроманската уметност, со тоа што таа се продолжува сѐ до зрелата романичка уметност. Исто така, се укажува и на можното влијание на манастирот Полихрон во Витинија, каде што заеднички живееле како монаси светите Кирил и Методиј. Мотивите и формите, исто така, имаат свои блиски аналогии и со источните иницијали со нагласена геометриска линеарна стилизација. Очигледно е дека во илуминацијата на Охридската школа сѐ уште не се продрени елементите на раскошниот византиски колористички стил којшто ќе завладее по падот на Самоиловото Царство, а тогаш тоа ќе биде силно експонирано на некои елитни охридски споменици.[22]

Во синаксарот, меѓу светците, се спомнува и св. Еразмо, којшто за претходните проучувачи како да останува енигматична личност. Но, треба да го нагласиме фактот дека св. Еразмо има долги традиции на прославување точно во Охридскиот Регион, каде што се смета дека дејствувал како антиохиски мисионер во почетокот на IV век. Тој е познат и по ликовни и по книжевни споменици во охридскиот ликовен и културен простор, за што сведочи неговата пештерска црква меѓу Охрид и Струга, како и неговите портрети во охридските храмови.[23] Истиот случај е и со Петнаесетте струмички (тивериополски) маченици, чиишто мошти во еден дел се пренесени од Тивериопол (Струмица) во Баргала, каде што дејствувал и св. Климент Охридски по неговата хиротонија за епископ велички.[24] Тој факт го уочи и проф. Блаже Конески, којшто укажа

[20] J. Vajs, J. Kurz, *Evangeliarium Assemani*, Sv. I, Praze 1929, sv. II, 1952; В. Иванова-Мавродинова, А. Джурова, *Асеманиевоѿо еванѓелие*, София, 1981, 1–65.

[21] Ц. Грозданов, *Порѿреѿи на свеѿиѿелиѿе од Македонија од IX–XVIII век*, 127–137.

[22] Idem, „Орнаментика на расцветаните лисја во уметноста на Охрид XI–XII век“, *Лихнид 6,* Охрид 1988, 11–35.

[23] Idem, *Порѿреѿиѿе на свеѿиѿелиѿе од Македонија*, 139–145.

[24] Ibid., 38–42

на интегрирањето на претсловенските христијански култови во Охридската книжевна школа.[25] Не случајно нивните служби се печатени и во аколутијата во Москополе во 1741/1742 година.[26]

За нас енигматично останува појавувањето на поменот на св. Марена (Огнена Марија), чијшто регионален култ се следи на брегот на Охридското Езеро близу до манастирот во с. Л‘нга (денешна албанска територија). Во оваа етапа од проучувањата во Охридскиот Регион не се откриени постари писмени и ликовни траги за оваа светителка, за која се цени дека основниот култ ѝ е во манастирот Ватопед во Св. Гора и дека, веројатно, од таму се пренесени дел од моштите во с. Л’нга, каде што се издига црквата што ѝ е посветена.[27] Немав можност да ја проучувам оваа црква на албанскиот брег над Поградец, но според објавените податоци, во овој храм нема постари траги од нејзиниот култ.[28] Асемановото евангелие со поменот на маченичката св. Марена можеби упатува на тоа дека и таа му припаѓа на кругот на охридските култови и затоа нејзините почетоци не би требало да се бараат во солунскиот ареал.

Во однос на прашањето зошто во Асемановото евангелие не се спомнуваат северномакедонските пустиножители (Св. Јован Рилски, Св. Прохор Пчински, Св. Јоаким Осоговски, Св. Гаврил Лесновски), уште во нашите постари проучувања укажавме на тоа дека тие никогаш не биле сликани во потесната диецеза на Охридската архиепископија и дека нивниот култ останува, главно, во рамките на храмовите и на местата каде што се подвизувале.[29] Впрочем, останува и фактот дека во синаксарот го нема и св. Наум Охридски, којшто во охридската уметност се појавува дури во живописот на XIV век.[30] Во првата етапа тој, очигледно, останал во рамките на Деволската епархија, кај што припаѓал и манастирот Св. Наум, сѐ до с. Пештани.[31]

## ПРЕТСТАВАТА НА ЦАР ДАВИД ВО СТЕМАТОГРАФИЈАТА НА ЖЕФАРОВИЧ-ЦЕФАР

Од династијата на комитопулите постојат мал број ликовни претстави, додека историските извори се потпираат, главно, врз хрониката на Скилица и врз дополнувањата на Михаил Деволски.[32] Од поновата историја на уметноста ни е позната фигурата на цар Давид сигниран како „цар болгарски“ (сиг. ориг.) во *Стематографијата* на Жефарович, каде што на страница 1б стои во мо-

25 Б. Конески, „Канонизацијата на словенските светци во охридската црква“, *Прилози I, 1-2*, МАНУ. Одделение за лингвистика и литературна наука, Скопје 1976, 63–72.

26 M. D. Peyfuss, *Die Druckerei von Moschopolis, 1731-1769*, Wien-Koln, 1989, passim.

27 Според проучувањата на: Th. Popa, *Piktorèt mesjetarè shqiptarè*, Tiranè 1961, 72–80; R Y. Drishti, *Konstandin Shpataraku*, Tiranè 1992.

28 Владика Николај, *Охридски пролог*, 504. Cf.: Ф. В. Мареш, „Словенските светци во Асеманиевото евангелие“, *Лихнид 6*, Охрид 1988, 5.

29 Ц. Грозданов, *op. cit.,* 159–178.

30 Б. Конески, *op. cit.,* 66–67. Ц. Грозданов, *op. cit.*, 105–107.

31 Idem, *Охридското ѕидно сликарство од XIV век*, Охрид 1980, 103–104.

32 *Византиски извори за историју народа Југославије III*, 55–170 (Ј. Ферлуга).

нашка облека веднаш до св. Теоктист. Тие се претставени во речиси идентична монашка одежда, со тоа што на свитокот што го држи св. Давид во десната рака е испишан следниот текст: „Секое царство кое се разделува само по себе ќе пропадне." Двајцата монаси, благо свртени еден кон друг, држат крстови до висината на рамото. Од сочуваните хроники дознаваме дека тој е најстариот брат на цар Самоил и дека по кусо владеење бил убиен од номади Власи меѓу Преспа и Костур. Познато е дека неговото име е испишано на плочата на гробот на родителите на Самоил, Никола и Рипсимија, погребани заедно со Давид.[33]

Поставувајќи го прашањето со кој извор се послужил Жефарович при неговото претставување, ние само можеме да ја спомнеме *Историјата* на Паисиј, речиси современа на *Стематографијата*, чиешто настанување се сврзува со светогорските традиции. Таму и сознаваме дека Давид кусо време пред Самоил бил на владетелскиот престол, а потоа „примил" калуѓерски чин и така завршил богоугодно и во своето свето житие по смртта имал нетлеени мошти.[34] Во досегашните идентификации на личности зографисани според *Стематографијата* во текот на XVIII и на XIX век, до денес е откриена фигурата на царот св. Давид во Света Гора.[35] Во *Стематографијата* тој е претставен како старец со долга подбелена брада која се спушта до пред градите, што не е во сообразност со историските податоци. Прашањето за идентификацијата на св. Теоктист може да се однесува на кралот Тривелиј, во монаштво наречен Теоктист, за кого Паисиј пишува дека ја напуштил владетелската должност и световната слава, а потоа си соградил манастир близу Охрид, каде што примил и монашки чин.[36] Меѓутоа, во историјата, како и во графиката, се појавува и кралот Драгутин, кој во монаштво го примил името Теоктист.[37]

Сепак, за нас останува неспорен фактот дека во историјата на ликовната уметност бил ликовно обликуван братот на цар Самоил, којшто по кнезот Никола Брсјачки, а пред Самоил се наоѓал на чело на државата формирана во Македонија. Во ова пригода треба да укажеме на појавата на светите Давид и Теоктист, без наведување титули, на бакрорезот на Успение на Богородица во манастирот Пива. Тие се вклучени во рамките на сликаната програма на српските владетели изработена од непознат автор од шеесеттите години на XVIII век.[38]

Со овој прилог сакаме да фрлиме повеќе светлина на прашањата за ликовната историја од времето на цар Самоил и на неговата држава, како во изградбата на цркви и изработката на илуминации така и во фигуралните претстави според историските извори или милениумското предание. Во оваа фаза од проучувањата,

---

[33] Й. Иванов, *Български старини из Македония*, София 1970, 24–25.

[34] *Исторія Славѣноболгарская*, Паисіемъ іеромонахомъ (Й. Иванов), София, 1914, 31.

[35] М. Бошкоски, „Комитопулот Давид, цар Давид, св. Давид цар (историско-уметнички преглед)", *PATRIMONIUM 10*, Скопје 2012, 127–140, сл. 1–9.

[36] Црквата сè уште не е идентификувана.

[37] *Животи краљева и архиепископа Српских*, архиепископ Данило II, Београд 1935, пр. Лазар Мирковић, Београд 1935, 21, 40–41.

[38] Д. Давидов, *Српска графика XVIII века*, Нови Сад 1978, 370–371.

остатоците од Самоиловото време на Преспанското Езеро можеме да ги црпиме само од оние на Н. Муцопулос, коишто сè уште не се привршени.[39]

Cvetan GROZDANOV

## NOTES ABOUT THE CULTURE AND THE ART FROM THE TIME OF TSAR SAMUEL

Abstract

The author of this article, in the three parts, refers to the less known or unknown data about the culture and art in the Ohrid diocese from the time of Tsar Samuel and immediately before and after him.

### *1. Saint Achillius in the painting art of the Ohrid Archbishopric by the end of the Samuel's state*

The author initially refers to the fact that at the end of the 17th century there was a church dedicated to St. Achilles in the Varosh neighborhood near the St. Sofia. This data comes from the list of Ohrid churches that was compiled by the famous writer and Metropolitan Cosmas. Then he refers to the other churches dedicated to St. Achillius, north of Ohrid, in the present village of Vranista, as well as in Makedonski (Brod). He also highlights the portraits of St. Achilles in the Ohrid church of St. Virgin Peribleptos, St. Panteleimon in Nerezi, which have been little known or unknown so far, while the author wrote earlier about his other portraits in Ohrid. The presentations of St. Achillius in the art of Serbia, including St. Achillius, Arilje, are placed in the context of the jurisdiction of the Ohrid Archbishopric by 1219. According to the sources of the Ohrid Archbishop Theophylactus, who lived in the late 11th and the beginning of the 12th century, in the church of St. Achillius in Prespa have been held meetings of the Synod, which allowed all the priests who were coming to the meeting to become more acquainted with the cult of this Saint. We wrote earlier about the portraits of St. Achillius in Kastoria, and also about the artistic connections between the church of Ss. Cosmas and Damian and St. Gorge in Kurbinovo, both from the end of the 12th century.

### *2. The Ornaments and the Calendar of the Codex Assemanius*

In the Codex Assemanius, the most famous Glagolitic monument of the Ohrid School, are also commemorated the religious holidays of St. Erasmus (Razmo) and of the Fifteen Strumica Martyrs, which are part of the Ohrid Christian tradition. Earlier it was thought that, in addition to the linguistic data of this manuscript, which today is found in the Vatican, there are only the holidays of the Slavic teachers, Ss. Cyril and Methodius and St. Clement. It is known that in the correspondence to the original is also mentioned the day of St. Achillius of Larissa. Stylistically, the ornaments and the illumination do not belong to the colorful, luxurious Byzantine style, but they

[39] Н. Муцопулос, *op. cit*., passim.

have their own older Glagolitic models from the time of Ss. Cyril and Methodius. The origin of this manuscript is related to the reign of Tsar Samuel in Ohrid after the transfer of his capital from Prespa to Ohrid.

### *3. The representation of Tsar David in the Stematography of Zefarovich*

David is the elder brother of Tsar Samuel, who left the emperor's function and became a monk. His character appears in the graphic technique in the Stematography of Hristofor Zefarovich from the middle of the 18th century. Next to him is the figure of St. Theoctistus, whose identification in science, is still a dispute. David's name is mentioned in the inscription in Prespa along with the names of the mother and father of Samuel. The text of the gospel according to Luke 11:17 is written on the scroll that he holds in his hand, as it has recently been determined by Acad. Gj. Popatanasov. These figures, as well as the entire stematography, reflect the perceptions of the Macedonians, Serbs, Bulgarians and other Orthodox Christians in the Balkans. The stematography was done by order of the Serbian Patriarch in Vienna. Hristofor Zefarovich originated from Dojran, but worked mainly in Austria and Hungary by order of the fugitive Orthodox Christians under the Ottoman rule.

*Key words:*
Churches dedicated to St. Achillius of Larissa in the region of Ohrid. The representations of St. Achillius of Larissa by the end of the 13th century. The cathedral church of Tsar Samuel in Prespa and in Ohrid.
Ohrid literary school. Codex Assemanius, the calendar in Codex Assemanius. Marking the days of Slavic educators. The fifteen Strumica martyrs, St. Erasmus of Ohrid, St. Achillius of Larissa. The style of the miniatures of the Codex Assemanius and the question of the teratological illumination.
The figure of St. David in the Stematography of Hristofor Zefarovich, the cult of the Emperor of St. David, the oldest brother of Tsar Samuel.

**Вера БИТРАКОВА-ГРОЗДАНОВА**

# АНТИЧКИТЕ НАСЕЛБИ НА АИЛ И ВО ГОЛЕМ ГРАД ВО САМОИЛОВО ВРЕМЕ И ПОТОА

Во историската наука, кога се зборува за владеењето на цар Самоил, можеби најчесто се споменува регионот на Преспа и обратно. Споменувањето на Преспа асоцира, во историска смисла, на настани што се случувале во времето на овој владетел од средниот век, кои пак се неделиви од просторите околу и на брегот на езерата. Нешто што секогаш било јасно, без да се откријат одредени материјални докази или пишани епиграфски споменици, е, секако, фактот дека најголемиот остров кој се наоѓа во Малото Преспанско Езеро се именува според св. Ахилиј од Лариса, чии мошти се донесени во Самоилово време и положени, по негова заповед, во катедралната црква во тогашното седиште на царството на Самоил. Тогаш името на островот е Преспа. Подоцна овој остров во Малото Преспанско Езеро, кој денес е на територијата на Грција, населението го нарекува Аил.[1]

Често се поставува прашањето: каде се наоѓаат дворците на овој владетел ако е јасно дека катедралната црква е најголемата трободна градба на островот Аил, притоа знаејќи дека и Јован Скилица[2] пишува дека моштите на некогашниот лариски епископ св. Ахилиј, од времето на Константин Велики, царот Самоил ги положил во Преспа, каде што се наоѓале царските дворци. Денес, пак, тие се вратени во црква во Лариса, од каде што во X век биле пренесени на островот Аил.

Што се однесува до лоцирањето на дворците на просторот на островот, секако е јасно дека на ова прашање би требало да одговори археологијата. Би кажала до каде се стигнало со истражувањата околу решавањето на оваа загатка.

Аил, кој е еден од поголемите од четирите острови во Преспа – има околу 70 хектари, инцидентно е ископуван со исклучок на најголемата базилика, каде што се откриени и моштите на св. Ахилиј. На островот секогаш се живеело, а

[1] Најраното регистрирање на локалитетот е изведено од архимандритот Антонин, *Изъ Румеліи*, Санктпетербургъ 1886, 109–117, кога ги посетил урнатините на Големата црква; следуваат извештаите на: П. Н. Милюков, „Христіанскія древности Западной Македоніи“, *Известӣя Русскаго̄ археолоѓическаго̄ Инстӣтӯта въ Конс̄тан̄тинопо̄лее IV/1*, София, 1889; Йордан Иванов, „Царъ Самуиловата столица в Прееспа“, *Известӣя на Българско̄то археолоѓическо* дружество I, София 1910, 55–80; а потоа и на други автори, види: В. Битракова-Грозданова, *Голем Град Преспа*, Скопје 2011,14–20.

[2] *Византијски извори за историју народа Југославије, Том III*, Београд 2007 (Ј. Ферлуга и неговите коментари), Београд 1966, 82–84, со опширна литература. Но тогаш сѐ уште не се изведени истражувањата на Н. Муцопулос.

се живее и сега. Понекогаш и инцидентните наоди многу значат во одредени истражувања за да се стигне до некоја вистина. Така, на пример, на југозападната страна на островот е откриен еден епиграфски споменик кој ни потврдува дека во антиката населбата се нарекувала Лике.[3] Археолозите од соседната земја сметаат дека и на тој простор била сместена населбата од тоа време, но тука не се вршени систематски ископувања.

Проф. Муцопулос, инаку архитект, својот научен интерес долги години го насочил кон археолошки ископувања на трибродната црква, односно на Св. Ахилиј, бидејќи бил заинтересиран само за тој објект.[4] Но како што се случува при археолошките ископувања, никогаш не знаеш на што сѐ ќе наидеш во смисла на културни слоеви, како и во овој случај. Покрај остатоците од средновековието, откриени се и многу материјални остатоци од античката епоха. Значи, гратчето Лике, потврдено со натпис од римско време, постоело и порано. Материјалната култура нѐ упатува и на времето од IV до I век пред Хр. (за да не го оптоварувам аудиториумот, само ќе набројам накусо што е откриено од тоа време: натписи на покривна керамика од II век пр. Хр., остатоци од населбинска керамика, монети и др., но и епиграфски споменици од римскиот период, сето тоа презентирано во публикациите на Муцопулос).

Што се однесува до потврдите за животот во средниот век, секако најзначајно за оваа пригода е откривањето на четирите гроба во рамките на базиликата на св. Ахилиј подигната во X век.[5] Еден од нив се наоѓа во проскомидијата, во која биле положени моштите на маченикот Ахилиј, а другите три во јужниот брод на црквата, од кои третиот, со регистрација Г(гама), најверојатно му припаѓа на цар Самоил. Идентификацијата е изведена според анализата на коскитe и на луксузната облека извезена со срма и со декорација на материјалот со тема која би му прилегала на највисок угледник. Интересно е да се потенцира дека гробната комора е покриена со аркосолиум, полусферичен покрив со којшто му се дава посебен акцент и печат на вечниот дом, притоа укажувајќи на високиот ранг на покојникот.[6]

Тоа што во оваа пригода би сакала да го претставам и да го соопштам е делумно познато во научните кругови кои се занимаваат особено со соодветната проблематика од средниот век. Но, понекогаш има избрзано искажување на несоодветни размислувања и предлози поради непознавање на фактите и на досегашните материјални докази откриени на теренот. Грчкиот истражувач Муцопулос има многупати пишувано за своите ископувања излагајќи ги резултатите во три тома, плус еден со негови трудови публикувани во разни списанија.

Но, што се случува на соседниот простор, мислам на територијата на Р Македонија? Можам да кажам дека кај нас имаме многу повеќе систематски

3 Rizakis Th. & Touratsoglou I, *ΕΠΙΓΡΑΦΕΣ ΑΝΩ ΜΑΚΕΔΟΝΟΑΣ*, Thessaloniki 1985, n. 147; F. Papazoglou, *Les villes de Macédoine a l'époque romain*, Paris 1988, 242–243.

4 H. Moutsopoulos, *Η ΒΑΖΙΛΙΚΗ ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΑΧΙΛΕΙΟΘ ΣΤΗΝ ΠΡΕΣΠΑ*, Thessaloniki 1989; Id., *ΒΙΖΑΝΤΙΝΑ ΑΡΘΡΑ ΚΑΙ ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ*, Thessaloniki 1990, 159–189; Id., *Базиликата "Свети Ахилий" в Преспа*, Пловдив 2007.

5 J. Ферлуга, „Време подизања цркве св. Ахилеја на Преспи“, *Зборник за ликовне уметност 2*, Нови Сад, 1966, 3–8.

6 H. Moutsopoulos, 1989, 1008–1009; Id., 1990, 256, 547; Id., 2007, 166–170.

ископувања. Она што се открива покрај брегот на Големото Преспанско Езеро е комплементарно со многу наоди од антиката и од средниот век откриени во Мала Преспа. Особено ископувањата на островот Голем Град ни покажаа со каков хронолошко-културолошки континуитет опстојувал островот од раната антика до средниот век, па дури и со траги од отоманското владеење. Секако дека нас овде нè интересира особено Самоиловото време. На островот Град во тоа време нема населбинско живеење. Некои скромни артефакти, како накит и погребување кои имаат поширок распон на датирање од X до XIV век, а тука се приклучува и старата трobродна црква од XI век под црквата Св. Петар, не потврдуваат некои активности на островот во смисла на константно престојување.[7]

Овие скромните траги на Голем Град кои не укажуваат на постоење на одреден станбен простор од Самоиловото време, ниту на населба, можат да упатуваат само на краткотрајно живеење на монаси. Секако дека „дворецот на Самоил“ треба да се бара на самиот остров Аил, кој е и трипати поголем од Голем Град. Уште повеќе е јасно дека седиштето на владетелот, една од неговите престолнини, или, поточно, престојувалишта, е близу до катедралната црква којашто тој ја осветил со моштите на светителот донесени од Лариса по негова наредба. Но, засега не гледам интерес за насочување на ископувањата на островот Аил во просторот кој излегува надвор од фанумот на црквата истражувана од страна на соседите. Дури ни регистрираната античка населба, сместена во југозападниот дел на островот, не се истражува.

Сепак, во оваа фаза на сознанија можевме да согледаме некои, ако можеме да кажеме, рецидиви или влијанија кои се забележуваат во најблиското соседство, односно на о. Голем Град. Тука досега се откриени шест цркви, а на о. Аил се регистрирани пет. Од нив кореспондираат, на пример, црквите посветени на св. Димитриј, култ којшто е поврзан со светото место, гробот на светецот во Солун, каде што се одело на поклонение, на аџилак, и од каде што се донесувало светото масло – миро, во црковните центри низ Балканот. Секако, доказ за овие духовни активности наоѓаме и на двата острова со откривање на оловните ампули со илустрација на св. Димитриј и на св. Параскева во кои се носело миро од гробот на св. Димитриј во Солун.[8]

Влијанието во голема мера може да се забележи во црковната архитектура. Трobродната црква на Голем Град, во темели од XI век, е откриена под црквата Св. Петар од XIV век, која е до денес сочувана. И покрај тоа што не е исто конципирана во олтарниот простор, таа, очигледно, имитира една пространа црква која ја има во соседниот простор. На Град во средниот век нема населба, на што во голема мера нè упатува отсуството на населбинска керамика од средниот век, но има монашки живот, и тоа повеќе живот на пустиножители, којшто продолжува и понатака низ вековите. Особено во XIV век се забележува поинтензивно градење мали цркви, какви што ги има во кругот на Мала Преспа, на Аил, со иста концепција – еднобродни со тристрана апсида и проскомидија десно од олтарот. Тоа се црквите: на Голем Град, посветени на св. Димитриј и на

---

[7] В. Битракова-Грозданова, *Голем Град Преспа*, 84–89.

[8] N. Moutsopoulos 1989, 416, pl. 77, 78; В. Битракова-Грозданова, „Le culte de Saint Démétrius a Golem Grad – Prespa“, Kacic, *Zbornik u cast Emilija Marina god XLI-XLII*, Split 2009–2011, 807–815; Ead., *Голем Град Преспа*, 96–100.

св. Никола, црквата цистерна,[9] или во Мала Преспа – Св. Богородица Елеуса,[10] а на о. Аил – Св. Богородица Порфира, Св. Ѓорги[11] и др.

Поблиската врска која укажува на зрачењето на култот на св. Ахилиј во околината и подоцна од времето на Самоил ја среќаваме во предворјето на т.н. црква цистерна од Голем Град од XIV век, која е, најверојатно, посветена на св. Никола.[12] Имено, во предворјето е откриена гробна конструкција со аркосолиум, со погребување веројатно на монах почитуван од заедницата на монасите, кои му поставиле споменик со достоинство угледувајќи се на аркосолиумите поставени во црквата на св. Ахилиј, особено на тие како над гробот на Самоил. Овој начин на оддавање почит на покојните има свои корени во раното христијанство, а подоцна ќе биде сочуван во црковната традиција присутна на Балканот во средновековието, а особено ќе се обнови во XIV век, како знак на особена почит кон ктиторите, црковните великодостојници или кон припадниците на благородништвото.

Засега само толку податоци ни пружила археологијата. Останува да се почека да започне интересот за ископувања на царскиот остров Преспа или на Аил во поблиска иднина.

Vera Bitrakova

## THE ANTIQUE SETTLEMENTS ON AIL AND ON GOLEM GRAD IN THE TIMES OF SAMOIL AND LATER

*Abstract*

The author points out the main relations considering the existing influences of the architectural monuments from the middle ages on the island Golem Grad, and the churches on the island Ail, the residence of tsar Samoil, both on the Prespa lake. She believes that the main impulse comes from the cathedral church devoted to st. Achilles whose relics were brought in the 10th century from Larisa, while later, within the realm of this sacred area, the grave of Samoil was also located. There is no settlement on Golem Grad in this period, proven with the archaeological research led by the author. However, during the 14th century when the monastic life was developed on the island, the architectural patterns were taken from the Ail island. In this sense the author considers the shapes of the churches of St. Demetrius and St. Nicolas on Golem Grad and the analogous ones on Ail – Holy Mother of God Peribleptos, St. Georges as well as Holy Mother of God Eleusa on Mala Prespa. One particular proof of the emission of the cult and the influences coming from the island of Ail is the imitation of the sepulchral architecture of the type *arcosolium* present in St. Nicolas church on Golem Grad, shape in which the grave of Samoil was also built, discovered in his cathedral church on the island of Ail. New excavations should be conducted on the island of Ail in order to come out with new conclusions and eventually discover evidence of his castle.

---

9 В. Битракова-Грозданова, *Голем Град Преспа*, 91, 101–106, сл. 87.

10 N. Moutsopoulos (1990), 176, 192.

11 Ibid., 275; S. Pelekanidis, *BYZANINA KAI METABIZANTINA MNHMEIA THΣ ΠΡΕΣΠΑΣ*, Thessaloniki 1960, 94–95.

12 В. Битракова-Грозданова, *Голем Град Преспа*, 118.

**Блаже РИСТОВСКИ**

# ЦАРОТ САМУИЛ ВО НАРОДНАТА МЕМОРИЈА И ВО ЛИТЕРАТУРАТА И ПУБЛИЦИСТИКАТА ДО ОСЛОБОДУВАЊЕТО

(ПО ПОВОД ИЛЈАДАГОШНИНАТА ОД СМРТТА НА ЦАРОТ САМУИЛ)

Без намера целосно да ја елаборираме оваа голема тема, ќе укажеме само на некои наши согледувања. Зашто, и самото нагласување на меморијата како сознание во еден милениумски континуитет претставува претенциозна истражувачка задача. Тука се, пред сè, богатите преданија и легенди што сеуште не сме ги евидентирале и не сме ги претставиле интегрално пред јавноста. Тие имаат различна провениенција и карактер. Така, на пр., според кажувањето на 90-годишната уметничка Кераца Висулчева, татко ѝ ѝ го кажувал народното предание дека по Беласичката битка ослепените војници надошле и во Костурско, а меѓу нив била и една од Самуиловите ќерки што се викала Кераца, па по нејзиното име тој ја крстил и својата новородена ќерка. Ваквите преданија и легенди често се поврзани и со топонимите, како, на пр., Царев Двор или островот Ахил во Преспа или охридските Самуилови Кули, селото Водоча во Струмичко и сл.

На овој план особена улога имала и писмената традиција по Климентовиот и богомилскиот период, но таа традиција за претставување на историските настани на овие простори попластично се профилирала во преродбенскиот период, кога се бараат корените на етносот и историското наследство на народот како потреба за диференцирање од соседите. Тоа станува суштествен дел од етнокултурната традиција и има непосредно влијание за националното будење во XIX век.

До Ослободувањето на Македонија (1944) има релативно малку вакви писмени сведоштва на македонски јазик. Иако недостатно јасни и неретко контрадикторни во историскиот контекст, тие сепак сведочат за претставата на народот за историскиот лик и за неговата дејност во дадената средина. Посебно значајни во овој поглед се сознанијата за царот Самуил и за неговите битки, но и самото толкување на изворите и народската интерпретација на претставите за настаните и за ликовите на Самуил и на Василиј II. Најран, најобемен и најзначаен ваков текст на македонски јазик наоѓаме во „Славјанско-маќедонската општа историја“ на Ѓорѓија М. Пулевски.[1]

[1] Ѓорѓија М. Пулевски, *Славјанско-маќедонска општа историја*. Подготовка Блаже Ристовски [и] Билјана Ристовска-Јосифовска. МАНУ, Скопје, 2003.

Како се одразувале сознанијата во народната свест, илустративен пример е токму овој ракопис, посебно ако го имаме предвид и фактот дека Пулевски е еден од маркантните протагонисти на процесот на создавањето и афирмацијата на македонската национална свест. Во духот на традицијата, при користењето на изворите тој доследно го именува царот со формата *Самуил* (а не *Самоил*). Инаку, во послешни литературни текстови се среќаваат и именувањата: *Самуил Брсјак, Самуил Велики, Богомилецот Самуил, Самуил Охридски* и сл., а Владимир Мошин, пишувајќи дека откако киевскиот кнез Владимир го зазел Херсонес, вели дека „упатил посланство до Самуил *Македонски* со предлог за сојуз и молба за организирање на христијанска црква со словенска богослужба“[2].

Ѓорѓија Пулевски користи и буквално цитира многу историски извори, но прави и свои видувања и толкувања на личностите и на настаните, истовремено додавајќи и сопствени забелешки и „исправки“ на мислењата на користените автори. Така, на пр., тој главно коректно ги интерпретира изворите, со употребената геополитичка терминологија и изворно ги пренесува етнонимите. Тој опширно го пренесува распаѓањето на „Болгарското Кралство“ со нападот на Русите, но и нивното изгонување од императорот Цимиски и византиското завладување на Бугарија. А кога во 975 год. императорот Цимиски „со отруј си ја скусил животта“, жителите на „Восточната Империја [така ја именува Византија] одрекле повиновањето, паче и кралевството си четиријем браќи Давиду и Мојсеју и Арону и Самуилу го предале“[3]. Бидејќи „речени браќа биле синови от некој комита болгарски. Затова им клале име комитски синови (комитопули)“.[4] Потоа Пулевски пишува дека „от речени четири браќа: Давид умрел, а Мојсеја во обсадувањето града Серез со камен го убиле, а Арона брат му Самуил го убил сам. А само Владислав, Аронов син, со големо вардење Радомирово, син му Самуилов, го сохранил. Тики после Владислава Роман го викале.“[5]

На свој начин Пулевски ја опишува и битката на Самуил со Василиј II кај Сердика. Бидејќи „цар Василија на војската си је заповедал за кон Цариград да следуват, а Самуил крал болгарски, като видел со своите си војници оти восточната војска неустројено и растурена си одила, а ка што бил скријен со војската си Самуил, тики ненадејно со голем вик нападнал на восточната војска и ја разбил, тики царските знаменији ги отнал. А цар Василија кон Филипија едва побегнал“.[6]

Пулевски пишува и за сите победоносни битки на Самуила, но и за неуспешната битка кај реката Сперхеја, кога „Никифор Вран бил испратен от цара Василија за да одит по Самуила со војска, тики Сперхија реканоќа скришем со војската ја преминал. Като спале Болгараите, силно ги нападнал и безбројно

2 Владимир Мошин, *Новгородските ливчиња – остаток од цар Самоилов кодекс – и нивната екфонетска нотација*, „Македонска музика“, 5, Скопје, 1983, 11; Академик Владимир Мошин, *Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље*, зб.: Охридската архиепископија и покрстувањето на Русија. Зборникот излегува поповод 1000-годишнината од покрстувањето на Русите, Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“, Скопје, 1988, 30.

3 Ѓорѓија М. Пулевски, цит. дело, 310.

4 На истото место.

5 На истото место.

6 На истото место, 311.

ги истепал, а от своите ни еден не загубил. А Самуил со сина си Романа лоши рани во това сраженије добиле. Тије обаицата живи ќе да ги ватил Вран, ако не беје се скриле меѓу мртвите болгарски тела. А като се запрело сечењето ноќта, тики обаицата побегнале през столискине ормање и преку Пинда Планина во Болгарија избегале“.[7]

Сите настани Пулевски ги темелел врз расположивите историски извори. Така и за овој настан прецизно наведува: „За горе речен случај историк Кедрин писал во том II-ри, стр. 549-та и 550-та, а историк Зонар во книга XVII-та на стр. 176-та, а историк Дуфресне описал пред речен случај во глава 7-ма, а во § 25-ти на стр. 100-та, тики казал оту на 985-то лето било“.[8]

Во приказничен тон ги прераскажува и настаните по враќањето на Самуила по битката. Кога се вратил дома, пишува Пулевски, „нов жалост приимил, оту ќерка му прекумерно се заљубила во Асота, Таронитов син. А во тоа време у Болгари било обичај оту некоја девојка, ако ја не дадат коде сакат, се убивала. Тики Самуил ја дал ќерка си Асоту за супруга и свршена свадба направиле“.[9]

Употребата на *бугарското* именување е вообичаено во изворите и Ѓорѓија доследно го пренесува, но со тоа и го различува Самуила од Василија *Македонецот.* Тој подробно, првенствено според кажувањето на Скилица, ги раскажува и походите на императорот Василиј при постепеното заземање на Самуиловото Царство, па во духот на народната приказнична традиција пишува:

„А като отишол во Скопје на Самуила, зашто во безопасност беше го основал логорот, мислел оту, зашто било брежно местото, не можат да му досадат преку Вардар. Токо цар Василија со средство војниците, си нашол некој спруд, тики преминал преку Вардар (Аксии), а Самуил като го видел се очајал, тики со сета војска своја Самуил побегнал. А чадорот му и сијот логур царската војска го присвоила, а град Скопје Роман, Самуиловијот командант, цару Василу му го предал.“[10]

Но Самуиловата „напредија от ден до ден све полошо се умаљавала, оти цар Василија ката година напаѓал на Болгарија. Заре во некоје сраженије на 1014-то лето безбројни Болгари истепал и 15.000 живи фатил и страшно ги наказал, зашто очите им ги запржил со угорено желездо, тики от пред речен случај Самуил болгарски се разболел и умрел“.[11]

Овој случај на друго место и поподробно го опишал:

„Цар Василија ката година испраќал војска на Болгарија што плењавала и разсипувала. Затова крал Самуил болгарски не смејал јавно со цара Василија да се удрит. Затова Самуил ги преградил врвиците за да не может да заминет војската восточна во Д’лга Цимба и во Клејде. Глобоки ’рвови (обкопи) ископал и јаки плотови исплетол и голема стража тује поставил. А со логурот Самуил одзади стоил и така се чувал от цара Василија.

7 На истото место, 312.

8 На истото место.

9 На истото место.

10 На истото место, 314.

11 На истото место.

А цар Василија, като дошол тује, се обишол за да влезет, а стражарите Самуилови силно го нападнале и за со сила сакале да влезат. А стражата Самуилова от високото место мошне царската војска ја убивале и ја ранувале.

А цар Василија, като се очајавал заради преминувањето, а Ниḱифор Скифија, филипијскиот командант, го тешел цара Василија и го советувал за да стоит тује со војската спроти Болгарите – да го гледајет, а Ниḱифор от другата страна пополезна работа ḱа направел. А като се советувале со цара Василија, а Ниḱифор со својата војска завртел преку Валевиста, тики преку планина спроти плотот от коде пладне, тики на 29-ти јунија 1014-то лето отзади нападнал на Болгарите. А на таков нечекан случај се уплашиле Болгарите и зафатиле да бегајет.

А цар Василија го разгледал плотот и като видел оту чувачите го оставиле, го растурил и бегачите зафатил да ги трчкат, тики мнозина Болгари паднале мртви, а уште повеḱе живи Болгари исфатиле. А Самуил болгарски едва се спасил тога, и това со синов си помош, оту му го привел коњот, јахнал и побегнал.

А восточната војска под јака стража во Прилеп ги одвела пленатите Болгари. Биле до 15.000 људи. Тики цар Василија заповедал очите да им се избодат и на секои сто људи на еден едно око да му се оставит за да ги водит Болгарите, тики при Самуила болгарски му ги испратил. А сите биле Маḱедонци, затова цар Василија очите им ги извадил, оту се делеле от царството си.

А като видел Самуил така идејешти му војската, от жалост не можел да трпит, токо паднал на земја ка мртов. Тики со вода и со аромати малу се повратил и ми посакал студена вода да се напијет. И се напил, тики го фатило срце, тики по двадни после и умрел.“[12]

Потоа Пулевски ја раскажува историјата на краткото владеење на син му Гаврил (тој „и Роман и Радомир се велел“), па пишува за неговата смрт и за завладувањето и предавството на Јован (Владислав) – „син му Аронов от брата му крал Самуилов“.[13]

Иако цитира многу антички и други автори, тој доследно Самуиловото Царство и неговата војска ги именува *Болīарија* и *Болīари*. Но кога царот Василија II (од македонската династија) ги ослепел Самуиловите заробени војници, Пулевски прави важна диференцијација и дава објаснение дека сите ослепени биле всушност Македонци и ги казнил „оту се делеле от царството си“[14].

На крајот на овој дел од Историјата авторот дава „ИСПРАВКА: 1-во. горечененим историцим за одговор. 2-ро. За разјаснење читателим Историјава“, па жестоко реагира:

„1-во. Горе забележени историци или од око (по тамин) или не знојале ѓеографија или само пристрастно писале, тики на место историја казале логарија. А секој читател, биди какво битије като читат, сакат да знојет какво је битијето от историјата и љубовпитен је да разберет зашто и коде је логаријата.

2-ро. По историкското казување, уште пооднапред казахме оту на два поти дошле Болгари во оваа страна. А првијот пот нашите старинци ги исподиле назат во старината им.“ Потоа Пулевски кажува за доаѓањето на Аспаруховите Бугари,

---

12 На истото место, 315.

13 На истото место, 318.

14 На истото место, 315.

но дека „Полостоф Балкански п’лно бил населен, ка и сега, кон север и кон северски исток до Дунав, а кон исток до Црно Море со Славјани. А Елини – Спарта и Атина, а Траки во Музеќија населени биле, ка што казале историци и историји.“

Но „речени историци сијов Полостроф Балкански го претставиле само за грчки и за болгарски народност да бил населен, а за славјански народност нигде не спомнале. И восточните цареви не ги казале Маќедонски Славјани, токо Грци и грчки цареви ги казале.“ Но таа територија, вели Пулевски, „уште на 1400 години пред Христа со Славјани била населена“. И додава: „Ено горе речени историкски логарији ни давајет повод, тики и за болгарската историја со сите доказателства, а и за от други народности живуштих на Полостроф Балкански, историјите им да ги кажеме, за секој народност когашен је во оваа страна, нека си знојат.“[15]

Пулевски и за настаните по Самуила приговара, зашто, вели, „горе речени историци за скопското собраније, спроти ка што рекле, това не било болгарско собрание, токо Маќедонско собраније било и от сами Маќедонци здружено. Заре едно се познават по месноста маќедонска, оту Маќедонци биле, а друго се познават по имињата одборнички оту представителите собраниски Маќедонци биле. А треќо, се познават по ѓеографијата болгарска оту не биле Болгари“[16].

Очевидно Ѓорѓија Пулевски бил збунет од разните историски извори, па и тешко можел сосем и да ги разбере некои настани и процеси на Балканот, коишто и за денешната наука не се целосно разјаснети. Тој, впрочем, смета дека Словените биле на овие простори уште пред 1 400 години пред Христа[17], имајќи ги предвид како Словени и Античките Македонци.

Но заслужува внимание неговото пишување за односот помеѓу царот Василиј (Македонецот) и кралот Самуил (болгарски), па со тоа индиректно го покренува и прашањето: зошто Самуиловата држава не можело да се вика *македонска*. Исто така, тој го поставува и прашањето за „македонските склавинии“ и за словенското име што всушност и потекнува од Македонија, па со христијанската писменост се распространува кај сите денешни словенски народи. Можеби ова царство во почетокот и се именувало *Склавинија (Sclauinia)*, како што стои во некои историски сведоштва[18].

Бездруго, ставовите на Пулевски ја одразуваат народната традицијата и идеологија. А тој однос кон царот Самуил наоѓа израз и во целиот преродбенски лозарски и востанички период. Не случајно и Петар Попарсов тогаш го напишал драмскиот спев „Самуил Брсјак“ (фрагмент од него објавен дури во 1919 година)[19], а софискиот весник „Автономия“ (1898) потсетува за фалангите на Филипа и на Александра Македонски, преку Самуила, Ивац и Георги Кастриот, додека војводата Анастас Јанков (како и Крсте Мисирков малку подоцна) во прогласот за востание (1902) ги повикува Македонците: „Сетете се за светскиот победител,

---

15 На истото место, 328-329.

16 На истото местос, 330.

17 На истото место, 329.

18 Оскаръ Йегеръ, *Всеобщая исторія въ четырехъ томхъ*, II (5-е изданіе), С.-Петербургъ, 1896, 144/145; Протоиерей Лев Лебедев, *Крещение Руси 988-1988,* Издание Московской патриархии, Москва, 1987, 9.

19 Б. М., *Разпни я!*, „Бюлетинъ“, София, 3. VI 1919, 6.

светската слава на Македонија – великиот Александар Македонски; сетете се за храбриот цар Самуил, македонскиот великан, за прекрасниот Марко Крале, општословенска слава, – дека во нив текла македонска крв.“[20]

Како доказ за борбите на македонскиот народ во историјата, Мисирков во „За македонцките работи“ укажува дека „готоо во сите времиін'а се забележуат силно работеін'е на народниіот дух на културно-историцка основа, резултат на коіа се іауват силна македонцка држаа от цар Самуил и богата народна литература“[21].

Мисирков и подоцна во една статија реагира на третманот на македонското минато во поделена Македонија, зашто, вели, „денеска српските училишта ги трујат невините душички на потомците на Самуила, Стреза, Крали Марко и др.“ и прашално повикува: „Да зборуваме ли за херојската борба на Македонците против Византија под водството на цар Самуила?“[22] Тој и при почетокот на Првата светска војна на едно Словенско собрание во Одеса извикнува: „Македонија, таа втора Полска, исто така има законско право на манифест за нејзиното обединување и за востановување на царството на царот Самуил и на кралот Волкашин.“[23] И во 1924 год. тој зборува за „трите цареви-завојувачи – Симеон, Самуил и Душан, како претставници на три словенски народи на Балканскиот Југ“[24].

Македонското научно-литературно другарство и Македонската колонија во Петроград во времето на Балканските војни и во Првата светска војна, војувајќи за македонска државност, често се повикуваат на славните личности од македонската историја. Затоа во својата опширна статија за македонското минато, Димитрија Чуповски (1913) укажува: „Во X век моќта на македонската држава толку пораснала што во царствувањето на царот Самуил (976-1014 г.) Македонија ги владеела поголемиот дел од Србија, Бугарија, Епир и Албанија“ и дека „Србите и Бугарите биле составен дел на македонското царство (на пр., во времето на царот Самуил)“[25], а во текстот „Удира последниот час“ (1914) потписниците од Македонската колонија, пак, потсетуваат дека „Македонија живеела самостоен државен живот при Самуила, Волкашина и Марка“[26].

Во Меморандумот до Министерството за надворешни работи на Русија (14.VIII 1914) Димитрија Чуповски и Крсте Мисирков, меѓу другото, пишуваат и за „македонската култура (...) од времето на светите Кирил и Методија и нивните ученици светите Климент, Наум и Горазд, основоположниците на

---

[20] *Рад македонских комита*, „Браник“, XVII, 131, Нови Сад, 26.IX / 9.X 1902, 2; „Реформи“ (сепаратен прилог), София, 2.IX 1902; Крсте Богоески, *Повик на Атанас Јанков до Македонците*, „Историја“, XXXIX, 1-2, Скопје, 2003, 131–132.

[21] К. П. Мисирковъ, *За македонцките работи*, София, 1903, 131.

[22] К. Мисирковъ, Противоядие, „Пиринъ“, I, 15, София, 20.I 1924, 3.

[23] *Ручь произнесенная представителемъ македонцевъ К. Мисирковымъ на Общеславяскомъ собраніи въ Одессу, 6 августа 1914 г.* (ЦГАОР, Москва, ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1728, лл. 1–4).

[24] К. Мисирковъ, *Раздори или разбиратулство,* „Миръ“, XXX, 7354, София, 22.XII 1924, 1.

[25] Д. Чуповскій, *Македонія и Македонцы (Культурно-историческій обзоръ Македоніи)*, „Македонскій голось (Македонски глас)“, I, 1, С.-Петербургъ, 1913, 3–4.

[26] *Бьетъ послудный часъ*, „Македонскій голосъ (Македонски глас)“, II, 11, 1914, 201.

македонската словенска просвета, како и во времето на првата македонска словенска држава – на царот Самуил, втората – државата на Добромир Стрезо и третата – на кралевите Волкашин и Марко“[27]. Во посебна статија Д. Чуповски (Управда) против пишувањето на србофилското „Новое Звено“, меѓу другото, укажува дека Македонците „ги изразија своите вистински желби: на древниот македонски престол на Александар Велики, на Самуила и Марко Крале да седне руски кнез“[28].

И Наце Димов во својата брошура објавена во Петербург (1913) наведува дека уште во „(963 г.) Македонците востанале, ги изгониле Бугарите и основале самостојно одделно царство“[29], а во Меморандумот до рускиот министер за надворешни работи Сазонов од 15 април 1915 година тој, меѓу другото, укажува дека „при Самуил Велики Македонија ја зафаќала и ја владеела не само целата Македонија, туку и Албанија и Епир, простирајќи се до денешната престолнина на Бугарија – Средец (Софија)“ и „служела како рамнотежа за мирот на Балканот“[30].

Оваа традиција особено се интензивира во 30-тите години, посебно по појавата на списанието/весникот „Македонски вести“ (1935 – 1936) и по формирањето на Македонскиот литературен кружок во Софија (1936 – 1942), кога оживува пиететот и кон средновековната историја на Македонија. Редакторот Ангел Динев во повикот до „сочувствениците на македонското дело“ пишува, „да го продолжиме светото дело на Св. Кирила и Методија (...), на поп Богомил и на цар Самуил.“[31] Во таа смисла повикува и адвокатот Ј. Кирков: „Народот што ја создад азбуката на целиот словенски свет, којшто го излачи од својата средина реформаторот Богомил и пуританскиот воин Самуил (...), тој народ, велиме, никогаш нема да го заборави своето историско минато.“[32] И Ник. И-в (В. Ивановски) наведува: „Треба наново да ја разбудиме и да ја заздравиме својата македонска национална свест, да култивираме еден наш напреден патриотизам. А тоа ќе рече да го продолжиме светото дело на Св. Кирила и Методија, на тие први наши просветители од средните векови, делото на поп Богомил и на царот Самуил (...).“[33] Васил Ивановски и во својот курс по македонска историја во Скопскиот затвор во 1942 – 1944 год. наведува: „Државата на богомилецот цар Самуил не беше втора бугарска држава, како што сакаат да ја претстават

[27] Блаже Ристовски, *Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград* (Прилог кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална мисла), Матица, Скопје, 2012, 557.

[28] Управда, *Неразборчивый врагъ Македоніи и Славянства*, „Македонскій голосъ (Македонски глас)“, II, 11, 1914, 219–220.

[29] Н. Д. Димовъ, *Историческій очеркъ Македоніи и македонскихъ славянъ...*, С.-Петербургъ, 1913, 6.

[30] Блаже Ристовский, *Димитрий Чуповский и македонское национальное сознание*, Радуга, Москва, 1999, 202.

[31] *Апелъ към читателитѣ на „Македонски вести“, къмъ съчувственницитѣ на македонското дуло, къмъ всички* македонци, „Македонски вести“, II, 47, София, 11.III 1936, 1–2.

[32] *Македонско съзнание*, „Македонски вести“, II, 43, 11.III 1836, 1.

[33] Ник. И-въ, *Македонскиятъ патриотизъмъ*, „Македонски вести“, II, 62, 15.VII 1936, 3.

бугарските буржоаски историчари, туку тоа беше држава на Македонските Словени што постоеја редум со бугарското царство и српското кралство."[34]

И Димитар Заров (Митко Зафировски) во 1936 год. повикува: „првата задача треба да ни биде нам, на потомците на солунските браќа Кирил и Методија и на царот Самуил, да ги истражиме и да ги одделиме нашите културни богатства што ни се присвоени од бliski во секој поглед нам народи, а исто така да изградиме и нови такви, создавајќи истовремено и наш литературен јазик".[35]

Поетот Цеко Стефанов Попиванов во еден концепт (1943), меѓу другото, си зел задача: „Да се разработи: Поетичен опис на Македонија (...) накусо географија, историја (една илузија – Самуил [...])."[36] Членовите на Македонскиот литературен кружок во Софија пишуваа творби за разни историски ликови, особено од револуционерното движење, а Венко Марковски дури и на 31 август 1944 год., при самото Ослободување, како партизан на врвот Галчин ја напишал баладата „Цар  Самуил".[37]

Уште во текот на НОБ во Македонија, Димче Маленко, на пр., во својот „Марш на Охридската бригада", во врска со составот на бригадата вели:

> „Од секакви нации и диној,
> на Самуилски Охрид синој (...)."[38]

А во песната „Охрид" го нагласува континуитетот на исторската традиција:

> „Охрид е ветер
> што шири име:
> На Самуил, Климент,
> Прличе-поетот (...)."[39]

Во 1944 год. писателот Јордан Леов во својата драма во стихови „Петре Делјан. Трагедија во пет дејствија", одразувајќи го периодот непосредно по пропаста на Самуилото Царство, со визијата на „петнаесе илјадна војска на Самуила, ослепена од Византијците", чувствува потреба да потсети:

> „Он, Петре Делјан, син на Радомир
> фнук на Самуил силен (...)."[40]

---

[34] *Македонския въпрос в миналото и сега*, ДАМ, Скопје, ракопис, к. 6/72, инв. број 8773.

[35] Д. Г. Заров, *Към изнирване и творчество на македонска култура,* „Македонски вести", I, 56, 4.VI 1936, 3.

[36] Блаже Ристовски, *Македонскиот стих 1900–1944. Истражувања и материјали*, I, Мисла, Скопје, 1980, 240.

[37] Блаже Ристовски, *Никола Вапцаров и Македонскиот литературен кружок,* Матица, Скопје, 2012, 476.

[38] Блаже Ристовски, *Македонскиот стих 1900–1944. Истражувања и материјали,* II, 1980, 85.

[39] На истото место, II, 97.

[40] На истото место, I, 472 и 478.

Во тој дух се и стихувањата на Гоце Митевски во песната „Робина“:

„На Беласица Самоил победи
и до денеска звучен глас лебди (...).“[41]

А таков е и повикот на Томе Качаров-Егејски во песната „Македонска“:

„Стани, Самуиле, царе македонски,
ти да видиш твоите славни потомци
как се бијат за слобода и за права
за да си направат нејната држава (...).“[42]

Македонската традиција континуирано живо го зачувала во народната меморија ликот на царот Самуил. Тој станал државотворна идеја, симбол на мислата и на борбата за македонска државност. А тоа нашло одраз и во писмената реч на авторите од половината на XIX и сè до половината на XX век, до создавањето на современата национална држава.

МАНУ, 7.XI 2014

41 На истото место, II, 408.

42 На истото место, II, 468.

Блаже РИСТОВСКИ

# ЦАРОТ САМУИЛ ВО НАРОДНАТА МЕМОРИЈА И ВО ЛИТЕРАТУРАТА И ПУБЛИЦИСТИКАТА ДО ОСЛОБОДУВАЊЕТО

(ПО ПОВОД ИЛЈАДАГОШНИНАТА ОД СМРТТА НА ЦАРОТ САМУИЛ)

*Резиме*

Анализирајќи ја меморијата за македонската историја како сознание во милениумски континуитет, фокусот на нашиот прилог е ликот на царот Самуил, одразен во македонската традиција, којашто континуирано живо го зачувала во народната меморија. Низ времето, ликот на царот Самуил станал државотворна идеја, симбол на мислата и на борбата за македонска државност. А тоа нашло одраз и во писмената реч на авторите од половината на XIX и сè до половината на XX век, до создавањето на современата национална држава.

Blaze RISTOVSKI

# TSAR SAMUEL IN THE NATIONAL MEMORY AND IN THE LITERATURE AND PUBLISHING TO THE EXTINCTION

(ON THE OCCASION OF THE 1000TH ANNIVERSARY OF THE DEATH OF TSAR SAMUIL)

*Summary*

Analyzing the memory of the Macedonian history as a cognition of the millennium continuity, the focus of our contribution is the image of Tsar Samuil, reflected in the Macedonian tradition, which has been continuously preserved in the folk memory. Over time, the image of Tsar Samuil became a state-making idea, a symbol of thought and the struggle for Macedonian statehood. And this has also been reflected in the authors' writing from the 19$^{th}$ century to the half of the 20$^{th}$ century, up to the creation of the modern national state.

**Елица МАНЕВА**

# ХЕРАКЛЕЈА – СРЕДНОВЕКОВНА ТВРДИНА НА ГРАДОТ БИТОЛА

**Апстракт:** Битола била една од подвижните престолнини во Самуиловата држава. Таа имала значајна улога и во вековите што следат.

За овој средновековен град постојат голем број историски, епиграфски, етнографски и други извори со мноштво толкувања коишто најчесто се сведуваат на различните именувања. Неговата местоположба, притоа, останувaше во рамките на претпоставки.

Археолошки истражувања во потрага по неговата убикација се изведуваа интензивно од 70-тите години на XX, до почетокот на овој век. Сондирани се десетици пунктови во подрачјето на Битола и нејзината околина. Бенефитот од овие темелни зафати е во тоа што се покажа дека единствената моќна тврдина достојна да брани толку значаен, средновековен град била само крепоста на *Heraclea Lynkestis*. Впрочем, ревитализацијата на античките тврдини е вообичаена практика во средновековието на овие простори. Од друга страна, тврдините со акрополата или горниот град се тесно поврзани со подградијата или варошот чие население гравитирало околу нив, послужувајќи ги со човечки ресурси и со сите други животни потреби. Околниот простор бил организиран во специфичен систем на одбрана со помали стражарски пунктови покрај патиштата и збегови на непристапните места. Освен тоа, наоколу се распослани манастирски и рурални имоти со пропратната инфраструктура.

Откривањето на Базиликата Де со истовремена некропола од VI век покрај Јустоисточниот бедем на Хераклеа надслоени со мала капела и цивилни гробови од X-XI век се аргумент повеќе за обновувањето на градот.

Градот бил значаен центар и во вековите што следат. При османлиските освојувања во 1385 година пружен е силен отпор што резултирало со негово „уривање до темели“.

Тврдината сосема опустела претворајќи се во мајдан за градежен материјал кој се носел за изградба на населбата во рамнината каде и денес се наоѓа централното јадро на современа Битола.

**Клучни зборови**: Heraclea Lynkestis, Гаврил Радомир, Јован Владислав, Битолска плоча, Базилика Де, Тимур Таш паша.

Историчари, археолози, лингвисти, етнолози и други учени дејци и почитувачи на старините повеќе од еден век се обидуваат да ја решат енигмата за местоположбата на средновековна Битола и на нејзината тврдина.[1]

Аналогно на времетраењето и на бројноста на истражувачите, во науката циркулираат и голем број теории за наведената проблематика. Тоа дополнително го оптоварува изнаоѓањето поверодостојно решение.

Во секој случај, изворите ги споменуваат термините *civitas, costellum* и *castrum*, што значи станува збор за град со дворец и тврдина.[2]

Историските извори се многубројни, што е компатибилно со значењето на градот во средновековието. Тие се во голема мера познати и протолкувани, но претежно од историски и од лингвистички аспект.[3] Без сомнение, овие извори се неодминливи и многу значајни, меѓутоа кај нив недостасуваат поконкретни податоци за локацијата на градот, уште повеќе за неговата тврдина. Згора на тоа, разноликоста во именувањето на градот честопати го одвлекувала вниманието на прашањето околу името за сметка на неговата убикација.

Постојат тези за егзистирање на повеќе градови, како и за феноменот во текот на времето различните именувања да се однесуваат на еден град, односно истовремено да функционирале „повеќе" имиња.[4] Патем, се забележуваат и многу варијанти на еден ист топоним. Разликите во именувањето делумно се резултат и на потеклото на одделен извор, односно на неговиот запишувач, и на можностите дадениот топоним да се транскрибира во соодветно на јазикот на кој е забележан.[5]

Оставајќи ги на страна сите недоумици што може да ги наметне ова изобилие на пишувани податоци, сепак воопштено може да се каже дека, според наведените извори, станува збор за мошне значаен град со голем континуитет во постоењето.

Еминентниот истражувач на средновековните градови од Македонија, историчарот Томо Томоски, кој дури трипати се навраќал на проблемот околу лоцирањето на средновековна Битола,[6] на едно место се прашува како е можно

[1] На прашањето за убикацијата на средновековна Битола и на нејзината тврдина се осврнав за првпат во 1986 година. Притоа, се обидов, сумирајќи ги податоците познати во тоа време, да ја образложам тезата дека Хераклеја е тврдината на средновековна Битола. Во меѓувреме, сознанијата за оваа проблематика, особено од археолошките истражувања и од нивната анализа, сметам дека уште повеќе ја поткрепија оваа теорија. Тоа беше причината за повторното навраќање на оваа тема. Манева, Е., 1986/2, 267–274; Ead., 1992, 113–115.

[2] Томоски, Т., 1999/2; 293, n. 23–27.

[3] Кочанковски, Д. Ј., 1980, 479–494; Мошин, В., 1966, 51–64; Id., 1971, 35–41; Заимов, Й., Заимова, В., 1970; Конески, Б., 1971, 441–446; Коцо, Д., 1976, 59–60; Димовски-Цолев, Ѓ., 1980, 543–558; Id., 1999, 37–47; Томоски, Т., 1999/1, 39–44; Id., 1999/2, 289–293; Id., 1999/3, 463–473 итн.

[4] Папазоглу, Ф., 1954, 308–345; Томоски, Т., 1999/1, 39–44; Id., 1999/2, 289–293; Id., 1999/3, 463–473; Конески, Б., 1971, 441–446; Димовски-Цолев, Ѓ., 1999, 37–47 итн.

[5] Димовски-Цолев, Ѓ., 1999, 42–46, n. 20–42.

[6] Томоски, Т., 1999/1, 39–44; Id., 1999/2, 289–293; Id., 1999/3, 467–473.

овој толку значаен средновековен град да не поседувал тврдина. Притоа, заклучува дека прашањето, веројатно, ќе го разрешат археолошките ископувања.[7]

Меѓу истражувачите коишто се обидувале да ја убицираат средновековна Битола, односно нејзината тврдина, еден дел претпоставувале дека таа се наоѓала на возвишенијата северно од денешниот град.[8] Одделни истражувачи дури сметале дека средновековниот град се наоѓал на истото место каде што е лоцирана и современа Битола.[9]

Само неколку истражувачи, патем, помислувале, без поубедливи аргументи, дека средновековните слоеви на градот би требало да се побараат некаде (неодредено) во близината на античките урнатини на Хераклеја.[10]

Почнувајќи од 70-тите години на XX, па сè до почетоците на овој век, извршени се обемни сондажни ископувања на десетици претпоставени или инцидентно откриени дестинации поврзани со ареалот на Битола. Овие археолошки зафати понудија драгоцени податоци за убицирањето на средновековниот град. Имено, откриени се многу средновековни профани и сакрални објекти во современа Битола и во пошироката околина, вклучувајќи ги и возвишенијата северно од градот.[11] Притоа, јасно се согледува дека единствени остатоци од една моќна тврдина достојна да брани толку значаен средновековен град била само крепоста на античката Хераклеја Линкестис (*Heraclea Lynkestis*) **(сл. 1, 2).** Таа била сместена на Виа Егнатија (*via Egnatia*), на истурен планински разгранок со извонредна стратешка позиција, визуелни погодности во однос на пространата

---

7 Томоски, Т., 1999/2, 293.

8 Хроничарот на Битола, бегот М. Теуфик, во својата хроника запишал дека средновековниот град се развивал на северните возвишенија на денешна Битола. Тој ги посочува локациите на „Крива Воденица“ и Баир-Кале. Теуфик-бег, М., 1911, 16–18. Во овие делови опсежни, систематски работи извршила Г. Филиповска-Лазаровска, а подоцна на тие и на други локации низ градот и Т. Јанакиевски. Филиповска, Г., Србиновски, П., 1980, 111–122; Id., 1980/81, 113–120; Кепеска, Л., Филиповска, Г., 1987, 195–204; Филиповска-Лазаревска, Г., Ѓорѓиевска, А., 1996, 231–240; Филиовска–Лазаревска, Г., 1999, 9–20; Ead., 2000, 15–25; Јанакиевски, Т., 2003.

9 Т. Јанакиевски особено се залага за тезата дека средновековниот град се наоѓал на истото место каде што е и современа Битола. Тоа го поткрепува со археолошки докази за постоење на средновековни траги на десетици сондирани дестинации околу значајни јавни градби во градот, како и со недостиг на средновековен материјал на една од доминантните парцели на Хераклејската некропола. Јанакиевски, Т., 2003. Всушност, неговите ископувања дадоа многу драгоцени податоци, особено за бројните средновековни манастирски комплекси со развиена економија и вообичаена инфраструктура кои биле лоцирани во плодниот, рамничарски дел на просторот на денешна Битола. Хаџи-Васиљевић, Ј., 1911.

10 Меѓу постарите хроничари на Битола, интересно е мислењето на К. Робевиќ, кој смета дека средновековна Битола била близу до Хераклеја, кај денешните стари градски гробишта наречени *Буковски.* Робевић, К., 1938, 3–4 (ракопис). Ј. Заимов и В. Заимова, исто така, сосема неодредено помислуваат дека средновековна Битола била во близината на Хераклеја. Заимов, Й., Заимова В., 1970, 87, 109, 110. За Хераклеја како тврдина околу која се простирале подградијата и гробиштата на средновековна Битола види: Манева, Е., 1986/1, 169–199; Ead., 1986/2, 267–274; Ead., 1992, 113–115; Томоски, Т., 1999/3, 473, 53; Тодоровски, С., 2002; Микулчиќ, И., 2007, 150, 151.

11 Cf. n. 8, 9.




*Слика 1.* Ортофотографија на поширокиот ареал на Хераклеја (katastar@gov.mk)

[1 – Централната инсула на градот; 2 – Локација на Базиликата Де со античката и со средновековната некропола; 3 – Партизански гробишта и доцноантичка некропола; 4 – Црквата Св. апостоли Петар и Павле; 5 – Буковски гробишта]

Пелагонија, а истовремено непогодна за гаѓање од непријателските опсадни постројки (**сл. 1).** Освен тоа, античката тврдина била снабдена со вода и од неа се доаѓало лесно до достапни прехранбени продукти.

Комуникациски добро поврзана со магистралните патишта С – Ј и со разграноците З – И, опашана со двојни, цврсти ѕидини и со други инфраструктурни погодности, Хераклеја била неодминлив избор за нејзино ревитализирање во средниот век. Впрочем, феноменот на обновување на античките тврдини бил вообичаена практика во средновековието на овие простори.

Познато е, исто така, дека тврдините со акропола и со горен град подразбирале и постоење на подградија или варош сместени во подножјето, чиешто население гравитирало околу нив опслужувајќи ги со човечки ресурси и со другите животни потреби. Еден вака конципиран град, секако, бил дел и од одбранбениот систем со околните помали тврдини, стражарници и збегови. Се подразбира дека наоколу егзистирале и манастирските и други имоти со нивната потребна инфраструктура.




План - Хераклеја Линкенстиска, план на римскиот и рановизантиски град. Нумерирани се: бр.1- римскиот театар; 1а-фонтана од 562 г.; 2- римскиот Трг (агора); 3- портик со статуи; 4- Мала базилика; 5- Бања; 6-Голема базилика; 7-Епископски двор; 8-Градска вила; 9- БазиликаД; 10- Инсула откопана во 1936-38 г. сега засипана; 11- јужна линија на градското обѕидие, 12- рановизантиски ѕид-источен крај; 13- северен потег на градско обѕидие; 14-веројатна позиција на северната порта; 15- северен потег на обѕидието-под денешниот „Авторемонт„ 16- Северозападната аголна кула на Акрополата со акумулација на водата; 17- југозападната аголна кула; 18-западниот предѕид (протеихисма); 19- внатрешниот ѕид на акрополата Ба? (шрафирано)-можни позиции на 2 ранохристијански базилики; Хел.-откопани гробови од хеленистичко време; рим.-откопани гробови од римско време, А- Акропола; д.р.гр.-доцноримска гробница; 20 - Веројатна позиција на северната порта.

Heraclea Lyncestis, map of the Roma and early Byzantine city:1 - Roman Theatre; 1a - fountain from 562 AD; 2 - Roman Forum (agora); 3 –Portico with statues; 4 –Small Basilica; 5 –Public Baths; 6 –Great Basilica; 7 –Episcopal Residence; 8 –City Villa; 9 Basilica D; 10 –insula excavated in 1936-38, now buried; 11 –southern line of the city walls; 12 –early Byzantine wall, eastern end; 13 northern line of the city walls; 14 –probable position of the northern gate; 15 –northern line of the city walls beneath the premises of the present-day company ‘Avtoremont’; 16 –north-western corner tower of the Acropolis used for accumulation of water; 17 –south-western tower; 18 –western anterior wall (proteichisma); 19 interior wall of the Acropolis; Ba? (cross-hatched) - possible positions of two early Christian basilicas; Hellenistic. – excavated graves from Hellenistic times; Roman – excavated graves from Roman times; A – Acropolis; l.R. cr. – late Roman crypt; 20 - Posible pozition of the north gate.

*Слика 2.* План на Хераклеја (Според И. Микулчиќ, 2007)




*Слика 3.* Базиликата Де и двете некрополи

Откривањето на Базиликата Де со некрополата од исто време, од VI век, покрај ЈИ бедем на Хераклеја (**сл. 1, 2**), натслоена со мала гробишна капела и гробишта на цивилно население од крајот на X – XI век (**сл. 3, 4),** е аргумент повеќе за обновата на Хераклеја.[12] Тврдина – горен град, подградие – варош и капела со некропола се трите основни елементи што ја чинат целоста на еден средновековен град каква што била и Битола во наведеното време.

Енормните разорувања на просторот на Базиликата Де и на двојната некропола предизвикани од прокопувањето мрежа од ровови во Првата светска војна, подоцна преплавени со наноси од песок и чакал од соседната планинска суводолица, толку го девастирале теренот што се чинеа беспредметни натамошните археолошки ископувања на овој пункт од градот (**сл. 3).** Но, и покрај тоа, вредно е да се споменат и наодите на монета скифат од XII век, на фрагменти

[12] Манева, Е., 1986/1, 169–199; Ead., 1989/3, 161–181; Ead., 1989/4, 51–57, T. I–VI; Ead., 1992, 113–115.




*Слика 4.* Хераклеа; Базилика Де
Гробни целини од средновековната некропола, крај на X-XI век

од средновековна керамика и на неидентификувани архитектонски траги од населбински комплекс источно од Базиликата Де и од некрополите.[13]

Средновековните движни наоди (накит, керамика, алатки, монети),[14] како и недоволно расветлените населбински слоеви преку одделни доцноантички објекти (особено над Епископската резиденција),[15] без сомнение зборуваат за живот на просторот на античкиот град и во текот на средниот век. Дополнителни археолошки потврди за оваа проблематика со право се очекуваат и во иднина.

Средновековната историја на градот е во повеќе наврати детаљно расветлена, почнувајќи од Самуиловото заземање на градот, веројатно на самиот крај на X

[13] Манева, Е., 1986/1, 169–199.

[14] Манева, Е., 1989/1, 39–46; Ead., 1989/2, 47–50.

[15] Г. Цветковиќ-Томашевиќ систематски го истражува централното подрачје на Хераклеја (втората инсула, според М. Грбиќ: Грбиќ, М., 1938, 351; Id., 1939, 231) во периодот од 1959 до 1974 година. Таа има заслуга особено за навременото и многу солидно конзервирање на архитектонските градби и, конкретно, на мозаичните подови. Во своите последни трудови таа се застапува за тезата дека ископаниот комплекс на Базиликите А и Це заедно со т.н. Епископска резиденција се, всушност, манастир од типот на киновија или организирано општиножителство. Цветковиќ-Томашевиќ, Г., 2008, 826.

век. Тогаш тој станува и епископско седиште со титуларното име *Хераклејска епископја*, како што е протолкуван натписот на црквата Св. Ахилиј во Мала Преспа.[16]

Самуиловиот син Гаврил Радомир престојувал во дворецот (*basileia*), кој веројатно бил сместен во ареалот на хераклејската тврдина. Варијанта на името Битола за првпат е споменато од Јован Скилица, кој ја опишува неуспешната опсада на Василиј II за заземање на градот, односно на тврдината.[17] Притоа, бил запален дворецот со помош на пламенофрлачи или на огнени стрели, со коишто е гаѓано од надворешната страна на ѕидините.

Тврдината и, секако, дворецот ги обновува Јован Владислав во 1015/1016[18] или 1017[19] година, за што се зборува во натписот на Битолската плоча.[20]

По пропаста на Самуиловата држава во 1018 година, градот му се предал на Василиј II. Но и понатаму останува значаен центар и епископско седиште во рамките на Охридската епископија имајќи ги под своја надлежност градовите *Прилапос, Д'ебрешта* и *Велес*.[21]

За бурните настани што следуваат во наредните векови, за престојот на византиски цареви и верски великодостојници во неговиот дворец, постојаното менување на господарите и припојувањето кон различни држави, врската со важни административни, воени, политички и црковни собития, сè до османлиските освојувања, исто така, повеќепати и од различни аспекти е елаборирано и тоа е познато во стручната литература.[22] Еден ситен, но драгоцен детаљ за функционирањето на одделни антички објекти и во средниот век, во случајов на градските терми, е вградениот ранохристијански импост капител како сполија во ѕидот при нивното обновување.

За дополнителната забуна при убицирањето на градот во средновековието придонело, без сомнение, и големото уништување на хераклејските бедеми, кои само на одделни места имаат зачувани надземни партии. Всушност, овде треба да се земе предвид историскиот податок според којшто градот Битола пружил силен отпор при османлиските освојувања и походот на Тимур Таш-паша во 1385 година. Според востановените канони, во таков случај следувала и адекватна казна: пљачкосување на градот и негово „уривање до темел“.

Населбата која во пописните дефтери од 1468 година броела 463 куќи, почнала да се шири во поблагопријатните рамничарски делови, каде што и денес се наоѓа централното градско јадро. Впрочем, и многу други градови почнале да се развиваат во низините, а тврдините биле напуштени или пак биле претворени

16 Томоски, Т., 1992/2, 292, n. 20.

17 ВИ III, 112.

18 Заимов, Й, Заимова, В., 1970, 87, 109, 110.

19 Мошин, В., 1966, 4.

20 Мошин, В., 1966, 51, 64; Id., 1971, 35–41; Конески, Б., 1971, 441–446; Коцо, Д., 1976, 59–60; Заимов, Й., Заимова, В., 1970; Димовски-Цолев, Ѓ., 1980, 543–558; Id., 1999, 37–47 итн.

21 Kravari, V., 1989, 313; ВИ III, 275; ВИ IV, 49; Аџиевски, К., 1994, 111.

22 Димовски-Цолев, Ѓ., 1999, 43, 44, n. 24–30.

во касарни. Интересен е податокот дека двете османлиски касарни, *Црвената* и *Белата,* биле подигнати во непосредна близина – северно од Хераклеја.

Тврдината сосема опустела и станала мајдан за црпење градежни материјали.

Од таму, како обичен градежен блок е однесена и т.н. Битолска плоча – еден од најважните епиграфски извори за прашањето што е предмет на оваа расправа. Од тие причини, потребно е да се направи уште еден осврт на одредени делови од овој натпис. Несомнено е дека натписот е кирилски, а идејата дека тој претставува фалсификат се чини неоснована.[23] Неговата содржина од различни автори на места е читана со одделни разлики, но повеќето од нив не се релевантни за темата што се третира овде .

По својата функција, плочата со димензии: 0,96 х 0,80 м, првично била надвратник на главната градска порта. По пропаѓањето на тврдината, како и другиот „градежен" материјал, е пренесена за подигање градби во новото градско јадро на Битола. Таа била вградена како сполија – како праг при подигањето на *Старата* или *Ески-Синѓур џамија* во 1434 година. Оваа џамија била лоцирана во близина на битолската чаршија, на околу 2,5 км североисточно од Хераклеја.[24]

Одделни фрагменти од овој натпис имаат особено значење за тезата дека Хераклеја ја имала улогата на средновековна тврдина на градот Битола. Делот во кој се вели дека од страна на Јован Владислав „почнал да се гради овој град (...) во месец октомври во 20 ден, а се доврши во месец јуни 29 ден (...)"[25] јасно покажува дека не станува збор за изградба на нова крепост. За толку кусо време не било можно „(...) овој град да се ѕида и направи за цврсто засолниште и спасение (...)"[26], уште повеќе ако се знае дека тој бил важно упориште во рангот на подвижна престолнина, односно владетелска резиденција. Нема сомнение дека Јован Владислав само ги обновил оштетувањата нанесени од византиската опсада во 1014 година, кога бил запален и дворецот на Гаврил Радомир.

Повеќето проучувачи, со право, во една лигатура од натписот на Битолската плоча го препознаваат името на *град Битола,* без оглед на финесите во неговото читање.[27] Во текстот, исто така, се споменува дека тоа бил „градот на Светите Апостоли".[28] Тоа, секако, подразбира дека тие биле патроните – заштитниците на овој град. Во историските извори на овој простор се споменува значаен манастир посветен на Светите Апостоли. Во една напомена од типиконот на манастирот, Димитриј Хоматијан кажува дека на чело на околните манастири од овој регион стоел игуменот од Светите Апостоли.[29]

Сметам дека и овој манастир треба да се лоцира во ареалот на Хераклеја. Имено, во XIX век, на битолските стари градски гробишта наречени *Буковски,* кои

---

23 Ташковски, Д., 1979, 513, n. 21.

24 Битолската плоча е откриена во 1956 година, а денес се наоѓа во Заводот и Музеј Битола. Хаџи-Васиљевиќ забележал дека во близина на оваа локација се наоѓала црквата Св. Спас. Хаџи-Васиљевић, 1911, 20.

25 Мошин, В., 1971, 255.

26 Угринова-Скаловска, Р., 1975, 44.

27 Заимов, Й., 1970, 88; Конески, Б., 1971, 442; Димовски-Цолев, Ѓ., 1999, 37–47 итн.

28 Угринова-Скаловска, Р., 1975, 44.

29 Kravari, V., 1989, 313, n. 12.

сè уште функционираат и кои се лоцирани врз античка некропола од Хераклеја,[30] била изградена црквата посветена на св. апостоли Петар и Павле (**сл. 1**). Таа била подигната врз стари темели во источното подножје на хераклејската акропола, веројатно според зачуваната традиција за ова свето место и за овие светители.

Црквата и гробиштата се наоѓаат северно, покрај самата патека, по која и денес од исток се влегува во централната инсула на Хераклеја (**сл. 1).** Во близина на оваа црква, која поради своето патронство веројатно имала улога на „челница", би требало да се очекува дека била и главната, источната порта на градот со посочениот надвратник, односно со Битолската плоча.

Во смисла на повеќевековното народно меморирање на разурнатите средновековни христијански свети места, интересни се податоците што ги собрал Јован Хаџи-Васиљевиќ во Битола и во околината. Покрај другите, тој го споменува и *Буковскиот манастир* како најзначаен по ранг[31] меѓу десетиците околни цркви и манастири за коишто ги наведува имињата на запаметените патрони. Над нивните темели и урнатини, како своевиден однос кон светоста на локацијата, подоцна биле подигани и познатите битолски џамии.[32]

Според преданието што го запишал Марко Цепенков, старата Битола се наоѓала на половина час одење од селото Буково и на еден час од центарот на Битола.[33] Тоа е токму на местото каде што се наоѓа Хераклеја.

Просторот на Хераклеја, кај народот познат под топонимот *Црквиште*, уште се нарекува и *Бори Кале*, чиешто етимолошко објаснување се поврзува со поимот на крепост со подградие или со двојни бедеми.[34] Токму такви поседувала и Хераклеја (**сл. 2).** Овој топоним со текот на времето се поврзува со митот за место на големи битки. Тој се надградува и со легендите за наводниот јунак (Толи, Тољо итн.) којшто го бранел градот од Османлиите. На тој начин се прави обид да се објасни и настанокот на името на градот Битола.[35]

Како и поголемиот дел од истражувачите на проблемот околу името на градот, и Блаже Конески смета дека името *Битола* во кирилска форма за првпат се среќава на натписот од Битолската плоча.[36] Неговото луцидно, лингвистичко објаснување за потеклото на името е значајна потврда за тезата наведена овде во однос на местоположбата на средновековна Битола.

Во основа на варијантите од имињата *Битола* и *Манастир*, како што се именува градот сè до почетокот на XX век, според Конески, стојат древните корени *Butel,* или словенското *Byto*, односно *Μόνη,* сите со значење на *дом, живеалиште – жилиште, куќиште* (како вообичаена, пежоративна форма за

[30] Манева, Е., 1981, 65–83.

[31] Меѓу сите наброени манастири во Битола и во околината, Хаџи-Васиљевић за најзначаен го сметал Буковскиот манастир. Хаџи-Васиљевић, Ј., 1911, 11.

[32] Томовски, К., 1956/1957, 18–34.

[33] Цепенков, М., 1971, 119–121.

[34] За етимологијата на топонимот *Бори Кале* во смисла на град и подградие види: Томоски, Т., 1999, 465.

[35] Cf. n. 33.

[36] Конески, Б., 1971, 445–446.

нешто старо), натаму пренесено во смисла на *урнатини.*[37] Со тоа, без сомнение, се алудира на хераклејските остатоци.

Повеќедецениските интердисциплинарни проучувања и поврзувањето на резултатите од историјата, археологијата, етнологијата и од лингвистиката се чини дека вродуваат со плод. Прашањето за местоположбата на средновековна Битола и на нејзината тврдина е многустрано осветлено. Натамошните истражувања, секако, ќе го потврдат тоа уште поаргументирано.

## ЛИТЕРАТУРА


**Антољак, С., 1969,** *Самуиловата држава,* ИНИ, Скопје

**Аџиевски, К., 1994,** *Пелагонија во среден век,* Скопје

**ВИ III,** *Византијски извори за историју народа Југославије*, Том III, Посебна издања, Византолошки институт, Књ. 10, Београд 1966

**ВИ IV,** *Византијски извори за историју народа Југославије,* Том IV, Посебно издања, Византолошки институт, Књ. 12, Београд 1971

**Грбић, М., 1938,** Откопавања у Хераклеји Линкестис, *УП* II, Београд, 351

**Грбић, М., 1939,** Откопавања у Хераклеји Линкестис, *УП* 8, Београд, 231

**Димовски-Цолев, Ѓ., 1980,** Средновековна местоположба и име на Битола, *Научна мисла,* Битола, 543–558

**Димовски-Цолев, Ѓ., 1990,** Именувањето на Битола, *Битола низ вековите II,* Битола, 37–47

**Заимов, Й., 1970,** *Битолски надпис на Јован Владислав самодржец Български-старобългарски паметник от 1015–1016 година,* София

**Заимов, В., 1970,** Иван Владислав и неговият надпис, София

**Јанакиевски, Т.,** *Убикација на средновековна Битола,* Битола 2003

**Кепеска, Л., Филиповска, Г., 1987,** Резултати од истражувањата во с. Раштани, битолско, Maced. Acta. Archaeol., 7–8, Скопје 195–204

**Конески, Б., 1971,** Името на градот Битола, *ГЗЗФ*, Кн. 23, Скопје, 441–446

**Коцо, Д., 1976,** Прилог кон проучувањето на Битолскиот натпис, I Конгрес на Сојузот на здруженијата на историчарите на уметност ЗТ, Охрид, 59–60

**Кочанковски, Д. Ј., 1980,** *Монографии за Битола,* Научна мисла – Битола, Битола, 479–494

**Kravari, V., 1989,** *Villes et villages de Macédoine occidentale,* Réalités Byzantines, Editions P. Lethielleux, Paris

**Манева, Е., 1981,** Резултати од заштитните ископувања на лок. „Партизански гробишта" кај Хераклеја, *ЗТ*, 2-3, (1980-1981), Битола, 65–83

**Манева, Е., 1986/1,** Средновековна некропола кај Базиликата Де во Хераклеја, *Историја* XXII, бр. 1, Скопје, 169–199

**Манева, Е., 1986/2,** Прилог кон решавање на убикацијата на средновековниот град Битола, *Историја* XXII, бр. 2 (1986), Скопје, 267–274

**Манева, Е., 1989/1,** Средновековни наушници и обетки од Хераклеја, ЗТ 9, Битола, 39–46

**Манева, Е., 1989/2,** *Средновековно огнило – секало од Хераклеја, ЗТ 9, Битола,* 47–50


[37] Ibidem.

**Манева, Е., 1989/3**, Некропола од крајот на антиката во Хераклеја Линкестис, *Maced. Acta. Archaeol.*, 10, Скопје, 161–181

**Манева, Е., 1989/4,** Базиликата Де од Хераклеја Линдекстис, *Лихнид* 7, Охрид, 51–57, Т. I–VI

**Манева, Е., 1992.,** *Средновековен накит од Македнија, Скопје*

**Микулчиќ, И., 2007,** *Хераклеја Линкестис, Антички град во Македонија,* Магор, Скопје

**Мошин, В., 1966,** Битољска плоча из 1017 год. Македонски јазик XVII, Скопје, 51–64

**Мошин, В., 1971,** Уште за Битолската плоча од 1017 година, *Историја VII(2),* Скопје, 35–41

**Недков, Б., 1960,** *България и съседните и земи през XII век според „Географията на Идризи“,* София

**Папазоглу, Ф., 1954,** Хераклеја и Пелагонија, *ЖА,* IV/2,Скопје, 308–345

**Робевић, К., 1938,** Битољ као културно-просветно седиште у прошлости и сад (ракопис – Историски архив, Битола)

**Стричевић, Ђ., 1961,** Археолошките ископувања во Хераклеја Линкестидска во 1936–1938 година, *Хераклеја I,* Битола, 35–43, Т. 8–12

**Ташковски, Д., 1979,** Прилог кон таканаречениот „Битолски натпис на Јован Владислав“, Развиток, XVIII/6, Битола, 507–513

**Тефик, М., 1911,** Кратка историја на Битолскиот вилает, Споменар во чест на доаѓањето на милиот и слободоумен султан во лулката на слободата, Битола (превод – депониран во Историски архив на Битола)

**Тодоровски, С., 2002,** *Археолошки наоди од среден век во ареалот на Битола*, Скопје

**Томовски, К., 1956/57,** Џамиите во Битола, *Зборник на Техничкиот факултет,* Скопје, 18–34

**Томоски, Т., 1999/1,** Градиштето на средновековна Пелагонија, *Македонија низ вековите,* Скопје 1999, 39–44

**Томоски, Т., 1999/2,** Butella civitas Pelagoniae, *Македонија низ вековите,* Скопје 1999, 289–293

**Томоски, Т., 1999/3,** Како топонимот манастир се наложил за втор назив на градот Битола, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 463–473

**Угринова-Скаловска, Р., 1975,** *Записи и летописи, Избор и редакција,* Македонска книга, Скопје

**Филиповска, Г., Србиновски, П., 1980,** Резултати од истражувањето на лок. „Кале“ – Битола во 1978, *Maced. Acta Archaeol.* 6, Скопје, 111–122

**Филиповска, Г., Србиновски, П., 1980/81,** Преглед на археолошките истражувања на средновековниот период во Битола 1978–1981, *ЗТ,* 2–3, Битола, 113–120

**Филиповска-Лазаревска, Г., Ѓорѓиевска, А., 1996,** Истражување кај Исак џамија – Шехерезада, Битола, *Maced. Acta Archaeol.* 14, Скопје, 231–240

**Филиповска-Лазаревска, Г., 1999,** Археолошки наоди од Битола и Битолско во XII и XIII век, *Битола низ вековите* II, Битола, 9–20

**Филиповска-Лазаревска, Г., 2000,** Археолошки наоди од XIV и XV век од црквата „Св. Димитрија“ во Битола, *Битола низ вековите* III, Битола, 15–25

**Хаџи-Васиљевић, Ј., 1911,** Град Битољ, Београд

**Цветковићп-Томашевић, Г., 2008,** Епископски двор и манастир у ранохришћанској Хераклеји: неки резултати истраживања, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* Кн. 19, *МАНУ*, Скопје, 823–834

**Цепенков, М., 1972,** *Македонски народни умотворби, Преданија,* Том VII (редакција И. Пенушлиски), Скопје

**Џирова, Љ., 1999,** Хераклеја Линкестис и проблемот на хронологијата и интерпретацијата, *Maced. Acta Archaeol.* 15, Скопје, 269–291

## КРАТЕНКИ И ЛИТЕРАТУРА

| | |
|---|---|
| *ВИ* | – *Византијски извори* |
| *ГИНИ* | – Гласник на Институтот за национална историја |
| *ГЗФФ* | – Годишен зборник на Филозофски факултет |
| ЖА | – *Жива антика* |
| ИНИ | – Институт за национална историја |
| ЛУ | – ликовна уметност |
| ЗТ | – зборник на трудови |
| Maced. Acta Archaeol | – *Macedoniae Acta Archaeologica* |
| МАНУ | – Македонска академија на науките и уметностите |

## ИЛУСТРАЦИИ

Слика 1 (1-5) – Ортофотографија на поширокиот ареал на Хераклеја (katastar@gov.mk)
1/1 Централната инсула на градот
1/2 Локација на Базиликата Де со античката и со средновековната некропола
1/3 Партизански гробишта и доцноантичка некропола
1/4 Црквата Св. апостоли Петар и Павле
1/5 Буковски гробишта

Слика 2 – План на Хераклеја
(Според И. Микулчиќ, 2007)

Слика 4 – Хераклеа; Базилика Де
Гробни целини од средновековната некропола.
Крај на X-XI век

Елица МАНЕВА

# ХЕРАКЛЕА БИЛА СРЕДНОВЕКОВНА ТВРДИНА НА ГРАДОТ БИТОЛА

*Резиме*

Битола била една од подвижните тврдини во Самуиловата држава. Варијанта на топонимот Битола Јован Скилица за прв пат го споменува во времето на Гаврил Радомир. Тогаш силната византиска војска на чело со Василиј II не можела да го заземе градот, но успеала да ги запали дворците кои, секако, биле заштитени со цврсти бедеми. Јован Владислав, на мермерниот надвратник од главната градска порта, на т.н. Битолска плоча запишал дека го „изградил“ градот Битола од „20 октомври до 29 мај“. Секако, за толку кус период било можно само да се обноват оштетувањата од споменатата византиска опсада.

Во следните векови градот бил значаен стратешки, политички, културен, духовен и црковен центар и резиденција во која престојувале и византиски цареви.

Општопознато е дека тврдините со горниот град – акрополата биле тесно поврзани со предградијата – варошот во нивните подножја каде живеело населението кое ги опслужувало сите животни потреби на овие агломерации.

Историските, епиграфските и етнографските извори се многубројни со мноштво толкувања кои најчесто се однесуваат на различните именувања на градот. Неговата местоположба, притоа остануваше загатка во рамките на недоволно аргументирани претпоставки.

Почнувајќи од 70-тите години на XX, па сè до почетоците на овој век извршени се обемни, сондажни ископувања на десетици претпоставени или инцидентно откриени дестинации поврзани со ареалот на Битола. Овие археолошки зафати понудија драгоцени податоци за убицирањето на средновековниот град. Имено, откриени се многу средновековни, профани сакрални траги на подрачјето на современа Битола и поширокатa околина, вклучувајќи ги и возвишенијата северно од градот. Сите тие се, всушност, дел од одбранбениот, црковниот и економскиот систем што грвитирал околу овој значаен средновековен град. Притоа се покажа дека единствени остатоци од моќна тврдина достојна да го брани градот Битола била само крепоста на античка *Heraclea Lynkestis*. **Сл. 1**

Сместена на *via Egnatia*, со извонредна стратешка позиција, визуелни погодности во однос на пространата Пелагонија, тешко пристапна за опсадните постројки, снабдена со вода и со лесно достапни ресурси на храна, опашана со двојни, цврсти ѕидини, Хераклеа била неодминлив избор за нејзино ревитализирање во средниот век. **Сл. 2** Впрочем, ова е вообичаена практика за што постојат многу аналогни примери.

Откривањето на Базиликата Де со истовремената некропола од VI век, непосредно до ЈИ бедем на Хераклеа, и нејзиното надслојување со гробишна, еднобродна капела и цивилни гробови датирани кон крај на X и XI век, **Сл. 3, 4** се чинеа доволно меродавни за промовирање на тезата дека античката тврдина била во функција и во средновековието. (Манева, Е., 1986/2, 267-274).

За дополнителната забуна при убицирањето, без сомнение, допринело и енормното оштетување на бедемите кои само на одделни места имаат зачувани

надземни партии. Всушност, треба да се земе предвид историскиот податок според кој градот Битола пружил силен отпор, при османлиските походи на Тимур Таш паша во 1385 година. Според востановените канони на освојувачите, тоа резултирало со адекватни казни: пљачкосување на градот и негово „уривање до темел“. Населбата која во пописот од 1468 година броела 463 куќи, почнала да се шири во поблагопријатните, рамничарски делови каде и денес се наоѓа централното градско подрачје на Битола. Тврдината сосема опустела постанувајќи мајдан за црпење на градежен материјал.

Варијантите на името *Битола* или *Монастир* како паралелно се нарекува градот сé до првите децении на XX век, етимолошки се темелат на древните корени *Butel*, словенското *Byto* односно *Μόνη* – сите со значење *дом, живеалиште – жилиште, куќишта*... и натаму пренесено во смисла на *урнатини.* Тоа, секако, алудира на Хераклејските остатоци. (Конески, Б., 1971, 445-446).

Elica MANEVA

## HERACLEA WAS ONCE A FORT OF THE CITY OF BITOLA

*Resume*

Bitola was one of the more important fortifications in Samuel's state. A variation of the toponym Bitola was recorded for the first time during the reign of Gavril Radomir. A strong Byzantine army led by Basil II could not conquer the city, but managed to set its palaces on fire even though they were protected by strong city walls. In an inscription on a marble plate placed above the main gate, now known as the *Bitola plate,* Jovan Vladislav claimed that he had "built" the city of Bitola "from October 20 to May 29". Most likely, however, given the short period of time involved, he had only repaired the damage incurred during the Byzantine siege of the city.

In the course of the following centuries the city became an important strategic, political cultural, spiritual and religious centre, as well as a residence of Byzantine emperors.

It has been established that the fortifications in the upper city, or the acropolis, were connected with the outskirts of the city, i.e., the settlements on the foothills were inhabited by people employed to serve the various needs of those agglomerations.

There are many historical, epigraphic and ethnographic sources with multiple explanations referring mainly to the various names of the city. Its site, however, has remained an enigma and subject to speculations, lacking support of well-grounded arguments.

From the 1970s to the beginning of this century, many archaeological surveys and excavations were carried out at numerous supposed or incidentally discovered sites within the Bitola area. These archaeological activities offered precious data about the location of the medieval city. Numerous relics of medieval buildings, both secular and religious, were discovered in the vicinity of present-day Bitola and in the wider surrounding area, including the hills to the north of the city. In fact, these were all integral parts of a defensive, religious and economic system gravitating toward this

important medieval city. The only surviving remains of fortifications strong enough to defend the medieval city of Bitola were the walls of Heraclea Lyncestis built in Antiquity (**Fig. 1.**)

Located on the *Via Egnatia* in a superb strategic position, commanding a view over the broad Pelagonia Plain, not easily accessible by siege engines, well supplied with water and abundantly available food, as well as protected by double strong walls, Heraclea was a natural choice for revitalization during the Middle Ages (**Fig. 2**). In fact, this was common practice throughout the Middle Ages, as corroborated by many analogous examples.

The discovery of Basilica D and the necropolis dating from the same period in the 6$^{th}$ century, next to the south-eastern walls of Heraclea below a superimposed cemetery, a single nave chapel with civilian graves, from the end of the 10$^{th}$ or the 11$^{th}$ century (**Figs. 3 & 4),** was considered as substantial evidence for the thesis that the fortification from Antiquity remained in use during the Middle Ages (Maneva, E., 1986/2, 267–274).

The considerable damage the walls have suffered over the centuries, with overground structures surviving only in places, has only contributed to the confusion with regard to the location of medieval Bitola. Additional historical data should also be considered, according to which, the city of Bitola offered strong resistance to the Ottoman invasions led by Pasha Kara Timurtas in 1385. This resulted in severe punishment for the city, which was pillaged and “razed to the ground”. The Turkish census from 1458 records a settlement consisting of 463 houses, which began to spread toward the more advantageous areas in the plain of Pelagonia where the central part of present-day Bitola is situated. The fortification had been deserted and was used only as a source of building material.

The variations of *Bitola* or *Monastir,* used simultaneously as names for the city well into the first two decades of the 20$^{th}$ century, have their etymological origins in the old Slavonic *Butel*, or *Byto* or *Mόνηa*. all with the meaning *home* or *habitat*, and are distantly related to the meaning of the word *ruins*. This most certainly is an allusion to the ruins of Heraclea Lyncestis (Koneski, B., 1971, 445–446).

## ILLUSTRATIONS


| | |
|---|---|
| 1 (1–5) | Ortho photography of the broader area of Heraclea |
| 1/1 | Central insula of the city |
| 1/2 | Location of Basilica D, with the necropolis from Antiquity and the Middle Ages |
| 1/3 | Partisan graveyard and the necropolis from Antiquity |
| 1/4 | The Church of St. Peter and Paul |
| 1/5 | Bukovo churchyard |
| 2 | Heraclea layout (According to Mikulcić, I., 2007) |
| 3 | Basilica D and the two necropolises |
| 4 | Heraclea Basilica D<br>Graves from the medieval necropolis (end of the 10$^{th}$—11$^{th}$ centuries) |

Сашо ЦВЕТКОВСКИ

# НОВОИДЕТИФИКУВАНИ ПОРТРЕТИ НА СВ. АХИЛ ЛАРИСКИ ВО УМЕТНОСТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ПЕРИОДОТ XIV – XVII ВЕК

Одбележувањето на 1000 години од смртта на царот Самоил и од битката на Беласица, круцијален настан кој го најавува крајот на Самоиловото Царство, е пригоден повод со нови научни откритија да дадеме придонес кон проучувањето на културната и на црковната историја од времето на Самоил.

Драматичните настани на Балканот од крајот на X и почетокот на XI век, одбележени со деценискиот воен судир на Византија и Самоил, отсекогаш биле привлечни за истражувачите, за светската историска наука и медиевистика.[1] Пишаните извори за овој важен период од историјата на словенско-византиските односи со битни импликации за понатамошните цивилизациски проникнувања и текови, како еден од поважните настани за раната историја на Самоиловата држава го издвојуваат воениот успех во Тесалија и освојувањето на градот Лариса во 986 г.[2] Овој значаен воен и политички успех ќе биде придружен и со пренесување на моштите на заштитникот на Лариса, св. Ахил, во Преспа, новата престолнина на Самоиловата држава.

Набргу потоа, и новоподигнатата катедрална црква ќе му биде посветена на св. Ахил, а неговите мошти положени во неа ќе бидат почитувани како на светител патрон и заштитник на новозаснована црковна институција.[3] Овој чин е, несомнено, поттикнат и воден од политички и од државнички потреби во зацврстувањето на државноправниот и на црковниот систем, но и во подигањето на угледот во хиерархијата на тогашните средновековни држави. Истовремено,

[1] Најопширно и најсодржајно со наведување на историските извори и на сета позначајна светска литература се претставени и се коментирани во: *Византијски извори за историју народа Југославије*, том III, Београд 1966, passim. Во поново време позначаен прилог во проучувањето на периодот на царот Самоил даваат С. Пириватриќ во *Самоилова држава*, Београд 1997, passim, каде што се внесени и коментирани поновите публикаци за Самоил и за неговото време, и М. Бошковски, *Великаните на македонскиот среден век*, Скопје 2007, 42–135.

[2] *Византиски извори за историју народа Југославије*, том III, 83–84, 194–198 (J. Ферлуга); С. Пириватрић, *Самоилова држава*, 87–90; М. Бошковски, *Великаните...*, 54–55.

[3] J. Ферлуга, „Време подизања цркве Св. Ахилија на Преспи“, *Зборник за ликовне уметности 2*, Нови Сад 1966, 3–7.

овој чин придонел меѓу светителските култови почитувани во времето на Самоил и од неговата новоформирана црковна институција, култот на св. Ахил Лариски да се издвои и да се издигне над другите со значително влијание во државната и во црковната идеологија.

Според традицијата и каноните на Православната црква, претставата на патронот и покровителот на црквата, св. Ахил, била насликана во средишниот кораб во близина на олтарниот простор, којшто, всушност, се вбројува меѓу најраните портрети на св. Ахил во средновековната уметност.[4] Со ова се заокружува еден процес на прифаќање и промовирање на неговиот култ во Преспа заснован на Ахиловиот авторитет, како современик на светиот и равноапостолен цар Константинин, учесник на првиот Екуменски собор во Никеја од 325 г.[5]

По пропаѓањето на Самоиловата држава во 1018 г., култот на св. Ахил не замира, туку продолжува да биде почитуван и прославуван од нововостановената Охридска архиепископија, која ги продолжува традициите на Самоиловата патријаршија.[6]

Најголем придонес во проучувањето на култот и на портретите на св. Ахил во науката даде проф. Цветан Грозданов, кој во неколку свои студии објави повеќе негови претстави од средновековниот византиски и поствизантиски фрескоживопис во црквите на почвата на Охридската архиепископија, како и портрети настанати северно, во црквите на средновековната српска држава, кои до 1219 г. биле дел од епархиите на Охриската црква и под нејзина црковна и духовна јурисдикција.[7] Покрај овие значајни научни исходи, сепак одредени подрачја што некогаш влегувале во диецезата на Охридската архиепископија, поради објективни причини во тој период, останувaат недостапни за истражување, нешто што своевремено го истакна и самиот автор со укажување дека: „Сѐ уште не се познати сликарски податоци за нивната застапеност на Света Гора, каде што постоела книжевна традиција со негување на неговиот култ. Истото може да се каже и за спомениците во јужна Албанија помеѓу Берат и Корча.“ [8]

Изменетите општествени и политички услови на Балканот во последните дваесетина години придонесоа за тоа одредени средини да се отворат и за истражувачите да станат достапни црковните споменици особено во Албанија помеѓу Корча, Елбасан, Берат предели кои низ историјата влегувале во потесната диецеза на Охридската архиепископија. Теренските истражувања овозможија да се идентификуваат непознати портрети на св. Ахил, со што се потврди дека

---

4 Оваа претстава на св. Ахил е забележана и идентификувана уште од првите истражувачите кои кон крајот на XIX век го посетиле островот Аил и ги проучувале остатоците од Самоиловата црква. Cf.: П. Н. Милюковъ, „Христіанскія древности Западной Македоніи“, *ИРАИК, IV*, София 1899, 52.

5 Т. Суботин-Голбуовић, Култ св, Ахилја Преспанског, ЗРВИ 26, (1987) 21–33; Eadem, Нова Служба св. Ахилију Лариском, ЗРВИ 27/28 (1989), 149–174.

6 За ова суштествено прашање поопширно кај: Ив. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, том I, София 1995², 52–80, 162–186.

7 Ц. Грозданов, *Портрети на светителите од Македонија од IX–XVIII век*, Скопје 1983,145–159; Idem, „Портретите на св. Ахил во византискиот и поствизантискиот живопис“, *Зборник средновековна уметност, 3*, Музеј на Македонија, Скопје 2000, 7–31.

8 Idem, „Портретите на св. Ахил во византискиот и поствизантискиот живопис“, 30.

неговиот култ во средниот век бил присутен и во рамките на Бератската (Главеничката) и на Корчанската (Деволската) митрополија.

Новоидентификуваните претстави на св. Ахил од црквите во Берат и во Корча се значаен прилог кон дополнувањето на корпусот на веќе познати и хронолошки детерминирани портрети. Постариот портрет се наоѓа во црквата на Света Троица во Берат, која доминира во старото урбано јадро на некогашниот средновековен Белград (Βελλεγράδων) и плени со својот изглед и архитектура. Црквата, поради својата впечатливост, просторна концепција, архитектонско обликување и декорирање на фасадите, е означена како репрезентативен примерок на средновековната црковна градба во Албанија настаната во духот на византиската црковна архитектура и традиција[9] (**сл. 1**).



*Слика1.* Црква Св. Троица, Берат – јужна страна
*Fig. 1* Church of the Holy Trinity, Berat – southern side

9 Al. Meksi, „Tri kasha Bizantinetè Beratit“, *Monumentet 4*, 1972, 63–67; Idem, *Arkitetura e kishavetè Shqipèris (Shekujt VII-XV)*, Tiranè , 2004, 216–219, fig. 177–178.

Фрескоживописот во црквата сè уште не е очистен од подоцнежните премази на вар и сега само фрагментарно е видлив во некои делови. Во сводот на олтарниот простор, во делот на протезисот се видливи неколку допојасни претстави на архијереи, меѓу кои на јужната половина е и св. Ахил, светец со темна коса и куса брада, бел фелон и омофор околу вратот, свртен кон апсидата на протезисот. Оштетувањата и губењето на боениот слој во долниот дел од неговата претстава не дозволуваат да се види дали светецот во рацете носи свиток или евангелие. Сочуваната сигнатура (ΑΧΗΛΙΟς) зад неговата глава ја потврдува неговата идентификација (**сл**. 2). Зад него во идентична положба е насликан уште еден архијереј, чија сигнатура целосно е изгубена и со тоа можноста за негова идентификација. Како своевиден пандан на истите сводни површини во просторот на ѓакониконот се насликани уште четири допојасни архијерејски претстави, од коишто со сигурност можат да се идентификуваат св. Антипа и св. Григориј од Велика Ерменија и св. Партениј.



Слика 2. – Св. Ахилиј, црква Св. Троица – Берат, почеток на XIV век
Fig. 2 – St. Achilleios, church of the Holy Trinity – Berat, beginning of the XIV century

Претставата на св. Ахил од црквата Св. Троица во Берат заслужува посебно внимание поради своите особености, иконографски и тематски. Истовремено би одбележале дека овој портрет е засега најстариот идентификуван на просторите на средновековна Албанија. Берат уште од времето на раниот XI век е под

црковна власт и јурисдикција на Охридската архиепископија.[10] Битна особеност на овој портрет на Ахил е типологијата на ликот, темната коса и кусата темна брада, укажувајќи на светец на средна возраст, што не соодветствува со другите Ахилови портрети од средновековниот фрескоживопис и засега се издвојува како атипичен во споредба со типологијата на веќе познатите портрети на старец со бела коса, некогаш со високо чело и со бела долга брада.[11] Просторот каде што е насликан св. Ахил е вообичаен за неговите претстави, како и неговата положба, свртен кон апсидата на протезисот во чин на богослужење, и во таа смисла овој портрет би се надоврзувал на постарите од Курбиново (1191 г.), од Богородица Перивлепта во Охрид (1295) или пак од нешто помладиот, од крајот на XIV век во црквата Св. Атанасиј Музаки во Костур (1381 – 1383 г).[12]

Црквата Св. Троица во Берат сè уште не е целосно истражена, а со тоа и фрескоживописот не е точно датиран. Според своите архитектонски особености, црквата досега е широко датирана во XIII или во XIV век,[13] додека пак според еден натпис од припратата, градбата на црквата се датира помеѓу 1302 и 1316 г.[14]

Во периодот на османлиското владеење Берат, благодарение на својата местоположба, јаката тврдина и на извонредната стратегиска позиција, израснува во важен административен центар, а од крајот на XVI и низ целиот XVII век и подоцна тој е центар на кадилакот. Промени настануваат и во однос на неговиот црковно-административен статус. Со промените во уредувањето на Охридската архиепископија од крајот на XV и почетокот на XVI век доаѓа до формирање нови епархии, и тоа, главно, со административната поделба на постојните, меѓу кои

---

[10] Берат, односно Белаград (Βελλεγράδων), во историските извори се споменува уште во времето на Самоил и на неговите наследници. Византискиот историчар Скилица во својата *Историја* забележува дека во завршните дејства за конечно потчинување на Самоиловата држава во 1018 г., на царот Василиј II му се предава Елемаг, архонт заповедник на тврдината Берат, кој пред царот бил доведен во робовска облека под ѕидините на Стаги во Тесалија (*Византијски извори за историју народа Југославије*, III, Београд 1966, 134, n. 189.). Берат во овој ран период не се споменува како црковно-епископско седиште ниту за време на Самоил ниту пак подоцна кога Василиј II ги издава познатите повелби на новооснованата Охридска архиепископија. Според некои истражувачи, Берат во овој период веројатно ѝ припаѓал на епископијата на Главеница (Кефаленија) или пак на Деволската (cf.: Ив. Снегаров, *op. cit*., том I, 52–63). И подоцна во XIII и во XIV век, кога Берат станува важен стратегиски, воен и административен центар, најпрвин во државата на еписките деспоти, а подоцна и под сицилијанските и неаполските кралеви од родот на Анжујците и на крајот повторно под Византија, црковно не се издигнува во епископско седиште. За тоа говори и еден запис од 1287 г., каде што во Берат се споменува епископ авлонски и главенички (cf.: Ibid., 170). Истата состојба ја потврдува и натписот извезен на познатата плашаница на Ѓураѓ II Балшиќ од 1373 г., каде што се споменува Калист, епископ на Главеница и на Белград (Берат), (cf.: Th. Popa, *Mbiskrimetè kishavenè shqipèri*, Tiranè 1998, 84–85, No. 90).

[11] Ц. Грозданов, *op. cit.,* 28–29.

[12] Ibid., 15–16, 23; М. Марковић, Иконографски програм најстаријег живописа цркве Богородице Перивлепте у Охриду, Зограф 35, (2011), 123-124, сл. 4а–4б.

[13] Al. Meksi, *Arkiteturaekishavetè Shqipèris (ShekujtVII–XV)*, 216–219.

[14] Ibid., 219.

се издвојува и новосоздадената Бератска епископија.[15] Веќе од средината на XVI век, во изворите се среќаваат Бератска митрополија и бератски митрополити.[16]

Во времето на овој сеопшт подем, во старото средновековно јадро на Берат, во рамките на тврдината доаѓа до обнова на црквата Св. Богородица Влахернитиа и до нејзино живописување. Според архитектонските особености на целината, историчарите на архитектурата сегашната црква ја датираат во првата половина на XIII век, време кога Берат се наоѓа во границите на епирската држава.[17] Обновата на црквата се датира во втората половина од XVI век, во годините пред нејзиното живописување во 1578/9 г. (**сл**. 3). Од сочуваниот ктиторски натпис дознаваме дека фреските ги сликал Никола, син на зографот Онуфриј.[18]



Слика 3. – Црква Св. Богородица Влахернитиса, Берат
Fig. 3 – Church of the Virgin “Vlahernitisa”, Berat

15 Околу 1530 г. Охридската архиепископија имала 32 епархии, од кои **пет** во Албанија: Корчанската, Авлонската, Белградската (Бератската), Спатската и Музакоиската. Cf.: Ив. Снегаров, *op. cit*., том 2, 160, 164–165.

16 Ibid., 176. Од XVI и од XVII век се познати повеќе бератски митрополити, и тоа: Кирил (1532 г.), Григориј (1550 г.), Партениј (1631 г.), Нектариј (1668 г.), Игњатиј (1683 г.). Ibid., *op. cit*., 211.

17 Al. Meksi, *Arkitetura e kishavetè Shqipèris (Shekujt VII–XV)*, 214–216. Посветата на Богородица Влахернитиа авторот ја доведува во врска со истоимената црква на Богородица Влахерна во Арта, престолнина на епирските владетели. Cf.: *op. cit*., 216.

18 Th. Popa, *Mbiskrimetèkishavenèshqipèri*, 86–87, No. 92. За зографот Никола, синот на Онуфриј, cf.: Idem, *Piktorëtmesjetarë Shqiptarë*, Tiranë 1961, 37–59, foto 28–41.

Во умешно осмислената и прогамски доследно спроведена концепција на осликаната иконографска програма во делот на олтарниот простор, на северниот ѕид од бемата на апсидата над преминот кој води кон протезисот е насликана уште една досега неидентификувана претставата на св. Ахил Лариски. Тој е претставен во цел раст, во бел стихар на кој се забележуваат неколку црни вертикални ленти кои, всушност, ги симболизираат потамоите – реките на архијерејската мудрост, со богато декориран епитрахил, полиставрион со црвено-бели крстови, омофор околу вратот и градите. Со десната рака благословува, а во левата носи затворено евангелие со украсени корици. Тој е претставен како старец со бела коса, високо чело и бела долга брада. Неговата сигнатура е сè уште добро сочувана: ό αγιος Αχιλιος. До него, над самиот полукружен лак од преминот кон протезисот е насликан св. Игњатиј Богоносец, ό αγιος Ιγνατιος ό Θεοφωρος (**сл. 4**). И овој портрет на Ахил Лариски поседува малку необична типологија, посебно карактеристичното високо чело, кое не се среќава на неговите постари, но и на современите портрети.[19]



Слика 4. – Св. Ахилиј и св. Игнатиј Богоносец
Fig. 4. – St. Achilleios and St. Ignatius Theophoros

Во сижетиот простор на олтарниот простор Ахил добива угледно место меѓу најпочитуваните архијереи на Православната црква. Бератската митрополија во

[19] Ц. Грозданов, *op. cit.*, 28.

рамките на Охридската архиепископија ги почитувала и ги славела култовите кои веќе неколку века биле во традицијата на Охридската црква. Треба да нагласиме дека сликањето на св. Ахил Лариски на своевиден начин веќе било вклучено во сликаната тематика на работилницата на зографите, таткото и синот Онуфриј и Никола Аргитис, бидејќи веќе претходно Ахил е претставен во олтарната апсида на црквата Св. Никола во Зрзе[20] (**сл**. 5).



Слика 5. – Св. Ахилиј, црква Св. Никола, с. Зрзе, северниот параклис
Fig. 5 – St. Achilleios, northern chapel, church of St. Nicholas, village Zrze

Во османлискиот период градот Корча доживува виден економски подем, а од почетокот на XVI век станува и митрополитско седиште во диецезата на Охридската архиепископија.[21] Бројните и економски моќни и заможни руфети (еснафи) на занаетчии и трговци стануваат ктитори и приложници, покровители на црковната уметност. Меѓу црквите изградени во периодот на доцниот среден век, XVI – XVII век, ја издвојуваме и црквата Св. Јован Претеча во селото Бобоштица во непосредна близина на Корча (**сл**. 6).

20 Според сопствени теренски белешки.

21 Ив. Снегаров, *История на Охридската архиепископия...*, том II, 170.



Слика 6. – Црква Св. Јован Продром, Бобоштица (Корчанско)
Fig. 6. – Church of St. John “Prodromos”, Boboštica (area of Korča)

Во богатата и целосно сочувана сликана програма на црквата, во олтарниот простор, во делот на ѓакониконот на јужниот ѕид е насликан св. Ахил Лариски (όαγιος ΑΗΙΛΗΟς) во цел раст, свртен кон олтарната апсида, со отворен свиток пред себе како чин на активно богослужење (**сл**. 7). Ахил е претставен како старец со бела коса и бела брада, со архијерејска митра на главата. Ако вклучувањето на Ахил меѓу архијереите кои активно служат пред Христос Агнец, сите почитувани архијереи, творци на литургијата и големи отци на Црквата, е појава која веќе има своја традиција уште од XII век и од најраните претстави на светецот (Курбиново), необично за неговата претстава од Бобоштица е архијерејската митра, која во византиската уметност е сликана исклучиво на ликовите на св. Кирил Александриски. Интересен е и текстот што е испишан на неговиот отворен свиток: „Στῶμενκαλῶς, στῶμενμετὰ φόβου, προσ̓ξωμεντὴνάγίανάνα φοράν [...])“. Ова е, всушност, возгласот од почетокот на Анафората (светиот принос): „Да застанеме добро, да стоиме со страв, да вни[маваме, светиот Принос во мир да го принесеме.]“,[22] дел од литургијата кој сосема ретко се испишува на архијерејските литургиски свитоци. Зад Ахил во идентична иконографија е насликан св. Спиридон (**сл**. 7).

[22] Му искажувам благодарност на Виктор Недески, дипломиран теолог, кој го расчита текстот од свитокот на св. Ахил и ја даде неговата транскрипција.



Слика 7. – Св. Ахилиј и св. Спиридон
Fig. 7. – St. Achilleios and st. Spiridon

Црквата Св. Јован Претеча во Бобоштица е изградена најверојатно во 1686 г., година која е запишана на камената розета од подот во наосот на црквата. Фрескоживописот, по сѐ изгледа, е настанат некоја година подоцна и поседува високи стилско-ликовни особености.

На крајот би одбележале дека новоидентификуваните портрети на св. Ахил Лариски, Преспански, од почвата на Албанија говорат за еден континуитет на неговото почитување уште од времето на средниот век, и тоа под непосредно влијание на црковните традиции на Охридската архиепископија.

Sašo CVETKOVSKI

# THE NEWLY FOUND PORTRAITS OF ST. ACHILLES OF LARA AT THE ART OF THE OHRID ARCHBISHOPRIC XIV–XVII CENTURY

*Summary*

At this article we publish three so far unknown portraits of st. Achilles of Lara found at the sacral monuments in Albania between Korča, ElbasanBerat and Musakia, areas which throughout history were part of the tighter diocese of the Ohrid archbishopric.

*The field researches have made possible to identify the so far unknown, portraits of st. Achilles verifying that his cult at the Middle Ages was also present within the borders of the Berat and Korča metropolis. The newly identified presentations of st. Achilles from the churches at Berat and Korča are very important addition to the corpus of already known and chronologically determinate portraits.*

The older portrait is found at the church of the Holy Trinity at Berat dominating at the old city urban core of the once medieval Berat and captivates with its appearance and architecture.

The fresco-writings at the church are not yet cleaned from the subsequent coatings of lime, and now is only fragmentary visible at some parts.

At the vault at the altar area in the part of the proteases are visible some bust representations of archbishops, amongst which at the southern half is st. Achilles, saint with long dark hair and short beard, white felon and omoforion around his neck, turned towards the apse of the proteases.

The damage and the loss of the colored layer at the lower part of his depiction it does not allows to be seen if the saint carries a scroll in his hands or a gospel. The preserved signature () behind his head confirms his identification. (pic.2) Behind him in identical position is depicted one more archbishop whose signature is completely lost and with it the possibility of his identification. As a certain match on the same vault surfaces in the diaconicon are depicted four more bust representations of archbishops from which by certainty can be identified st. Antipas, st. Gregory from Great Armenia and st.Partenij.

The depiction of st. Achilles from the church of the Holy Trinity at Berat deserves special attention because of its iconographical and thematically features. At the same time we would notify that's this portrait for now is the oldest identified on the premises of medieval Albania. Berat since the time of the early XI century is under church authority of the Ohrid archbishopric. Important feature of this portrait of Achilles is the typology of the face, dark hair and short dark beard, presenting to us a saint at his middle age, which does not coordinates to the other with the other portraits of Achilles from the medieval wall paintings and for now stands out as an atypical in comparison to the already known portraits, an old man with long white hair, somewhat high forehead and long white beard.

The church of the Holy Trinity at Berat is still not well researched and along with it the fresco-writings is not accurately dated. According to its architectural features

the church so far has been widely dated at th XIII or XIV century. While according to an inscription from the parvis, the building of the church dates between1302-1316.

At the time of the XVI century general rise is noted at the old medieval core of Berat. At this time within the citadel the church of the Virgin “Vlahernitisa” was restored and decorated with wall-paintings. The renewal of the church dates from the second half of the XVI century, at the years before it was wall-painted at 1578. From the preserved donors’ inscription we find out that the frescoes were painted by Nikola, the son of the zografOnufrij. In the skillfully designed and consistently executed conception of the iconographic program, at the altar area on the northern part of the bema of the apse over the passage that leads to the proteases is yet another one so far unidentified presentation of st. Achilles of Lara. He is depicted in full length, in white stichar on which are visible few black vertical stripes which actually symbolize the rivers of archbishop wisdom, richly decorated epitrachil, polistavrion with red and white crosses, omoforion around his neck and chest. With his right hand he blesses and in the left carries closed gospel with decorated covers. He is depicted as an old man with white hair, tall forehead and long white beard. His signature is still well preserved... Next to him above the round arch of the passage towards the proteases is depicted st. Ignatius “Theophoros”...

This portrait of st. Achilles of Lara has somewhat unusual typology, especially the characteristically tall forehead which is not found on his older but also on the contemporary portraits as well.

At the rich and fully preserved painted program of the church of St. John the “Forthcomer” in the village Boboštica nearby Korča from the late middle ages, XVI-XVII century, in the altar area at the part of the diaconicon on the southern wall st. Achilles of Lara is depicted (...) in full length, facing towards the altar apse with open scroll in front of him in an act of active religious service.Achilles is depicted as an old man with long white beard and white hair with an archbishops’ miter on his head. If the inclusion of Achilles amongst the archbishops who actively serving in front of Christ “Lamb of God” all of them respected archbishops, creators of the liturgy and great forefathers of the church is a phenomenon who has its own tradition since the XII century at the earliest presentations of the saint (Kurbinovo). What is unusual for his presentation at Boboštica is the archbishops’ miter on his head which in the Byzantine art is only depicted on the presentations of st. Cyril of Alexandria.

The church of st. John the “Forthcomer” at Boboštica most probably was built at the 1686, a year that is written on the stone rosette from the floor of the nave of the church. The wall-paintings are most probably made few years after and have outstanding stylistic and artistic features.

At the end we would note that the newly found portraits of st. Achilles of Lara at the ground of Albania speak of the continuity of his cult since the time of the middle ages and under the direct influence of the religious tradition of the Ohrid archbishopric.

**Ирена СТЕФОСКА**

# ЗА НЕКОИ МЕТОДОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ ПРИ ПРОУЧУВАЊЕТО НА САМОИЛОВОТО ЦАРСТВО

Дикусијата за проблемите од средновековието не е ниту едноставна ниту конечна. Царот Самоил, комитопулите, битката на Беласица и др. го предизвикуваат вниманието на истражувачите повеќе од еден век. Продукцијата на научни, но и на популарни текстови е забележително поголема во регионот најмногу поради тоа што овие средновековни епизоди влегле во каноните на националните истории – на македонската и на бугарската. Нивното третирање како идентитетски маркери употребени за легитимирање на модерните феномени – нациите и националните држави, дополнително ја усложнуваат и онака комплексната дискусија обојувајќи ја со емотивни тонови. Во центарот на дебатата е старо-новото прашање дали Самоил бил Македонец или Бугарин. Притоа се заборава дека значењата коишто овие етноними, но и придавките призлезени од нив ги стекнале во модерноста, во времето на етничките нации, тешко дека би имале каква било смисла за самиот средновековен владетел Самоил и за неговите современици.

Заслужува да се напомене дека оваа дебата не е исклучок и особеност на спомнатите историографии, факт што не ја релативизира „потребата“ за присвојување и национализирање на одамна исчезнатите светови. За илустрација, романските и бугарските историчари со децении расправаат околу регионот на денешна Добруџа и за неговиот политички и *етнички* статус во средновековието, унгарските и романските историчари расправаат околу регионот на Трансилванија, италијанските и австриските историчари за регионот на Јужен Тирол и др.

Имајќи го на ум сето погоре кажано, во статијата (sine ira et sudio) се промислуваат неколку методолошки проблеми поврзани со историјата на Самоиловото Царство. Целта е тие да се разгледат низ призмата, пред сè, на критички ориентираната медиевистика, но и низ теориската рамка на студиите што се занимаваат со природата на историјата како научна дисциплина. Инспирацијата, во прв ред, произлегува од истражувањата[1] на К. Холмс (C. Holmes),

[1] C. Holmes, *Basil II and the Governance of the Empire (976-1025)*, Oxford University Press, Oxford 2005; P. Stephenson, *The Legend of Basil the Bulgar – Slayer*, Cambridge University Press, Cambridge 2003; Ј. Ферлуга, „Јован Скилица“, ВИИНЈ, т. III, Византолошки институт, посебна издања, кн. 10, Београд 1966; P. J. Gari, *Mit o nacijama: srednjovekovno poreklo Evrope, Cenzura*, Beograd 2007; D. Lowenthal, *The Past is a Foreign Country*, Cambridge University Press, Cambridge 2006 (13. издание); D. Angelov*, Imperial Ideology and Political Thought in Byzantium 1204-1330*, Cambridge University Press, Cambridge 2011.

П. Стефенсон (P. Stephenson), J. Ферлуга, П. J. Гари (P. J. Gari), Д. Ловентал (D. Lowenthal), Д. Ангелов и др.

Оттука, во статијата најнапред ќе се направи краток осврт на изворниот корпус за Самоиловото Царство и особено на основниот средновековен извор за темата, *Краткаша историја* на Јован Скилица,[2] а последично и на неколку конкретни историски епизоди и на нивните интерпретации. Сосема накусо ќе стане збор и за проблемите поврзани со (националната) историја и со популарната имагинација.

Банално е да се повторува дека корпусот средновековни извори за историјата на Самоиловото Царство што на медиевистите им служи за интерпретација е исклучително лимитиран и фрагментиран. Воедно, вреди да се истакне фактот што не постои ниту еден, било писмен било материјален, извор произлезен од гледна точка на самите протагонисти, комитопулите, односно царот Самоил или од кој било припадник на неговиот двор (освен Битолскиот натпис[3], за кој, секако, е многу пишувано). Не постои ниту еден сочуван документ од царската канцеларија, инаку вообичаена институција и практика на дворот на еден средновековен владетел. Исто така, досега не е откриен ниту еден натпис или група натписи, на пр., од Самоиловата тврдина во Охрид или пак од регионот на Преспа, ниту пак какви било печати и други археолошки артефакти (освен оние на островот Св. Ахил во Преспа,[4] проследени со сета нивна дубиозност). Изворите коишто известуваат за комитопулите, за царот Самоил и за неговите наследници се од византиска, арапска, ерменска и нешто малку од латинска провениенција. Единствениот извор, но и полн со противречности, од словенска провениенција кој известува за настаните помеѓу 1014 г. и 1018 г. е *Летописот на попот Дукљанин* сочинет кон крајот на 12 век, кој до нас стасал во подоцнежни редакции, од кои повеќето настанале просторно и временски далеку од местото на случувањата.[5]

---

[2] Ioannis Skylitzae *Synopsis Historiarum*, ed. I. Thurn, CFHB 5, Berlin, 1973; John Skylitzes: A Synopsis of Byzantine History, 811–1057, translation and notes by J. Wortley, Cambridge University Press, Cambridge 2010; J. Ферлуга, „Јован Скилица", ВИИНЈ, т. III..., 51–172.

[3] К. Аџиески, *Пелагонија во средниот век*, Институт за национална историја, Скопје 1994, 51, бел. 43, во која е наведена обемната литература за Битолската плоча; R. Mathiesen, „The Importance of the Bitola Inscription for Cyrilic Paleography, *The Slavic and East European Journal, 21-1/1977*, 1–2; С. Пириватрић, *Самуилова држава. Обим и карактер*, Византолошки институт Српске академије науке и уметности, посебна издања књига 21, Београд, 1997, 141–142.

[4] J. Ferluga, „Vreme podizanje Crkve Sv. Ahileja na Prespi", *Zbornik za likovne umetnosti 2 /1966*, 3–7; repr. во: J. Ferluga, *Byzantium on the Balkans. Studies on the Byzantine administration and the southern Slavs from the VIIth to the XIlth centuries*, Amsterdam, 1976, 355–360. В. Битракова-Грозданова, *Голем Град: Преспа*, т. I, МАНУ, Скопје 2011.

[5] J. Ferluga, „Die Chronik des Priesters von Diokleia als Quelle für die byzantinische Geschichte", *Byzantina 10/1980*, 429–460; Љ. Басотова, „Летописот на поп Дукљанин како извор за македонската средновековна историја", *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија V*, Прилеп 1988; *Gesta Sclavorum I-II* (*Летопис попа Дукљанина*), критичко издање и превод, Д. Кунчар, Извори за српску историју, кн. 7, латински извори, кн. 1, ур. Тибор Живковић, Историјски институт – Манастир Острог, Београд 2009. Сумарна библиографија на сите изданија на ракописот на *Летописот*, како и на студиите поврзани со него во: I. Mužić, *Hrvatska kronika u Ljetopisu popa Dukljanina*, Muzej hrvatskih arheoloških spomenika, Split 2011, 229–338.

Не помалку важно е да се истакне и тоа што природата и содржината на изворните податоци не дозволуваат да се скицира каква било конзистентна слика, на пр., за социјалните и за економските прилики во Самоиловото Царство, конкретно, за статусот и за дејствувањето на елитите, за структурата на администрацијата, за градовите и селата, за приходите и даноците, а уште помалку за секојдневјето на руралното, претежно словенско население на просторите на Централниот и на Јужниот Балкан. Во квантитативна и во квалитативна смисла, во постојните извори е најзабележително присуството на описи од воени операции, потоа на топоними, хидроними, етноними, световни и црковни титули, како и на лични имиња на протагонистите, што, несомнено, сѐ заедно и одделно, претставува драгоцен материјал за анализа.

За потеклото на царот Самоил, кое, патем, во контекст на средновековните прилики, во принцип, немало важност за носителите на круната, слично како што за проучување на средновековието се ирелевантни современите политички граници, известува еден единствен извор, Ерменецот Стефан Таронски.[6] Можноста за ерменското потекло на Самоил е сѐ уште отворена, и покрај огромната литература во која се среќаваат дијаметрално различни толкувања. Имајќи ги предвид современите истражувања за политичката идеологија и за групните идентитети во Византија[7], на мислење сме дека толкувањето на еминентниот византолог Г. Острогорски за иделошката поврзаност на Самоиловото Царство со наследството на бугарските цареви Симеон, Петар и Борис сѐ уште е прилично актуелно.[8] Според ова толкување, тие биле единствените кои во тоа време на Балканот имале право да го уживаат царското достоинство без кое тешко дека Самуил би го обезбедил легитимитетот во очите на локалната елита со која ги водел војните, во очите на (словенското) рурално население – особено од просторите на поранешните македонски склавинии[9] – кое се обединувало околу царската круна и царските инсигнии како примарни симболи на интегративната моќ во средновековието, и, секако, во очите на Византијците, кои врз Самоиловото Царство и неговите поданици ги проектирале единствените, за нив, познати политички и државни традиции во регионот.

---

6 *Des Stephanos von Taron armenische geschichte*, ed. H. Gelzer und A. Burckhardt, Lipsiae 1907. N. Adontz, „Samuel l'Arménien, rois des Bulgares", Mémoires de l'Académie Royale de Belgique, *Classe des Lettres 38/1938*, 1-63. Обемен преглед и анализа на различните толкувања направил С. Пириватриħ, *Самуилова држава*, Византолошки институт, САНУ, посебна издања књ.21, Београд 1997, 57–71.

7 Исклучително полезна е студијата на Џон Фајн работена врз примерот на средновековна и предмодерна Хрватска, Далмација и Славонија, J. V. A. Fine, JR, *When Ethnicity Did not Matter in the Balkans: A Study of Identity in Pre-Nationalist Croatia, Dalmatia and Slavonia in the Medieval and Early - Modern Periods*, The University of Michigan Press, Ann Arbor 2006; G. Page, *Being Byzantine*, Cambridge University Press, Cambridge 2008, особено стр. 13–71. Го издвојувам и зборникот статии во кои се истражуваат стратегиите на конструирање на различните идентитети (не само етничките) во доцната антика приреден од Р. Мајлс: *Constructing Identities in Late Antiquity*, Ed. R. Miles, Routledge, London and New York 2002.

8 Г. Острогорски, *Историја Византије*, Просвета, Београд 1970, 287.

9 И. Стефоска, *Словените на почвата на Македонија од VII до почетокот на X век*, Сигмапрес, Скопје 2002.

Користејќи го унифицирано бугарското име како класификаторен концепт за државата, царот и за населението, византиските писатели не заборавале да ја избегнуваат и титулата цар за неромеите (Самоил бил титулиран како монарх; Петар и како киранон-господар)[10] не само затоа што на земјата имало еден и единствен цар, византискиот, туку уште повеќе во случаите кога тие Другите/неромеите/непријателите/„варварите“ со своето дејствување го изместувале востановениот поредок – *taxis*.[11] Оттука, поимот Бугарин во средновековните извори можел да го покрива и „Ерменецот“ Самоил, и жена му, ќерката на византискиот управник во Драч, и локалниот моќник Николица, и заробениците од Лариса, и Владислав од Битолската плоча[12] (која, сигурно, независно од нејзината автентичност, не може да биде потврда за *етничката* природа на Македонија во 11 век!), и ушкопениот Роман и селаните. Во центарот на дејствувањето на Самоил, како и во многу други случаи на средновековни владетели, била политиката на експанзија, на освојување и на губење *територии* и *приходи*. Во средиштето на политиката на византиските цареви, вклучително и на Василиј II, била (ре)интеграцијата на балканските територии кои во византиската перцепција требало да бидат вратени онаму каде што припаѓаат, во византиската икумена.

Што се однесува конкретно до главниот извор за времето на Самоил и неговото дејствување, *Кратката историја на Јован Скилица*, првото и единствено критичко издание врз основа на 9-те познати ракописи го подготвил Ханес Турн во 1973 година.[13] Сè дотогаш историчарите најчесто ја користеле компилацијата на Кедрен објавена од И. Бекер во 1839 г.,[14] но одделно и некои други подобри варијанти на ракописите на хрониката од XII, XIII и од XIV век. Во оваа смисла, многу важна е забелешката на К. Холмс, во нејзината студија *Basil II and the Governance of the Empire (976-1025)*[15]*,* дека модерните историчари многу често го цитирале Скилица иако неговата хроника била многу малку проучувана. Во првите три поглавја од студијата Холмс ги анализира деловите во хрониката што конкретно се однесуваат на владеењето на Василиј II, и тоа во корелација со текстот на хрониката во целина, но и во релација со книжевниот, социјалниот и со политичкиот контекст во кој била создадена компилацијата на Скилица. Со други зборови, авторката применила т.н. текст-контекст анализа.

Инаку, хрониката на Скилица, сочинета кон крајот на 11 век, е од исклучителна важност за Самоиловата држава бидејќи единствено во неа, истакнува Ј. Ферлуга, постои „извесно систематско изложување на односите помеѓу Византија и Самоиловата држава, притоа ограничено најмногу на воените

---

10 С. Пириватрић, *Самуилова држав*а..., 133–142.

11 Повеќе за овој византиски коцепт во: *Oxford Dictionary of Byzantium* (ODB), ed. A. P. Kazhden, Oxford University Press, Oxford 1991, 2018.

12 Види: белешка 3.

13 Ioannis Scylitzae *Synopsis Historiarum*, rec. H. Thurn, Corpus fontium historiae Byzantinae, vol. 5, De Gruyter, Berlin 1973.

14 *Georgius Cedrenus Ioannis Scylitzae* ope ab I. Bekkero suppletus et emendatus II, Bonnae 1839.

15 C. Holmes, *Basil II and the Governance of the Empire (976-1025)*, Oxford University Press, Oxford 2005.

настани".[16] Таа е составена тематски и иако во центарот на нарацијата се царевите и нивните дела, според истражувањето на Холмс, Скилица подеднакво внимание им посветил и на припадниците на византиската политичка и воена елита. Поглавјата се куси и во нив авторот дава општи прикази на настаните. Притоа, целиот текст изобилува со хронолошки конфузии и дисторзии, на што особено укажуваат и Холмс и Стивенсон, но и други медиевисти.[17] Хрониката, воедно, им послужила и како предлошка на следбениците на Скилица, на пр., на византискиот историчар Јован Зонара, кој речиси во целост ја презел.

Еден дел од изворите со кои се служел Скилица при пишувањето на хрониката се познати, но оние што се однесуваат на крајот од 10, почетокот на 11 и првата половина на 11 век се изгубени. Ова, од друга страна, значи дека настаните за коишто пишува Скилица не можат да се споредат со други современи извори. Интересно е и тврдењето на самиот Скилица, кое го истакнуваат неколкумина истражувачи, дека тој не ги презел изворите за својата хроника, туку ги *коригирал*. Скилица настојувал одново да ги напише делата на претходниците преку компилирање, хармонизирање, поправање и сл.[18] Реципиенти на неговиот текст, како и во многу други случаи, биле припадниците на дворот (или кругови од нив) и, можеби, повисоките слоеви на администрацијата. Фактот што изворите, како и во редица други примери од далечното минато, се можеби нецелосни, можеби недоследни, можеби хронолошки неконзистентни и сл. е релевантен, првенствено за сите што се занимаваат со средновековието и го истражуваат низ соодветни епистемолошки парадигми и вештини, кои, исто така, се променливи.

Во оваа смисла, историчарот Д. Ловентал е, несомнено, во право кога тврди дека минатото со сигурност не може да се сведе на извор/извори затоа што е тоа неизмерно и, воедно, упатува дека тоа за нас, неговите истражувачи, претставува странска земја.[19] Во последниве децении сѐ повеќе се развива критичката свест во општествените науки за тоа дека една работа се историските извори, а друга, и не помалку важна, дека сите ние коишто се занимаваме со минатото сме *производ* и на специфичните општествено-политички контексти во кои работиме и живееме и како резултат на тоа не е возможно интерпретациите и вреднувањата да бидат апсолутно независни од тие контексти.

Во врска со консензуалната природа на знаењата за минатото, ќе наведам еден мал, но многу илустративен пример. Имено, се смета дека Самоил починал на 6 октомври. Ова сознание се потпира врз една од интерполациите, инаку вкупно 66 на број, коишто во текстот на Скилица подоцна ги направил архиепископот

[16] Ј. Ферлуга, ВИИНЈ, т. III..., 53.

[17] C. Holmes, *Basil II...*, 120–171; P. Stephenson, *The Legend of Basil the Bulgar – Slayer*, Cambridge University Press, Cambridge, 3–7; аналитичките коментари во белешките на Ј. Ферлуга во ВИИНЈ, т. III..., од 55 до 75 страница. За животот и делото на Скилица, повеќе и во исцрпните и детални предговори на J. C. Cheynet, „John Scylitzes, the Author and his Family" (ix-xii), и особено на Б. Флусин: B. Flusin, „Re-writing history: John Scylitzes' *Synopsis Historion*" (xiii-xxxv), кон англискиот превод и коментарите на хрониката приредени од Џ. Вортли: J. Wortley, *John Scylitzes*, белешка 2.

[18] J. Ferluga, ВИИН, т. III..., 52; C. Holmes, *Basil II*…20; B. Flusin, „Re-writing history...", xiii—xv.

[19] D. Lowenthal, *The Past*…, 217–219.

Михаил Деволски. Податокот на Деволски за денот на смртта на Самоил ја исправа хронолошката недоследност кај Скилица и тој подоцна е широко прифатен од медиевистите. На тој начин овој податок ја стекнал важноста на факт, затоа што, во краен случај, смртта на Самоил можела да се случи кој било ден пред 6 октомври или тогаш кога за неа разбрале Ромеите, т.е. на 24 октомври, како што известува Скилица.[20]

Особено интересни за анализа се интерпретациите поврзани со Беласичката битка и епизодата на ослепувањето опишана кај Скилица. На пр., додека Адонц радикално сметал дека епизодата кај Беласица е измислица на Скилица,[21] редица истражувачи иако се сомневале во бројката на Самуиловите ослепени војници, ја презеле и ја повторувале. Анализирајќи го конкретно делот за Беласичката битка, Стивенсон забележал дека Скилица наведува дека тој пишува за тоа што се *раскажувало* по триумфот на Ромеите кај Клидион/Клуч-Беласица. Во процесот на прераскажување, приказната за победата добивала различни димензии во популарната имагинација и во таква хиперболизирана форма ја запишал и Скилица. Во неа се забележува ехото и на други победи, т.е. порази во историјата, така што Стивенсон е на мнение дека постои јасна паралела помеѓу битката кај Термопилите запишана од Херодот и Беласичката битка, со тоа што во последнава улогите се заменети.[22]

Аналогија може да се направи и со други битки, како што е, на пр., онаа кај Аој Стена во 199 г. ст. ера (за која пишувал Полибиј, а се среќава и кај Зонара) меѓу војските на Филип и Римјаните.[23] Она што е индикативно е дека и во описот кај Беласица, и кај Термопилите и кај Аој Стена (а, по сè изгледа, и во други слични битки), доколку се заменат улогите на протагонистите, се забележува повторување на општи места/*topoi*, веројатно како одлика на нарацијата, потоа на ученоста на авторите и, секако, на жанрот – на книжевните конвенции во којшто се изразувале. На пр., во сиве наведени битки постои клисура, потоа некој што го познава теренот, најчесто локален жител (иако кај Беласица тоа е генералот Ксифија), кој знае како на непријателот да му се пристапи од зад грб, при што во клучниот момент се случува пресврт и пораз на пр., на Самоиловите војски или пак на војските на Филип. Едни се бореле до смрт – Леонидас, други претрпеле загуби, трети биле ослепени. Бројката варира од 2,3 милиони Персијци кај Херодот (Спартанците подоцна тврделе дека се бореле дури со 4 милиони Персијци) до 15 000 ослепени војници кај Скилица.

Учениот Скилица го познавал делото на Херодот, за кое и самиот честопати правел алузии во хрониката. Чинот на ослепувањето на Самоиловите војници, од една страна, зборува за бруталноста во казнувањето на оние што ги предизвикале царските војски кај Клуч по десетгодишен релативен мир. Од друга, колку и да изгледа парадоксално, тоа било и чин на хуманост. Ослепувањето во

---

20 Ioannis Scylitzae *Synopsis*, 349, 35–53; J. Ferluga, „John Scylitzes and Michael of Devol“, *ЗРВИ 10/1967*, 163–170; С. Пириватриќ, *Самуилова...*, 122, бел. 158.

21 N. Adontz, „Samuel I’Armenien, roi des Bulgares“, во: *Etudes armeno-byzantines*, Lisbon 1965, 373–374.

22 P. Stephenson, *The Legend...*, 6.

23 N. G. L. Hammond, „The Opening Campaigns and the Battle of the Aoi Stena in the Second Macedonian War“, *The Journal of Roman Studies, vol. 56/1966*, 39–54.

Византија, за кое пишува Џ. Херин, било похумана варијанта од одземањето на животот.[24] Битката и нејзиниот епилог биле метафора за триумфот на царот во процесот на реинтеграција на Балканот, за неговите лични жртви – прикажан како војник и маченик – во воспоставувањето на византискиот поредок/*taxis* и за начините на неговото владеење. Воспевањето на делата на Василиј II, но и на успесите на неговите генерали во хрониката, според читањето на Холмс, требало да ѝ послужи како инспирација на воената аристократија на царот Алексиј I Комнин за време на неговите походи на Балканот во 1081 и во 1091 година.[25]

Во контекст на анализата, ќе се осврнеме накусо и на проблемите поврзани со популарната имагинација и со историјата, заради што ќе направиме мала дигресија префрлајќи се во современото. Во еден бугарски весник, во рубриката *Ретро* – по повод 6 октомври, денот на смртта на Самоил – излезе напис насловен како „Геят Василий II избожда очите на нашите войници"[26]. Во текстот авторката Грозева пишува дека актот на ослепувањето на војниците бил последица на хомосексуалниот гнев од кој бил обземен Василиј откако разбрал дека неговиот љубовник Вотанијат бил убиен од раката на Гаврил Радомир. Гневен и бесен, царот наредил да се ослепат војниците! Обрнувам внимание на тоа до каде сè може да оди имагинацијата особено кога е инспирирана од еден етноцентричен поглед на минатото. Во написот читаме за „нашите војници" (независно од временската дистанца од 1 000 години), за лошиот Друг, т.е. византискиот цар, стереотипизиран и дополнително оцрнет со атрибутот *хомосексуалец*. Написот е проследен со фотографија од Самоиловата тврдина и со легенда во која пишува: „Остатоци од тврдината во која царот се молел за Бугарија." Едноставното прашање би било, дури и да се молел царот: за која Бугарија се молел? Оттука, вреди да се запрашаме: зарем може да постои каков било знак на еднаквост помеѓу средновековните означувања и средновековните политички ентитети и стварноста што ја рефлектирале тие во конкретните извори со еден модерен национален ентитет? Зарем групните идентитети се фиксни, органски, есенцијални категории, непроменливи во времето и во просторот?

Од друга страна, „интересен" е и написот во еден македонски дневен весник под наслов „Легендите за царот Самоил сè уште живеат под Беласица".[27] Во него се вели дека на локалните жители не им требало ништо за да се потсетат на приказната која, буквално, ја знаеле на памет. За разлика од нив, паметам дека јас и моите соученици приказната ја научивме на училиште, на часот по историја, независно што, на пр., од прозорците на нашата стара семејна куќа во Охрид има прекрасна глетка кон тврдината. Во написот уште се вели дека се случувало тамошните жители да наоѓаат и траги од Беласичката битка! Сведоштва

---

[24] J. Herrin, „Blinding in Byzantium", во: *ΠΟΛΥΠΛΕΥΡΟΣ ΝΟΥΣ*, Miscellanea für Peter Schreiner zu seinem 60. Geburtstag, eds. C. Scholz and G. Makris, Leipzig 2000, 56–68.

[25] C. Holmes, *Basil II...,* 184–187.

[26] Благодарност до доц. д-р Дарко Стојанов, кој ми испрати фотографија во ПДФ-формат од написот во весникот. Инаку, за хомосексуалниот гнев на царот Василиј како „причина" за ослепување на војниците зборува и историчарот Божидар Димитров во едно интервју. Повеќе во: http://www.vsekiden.com/145597, последен пат пристапено на 20 јули 2015 г.

[27] Г. Трпковски, „Легендите за царот Самоил се уште живеат под Беласица", Нова Македонија, бр. 23066, 31.12.2013.

за тоа дека битката го обележала целиот крај, продолжува авторот на написот, се и некои популарни локални топоними како што се Вадиоч, Дере, Раненица и сл! Но, исто така пишува дека единственото село кое се вика Самуилово, а кое претходно требало да се вика Ново Баделен, всушност, го добило името во 1971 г. по предлог на еден локален чиновник. Интересно е тоа што се занемарува сознанието дека кога една приказна се прераскажува, таа дури и од ден на ден не може да биде иста. Човековата меморија не е фиксна категорија која скаменета се движи низ времето, и во оваа смисла и приказните и легендите за настани што се случиле пред илјада години. Уште поинтересен е и делот во написот во кој се вели дека жителите сѐ уште, односно и по 1 000 години, пронаоѓале траги од битката, а притоа не пишува кои и какви се тие траги!

Но, да се вратиме назад во средниот век, и на средновековната имагинација, и да кажеме неколку збора за епитетот на царот Василиј – „бугароубиец", кој речиси и да не се среќава во македонската историографија, за разлика од неговата честа присутност во бугарската.

Уште Диканж во 1680 г. воочил дека епитетот, cognomen, на Василиј II – „бугароубиец", не бил дело на неговите современици. За Лав Ѓакон тој бил „автократор", за Јован Геометар имитатор на царот Никифор Фока. Во житијата на св. Никон, на св. Ахилиј и др., во кои Василиј II и онака е малку присутен, никаде не се спомнува прекарот. Скилица, Зонара, Вриениј, Аталијат, Псел пишувале за Василиј порфирогенит, а не за Василиј бугароубиецот. Според мислењето на Стивенсон, тие немале ни потреба да пишуваат за „бугароубиецот" затоа што поранешните територии на краткотрајното Самоилово Царство, или подоцна на новиот катепанат Бугарија и околните административни единици, веќе со децении биле дел од византиската *икумена*, при што нивните жители христијани плаќале данок и го почитувале византискиот цар.[28] Тие повеќе не биле непријатели на царството и, во таа смисла, „варвари" кои се дрзнале да го изместат востановениот *taxis*. Би можело да се сугерира и тоа дека византиските историчари, во согласност со вториот клучен византиски концепт – *oikonomia*,[29] кој, патем, Стивенсон не го спомнува, (не)намерно го „заборавале" епитетот на царот во интерес на непреченото и справедливо управување со Божјиот дом во новите околности.

Во секој случај, брилијантната контекстуална анализа што ја направил Стивенсон врз подоцнежните извори укажува на тоа дека појавата на прекарот во изворите била резултат на историскиот контекст од крајот на XII и почетокот на XIII век и дека тој се зацврстил до 1261 година. Прилично убедливо, Стивенсон сугерира дека прекарот се јавил тогаш кога византиската власт била предизвикана од Бугарите, Власите, Печенезите, Турците и од Норманите во срцето на империјата. Употребувајќи го прекарот „бугароубиец", византиските историчари ги потсетувале своите современици на делата на славниот предок, споредувајќи ги успесите на царевите Исак II Ангел и Мануил VIII Палеолог со победите и подвизите на царот од македонската династија, Василиј II бугароубиецот. [30]

[28] P. Stephenson, *The Legend...*, 66–70.

[29] Повеќе за овој византиски концепт во: ODB, 1516–1517.

[30] Исто..., 94–96.

Да сумирам. Од погоре кажаното произлегува дека многу информации за Самоиловото време воопшто не се забележани, други исчезнале, а оние што останале (вклучително и делото на Скилица), секако, не биле буквален портрет или репортажа за она што се случувало.

Реферирајќи уште еднаш на спомнатата класична студија на Д. Ловентал во која се занимава со природата на историјата како научна дисциплина, ќе истакнам дека историчарот не селектира од севкупноста на она што се случило (res gestae), туку од други записи *за тоа што се случувало* (historia rerum gestarum). Оттука, ниту еден процес на верификација, вели Ловентал, не може целосно да потврди дека ние ја знаеме вистината за минатото; изворите ги прифаќаме или ги отфрламе единствено врз основа на нивниот внатрешен кредибилитет и нивната усогласеност со други познати и посигурни, подоверливи извори. Ниту еден историски извор не може да го воспостави минатото онакво какво што било, бидејќи минатото не е историски извор; тоа е неизмерна констелација од настани и ситуации. Поради тоа е невозможно едноставно да се постави знак на еднаквост помеѓу historia rerum gestarum и res gestae.[31] Или пак, според мислењето на еден друг историчар, истражувач на античките светови, Ф. Волбанк, историјата е учителка на животот, но и животот е учител на историјата.[32] Кажано поинаку, минатото постои како синџир од „ретроспективни реконструкции" создавани и одржувани, пред сè, од нас, историчарите, и од занаетот на кој сме му се посветиле.

Сосема на крајот да истакнам дека во заднината на оваа статија не стои идејата за одрекување на можноста за спознавање на минатото. Напротив, целта на статијата е уште еднаш да се обрне внимание на тешкотиите во работата на медиевистите, на внимателноста со која се претпоставува дека му пристапуваме на средновековието од кое нè одделува огромна временска и културна дистанца во согласност со потребата од постојана критичка рефлексија за природата на нашата дисциплина – историјата. Енигмите што ги следат Самоил и неговото време, како и во многу други случаи во средновековието, многу малку дозволуваат да се изнесуваат цврсти судови, а воедно се исклучително податни за најразлични хипотези, дубиози, анахронизми и сл.

31 D. Lowenthal, *The Past…*, 215.

32 F. W. Walbank, „The Problem of Greek Nationality", *Phoenix, vol. 5, 2/1951*, 60.

Irena STEFOSKA

**ABOUT SOME METHODOLOGICAL PROBLEMS IN THE STUDY OF SAMUEL'S EMPIRE**

The article attempts (sine ira et sudio) to re-think some methodological problems related to the history of Samuel's Empire. The goal is to analyze several specific historical episodes and, in particular, their interpretations through the prism of critically-oriented medieval studies, and also through the theoretical framework of studies that deal with the nature of history as a science discipline. Quite briefly, the article also discusses issues related to national history and popular imagination.

**Keywords:** Samuel's State, Skylitzes, Basil II, retrospective reconstruction, national history, popular imagination.

**Стојко СТОЈКОВ***

# ЦАРСТВО, ЕТНИЦИТЕТ[1], НАСЛЕДСТВА, ИНТЕРПРЕТАЦИИ

## САМОИЛОВОТО ЦАРСТВО МЕЃУ НАЦИОНАЛНИТЕ МИТОВИ И НАУЧНИТЕ КОНТРОВЕРЗИИ

Државата на комитопулите, создадена пред повеќе од еден милениум, веќе подолго од еден век претставува предмет на спорови и на контроверзии кои создале планина од стручна и популарна литература. Сознанието дека една статија во такви услови тешко дека ќе може да ја тргне планината, сепак не треба да биде причина да се откажеме од обидите за расчистување на прашањево. Без претензии за решавање на сите проблеми и за давање конечни одговори, оваа статија е насочена кон најспорниот и најкомпромитираниот аспект: етницитетот, „карактерот“ и „припадноста“ на тоа царство.

Во повеќе извори Самоиловата држава се нарекува „бугарска“, па така дискусијата во науката се развила во три правци: идентичност на името со содржината, сфаќање на именувањето како форма која носи различна содржина или, на крај, обид да се избегне самото прашање. Така, во историографијата се оформил доста широк консензус (макар и не целосен) во однос на *формата* – бугарско царство, а како спорна се јавува *содржината*. Дали е тоа едноставно продолжение на царството на Симеон и на Петар?[2] Дали е во прашање квалитативно

* Институт за историја и археологија, ФОН, УГД – Штип.

[1] Терминот *етницитет* го употребувам како аналитичка категорија и во смисла на (само) идентификација со поголема популација доживувана како заедница со општо потекло и име, односно она што би можело да се нарече и манифестација на постоењето на етнос – можна, но не и задолжителна интерпретација. Само тоа можеме реално да го набљудуваме за разлика од самите „етноси“, кои почесто ги претпоставуваме преку внесување современо значење и современи интерпретации во средновековните поими и појави.

[2] Привзаниците на ставот за еднаквост меѓу формата и содржината акцентот го ставаат на сличностите меѓу ова царство и она на Симеон и на Петар и особено на титулите што ги носат Самоил и црковните поглавари (Obolensky Dimitri, *Byzantium and the Slavs*, New York, 1994, 62; во прогласувањето на Самоил за цар и обновувањето на бугарската патријаршија од Самоил увидува „his deliberate assumption of the traditions of the First Bulgarian Empire“), а и на континуитетот на одредени титули, именувањето во изворите на владетелот, државата, војската и на населението, фактот што комитопулите припаѓале на елитата во Бугарија, а пак нивното востание и државата се наоѓаат на дел од територијата на поранешното Бугарско Царство (Златарски Васил, *Образуването на българската народност*, Избрани произведения, т. 1, София 1972, 314–368; Мутафчиев Петър, *История на българският народ*, София, 1992, 224, 225; Павлов Пламен, *Залезът на първото българско царство (1015-1018)*, София 1999,

нова појава, која формално и идеолошки се повикува на поранешното Бугарско Царство?[3] Или, конечно – појава целосно независна по форма и по содржина?[4] Меѓу двата крајни пола – *идентичноста и различноста*, се искажани цел спектар компромисни ставови.[5]

15; Norwich John, *Byzantium, The apogee*, New York 1994, 236, 237; Fine John, *The Early medieval Balkans, A Critical Survey from the Sixth to the Late Twelfth Century*, Michigan 2008, 189–121 (ја нарекува New Bulgarian state in Macedonia); Божилов Иван, Гюзелев Васил, *История на средновековна България, 6-14 в.*, София 1999, 316, 317). Учените кои особено инсистираат на еднаквоста силно ја истакнуваат, инаку, неверојатната хипотеза дека евнухот Роман, Петровиот син, бил признат за цар од комитопулите (Мутафчиев, История, 222). Критика кај: Ферлуга Јадран, *Византијски извори за историју народа Југославије*, т. III, Београд 1966 г. (понатаму: *ВИИНЈ 3*), 75, бел. 19; Стојков Стојко, Крунисувањето на цар Самуил и митот за царот евнух, *Гласник на институтот за национална историја (*понатаму: *ГИНИ)*, г. 58, бр. 1-2, Скопје, 2014, 73–92.

3 Застапниците на тезата дека под сличната форма се крие различна содржина акцентот го ставаат на новиот политички и духовен центар, различната надворешна политика и различните интереси (со впечатливо слабо интересирање за некогашниот политички и духовен центар на Бугарија), етнички небугарското потекло на династијата, различната елита и етнички новото јадро на војската и на околноста што државата се раѓа преку востанија против централната власт во Бугарија, а потоа и против Византија (Острогорски Георгие, *Историја на Византија*, Скопје 1992, 361 („ново царство“); Ташковски Драган, Македонска држава под Самуилом и њено ширење на Балкану, *Историја народа Југославије*, т. I, Београд 1953, 276, 277, 281; Антолјак Степан, Самуиловото царство, во: *Историја на македонскиот народ*, книга прва, ИНИ, Скопје 1969 г., 117, 131, 132; истото во: *Историја на македонскиот народ*, т. 1, Скопје 1985 (понатаму: ИМН 1985), 362; Истиот, Самуиловата држава, *Средновековна Македонија*, т. 1, Скопје 1985 г., 500, 501; Панов Бранко, За етногенезата на македонскиот народ, *Средновековна Македонија*, т. 3, Скопје 1985, 25; Ферјанчиќ Божидар, *Византија и Јужни Словени*, Београд 2009, 63–66 (квалитативно нова појава); Бошкоски Миле, *Македонија во XI и XII век, надворешни упади на територијата на Македонија*, Скопје, 1997, 23, бел. 11 (нов државен конгломерат). Слично, иако и доста претпазливо: Стефоска Ирена, *Струмица и Струмичко низ вековите*, Скопје 2011, 94, 95, бел. 206, 99.

4 Антолјак, *Самуиловото царство*, 120, 131; Истиот, *Самуиловата држава*, 500, 501; Панов, *За етногенезата...*, 25; Панов Митко, Самуиловата држава во ревидираниот концепт на Византискиот комонвелт, во: *Македонија и Балканот во Византискиот комонвелт*, Скопје 2014, 37, 38, 46, 50.

5 Острогорски, *Историја*, 361–363 (држава идеолошки и по традиции поврзана со Бугарското Царство, но значително различна од него); Ферјанчиќ, *Византија и Јужни Словени*, 63 (нова словенска држава која не се јавува едноставно како продолжение на Бугарското Царство, туку претставува квалитативно нова појава). Слично и: Ферлуга, *ВИИНЈ* 3, 64, 65 ф. 2. Снегаров Иван, *История на Охридската архиепископия*, т. 1, София, 1995 г., 10; Василевски Тадеуш, Генеза на Самуиловото царство, *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава* (понатаму: 1000 години), ИНИ, Скопје 1971, 249; Shepard Jonatan, *The Cambridge history of the Byzantine empire c. 500–1492*, New York, 2008, 526, 527; Grgory Tymothy, *A History of Byzantium*, Blackwell Publishing Ltd, 2005, 243; Пириватриќ Срђан, *Самоилова држава, Обим и карактер*, Београд 1997, 182, 183; Ставови-Кафка Ирена, *Историја на Македонија*, Скопје 2002, 68, 69; Goldstein Ivo, *Hrvatski Rani Srednji Vijek*, Zagreb 1995, 335, 346 („Samuilova država makedonskih Slavena koja je od bugarskih careva zahvalno preuzela državnu i carsku tradiciju“ и „se kičila bugarskom carskom krunom“).

За овие прашања се водени вистински мини војни, при што жестината на споровите и нивниот обем далеку ја надминувале реалната научна важност на темата, што укажува на тоа дека основата на спорот не била само научна, туку (и тоа повеќе) политичка и идеолошка. Тоа го покажуваат и времето и условите во кои се јавува спорот[6] и неговата тесна поврзаност (во многу дела таа и не се крие)[7] со оправдувањето на современите национални претензии на балканските држави. Она што навистина долева масло на огнот и што најчесто се јавува зад прашањата е, всушност, вистинското прашање: *на која од денешниите нации ѝ припаѓа Самуиловата држава*? Преку присвојувањето на ова некогашно царство се докажувало право врз одредени територии во поново време и се полагало право врз предосманлиското културно-историско минато. Последното исто така не е за потценување зашто тоа на Балканот[8] се интерпретира како добивање право да се биде нација и држава и денес. Затоа спорот за Самоиловото Царство се водел не само меѓу научници, туку и меѓу нации и држави, на пример, Бугарија наспроти Србија (1905 – 1939), Југославија (1944 – 1991) и Македонија (1991 – 2015). Во случаите со Бугарија, Србија и со Југославија, позитивниот одговор се сфаќал како право на владеење со Македонија, а во случајот со Македонија – како право на национално постоење.

Конкретниот резултат од овие дебати е определувањето на Самоиловото Царство како бугарско, словенско или македонско, дефиниции кои, пред сѐ, требало да им угодат на соодветните нации претенденти – Бугарија, Југославија и Македонија.[9]

---

[6] Расправата се разгорела по трудовите на Прокиќ од првата деценија на XX в., кои биле инспирирани во не мал степен од желбата да се оспорат бугарските претензии врз територијата на Македонија во пригвечерието на нејзината поделба. Ироничен е фактот што теоријата за различност меѓу царството на Петар и она на Самоил се развила, имено, во бугарската историографија (Дринов Марин, *Южные славяне и Византия в X веке*, Избрани съчинения, т. 1, София 1971, 521–524, Иречек Константин, *История на българите*, София 1999, 195), а била оспорувана од српски научник (Анастасијевиќ Д. Н., Хипотеза о „западној“ Бугарској, *Гласник скопског научног друштва*, књ. III, Скопље 1927, 2–11). Откако дебатата била поврзана со територијалните претензии, во бугарската историографија доследно ќе се заштитува тезата за целосна идентичност на двете царства, а тезата за различноста ќе биде инструментализирана од Србија, Југославија и во Македонија.

[7] Види, на пример: Съботинов Антон, *Българският произход на цар Самуиловия род*, София 2005, 13, 14; Павлов, *Залезът*, 11–13; Истиот, Увод кон, Василка Тъпкова-Заимова, *„Българи родом“, Комитопулите в летописната и историографската традиция*, Велико Търново 2009, 5.

[8] Но не само на Балканот. Спореди, на пример, кај: Литаврин Генадий, Некоторые особенности этнонимов в византийских источниках, во: *Вопросы этногенеза и этнической истории славян и восточных романцев, Методология и историография*, Москва 1976, 200; според него, народностите на Балканот се формирале во предосманлискиот период, кој не донел коренити етнички промени.

[9] Треба да се потцрта дека не сите такви етикетирања предвидувале и етничко дефинирање на царството. Именувањето на тоа царство како словенско често има за цел да ги заобиколи споровите преку давање една поширока и неутрална рамка во која би можела да се смести која било од постојните интерпретации. Именувањето како македонско често не подразбира етницитет, туку е географско и преку него во одреден степен се акцентира различноста

Освен од исполитизираност, прашањето страдало и од неправилна поставеност, која барала и овозможувала само ограничен круг на етнички детерминирани одговори. И самиот спор до голем степен бил овозможен од (а и досега е под силно влијание на) националната парадигма која во XIX/XX в. доминирала во научната, политичката и во популарната мисла. Во таква атмосфера изгледало очигледно дека државите се создаваат од народи, дека се етнички по принцип,[10] а оттаму само по себе е разбирливо дека Самоиловото Царство му припаѓало на некој народ,[11] само треба да се одреди кој. Можните одговори биле побарани во кругот на современите претенденти, кои се јавувале како главни *инспиратори*, а често и како *порачувачи* на истражувањата. Врската меѓу Самоиловото Царство и современите нации се правела со помош на две основни тези: 1. негово прогласување за етничка држава и 2. тврдење дека современите „нации претенденти“ за Самоиловото Царство постоеле и во X в. Така, ако во средниот век на Балканот имало бугарски држави, тоа значи имало и бугарски народ, а штом Самоиловата држава е нарекувана бугарска, тоа може да се толкува само во етничка смисла. Или, штом се создала држава со центар во Македонија, тоа значи дека таа била македонска, а тоа, пак, значи дека во средниот век имало македонски народ. Ако на овие простори живееле Словени и таму се создала држава, значи таа е словенска. Тоа е, во најопшти црти, логиката преку која се определува Самоиловата држава како етничка.

Националната парадигма, меѓутоа, денес може да се смета за урната. Во истражувањата на етницитетот во средниот век, во последните неколку декади е направен значаен напредок, кој заедно со револуцијата во разбирањето на нациите и на национализмот коренито ги измени сфаќањата што порано владееја во оваа област, особено сфаќањето на етносот и на нацијата[12] врз кои е базиран целиот

(Острогорски, *Историја*, 361–363, 368, 369, 372; Истиот, Византијско-јужнословенски односи, во: *Византија и Словени*, Београд 1970, 29, 30; Аџиевски Коста, *Пелагонија во средниот век*, Скопје 1994, 35, 37, 40, 41, 58, 62). Во сите овие случаи не се зборува за „македонски народ“ или за „Македонци“, туку само за македонско царство и за македонски цар. Дел од историчарите кои го именуваат царството како бугарско едноставно се стремат кон неутралност преку користење на терминологија блиска до изворите без да се внесува етничка или современа димензија во тоа (Shepard, *The Cambridge history*…, 526, 527, 557; Runciman Steven, *A history of the First Bulgarian Empire*, G. Bell & Sons, London 1930, 217-252). Но, сепак, овие квалификации почесто се разбираат како етнички одредници.

10 Види, на пример, кај: Литаврин, *Некоторые особенности этнонимов*, 200; според него, некои народи исчезнале, а некои, напротив, се консолидирале во самостојни етнички заедници, во народности, добиле политичка независност и сега постојат во вид на нации во свои сопствени држави (Грција, Турција, Бугарија, Југославија...).

11 Дури и претпазлив научник по овие прашања каков што е Пириватриќ (Пириватрић, *Самуилова држава*, 184), макар што смета дека вековите кога постоело Самоиловото Царство не биле одлучувачки за формирањето на бугарската (а и на другите) нации, сепак е на мислење дека Самоиловото Царство играло важна улога во тоа.

12 Види, на пример: Гелнер Ернст, *Нациите и национализмот*, Скопје 2001; Андерсон Бенедикт, *Замислени заедници*, Скопје 1997; Хобсбаум Ерих, *Нациите и национализмот по 1780 г., програма, мит, стварност*, Скопје 1993; Алтермат Урс, *Етнонационализмът в Европа*, София, без година; Pohl Walter, Conceptions of Ethnicity in Early Medieval Studies, in: *Debating the Middle Ages: Issues and Readings*, Blackwell Publishers, 1998, 13–24; Johnson

спор. На нациите и на етносите повеќе не се гледа како на фундаментални и неизбежни општествени единици, кои го сочинуваат човештвото, ја обликуваат историјата и се јавуваат како нејзин двигател, туку сè повеќе како на продукт на модерноста или како ситуациски конструкти.[13] Меѓутоа, во балканските историографии новите сфаќања се применети малку, а пак за средновековниот Балкан – само во ограничен степен,[14] притоа не за целата негова територија.[15] Потребата од преиспитување на националните интерпретации во историографијата за сите делови на Балканот, и тоа ослободено од политички и од национални докажувања, е очигледна. Во случаите кога е правена сериозна критичка проверка јасно се покажувала дискутабилноста и ефемерноста на претензиите на современите балкански нации држави, често сведувајќи ја нивната „етногенеза" и средновековна „национална" историја на современ национален мит.[16]

---

Losley, Imagining Communitites: Medieval and Modern, *Concepts of National Identity in the Middle Ages*, Leeds, 1995; Smith Anthony, National Identities: Modern and Medieval?, *Concepts of National Identity in the Middle Ages*, Leeds, 1995; Putinija Filip, Stref-Penar Zoslin, *Teorije o etnicitetu*, Beograd 1997; Geary Patrick, *The myth of nations, the medieval origin of Europe*, Princeton and Oxgord, 2003; Curta Florin, *The Making of the Slavs: History and Archaeology of the Lower Danube Region*, C. 500-700, Cambridge, 2001; *Regna and Gentes: The Relationship Between Late Antique and Early Medieval Peoples and Kingdoms in the Transformation of the Roman World*, Leiden – Boston, 2003; Hilan Eriksen Tomas, *Etnicitet i nacionalizam*, Beograd 2004.

[13] Pohl, *Conceptions*, 15, 16. Види: Geary Patrick, Ethnic identity as a situational construct in the Early Middle Ages. *Mitteilungen der anthropologischen Gesellschaft in Wien* vol. 113 1983, 15–26.

[14] Меѓу поретките позитивни примери види: Grafenauer Bogo, Srjednovekovna etnička struktura prostora jugoslovenskih naroda i odnos između osnovnih etničkih jezgara kasnijih naroda, *Jugoslovenski istoriski časopis*, Beograd 1988; Ћирковић Сима, Работници, војници, духовници, *Друштва средновековног Балкана*, Београд 1997; Билярски Антон, *Публично и канонично-правна лексика в българското средновековно пространство*, Варна 2011, 182–204. Schmitt Oliver, "Mysians, Macedonians, Dardanians" – some remarks on late medieval ethnonyms in the central Balcans, во: *Македонскиот идентитет низ историјата*, Скопје 2010, 78; тој потенцира дека религијата, социјалниот статус и економскиот интерес играат многу поголема улога од јазичната и од етничката разлика при дефинирањето на идентитетот и во тоа Македонија не претставува исклучок од средновековна Европа. Види ги и корисните забелешки кај: Пириватриќ, *Самуилова држава*, 183–185.

[15] Како последна османлиска територија за поделба на Балканот, Македонија неизбежно станала мета на јазични, историски и на културни аспирации на соседните нации. Споровите за етницитетот во нејзиното минато имале чисто современ политички мотив и прашањето било сведено до тоа дали имало македонски народ во средниот век или населението во Македонија припаѓало на некоја друга (современа!) нација. Така поставено, тоа било идеологизирано и исполитизирано со претходно ограничен круг на можни одговори, и тоа детерминирани во само еден можен правец – идентификација со современите нации. Уште полоша е состојбата во однос на другите делови на Балканот, за кои априори се прифаќа дека таму постоеле народи такви или слични како денешните.

[16] Види: Fine, John V. A., *When ethnicity did not matter in the Balkans: a study of identity in pre-nationalist Croatia, Dalmatia, and Slavonia in the medieval and early-modern periods*, Michigan, 2006, 9, 41 и сл.; Ташковски Драган, *Кон етногенезата на македонскиот народ*, Скопје, 1974; Stojkov Stojko, Nationalism and the Middle ages: The Myth of Creation of Slavic-Bulgarian Nation in 9th-10th Century, *Hi-story*, www. Hi-story.org. 2002, https: //www.academia.

Самоиловото Царство се јавува како пресечна точка на неколку национални интерпретации на минатото и како такво е добра можност за пресекување на јазолот на националните митови. Во продолжение ќе се обидам да ги анализирам етничките интерпретации на Самоиловото Царство без национални очила и без непотребно етницизирање.

## СЛОВЕНСКО ЦАРСТВО

Интерпретацијата на Самоиловото Царство како словенско е постара од српско (југословенско)-бугарскиот спор за Македонија,[17] кој само го засилил тоа гледање. Овој став инсистира на центарот на државата кој е на словенски простор (каде што порано доминирале склавиниите,[18] а словенскиот е говорен јазик на мнозинското население), на ширењето на државата во словенските области на Балканот, на словенските имиња во елитата и на словенскиот јазик на државните натписи. Се додаваат и некои спорни тврдења како што се словенското потекло на династијата[19] и толкувањето на некои моменти како словенски практики.[20]

Макар што присуството на голем процент словенско население секако се одразило во културата и во некои практики, тоа не значи дека државата се јавува како производ од словенска народност или како резултат на некаков вид словенска или прословенска политика или акција.[21] Немаме никакви сигурни податоци за учеството на склавиниите во создавањето на оваа држава, ниту дека таа правно и идејно себеси се дефинирала како словенска. Таа не е нарекувана словенска во изворите, во елитата можел да влезе човек од секаков народ (види понатаму), а словенското потекло на династијата е повеќе од спорно. Словенскиот

edu/ 8640952/NATIONALISM_AND_THE_MIDDLE_AGES _The_Myth_of_Creation_of_Slavic-Bulgarian_Nation_in_9th-10th_Century; Истиот, *Поимите Словени и Бугари од 7 до 13 в.*, Скопје 2013, докторска теза во ракопис; Schmitt, Mysians, Macedonians, Dardanians“, 73–78. За улогата на националните митови во интепретацијата на историјата на овој простор види: Proeva Nade, Savremeni makedonski mit kao odgovor na nacionalne mitove suseda, *Zgodovinski časopis*, 64, 1–2, Ljubljana, 2010, 176–212; Истата, Националните митови во современа Европа и негирањето на македонскиот идентитет, *Slavia Meridionalis*, 12, Warshawa, 2012, 108–158.

17 Слични погледи имало и порано во врска со широко распространетата мода на словенофилството. Спореди: Иречек, История, 196; тој на Самоиловата држава гледа како на конгломерат од кнежевства на чело со потомците на словенските кнезови што некогаш го напаѓале Солун.

18 Меѓу другите на тоа сугерираат: Антолјак, *Самуилово царство*, 131; Ташковски, *Македонска држава*, 281; Стефоска, *Струмица и Струмичко*, 94, 95, бел 206.

19 Повикувајќи се на името што Ана Комнина му го дава на родоначалникот на династијата – Мокрос. Annae Comnenae, *Alexias*, ex rec. Augusti Reifferscheidii, vol. II, Lipsiae, 1884, 172, 8–10.

20 Острогорски, Византија и Јужни Словени, во: *Византија и Словени*, Београд 1970, 15; Ферјанчић, *Византија*, 63–66; Антолјак, *Самуиловата држава*, 362; Панов, *За етногенезата*, 23; Истиот, *Македонија низ историјата*, Скопје 1999, 72, 75. Спореди: Пириватрић, *Самуилова држава*, 182, 183.

21 Спореди и: Fine, *The Early medieval Balkans*, 191.

јазик користен во неа и на официјалните владетелски натписи, исто така, не е доволна основа за тоа државата да се смета за словенска – словенскиот писмен јазик веќе ги имал надминато етничките словенски граници еден век порано, а се јавува и како меѓународен во Источна Европа.[22]

## МАКЕДОНСКО ЦАРСТВО

Македонската етничка интерпретација гледа на Самоиловото Царство како на средновековна држава на македонскиот народ, во која со обединување на склавиниите завршил процесот на создавање единствена народност,[23] или барем – како на етнички конгломерат во кој се најбројни и како јадро се јавуваат Македонците.[24] Генералната слабост на оваа хипотеза е тоа што не може да најде потпора во изворите за основното тврдење. Во изворите не е регистрирана македонска етничка самосвест или самоидентификација во границите на Самоиловото Царство,[25] ниту пак во нив поимите „Македонија“ и „Македонци“ се поврзуваат со оваа држава и со луѓето во неа. Исто така, ниеден современ извор не забележал создавање посебен народ во текот на X в. во Македонија (а и општо на територијата на Бугарското Царство). Затоа и не е чудно што оваа хипотеза не наишла на целосен прием дури и во македонската историографија.[26]

## БУГАРСКО ЦАРСТВО

Мислењето дека Самоиловото Царство се јавува како држава на бугарскиот народ има посилни позиции од другите две тези, пред сè, благодарение на именувањето на државата во дел од изворите како бугарска. Но, *бугарско царство*

[22] Познат факт е дека литературните јазици во средниот век (особено во раниот) се меѓународни и не ја дефинираат етничката припадност на населението, факт кој често се заборава кога е во прашање словенскиот. Првите несловени кои го примениле како писмен биле Бугарите (Турки) (крај на IX в.), од крајот на X в. Русите (век пред конечно да се словенизираат), а потоа ќе биде писмен јазик и на Власите.

[23] Панов, *За етногенезата*, 23, 24.

[24] Антолјак, *Самуиловата држава*, 500, 501; Ташковски, *Македонска држава*, 277. Како „држава на македонските Словени“ ја одредуваат и: Ферјанчиħ, *Византија*, 63, 66 и Goldstein, *цит. дело*, 335, 346.

[25] Fine, *The Early medieval Balkans*, 191, на пример, е на мислење дека во тоа време Македонија е само географски поим и македонско етничко чувство не постои. За значењето и опфатот на поимите Македонија и Македонци види: Koder Johannes, Macedonians and Macedonia in Byzantine spatial thinking, 12–28; Ioannis Tarnanidis, The Macedonians of Byzantine period, 29–49; Macedonians in eleventh- and twelfth- century Byzantine historiography, 69–78, in: *Byzantine Macedonia, Identity image and history*, ed. John Burke and Roger Scott, Melbourne 2000; Schmitt, *„Mysians, Macedonians, Dardanians“*, 73–78.

[26] На пример, во *Историја на македонскиот народ*, група автори, Скопје 1988 г., 43, не само народот, туку и царството не е наречено македонско. Слично: Стефоска, *цитираното дело*, 94, 95, бел. 206, 99. Некои автори користат Македонско Царство, но не и Македонци (Аџиевски, *Пелагонија*, 35, 37, 40, 41, 58, 62).

и *држава на бугарскиот народ* се две различни категории кои не треба да се поистоветуваат. Сличноста во именувањето меѓу денешните етноси и некогашните држави ни оддалеку не значи еднаквост, па дури ниту поврзаност, во спротивно најблиски наследници на Pax Romana и на Ромеите денес би биле Ромите.[27]

Претензијата дека Самоиловото Царство било етнички бугарско[28] се базира на доста раширената хипотеза, според која, во IX/X во Бугарија се создал нов словенски народ со мешање на турските Бугари со словенско мнозинство, народ кој понатаму се јавува како столб и носител на бугарската државност,[29] а денес истиот постои како бугарска нација. Во времето на целосна превласт на националната парадигма во историската наука, постоењето на неколку држави слични по име и по простор, а различни по време создавало неодолив впечаток дека зад нив стои еден народ кој ги создава и им го дава своето име. Имено, во верувањето дека државите се создаваат од народи, како и во простото решение што се дава за една комплицирана проблематика, е главната сила на оваа теза. Основното тврдење изгледало како аксиома[30] која не треба да се докажува, туку да се опишува и да се објаснува.[31] Во тесните рамки на националната парадигма, колку и да била проблематична оваа теорија, таа била без алтернатива, без разлика што повеќе ги задоволувала потребите на времето за национално осмислување на историјата отколку научните критериуми. Денес сѐ уште има свои позиции во науката повеќе затоа што нема понудена алтернатива и поради неимплементирањето на новите достигнувања во областа на етницитетот.[32] Но дали еден таков приод и една таква теорија базирана на парадигма отфрлена во науката може и денес да ги задоволи научните критериуми и да ги објасни средновековните реалности? И дали сличноста во именувањето меѓу современата национална бугарска држава и средновековните бугарски држави се должи на нивната етничка поврзаност или на едноставниот и премногу вообичаен

27 Пол многу правилно констатира: „We should be very cautious in identifying gentes bearing the same name in different contexts. As long as there is no apparent link between the two groups of the same or similar name, no direct connections should be postulated – far less an identity, direct origin, or common ethnic substance.“ (Pohl, *Conceptions*, 22) Теза постулирана за антиката и за средниот век која е сосема актуелна и за односот на современите нации спрема заедници со исти имиња во минатото.

28 Спореди го тврдењето на Снегаров (*История*, 10, бел. 1): „Македонските Словени во X в. имале иста таква бугарска национална свест каква и бугарските Словени во Мизија и во Тракија.“

29 Таквото гледиште е општо прифатено во бугарската историографија (спореди го трудот на Ангелов Димитър, *Образуване на българската народност*, София, 1971), но се среќава и надвор од неа (пр. Г. Ловмяньский, Произхождение славянских государств, *Вопросы истории*, 12, Москва, 1997, 190, Fine, *The Early medieval Balkans*, 128–129, 164).

30 За оваа тенденција меѓу историчарите генерално види го коментарот на: Майкъл Хейнс, Историкът и идеятя за нацията, *Исторически преглед* (понатаму: *ИП*), БАН ИИ, г. 54, кн. 5-6, София 1998, 218.

31 На пример, кај Димитар Ангелов, *Образуването* (целата книга), никаде не е ставена под сомнение, ниту проверена основната теза што се истражува. Слично кај: Кацунов Валери, Етнокултурен модел на историческото самосъзнание през българското средновековие, *ИП*, г. 57, кн. 7, София 1991, 36–48.

32 Важен обид за критичко преосмислување прави Пириватриќ, *Самоилова држава*, 181–184.

феномен на изградување на нацијата преку земање на некое славно историско име? Тоа што трите бугарски држави биле создадени од три различни, во јазичен и во етнички аспект, елити (турска, влашка, словенска) доста јасно го сугерира второто...

Во изворите од IX/X в. нема забележано ниту појава на нов (словенски или друг) народ на Балканот, ниту асимилирање на Бугарите.[33] Напротив, византиските извори до крајот на X в. продолжуваат да сметаат дека Бугарите се етнос од турско потекло[34] и во случаите кога го употребуваат поимот Бугари во етничка смисла тие се доволно јасни дека тие живеат во Добруџа, а не на сета територија на Бугарија.[35] Единствената разлика што е забележана во византиските извори во однос на Бугарите во овој период е нивната христијанизација и приближувањето кон Ромеите.[36] Во истото време во кое словенските текстови создавани во Бугарија одбележуваат своевиден врв во декларирањето на словенската самосвест се забележани паралелни случаи и на бугарска самосвест во

---

[33] Такви сериозни промени во непосредното соседство тешко дека би останале незабележани. Види за коментирањето на таквите процеси кај византиските автори: лексиконот Свидас (исчезнување на Аварите уништени од Бугарите, *Suidae Lexicon, graece et latine*, Thoman Gaisfordum, Godfedus Bernhardy, tomus prior, Halis et Brunsvigae, 1853, col 14, 1, 9–20), или кај Пахимер (Монголите): откако ги потчиниле народите по северниот брег на Црното Море и „со текот на времето со нив се измешаа и оние што живееја во внатрешноста, ги имам предвид Аланите, Зинхите, Готите, Русите и други соседни родови. Овие етноси ги примаат нивните обичаи и заедно со обичаите ги прифаќаат јазикот и облеката на оној етнос и стануваат нивни сојузници. И по не многу време тохарскиот народ стана неизбројлив.“ (*Georgii Pachymmeris de Michaele et Andronico Paleologis*, libri XIII, rec. Immanuel Beckerus I -II, Bonnae, 1835, 345, 3–9)

[34] Ги споредуваат со Хуни, Хазари, Авари, Кутригури и со Кумани. Никола Мистик му пишува на царот Симеон: „τῶν ᾿Αβάρων γένη, ὧν ὑμεις ἀποσπάδες (...) γεγονατε“ (Migne J.-P., *Patrologiae Graecae*, t. CXI, Paris 1863, col. 81 C); Генезиј: „ὁ δὲ ἀρχηγὸς Βουλγαρίας, οἷς τὸ γένος ἐξ Ἀβάρων τε καὶ Χαζάρων, ἀπὸ Βουλγάρου κυρίου ὄνομα“ (Iosephi Genesii, *Regum libri Quattur*, Corpus Fontium Historiae Byzantinae (понатаму: CFHB), vol. XIV, s. Beroliensis, 1978, 61, 91–93); Монемвасијската хроника: „Γένος οἱ Ἀβαρες ἔθνος Ὀυνικὸν καὶ Βουλγαρικὸν“ (*Гръцки извори за българската история* (понатаму: ГИБИ), т. 6, София, 1965, 66, 67); Лав Ѓакон: „λέγεται γὰρ Μυσοὺς ἀποίκους τῶν ὑπερβορέων Κοτράγων, Χαζάρων τε καὶ Χουμάτων ὄντας. ὁμωνύμως δὲ τὴν χώραν ἀπὸ Βουλγάρου (τῶν σφῶν φυλάρχου) Βουλγαρίαν καλέσαι“ (Leonis Diaconi Caloensis, *Historiae libri* X, Corpus scriptorum historiae byzantinae (понатаму: CSHB), Bonnae, 1828, 103, 18–23).

[35] Житие на Еварест: „ἔθνος ἐστὶ σκιθικὸν ἔνδον τοῦ Αἵμου ὄρους παρὰ τὸν Δανούβιον ποταμὸν ᾠκισμένον, οὓς καλοῦσι Βουλγάρους“ (*ГИБИ* 4, София 1964, 315). Говор за мирот со Бугарите, *ГИБИ*, 5, БАН, София 1964, 93, Genesii, 61, 3–6; Constantine Porphirogenitus, *De administrando imperio*, Washington, 1967, 176, 7–12, & 40); *Costantino Porfirogenito de Thematibus,* ed. A. Pertusi Roma, 1952, 84; Theophanes Continuatus, Ioannes Cameniata, Symeon Magister, Georgius Monachus, Rec. I. Bekker, CSHB, Bonnae 1838, 358 21, 22; Leonis Grammatici, *Cronographia*, ed. Im. Bekkeri, CSHB, Bonnae 1842, 268, 10-12; Leonis Diaconi Caloensis, *Historiae libri X*, rec. Hasii C. B., CSHB, Bonnae, 1828, 62, 19, 20, 104, 5–10; Стојков, *Поимите*, 223–227.

[36] *The Taktika of Leo VI*, CFHB, Washington, 2010, 458, 295–29; Слово за мирот со Бугарите (*ГИБИ* 5, 93), Ioannis Caminiatae, *De expugnatione Thessalonicae*, Berolini, 1973, 10, & 9, 58–60; Живковиќ Тибор, *Јужних Словена под византиском влашћу 600 – 1025*, Београд 2007, 181, 182.

Добруџа.[37] Во изворите несловенските Бугари на Балканот се забележуваат сè до XIII в., а од Шкорпил аргументирано била поддржана тезата дека како нивни потомци се јавуваат туркојазичните христијани Гагаузи во Добруџа,[38] а не словенојазичната бугарска нација.

Како директна негација на претпоставеното создавање нов бугарски народ се јавуваат изворите од периодот 1118 – 1185 г., во кои не се спомнуваат Бугари во Мизија и во Тракија; „Бугари“ се јавуваат само во Централниот Балкан. Постојат индиции дека Словените од Источниот Балкан од тоа време не се нарекувани Бугари.[39] Поимот Бугари во овој период не се јавува како етнички, туку како административен, поврзан со темата „Бугарија“ и со диецезата на Охридската архиепископија.[40] „Бугарите“ од XI/XII в. се исто толку народ колку и „Македонците“ и „Тракијците“ од соодветните теми, а исто толку етнички се и нивните „бугарски“ востанија.

Поглед „одвнатре“ ни даваат словенските извори што биле создавани во Централниот и во Источниот Балкан од IX до XIII в. Во нив се забележува словенска (само)свест, при што под Словени се мисли на припадниците на еден народ кој живее во Византија, Бугарија, Далмација и во Велика Моравија, народ со, генерално, еден јазик и обичаи.[41] Поимите Бугари и Словени се јавуваат во

---

37 Во Легендата за железниот крст и особено во Чудото на св. Ѓорги со Бугаринот и во Чудото со Климент. Ѓорѓи, според изворот, се изјаснува дека е „ѡт ꙗзыка есмъ новопровештенаго блъгарьска„. Калоянов Анчо, Спасова Мария, Моллов Тодор, *„Сказание за железния кръст“ и епохата на цар Симеон*, Велико Търново, 2007, 178, 184, 185, 186, 207. За овој циклус и за неговото толкување види и: Златарски Васил, Кои са били вътрешните и външните боляри, *Избрани произведения, т. I*, София 1972, 304–310, Христов Янко, *Щрихи към „Сказание за железния кръст“*, Благоевград 2011, 10, 11.

38 Недков Борис, *България и съседните ѝ земи през XII век според Географията на Идриси*, София, 1960, 18, 93, 105 („земја на Бурџаните“); Вилхелм Рубруј (ср. на XIII, *Латински извори за българската история* т. 4 (понатаму: ЛИБИ), София 1981, 195, 204, 228), *The “Opus Majus” of Roger Bacon*. London: Williams and Norgate, 1900, 359, 366, 30, 374, 375 (1268 г.). Шкорпил Карел, Материали към въпроса за съдбата на прабългарите и на северите и към въпроса за произхода на днешните гагаузи, *Byzantinoslavica* V, Prague, 1933–1934.

39 Во прашање е случајот со „δύο βαρβάρων Σθλαβογενῶν, τοῦ Βορίλου φημί καὶ τοῦ Γερμανοῦ“, за кои спомнува Ана Комнина (Annae Comnenae, *Alexias*, ex rec. Augusti Reifferscheidii, vol. I, Lipsiae, 1884, 59, 23–60, 1), а кои Вриениј ги нарекува Скити и Мизи (Nicephori Bryennii, *Commentarii*, ed. A. Meineke, Bonnae, 1836, 146, 11). Како што одбележува Коматина, нив „никој не ги нарекува Бугари. Тоа е најдобриот контрааргумент на тезата за бугарскиот етнички карактер на поимите Бугарија и Бугари во изворите во XI и во XII век.“ (Коматина Предраг, Појам Бугарске у XI и XII веку и територија Охридске Архиепископије, *Византијски свет*, Београд, 2012, 47, 48). За „Паристриони, гранка на Скитите род неверен словенски и варварски“ зборува во XIII в. Јоан Цеца, Ioannis Tzetzae, *Epistolae*, Theod. Pressel, Tubingae, 1851, 93 (според Александар Каждан, во случајот, поимот Словен е употребен како „роб“, *Византийски временик*, т. 34, 1973, РАН, Москва, 289).

40 Види повеќе кај: Коматина, *Појам Бугарске*, 42–55. Проева во: Алфред Делакулонш, *Лулката на македонската државност*, Скопје, 2000, 9, 15.

41 Во Пространото житие на Методиј, на пример, се тврди дека василевсот му дал да управува со словенско кнежевство како да предвидувал дека ќе го испрати „оучитела словѣнем (…)

различни категории, при што Бугарите се поврзуваат со Хуните, Унгарците и со Куманите, но не и со Словените.[42]

Не други, туку византиските автори, и тоа само мал дел од нив (Теофилакт, Кекавмен и некои локални), во втората половина на XI в. први ќе ги поврзат поимите Словени и Бугари, но не како име на одделен словенски народ, како што погрешно се интерпретира тоа, туку како синонимна употреба на двата поима – кај Теофилакт Словените се Бугари и Бугарите се Словени, а не дел од нив. Во бугарската земја влегуваат и Велика Моравија и цел Илирик.[43] Слично на тоа, и Хоматијан во XIII в. ќе ни зборува за Бугарите Мизи во „Панонија и Далмација, во Тракија и Илирик, а и голем дел од Македонија и од Тесалија".[44] Имено, од византиските извори подоцна, преку преводи, таквото *изедначување во апсолутна смисла* ќе навлезе и во некои словенски извори. Доволно е да се потсетиме на Солунската легенда и на нејзиното „народите словенски наречени Бугари."[45]

Во случаите кога во словенските извори се користи „бугарски јазик" (по XIII в.), генерално се мисли на црковнословенскиот, а не на посебен словенски јазик. Всушност, идеја за постоење на повеќе од еден словенски јазик на Балканот до крајот на средниот век и нема. Атрибутот „бугарски" за словенскиот јазик во доцниот среден век ќе биде од ист карактер (макар што никогаш до ист степен и со иста рашireност) со именувањето на грчкиот јазик како ромејски, т. е. словенскиот на моменти е сфаќан како официјален јазик на бугарската империја, а не како јазик на посебен бугарски словенски етнос.

и перваго архиеп҃па за да ги проучи сите обычаемъ словѣнскыимъ„ (Климент Охридски, *Събрани съчинения*, т. 3, София 1973 г., 188), при што имаме директно изедначување според јазик и обичаите на Словените во Византија со оние во Велика Моравија, каде што, имено, ќе биде испратен Методиј.

42 Григориј Мних: „Сїй Ахилеоусь имъый вога своıа, иже нарицахоусıа тогда Моуръмидинос, нынѣ Болгаре и Ѹнноу" (Калайдович, *Иоаннъ экcархъ Болгарскій*, Москва, 1824 178, 181); во словенскиот превод на Синаксарот на Цариградската црква стои: „Ѫнгры Бльгаре / при Ѹгрѣхъ Бльгаре„ (Moravcsik Gjula, Byzantinoturcica, II, 283), кое во грчкиот оригинал го нема – таму пишува „Σκυθοβουλαροι" (*ГИБИ* 5, 291). Види и Видението на пророкот Исаја од XII или XIII: „третїю част отъ Коумани, рекоми Блгаре„ (Иванов Йордан, *Богомилски книги и легенди*, 281), Стојков, *Поимите*, 210–215.

43 Види во Климентовото житие: τῶν Σθλαβενῶν γένος εἴτουν Βουλγάρων, Βουλγάρων γλώττη πρῶτος ἐπίσκοπος ὁ Κλήμης, σθλοβενικῶν γραμάτων (Милев Александър, *Гръцките жития на Климент Охридски*, БАН, София 1966, 81, 83, 89, 111, 129, 133), и во житието на тивериополските маченици: „Τιβεριουπολει τηι Βουλγαρικος επονομαζομηνηι Στρουμμτζηι" (Христо Меловски*, Москополски зборник, пролошки житија на светците*, Скопје, 1996, 61, 62).

44 Милев, *Гръцките жития*, 174, 175.

45 Иванов Йордан, *Български старини из Македония* (понатаму: *Старини*), София, БАН, 1970, 282.

Во XIV в. во словенските текстови „Бугари“ се јавува како мултиетнички и политички поим во кој се вклучуваат или сите Словени,[46] или и Србите и Власите,[47] а во „бугарската книга“ се вклучува и српската и руската.[48]

Многу илустративен пример во таа смисла претставуваат ретките случаи во кои некој сам себе се нарекол Бугарин. Во почетокот на X в. Ѓорѓи, етнички (турски) Бугарин од денешна Добруџа, изјавува дека **ѡт ıазыка есмъ новопровештенаго блъгарьска.**[49] Во 1015 г. Јован Владислав, човек од ерменско или од мешано потекло, ќе нареди на Битолската плоча да се испише дека „**[б]ыстъ Бльгарїнь родомь**„. На крајот од XI в. Бугарин ќе се нарече Теофилакт Охридски роден во Евбеја (Κάτειμι τοίνυν ἐπὶ Βουλγάρους ἀτεχνῶς Κωνσταντινουπολίτης, τὸ ξένον Βούλγαρος).[50] Макар и со големо оградување, може да се додаде и примерот со Борил, по сѐ изгледа етнички Влав, за кого во Бориловиот синодик пишува: **повелѣ (...) прѣписати съборникь ѿ грьчьскаго на блъгарьскыи свои ѫзыкь.**[51]

Според кажаното до овде, не изгледа реално да се зборува за словенски бугарски народ/етнос во средниот век.

Меѓутоа, сето ова ни дава одговор на прашањето *какви не биле*, а не *какви биле* „бугарските“ царства на Балканот. А разбирањето *какви биле* е клучно за разбирање и на Самоиловото. Потребно е да обратиме внимание на два клучни аспекта. Едниот е политичката употреба на поимот Бугари. Вториот е фактот што зборуваме за царства, т. е. империи.

Политичката употреба на поимот Бугари (а и не само на него) се среќава многу почесто од етничката. Важна особеност на средновековните извори е тоа што тие бележат политички активни популации, а не такви кои ние денес ги нарекуваме етнички. Главниот фактор што го привлекува вниманието на средновековните автори не е разликата во јазикот, културата и во обичаите, не себеименувањето и самосвеста, туку положбата на активен политички чинител, поради што, главно, се одбележуваат државите и религиските групи. Под етнос

---

46 [46] Легендата за Сивила: „**родь словѣне, рекше бльгаре**„ (Заимова В. Т. и Милтенова А., *Историко-апокалиптичната книжнина във Византия и в средновековна България*, София 1996, 255, 264, 269) Солунската легенда: „**ıезики словиньскъıе се рекше Бльгаре**„ (Иванов, *Старини*, 282).

47 Види во дополненијата кон Манасиевата хроника: „Го поминаа Бугарите Дунав и ја одзедоа (...) оваа земја во која живеат и до денес. Порано таа земја се нарекуваше Мизија. Бидејќи безбројно множтво, тие ја исполнија и оваа страна на Дунав и онаа до Драч и понатаму, **ибѡ и Власи и Сръбли и прочїи вси едино сѫтъ** (Черткова, Д. Ч., О переводѣ Манассіной лѣтописи на словѣнскій языкъ, *Рускій историческій сборникъ*, т. 6, кн. 1-2, Москва 1843, 61; Иванов, *Старини*, 620).

48 Во Разумник-Указ православните книги се три: бугарска, грчка и иверска, што значи дека под „бугарска“ се подразбира словенската книжевност воопшто (*Историко-апокалиптичната*, 298, 305).

49 *„Сказание за железния кръст“ и епохата на цар Симеон*, 178.

50 Меловски, *Москополски зборник*, 93; *ГИБИ* 9, 2, София 1994, 83.

51 Попруженко, М. Г., *Козма Пресвитеръ, Болгарскій писатель X вѣка*, Български старини, кн. XII, БАН, София, 1936, 80.

обично се разбирала власта и политичката елита,[52] а не населението, кое се јавува како менлива категорија и е дел од народот само доколку е потчинето на соодветната елита. Имено, поради тоа, загубата на политичката автономност (во постоењето и во дејствувањето) води до исчезнување на соодветниот поим од изворите, што не значи исчезнување и на популацијата со нејзиниот јазик, име, култура,[53] туку поминување во ниво на *silent existence*. И спротивно – воспоставувањето на одделна политичка единица може да доведе до појава на нов поим употребуван во изворите за нејзиното население како „народ“ без да го одразува или да го менува начинот на кој тоа население се именувало себеси.

Со ширењето на бугарската држава во IX/X в., со нејзината централизација и христијанизација во IX в., поимот Бугари освен почетното етничко значење во смисла на турски етнос населен во Добруџа, добил државнополитичко значење и започнал да се употребува за сите жители на државата без да подразбира заедничка етничка припадност. Политичкиот аспект уште повеќе се засилил со крунисувањето на Петар за *василевс,* зашто тоа му придало и универзално надетничко значење на поимот „Бугари“. Под поимот Бугари ќе бидат опфатени, а со тоа и „скриени“, сите поданици на оваа мултиетничка држава: Словените, чии писмени луѓе во овој период ја промовираат најсилно сесловенската самосвест, Власите, кои „одеднаш“ ќе се појават по падот на Бугарското Царство,[54] Бугарите и сл. Византиските автори во X в. се сосема свесни за мултиетничноста на Бугарија – за нив жителите на Бугарија се *koinon* (заедница) и *laos*,[55] хетерогена заедница, која понекогаш ја споредуваат со ромејската.[56]

---

52 Pohl Walter, Conceptions of ethnicity in Early Medieval studies, *Archaeologia Polona*, vol. 29, 1991, 41; Хобсбаум, *Нациише и национализмош*, 106–108.

53 Види: *Theophanis Chronographia*, Carolus de Boor, vol. 1, Textum graecum continens, Lipsiae, 1883, 284, 17–22; кога хаганот го „погубил етносот на Антите“, „дел од варварите [т. е. Антите, заб. С. С.] пристапиле кај Ромеите“. Ана Комнина ни зборува за Печенезите како за народ кој бил уништен за една ноќ, а потоа ја опишува судбината на припадниците на тој веќе „уништен“ народ (*ГИБИ 8*, София, 1972, 91, 92). Од друга страна, етноси исчезнати од изворите со векови се појавуваат на историската сцена при промена на политичките услови – како Езерците и Милинзите, кои не биле спомнати од X в. до 1204 г., кога крстоносците ги преоткриваат на Пелопонез.

54 *Ioannis Scylitzae Synopsis Historiarum*, Berlin, 1973, 329, 79, 80; Illyes E., *Ethnic continuity in the Carphato-Danubian Area*, Hungary, 1992, 5.

55 Лаос (Laos) се јавува како надетнички поим за народ, поврзан со идејата за Божјиот народ на земјата, за црквата, за Ромеите како Божјиот народ. Се употребувал понекогаш и во смисла на војска, а макар и ретко – за означување големи хетерогени пагански заедници.

56 Уште Фотиј му зборува на Борис за неговиот којнон, Ангелов Димитър, Византийски влияния върху средновековна България, *ИП*, IV, 4-5, София 1948, 405; во: Ангелов Димитър, *Проучвания по византийска история*, София 2007, 361; понатаму го наоѓаме и во За церемониите: „τὸ κοινὸν τοῦ λαοῦ’ (Constantine Porphyrogennetos, *The book of ceremonies*, vol. 2, Canbera 2012, vol. 2, 681, 682); кај Јован Каменијат (Caminiatae, 10, & 9, 58–60); во писмата на Никола Мистик до Симеон (Migne J.-P., *Patrologiae Graecae*, tomus CXI, Paris 1863, col. 77 D), Theophanes Coninuatus, 165, 1, 2, 8–10 и др. Поопширно види кај: Стојков Стојко, Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија: Константа и еволуција на сфаќањата во византиските извори во X в., *ГИНИ*, г. 59, бр. 1-2, Скопје, 2015, 63–86.

Особено важно, а недоволно вреднувано значење има фактот што Бугарија во X в. станала царство. Титулите цар – император – василевс во средниот век се употребуваат за една иста појава, три збора на три различни јазика за истиот поим. Но, фактот што Бугарија станала титуларна империја се запоставува, бидејќи таа изгледа премногу мала и неразвиена за еден толку широк поим. Но прашањето не е во оправданоста на титулата, туку во нејзиното сфаќање и во влијанието кај современиците. Да се гледа на Бугарското Царство како на етничка држава во контраст со Византија е суштински и фактолошки погрешно. Бугарија е царство кое свој модел има во Византија.[57] Како такво, по дефиниција е надетничко, а по состав мултиетничко.

Врзувањето на поимот Бугари со императорската титула имало далекосежни последици. Се создало првото, во европскиот среден век, неримско, според титулата, царство. Иако се родило, под стек на околностите, како последица од неуспешното посегање по византиската титула и како од никого непосакуван компромис,[58] идејата за него и за бугарската царска титула повеќе не можела да биде поништена (независно од напорите на Јован Цимискиј), туку ќе продолжи да постои како можност, како алтернатива, како резервна опција. Таа ќе биде единствената вакантна царска титула надвор од римската традиција и како таква ќе биде привлечна за амбициозни лидери од различно етничко потекло од територијата на поранешното Бугарско Царство. Слично како во Византија, секој поданик, независно од јазикот, културата и од потеклото, бил Ромеј, кој можел да претендира и ако успее – да стане василевс на Ромеите. И навистина, во наредните векови луѓе од различно потекло – Ерменци, Власи, Татари, Срби, ќе посегаат по бугарската царска титула и ќе ја носат.

Имено, титулата ќе му даде виталност на поимот Бугари. Не имагинарен народ – носител на државноста, туку царската титула е она што ќе го одржи во живот овој поим и ќе помогне за негова реинкарнација во ромејско-влашката

---

57 Пириватриќ, *Самуилова држава...*, 147, Лероа – Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, *1000 години*, 70. Biliarsky Ivan, *Word and power in medieval Bulgaria*, Leiden – Boston, 2011, 193: „The Bulgarian state (...) eventually turned into a Christian state of an imperial type modelled after the Eastern Roman Empire.“ Cf.: Станкова Радослава, Топоси за изобразяване на владетеля светец и светеца войн в южнославянската книжнина от XIII в., во: *Slověne = Словѣне*, *International Journal of Slavic Studies*, Vol. 2, No. 1, Moscow, 2013, 125.

58 Симеон не сакал да создава ново царство, како што понекогаш сè уште се среќава во науката (Stephenson Paul, *Byzantium's Balkan Frontier, A Political Study of the Northern Balkans, 900–1204*, 2006, 19–22; Божилов Иван, Цар Симеон Велики (893-927); от „варварска“ държава до християнско царство, во: *История на средновековна България VII–XIV в.*, София, 1999, 254, 255), туку, едноставно, да стане ромејски василевс (Obolensky Dmitri, *Byzantium and the Slavs*, New York 1994, 52). На неговите печати ја наоѓаме титулата „василевс“ или „василевс на Ромеите“ (Συμεὼν ἐν Χριϛ[τῷ] Βασιλε[ύς] Ῥωμέων), што се потврдува и од современите извори (ἐν Χριστῷ Βασιλεύς Ῥωμαίων, со која Симеон е поздравен од војската и со која се потпишувал во писмата (Symeoni Magistri, *Annales*, Rec. I. Bekker, CSHB, Bonnae 1838, 737, 3; Leonis Grammatici, 311, 22, 23; Theophanes Coninuatus, 408, 14–16). И покрај големиот број негови печати што се пронајдени, нема печат на Симеон со титулата василевс на Бугарите (Йорданов Иван, *Корпус на печатите на средновековна България*, София, 2011, 48– 53).

апостасија на Петар и на Асен.[59] Објективно, имаме не една држава на еден народ, која повремено губела независност, туку три држави со етнички различни елити, различни територии и политички центри, а обединети од слична титула и претензија, чии владетели ја земале бугарската царска титула и владееле со население од различно и, најчесто, недефинирано потекло. Не зборуваме за единствена појава, туку за различни појави именувани со ист поим.[60] Зборуваме за варирање во содржината и за користење на поимот Бугари во времето и во просторот, а не за еволуција на една единствена појава.

При целата оваа променливост и неодреденост, не е чудно што елитите на овие формации имале проблем во дефинирањето на поимот Бугари, па така и нема да стигнат до сфаќањето за себе како за нешто посебно и различно од „единственото царство" (Византија). Тоа се гледа и од честата употреба на титулата „цар на Бугарите и на Грците" (XIII/XIV в.), и од претензиите за престолот во Константинопол (Симеон, Петар, Калојан, Јоан Асен II), и од користењето на метафорите Израил и Јуда за Бугарите и за Ромеите,[61] како и од тоа што не бил изграден мит за потеклото на „Бугарите". Очигледно е немањето постојана *Traditionskern* (Wenskus) група која би одржувала некаква единствена бугарска традиција.[62] Затоа бугарските царства во средниот век нема да развијат своја посебна историографија, туку ќе се задоволат со преводи на византиски историски дела, кои само по исклучок ги дополнувале.[63]

Значи, јасно е дека поимот Бугари во средниот век го немал значењето што му се придава денес. Поимот опфаќа различни појави – различни по време, содржина и по територија, кои во модерното време, во процесот на создавањето на бугарскиот национализам и на неговата митологија се замислени како единствена појава и им е дадено ново унифицирано значење. Додека за бугарските националисти во XX в. Македонија е „бугарска земја", за средновековните бугарски цареви и поглавари, како Јоан Асен II и патријархот Ефтимиј, таа заедно со Тракија била „Романија" и „грчка земја", а кога царевите од Второто Бугарско Царство ќе се

---

[59] Види го коментарот за овие настани на: Stephenson, *Byzantium's Balkan Frontier*, 293, 294.

[60] Затоа тешко може да се прифати, инаку, досега најдобрата понудена формула „Бугари" да се гледа како „наднационална" припадност слична на „Грци" (Ромеи) и како „наднационален" бугарски модел пандан на византискиот (Петров Др., Към общата теория на митологичното поле (един опит за реконструиране на българския християнски пантеон и родословна легенда), *Литературна мисъл*, 8, 1991, 146, 147.

[61] Слово за мирот со Бугарите, *ГИБИ 5*, 85, 89, 94, 96; Вачкова Веселина, *Въображаеми и реални граници в ранносредновековна Европа, (III-X)*, София, 2001 187, 190–192. Авторката констатира дека под византиско влијание ќе се развие „чувството за неприродноста во посебното постоење на двете држави". Потоа: „Бугарија навистина се оформува во еден нов Израил, (...) израз на една иста идеја за Царството Божјо на земјата (...) зашто од двете страни на границата живее едниот и единствен избран од Бога народ." Уште и: „Претставата за заедницата меѓу Бугарите и Ромеите во духовните и во физичките рамки на христијанското царство е доволно добро посведочена во официјалната литература."

[62] Малиот број обиди да се дефинира бугарското потекло во средниот век ги наоѓаме во извори со изразено апокрифен карактер (Легендата за Сивила, Видение на Исаја, Разумник-Указ), при што и во нив Бугарите не се дефинирани етнички, туку религиски, политички или како мултиетничка заедница.

[63] Вачкова, *цитираното дело*, 187.

прошират во овие предели, кон својата титула „цар на Бугарите“ ќе ја додаваат уште и „на Грците“.

## САМОИЛОВОТО ЦАРСТВО

Досега кажаново ни помага да погледнеме на Самоиловото Царство на различен начин, при што прашањата на кој средновековен или современ народ му припаѓа тоа губат реална смисла. Фактот дека е во прашање царство (империја) градено по моделот на Византија и на Бугарија на Петар доволно зборува за неговата неетничност.

Државата била мултиетничка од коренот до врвот. На прво место, тука е династијата. Комитопулите се барем половина Ерменци (според името на мајката Рипсимија), а според современикот Асохиг, и целосно се тоа.[64] (Декларирањето на Јован Владислав како Бугарин ни најмалку не ѝ противречи на горната констатација, зашто поимот Бугари има и политичко надетничко значење, за разлика од Ерменец; Јован Владислав бил исто таков Бугарин каков што Ромеј бил Ерменецот Роман Лакапин). Членови на царското семејство станувале странци како Ашот и Јован Владимир, а такви биле и сите сопруги во владетелскиот род што ги знаеме. Оваа држава била мултиетничка и според составот на населението.

Елитата, судејќи според имињата, била претежно словенска (што се објаснува со издигнувањето на силите од периферијата кои ги поддржувале комитопулите во востанието), но како цело – мултиетничка, со луѓе од различни народности: Словени, Ерменци, Турки и др.[65] Една споредба со имињата на елитата од времето на Симеон и на Петар веднаш покажува сериозна разлика – во последната не наоѓаме словенски имиња.[66] (Продолжувајќи ја споредбата, би забележале дека елитата што го создава и се јавува како носител на Второто Бугарско Царство, исто така, фундаментално се разликува од претходните две.[67])

---

[64] Дискусија за етничката припадност на комитопулите види кај: Stephenson Paul, *The Legend of Basil the Bulgar-Slayer*, Cambridge, 2003, 30, глава 8; Holmes Catherine, *Basil II and the governance of Empire (976-1025)*, New York 2005, 17, б. 2; Petkovic Vladimir, *Une Hypothèse sur le Car Samuel*, Paris, 1919, 13–25.

[65] За составот на елитата види: Пириватриħ, *Самуилова држава*, 182.

[66] Во времето на Симеон и на Петар наоѓаме само турски или, воопшто, христијански имиња. Среќаваме, на пример: Симеон, Докс, Бојан (Венијамин), Јоан, Теодор Сигрица, Алоготур, комит Дристра, Вулија, Имник, Ицвоклиј, Книн, Мармаис, оглутаркан Теодор, Алцег, Бутаул, Лоборчи, Менуморут, Салан и Глад (на север од Дунав), Петар, Георги Сурсувул, Стефан, Маготин Крон, чргубилја Мостич, калутаркан и смампсис Симеон, жупан Димитар, Тупај (*Кой кой е в средновековна България*, Йордан Андреев, Иван Лазаров, Пламен Павлов, София 1994 г.) За разлика од тоа, во времето на Самуил кај елитата преовладуваат словенски и словенизирани имиња (Пириватриħ, *Самуилова држава*, 182), се среќава едно, веројатно, бугарско име Кракра и едно спорно (Елемаг или Елинаг Сфранцес).

[67] Создателите на тоа царство во изворите се нарекувани Власи, а така и се изјаснувале. Инокентиј III ќе му напише на Калојан дека неговите предци „потекнуваат од благороден род од градот Рим“, додека Калојан ќе му благодари што „ad memoriam sanguinus et patrie nostre, a qua descendimus“, а потоа архиепископот Василиј ќе напише дека „како и тој лично [Калојан, заб. С. С.] така и целата негова империја, како наследници кои потекнуваат од

Освен што била етнички „отворена“, елитата на Самоиловото Царство била поврзана со византиската во многу поголем степен отколку што била онаа на Симеон, кој немал приврзаници меѓу Ромеите, додека Самоил ќе најде свои поддржувачи во двата најголеми балкански града на империјата по Константинопол.[68] Самоиловата елита лесно се интегрирала во византиската по 1018 г., а Прусијан, синот на Јован Владислав, дури се обидел да го земе византискиот престол по 1028 г.[69]

Династијата и елитата поврзана со неа биле клучни за постоењето и за згаснувањето на Самоиловото Царство. Тоа е создадено од комитопулите, постоело за нив и со нив. Борбите за власт во него се водени меѓу припадниците на овој род. Востанијата за обнова на царството се водени од нив. Истото се однесува и на елитата која учествува во создавањето и во одржувањето на царството и со која е поврзан отпорот против Василиј. Иако не толку мал дел од оваа елита бил раселен од Василиј, сепак многумина им биле лојални на традициите на Самоиловото Царство и послужиле како основа на двете големи востанија за неговото обновување (спореди ја улогата на Мануил Ивац или на Ѓорѓи Војтех од родот на Комханите). Карактеристична за оваа елита е силната лојалност спрема династијата, независно од сите неуспеси на нејзините претставници. За разлика од некогашната Бугарија, овде нема да има обиди за менување на династијата. А кога згаснала династијата, наместо да се јават нови претенденти за престолот од други родови, ќе згасне идејата за обнова на тоа царство во Централниот Балкан.

Лојалноста во оваа држава не се темелела на етничката припадност. Самоил успеал да ја придобие лојалноста на луѓе од најразлични етнички заедници на Балканот.[70] Државата практикувала, подеднакво како и Византија, преселувања на население и не се колебала да ги внесе во своите воени списоци и да ги насели во срцето на својата држава заробените Ромеи од Лариса или пак Ерменците.[71] Дел од овие населеници потоа можеби биле меѓу ослепените од Василиј кај Беласица – тоа не го знаеме сигурно, но знаеме дека една од пленичките станала царица.

Информација за географската распространетост на традицијата и за лојалноста кон Самоиловото Царство ни даваат востанијата за негово обновување кренати

римска крв, имаат добро чувство на преданост кон Римската црква“ (Дуйчевъ Иванъ, *Из старата българска книжнина*, книга втора, София, 1944, 2, 5; Латински извори за българската история т. 3, София 1965, 304), а за современиците Калојан е познат како Ј(о)анис Влавот. Во елитата на тоа царство словенските имиња се реткост и во еден дел се поврзани со емигранти од Русија.

[68] Scylitzae, 348, 68–75.

[69] Scylitzae, 376, 82–85. Но и овој момент, кој, инаку, многу зборува за светогледот на комитопулите, не успеал да не биде употребен во споровите за карактерот на царството и некои автори во него виделе обид за ослободување на Бугарија *одозгора*, наспроти сосема јасната информација на Скилица (Божилов Иван, *Българите във Византийската империя*, София 1995, 116).

[70] Shepard, *The Cambridge history*, 526: „Samuel could hope to gain through such imperial measures acceptance and even allegiance from his motley assemblage of subjects: Bulgarians, Vlachs, Albanians, Armenians and Greeks.“

[71] Scylitzae 363, 54–56. Shepard, *The Cambridge history*, 526, Пириватрић, *Самуилова држава*, 179.

во XI в. Тие останувaат ограничени на Централниот Балкан. Со други зборови, ако расправаме за етницитетот поврзан со елитата и за приврзаноста спрема традициите на тоа царство, треба да имаме предвид дека таа елита и приврзаноста на населението просторно се ограничени на Централниот Балкан – од Белград до Тесалија и од Драч до Струмица. Од своја страна, востанијата кревани во Мизија и во Тракија меѓу 1018 и 1185 г. не се нарекувани бугарски во изворите, ниту учесниците во нив Бугари, а што е најважно – тие не си поставувале за цел обновување на Бугарското Царство и немале некаков однос кон Самоиловото Царство и кон неговата традиција.[72] Сумирајќи го сето тоа, треба да се подвлече дека востанијата во XI в. во Централниот Балкан се востанија за обнова на Самоиловото Царство, а не на царството на Симеон и на Петар. Лојалноста на населението во Централниот Балкан била кон династијата на комитопулите, а не кон самата бугарска царска традиција. Солидарноста и лојалноста на елитата, исто така, биле насочени кон родот на комитопулите, а не кон бугарската царска идеја во принцип. (Тоа ќе се види јасно во XIII/XIV в., кога Централниот Балкан ќе остане индиферентен спрема Второто Бугарско Царство.)

Сето ова сугерира дека во Самоиловото Царство се создал некаков идентитет базиран на борбите против Византија и на приврзаноста и лојалноста спрема династијата. Тоа е, всушност, една многу вообичаена, за раниот среден век, шема на создавање *ethnie* преку обединување на воинствената елита околу еден харизматичен лидер и род. Споредбата меѓу степенот на отпор даден од различните региони на Самоиловото Царство против Василиј II и опфатот на востанијата за неговото обновување ги покажува границите во кои постоел тој (од Срем до Струмица, од Перник до Охрид и од Видин до Воден, исклучувајќи ги Драч, Дукља, Рашка, Мизија и Тракија). Тие во голем степен се совпаѓаат со темата (која го опфаќа јадрото) и со диецезата на архиепископијата (јадрото со периферијата). Тој идентитет бил надетнички и алтернативен на византискиот, без да го исклучува целосно (ист човек можел да ги усвојува и двата).

Меѓутоа, династијата, елитата и традицијата на царството нема да го надживеат XI в. и во XII в. византиските автори повеќе не зборуваат за некаква политичка солидарност поврзана со традициите на Самоиловото Царство.[73] Каков идентитет и да се создал во Самоиловото Царство во X/XI в., во XII в. тој е веќе невидлив или, поточно, деактивиран.[74] Постојаното слабеење на клучните

[72] Оваа индиферентност постоела уште за време на Самоиловото Царство. Реонот на Преслав и на Плиска не учествувал во востанието на комитопулите, туку бил освоен од нив, а потоа без борба ѝ се предал на војската испратена од Василиј. Забележливата разлика во тактиката на војување на војската на комитопулите во споредба со онаа на бугарската држава зборува за тоа дека таа била составена главно од Словени и во неа недостасувала бугарската коњица. Затоа таа е многу поблиска до тактиката опишана од Лав Мудриот како словенска и многу поразлична од онаа што тој им ја припишува на Бугарите и на Унгарците (*The Taktika*, 453-459 (& 41–64), 465 (& 75), 471–475 (& 93–101).

[73] Заслужува да се обрати внимание на големиот контраст во тој однос меѓу информациите за Централниот Балкан и поимот Бугари што ги наоѓаме кај писатели од XI в. (Псел, Аталијат, Скилица, Кекавмен) и оние од XII в. (Кинам, Хонијат).

[74] Тоа не значи дека споменот за Самоил кај обичниот народ бил сосема исчезнат или заборавен. Коментарот на солунскиот клерик Јоан Ставракиј во XIII в. за „оној прочуен Самоил, кој и досега е во устата на Бугарите“ (*ГИБИ 8*, 127), јасно го покажува спротивното.

елементи на оваа традиција во текот на XI в. отворило можности за ширење на различни лојалности, поими и етнички тенденции во наредните векови.[75]

* * *

Макар што во изворите се забележани повеќе етноси во Самоиловото Царство, ние знаеме многу малку за самоидентификацијатата на луѓето во него. Реално, не знаеме ништо за тоа што мислеле сами за себе луѓето именувани во изворите како Власи, Ерменци и сл. Ниту за бугарската етничка самосвест немаме сигурни податоци. Битолскиот натпис, често даван како пример за бугарската етничка самосвест, во кој жителите се наречени Бугари, а владетелот се определува како „Бугарин родом“,[76] по сѐ изгледа, всушност, покажува декларирање на државна, а не на етничка припадност. За тоа зборуваат информациите за ерменското потекло на комитопулите и официјалниот карактер на натписот. Конкретно, формулацијата „Бугарин родом“ не покажува етничка припадност: формулациите со „родум“ укажуваат на потекло кое подеднакво може да биде и политичко, и религиско, и етничко и сл. Постојат доволно паралели со „Ромеј по род“[77] во византиските извори, како и употребата на „Грк родом“ во словенските[78] за да го илустрираат тоа. Тоа што еден владетел кој е носител на бугарска царска титула се нарекува Бугарин родум, а неговите поданици – Бугари, ни дава исто толку информации за етницитетот на царството колку и тоа ако василевсот се нарече Ромеј по род, а неговите поданици – Ромеи. Оттука, формулациите на Битолскиот натпис не

Меѓутоа, фолклорот сам по себе не водел до политички акции, па затоа, од една страна, повеќе немаме „бугарски“ востанија во текот на XII в. во денешна Македонија, а од друга – во XIII в. Централниот Балкан останал индиферентен спрема новото бугарско царство на исток. Се разбира, прашање е и колку ова „Бугарите“ во случајот го одразува начинот на кој се именувале самите оние во чија „уста“ бил Самоил, имајќи предвид дека Ромеите во Централниот Балкан, а не словенојазичните жители, од крајот на XI в. го користеле поимот Бугари како замена за поимот Словени.

75 Види го коментарот на Георги Акрополит за опортунизмот во поглед на лојалноста на населението во Македонија и во Тракија: „Такви се жителите на западните области, лесно потпаѓаат под власта на секој господар. Така тие го избегнуваат уништувањето и успеваат да го сочуваат поголемиот дел од своето богатство“ (*Georgii Acropolitae Opera*, I, Lipsiae, 1903, 34, 8–10). Cf.: Пириватриħ, *Самуилова држава*, 184.

76 Мошин Владимир, Битољска плоча из 1017 године, *Македонски јазик*, XVII, 1966, 51–61; Заимов Йордан, *Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, старобългарски паметник от 1015-1016 г.*, БАН, София, 1970.

77 „‘Ρωμαῖον το γένος“ (Scylitzae, 91, 74), „καθαροί τὸ γένος Ῥωμαῖοι“ (Georgii Acropolitae Opera, rec. A Heisenberg, I – II, Lipsiae, 1903, I, 76, $_{28}$), „‘Ρωμαῖοι τὸ γένος καθαροί“ (Скутариот – *Ανωνυμου Σινοψυς Χρονικη*, Bibliotheca Graeca medii aevi, ed. C. N. Sathas, vol. VII, 1894, 494, 2).

78 На пример: „**ѡтць же юго ѿ бльгарьского рода. а мати грьчского рода**„ (Толкување Данилово, *Историко-апокалиптината*, 126), „**елина родомъ**„ (Иванов, *Старини*, 399), „**назарѣнин родомь**„ (Ангелов Димитър, Съдържание и смисъл на думата „отечество“ в средновековната българска книжнина, *Българско средновековие – идеологическа мисъл и провета*, София 1982, 80).

ни даваат информација за етничкиот идентитет на луѓето во тоа царство.[79] Уште помалку информација за етничката припадност ни дава користењето на бугарската царска круна во него. Како што основано посочува Stefenson: „The practice of claiming the title emperor of the Bulgarians, (...) had no ethnic significance.“[80] Се разбира, тоа не значи дека етничка бугарска самосвест воопшто не постоела во неговите граници (особено меѓу луѓе со, веројатно, бугарски имиња, како Кракра). Но, ние не знаеме ништо сигурно за неа. Истото се однесува и на поранешните идентитети базирани на склавинииите (како Другувити – име кое, пак, ќе исплива во XIII в.), за чие егзистирање немаме никакви податоци, макар што изгледа сосема веројатно дека постоеле.

Единствената сигурна етничка самоидентификација што ја наоѓаме во изворите е словенската. За време на Самоиловото Царство, а и по него, на истиот простор се создаваат нови словенски литературни дела и преписи на стари, во кои поимот Словен се употребува како етноним. Тоа значи дека на териториите опфатени од царството на комитопулите егзистирала словенска самосвест. Добра илустрација од тоа време претставува презвитерот Јован, кој преведува „елински зборови на словенски јазик“ (Житие на св. Антониј) и за „словенскиот народ“ (**словѣньскъ ѩзыкъ**, Житие на св. Панкратиј) замолен за тоа од „црковниот градител Јоан, нашиот господин, архиепископ на бугарската земја“.[81] Ова е добар пример за несовпаѓањето меѓу официјалната црковна номенклатура (бугарска) и етничката самосвест на (дел од) верниците (словенски народ и јазик) и јасно укажување колку малку значење има титулата на охридскиот поглавар за одредувањето на етницитетот. Се разбира, ова не значи дека словенската самосвест постоела кај сите или дури кај мнозинството жители, но таа очигледно постоела.

Иако се согледува одредена етничка разлика меѓу царствата на Петар и на Самоил (во однос на елитите) и извесна блискост (според листата на постојните идентитети: Словени, Власи, етнички Бугари, политички Бугари), немаме информации дека разликата или сличноста играла некаква специјална улога ниту во создавањето ниту во функционирањето на Самоиловото Царство.[82] Сличноста со царството на Петар не е во етничноста, туку во надетничноста и мултиетничноста (сличност која, меѓу другото, ја има и со Византија). Како и да се дефинираат овие две царства, во нив не би требало да се бара некој заеднички и сеопфатен етницитет. Подеднакво неправилно е да се објаснуваат, како етнички мотивирани, побуната на комитопулите од 969 г. против власта во Преслав и

---

79 Stephenson, *The Legend of Basil the Bulgar-Slayer*, 30, f. 70; за референците за Бугарија и за Бугарите на Битолскиот натпис вели дека „is not provide irrefutable confirmation of ‘the ethnical (sic!) nature of Macedonia at the beginning od the eleventh century’ as Zaimov maintains.“

80 Stephenson, *Byzantium's Balkan Frontier,* 61. Види повеќе за Битолскиот натпис кај: Стојков Стојко, Битолската плоча - дилеми и интерпретации, *Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија*, Струмица, 2015, 80–105.

81 Динеков, Куев, Петканова, *Христоматия по старобългарска литература*, София 1967, 142. Времето на изворот е спорно (види Петканова Донка, *Българска средновековна литература*, Велико Търново, 2001 г., 285). Но, имајќи ги предвид името и титулите на поглаварот, нема пологична идентификација од онаа со архиепископот Јоан од времето непосредно пред и по падот на Самуиловото Царство.

82 Спореди и кај: Пириватриќ, *Самуилова држава*, 185.

земањето на бугарската царска титула подоцна. Ништо во политиката на ширење на тоа царство не сугерира на постоењето на некаква бугарска, словенска или македонска агенда во која било смисла на зборовите.

За владетелите на царството на комитопулите, верските симболи, политичките идеи и брачните и роднински врски играле основно значење за легитимирање на власта, а не етничките чувства. Самоил, изгледа, ќе ја земе титулата василевс (цар) на Бугарите (Бугарија), а, веројатно, ќе ја преземе и црковната организација од поранешното Бугарско Царство, но немаме основа да тврдиме дека тоа било мотивирано од лојалност (на некогашен бунтовник?!)[83] или дека претставува пројава на бугарска етничка самосвест (од Ерменец?!). Самоил ги освојувал оние вредности до кои можел да дојде и ги користел можностите што му стоеле на располагање. Добар пример за тоа е земањето на моштите на св. Ахил од Лариса и поставувањето во главната, патријаршиската црква во Преспа[84] – обид за легитимирање преку втемелување во вселенското христијанско и царско наследство. Слично постапил со моштите на св. Трифун од Котор.[85] Но, немаме податоци дека во својата престолнина ги пренел моштите на бугарскиот Константин – свети Борис, или на првиот признат бугарски цар, светецот Петар! Со други зборови, стремежот на Самоил за втемелување во постојните традиции не бил ниту исклучиво ниту приоритетно насочен кон бугарските, и затоа еден учесник во Првиот вселенски собор и современик на првиот христијански император се јавува како далеку поатрактивен и попосакуван како „легитиматор“ од покрстителот на Бугарите и од првиот легитимен бугарски цар![86] Одвај можеме да се сомневаме дека доколку би имал шанса да влезе во Константинопол, Самоил би се крунисал за василевс на Ромеите (нешто што толку го посакувал некогаш Симеон, а се обидел да го постигне и Самоиловиот внук Прусијан).

Јасно е дека не можеме да зборуваме за нешто целосно ново, кое создава сѐ од нула – како и секоја друга појава, и Самоиловото Царство егзистира во одредена средина од која презема модели, вредности, формули. Постоењето на извесен континуитет е видливо од повеќе работи и затоа ретко се негира. Но, елементите на континуитетот се измешани со дисконтинуитет и новитети,[87] а во некои случаи континуитетот е само привиден.[88]

---

83 По прашањето дали имало востание во 969 г. види: Лероа – Молинген, *Синовите...*, 62–64.

84 Scylitzae 330, 6–8; Shepard, *The Cambridge history*, 526.

85 Пириватриќ, *Самуилова држава*, 160.

86 Слично отсуство на барање потпора во „свои“ светци е видливо и во Второто Бугарско Царство – иако се пренесени мошти на многу светци во Трново, како оние на св. Параскева Епиватска и на св. Илиарион Могленски, тоа нема да биде направено ниту со св. Борис и св. цар Петар, а ниту со св. Климент и св. Наум, кои дури нема да најдат место во хагиографскиот и химнографскиот циклус во Трново.

87 На пример, во титулата „самодржец бугарски“ (Битолски натпис) се јавува нешто ново (и „самодржец“ и придавката „бугарски“), без паралела со титулите користени во Преславското Царство.

88 Спореди, на пример, Ферлуга, *цитираното дело*, 64, 65 ф. 2: „Околност да се Самуило никада не назива царем у највећем броју грчких извора крупан је аргуменат да у очима Византинаца нема континуитета између Симеонове, Петрове и Борисове државе и оне Самуила.“

Сепак, има и нешто што треба поспецијално да се потцрта. Самоиловото Царство и неговата црква создаваат и нова традиција, ново разбирање за тоа што се Бугарите и каде е Бугарија, значења кои сериозно се разликуваат од оние пред тоа, но уште повеќе од оние што ќе се развијат во Трново во XIII/XIV в. Од една страна, ќе се случи конечната деетнизација на поимот Бугари. Последното спомнување на Бугарите како етнос (турски) во византиските извори ќе биде на крајот од X в. (Лав Ѓакон), непосредно пред отпаѓањето на Мизија од Самоиловото Царство во 1000 г.[89] Поимот „Бугари" по 1000 г., со мали исклучоци, ќе означува политичка и административна, а не етничка припадност. Од друга страна, преку својот политички центар и преку своите приоритети, оваа држава го започнала процесот на „селење" на поимот Бугари, кој понатаму ќе биде асоциран со Централниот Балкан, а ќе се изгуби од Источниот (Мизија и Тракија). Така, во XI в. тема Бугарија ќе биде создадена во Македонија,[90] од диецезата на „бугарската архиепископија" ќе отпадне некогашниот духовен и политички бугарски центар во Мизија, а во XII в. веќе ќе биде заборавено дури и тоа дека Преслав некогаш се јавува како престолнина и центар на Бугарите.[91] Асоцирањето на поимот Бугарија – Бугари со доминантно словенскиот Централен Балкан ќе даде можност во неколку византиски извори за првпат да се изврши поистоветување на поимите Словени и Бугари во втората половина на XI в. Кога извесно време по 1185 г. ромејската влашка апостасија во Мизија еволуирала кон ново бугарско царство, се случува ново селење на поимот на исток. Централнобалканската „бугарска" традиција создадена од Византија врз руините на Самоиловото Царство по XIII в. ќе се одржува како маргинално, архаично, алтернативно и паралелно разбирање на поимот Бугари, наспроти новото и доминантно значење што се создава во новото бугарско царство во Трново. Така, во XIII – XIV в. се создава своевидна титуларна „опозиција" меѓу охридскиот поглавар на „цела Бугарија" (еднаква на диецезата на Охридската архиепископија) наспроти трновскиот патријарх на „сите Бугари" (со диецеза и верници во Мизија). Ова „селење" на „Бугарите" ќе биде интерпретирано од Никифор Грегора во буквална смисла – Василиј ги преселил Бугарите од Македонија во Мизија.[92] Фактот што царството на Самоил придонело за промена на содржината на поимот Бугари во византиските сфаќања зборува во прилог на тоа дека истото имало и поразлична содржина.

---

[89] Симболички е фактот што последното спомнување на Бугарите како турски етнос во византиските извори е од времето на кусото Самоилово владеење со Мизија (крај на X в.), а се однесува на годините на падот на Бугарското Царство во 971/2 г.

[90] Ферлуга, *ВИИНЈ 3*, 64, 65 бел. 2.

[91] Annae Comnenae, Alexias, vol. I, p. 235, 7–17, зборува за Преслав и правилно посочува дека името е словенско, а сепак не знае дека тој бил престолнина на Бугарите. Според неа, Бугарите ќе достигнат до Преслав како освојувачи од запад, од кај Самоиловото Царство и современата, на неа, охридска диецеза. Подоцна Грегора дури ќе тврди дека Македонија е првото место каде што се населиле и живееле „Бугарите" (Nicephori Gregorae, *Byzantina historia*, 1, ed. L. Schopenus, Bonnae 1829, 26, 17– 37, 15).

[92] Ова е категоричен аргумент против тезата дека во Мизија и во Македонија живеел еден бугарски народ. За Грегора Бугари живееле само на едното или само на другото место и во различно време, Gregorae, 26, 17–37, 15.

## ПРОБЛЕМОТ СО ТЕРМИНОЛОГИЈАТА

При постојната исполитизираност и искомплицираност на проблематиката поврзана со Самоиловото Царство, прашањето за научната терминологија добива специјално значење. Таа би требало истовремено да внесе јаснотија, неутралност и да ги избегне стапиците на националното и на националистичкото толкување на минатото.

Обидите да се постигне тоа преку именување на царството на комитопулите како словенско, македонско во географска смисла или како бугарско во неетничка смисла тешко можат да ги задоволат овие критериуми поради етничката и политичката употреба на овие поими денес. Во таа смисла, неуспешен е и обидот да се заобиколи дебатата, основано сметана за неисториска и вештачка,[93] преку користењето на терминологија блиска до онаа во изворите,[94] зашто преку тоа ниту се решава проблемот, ниту можат да се избегнат контроверзиите. Така, во ситуација кога изворната терминологија се совпаѓа со современи национални и политички термини, таа неизбежно нѐ внесува во рамките на националните спорови, а читателите, макар и ненамерно, се доведуваат во заблуда дека зборуваме за држави на современи нации во минатото,[95] што, реално, води до нездраво осовременување на минатото. Балканскиот среден век не треба да се интерпретира како средновековна драма во која глумат современите нации. Причина за употреба на современи поими во истражувањата за средниот век не може да биде тоа што тие постоеле и тогаш, туку само ако појавата што денес ја означуваат постоела во времето што се истражува. Инаку, неизбежно ќе дојде до конфузија и до ширење на „misleading ideas“.[96] Затоа фактот што поимот Бугари(ја) е употребуван за Самоиловото Царство во изворите блиски до времето претставува слабо оправдување и утеха ако преку неговата употреба во научната дискусија се внесуваат национални митови и претензии.

Како начин да се избегнат овие проблеми, широка примена добил терминот „Самоилово Царство“,[97] чија предност е во тоа што е неутрален. Негова единствена слабост е тоа што Самоил не се јавува ниту како единствен владетел, ниту како единствен цар, ниту како родоначалник. Во оваа смисла, може да се предложи *држава (царство) на комитопулите* затоа што таа била создадена од нив и за

---

[93] *The Oxford dictionary of Byzantium*, vol. 3, New York – Oxford, 1838.

[94] Пириватриќ, *Самоилова држава*, 180.

[95] Фајн добро ја посочува опасноста на таквиот приод – „such usage can be very misleading, for it creates a screen through which one unconsciously looks at one's subjects“, „it conveys a misleading message to the reader“, „naturally projects backwards all sorts of the present-day ingredients of ethnicity“, „history becomes anachronistic and skewed“ (Fine, *When ethnicity did not matter*, 9–11). Види и: Pohl, *Conceptions*, 15.

[96] Pohl, *Conceptions*, 15.

[97] Дури нашол свое место во наслови на познати научни дела и конференции: Антолјак Стјепан, Самуиловата држава, *Средновековна Македонија 1, 289–603; Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава,* Скопје, 1971; Пириватриќ, *Самоилова држава*.

нив, припадниците на овој род владееле со царството, ги воделе востанијата за негово обновување и со нивното претопување згаснале и тие обиди.

* * *

На Самоиловото Царство е посоодветно да гледаме не како на израз на народносен организациски принцип, туку како на конкретна *политика* поврзана со соодветна елита,[98] родена и развиена во специфични околности, започната со востанието на комитопулите и згасната со претопувањето на нејзиниот род кон крајот на XI в. Таа, секако, е различна (макар не и целосно спротивна) со *политиката* што претходно постоела околу Симеон и Петар. Тие се слични меѓу себе не само по формата, туку и според принципот – како надетнички и мултиетнички царства, а се различни според етничкиот состав на елитите, центрите на сила и според политичките интереси, нешто што во ист степен може да се примени и во однос на Второто Бугарско Царство. Зборуваме за три држави доволно различни меѓу себе според елитите, политичките центри, политиката, организацијата на државата, но идеолошки и формално обединети (преку царската титула). Нив ги зближува етничката недефинираност и надетничката структура, а не непостојна единствена етничка самосвест.[99]

Самоиловото Царство претставува мини империја, која се протегала на поголем дел од Балканот и во која дури и да имало оформени народи, не знаеме дали играле некаква улога.[100] Прашањето на која современа нација му припаѓа е исто толку научно колку и прашањето на која современа нација ѝ припаѓа Римската Империја. Спорот за тоа чија е државата на Самоил е анахрон, ненаучен и неисториски.[101] Дел од одговорите понудени во науката, од типот на бугарска, македонска, словенска, не се научни, туку политички и националистички и тие паразитираат врз националната парадигма во историјата. Модерните нации се продукт на новото време, а не последица од будењето на средновековните заедници. Нивното проектирање наназад во времето е погрешно. Царството на комитопулите не е во која било смисла претходник на некоја од современите држави кои се повикуваат на него. Им припаѓа на историјата и на луѓето што живееле во него, а не на денешнината, како што убаво рекол Хартли: „The past is a foreign country“ (Leslie Poles Hartley).

---

98 Johnson Losley, *Imagining Communitites*, 2, 3.

99 Тоа, всушност, се однесува на балканското население и на неговото минато генерално, кое во голем степен е заедничко, но не во смисла на етничко единство или на сопственост врз историски парцели, туку на немање кристализирани и сеопфатни етницитети во услови на живеење во хетерогени надетнички религиски и политички формации.

100 Ферлуга, *ВИИНЈ 3*, 65, бел. 2: „Што се тиче етничких момената они су често предимензионирани, наиме посматрани су са становишта националних осећања XIX или XX века. (...) У новој држави, насталој устанком 976. г., етнички моменат је био другостепеног или трећестепеног значаја.“

101 *The Oxford dictionary*, 1838: „The controversy over whether Samuel created a Macedonian, West Bulgarian or Bulgarian states are ahistorical, as its project modern ethnic distinction onto the past.“

Стојко СТОЈКОВ

# ЦАРСТВО, ЕТНИЦИТЕТ, НАСЛЕДСТВА, ИНТЕРПРЕТАЦИИ

***Abstract:*** The topic of this article is the most controversial moments from the dispute (already century old) about the character and the origin of the Tsardom (Empire) of Tsar Samuel. As main problems are addressed the connection of the question with the XIX – XX century territorial pretentions, its inclusion in several national mythologies on the Balkans and the examination of the question in the past in the frame of the national paradigm which is already outgrown in science. It is drawn a critics of the basic until now given answers, namely that the Kingdom is Slavic, Bulgarian or Macedonian; also in this issue have been analyzed the theories about the formation of the Bulgarian and the Macedonian ethnie (nations) in the Middle Age. It has been made an analysis of the character and the role of the tzardoms on the Balkans in the Middle age and their up-ethnic character. It's made an attempt the Samuil Tsardom to be studied regardless of the modern nationalistic disputes and pretentions. It is been concluded that there is no basis to believe that the Samuil Empire or any other kingdoms on the Balkans could be interpreted as ethnic formations or as predecessors of the modern nations and states.

***Key words:*** *Ethnicity, Samuel tzardom, state of Komitopouli, Macedonians, Slavs, Bulgarians, tzardom, empire, national myth, national claims, anachronism.*

***Апстракт:*** Тема на оваа статија се најконтроверзните моменти од веќе вековниот спор за карактерот и за припадноста на Самоиловото Царство (Империја). Како главни проблеми се констатираат поврзаноста на прашањето со територијалните претензии, неговото вклучување во неколку национални митологии на Балканот и разгледувањето на прашањето во минатото во рамките на националната парадигма, која веќе е наджива на во науката. Направена е критика на основните одговори дадени досега, имено, дека царството е словенско, бугарско или македонско, а во тој контекст се коментирани и теориите за создавање на бугарски и на македонски народи во средниот век. Направена е анализа на карактерот и на улогата на царствата на Балканот во средниот век и на нивниот надетнички карактер. Се прави обид Самоиловото Царство да биде разгледано надвор од националните спорови и претензии. Се констатира дека нема основа Самоиловото Царство или другите царства на Балканот да бидат интерпретирани како етнички заедници или како претходници на современите нации држави.

***Клучни зборови:*** *етницитет, Самоилово Царство, држава на комитопулите, Македонци, Словени, Бугари, царство, империја, национален мит, национални претензии, анахронизам.*

Тони ФИЛИПОСКИ*

# ПРЕСТОЛНИНИТЕ НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

## КРИТИЧКИ ИСТОРИОГРАФСКИ ОСВРТ

Прашањето за престолнините на Самоиловата држава во значителна мера е елаборирано во науката. Кога се работи поконкретно за времето на владеењето на Самоил (976–1014), зачувани се директни изворни податоци од кои се дознава каде имал дворци. Па така, византискиот автор Јован Скилица попатно известува дека во Преспа се наоѓал дворецот на Самоил, што е потврдено и од попот Дукљанин.[1] Дека Самоил имал дворци во Сетина, повторно се дознава од Скилица.[2] Всушност, на тој начин посредно се дава до знаење каде се наоѓале неговите престолнини.

Несомнено, престолнини на владетелите на Самоиловата држава биле и градовите Битола и Охрид. Според Скилица, во Битола се наоѓале дворците на синот и наследник на Самоил, Гаврил Радомир, а во Охрид „дворците на царевите на Бугарија“.[3] Иако податоците се однесуваат на времето по смртта на Самоил (1014), во науката е распространето мислењето дека заедно со Преспа и со Сетина, и тие влегувале во редот на престолнините на Самоил.[4] Притоа,

* Вонреден професор на Институтот за историја при Филозофскиот факултет–УКИМ–Скопје; tonifilip@fzf.ukim.edu.mk

1 *Ioannis Scylitzae Sinopsis Historiarum*, Editio Princeps (recensuit: Ioannes Thurn), Berolini et Novi Eboraci 1973, 330; Византиски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, 83. Сп.: Летопис Попа Дукљанина, ур. Ф. Шишић, Београд–Загреб, 1928, 331–332.

2 *Scylitzae*, 355-356; ВИИНЈ, III, 122.

3 *Scylitzae*, 351, 353, 358-359; ВИИНЈ, III, 112, 116, 128. За различната употреба и значења на термините „Бугарија“ и „Бугари“ во историските извори и во современата историографија види: М. Бошкоски, Македонија во *XI* и *XII* век–надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997, 23–27, бел. 11; T. Filiposki, Theophylact and the People of Ohrid: the Issue of the „Otherness“, *Macedonian Historical Review*, vol. 2, Skopje 2011, 87-88, бел. 1 со наведената литература; Idem, Der Ohrider Župan Andrea Gropa, *Südost-Forschungen*, 69/70 (2010/2011), R. Oldenbourg/München 2012, 21-22, бел. 100.

4 Скилица (*Scylitzae*, 363) известува дека пред крајот на војната (веројатно во 1018 г.), византискиот император Василиј II ослободил одреден број Ромеи и Ерменци, кои како свои заробеници Самоил своевремено ги населил во Пелагонија, Преспа и во Охрид. Тоа претставува единствен изворен податок кој макар и на посреден начин го поврзува Самоил со Охрид и, веројатно, со Битола (Пелагонија). Тоа би можело да се толкува како некакво упатување дека Самоил освен во околината на својата изворно

најчесто се прави градација дека Преспа и Охрид претставувале главни, додека Сетина и Битола биле негови подвижни престолнини.[5]

Во балканската историографија од поодамна е мошне раширено мислењето дека во времето на владеењето на Самоил, главната престолнина на неговата држава била пренесена или преселена од Преспа во Охрид, за што, реално ,не постои директна изворна потврда. Во продолжение се осврнуваме на изворите од кои, евентуално, може да се извлече една таква интерпретација.

Веднаш е потребно да се истакне дека најраниот изворен податок од кој се дознава дека Охрид веќе сигурно се вбројувал во редот на престолнините на Самоиловата држава хронолошки е прецизно датиран во есента 1015 г. Имено, Ј. Скилица, опишувајќи еден од ретките настани во кој директно се споменува Охрид, меѓу другото, попатно известува дека во градот се наоѓале „дворците на царевите на Бугарија“ (τὰ βασίλεια τόν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας). Истиот автор, овој пат во контекст на случувањата од 1018 г., го повторува податокот дека во Охрид се наоѓале „дворците на царевите на Бугарија“ (τὰ βασίλεια τόν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας), но го засилува и го дополнува со тоа што потенцира дека градот Охрид бил „метропола на цела Бугарија“ (μητρæπολις οὰσα πάσες τῆς Βουλγαρίας) во кој било насобрано царското богатство.[6]

---

потврдена престолнина Преспа, византиски заробеници населил и во околината на преостанатите две престолнини Охрид и Битола (Пелагонија), секако, во функција на воено и безбедносно зајакнување на „внатрешните“ /„средишните“ области на својата држава. Сп.: С. Пириватриħ, *Самуилова држава – обим и карактер*, Београд 1997, 90, 172.

[5] Сп.: К. Јиречек, *Историја Срба, књ. 1*, Београд 1952, 117; К. Аџиевски, *Пелагонија во средниот век*, Скопје 1994, 35–36, 51; С. Пириватриħ, *Самуилова држава...*, 61, 78, 127, 172, 182. Според С. Антолјак, *Самуиловата држава*, Скопје 1969, 81, владетелите на Самоиловата држава имале неколку подвижни престолнини: Преспа, Охрид, Прилеп, Битола, Сетина итн (*sic!*). Се забележува дека Прилеп е вброен како престолнина и оставена е можност дека имало и други подвижни престолнини. Сосема слично мислење изнесува М. Бошкоски, *Великаните на македонскиот среден век, кн. 1*, Скопје, 2007, 125, кој го вбројува Прилеп меѓу повеќето престолнини на Самоил. Според И. Снегаров, *Град Охрид*, София 1928, 11, во време на Самоил Охрид станал постојана престолнина на државата, откако претходно биле променети четири: Средец, Воден, Меглен и Преспа. В. Ѓузелев, „Столици, резиденции и дворцова култура в средновековна България“, *Известия на националния исторически музей*, X /1994/, 47–50, 58, на едно место се појаснува дека како главни политички центри на Самоиловата држава Охрид и Преспа се наложиле во време на владеењето на Самоил (986–1014). Но потоа наведува дека, сепак, Охрид бил првата по значење, односно главната престолнина, додека Преспа била втората по значење престолнина во државата. Се чини недоволно изворно поткрепено неговото мислење дека во претходниот период (971–986) привремена престолнина бил градот Средец (Софија). Според В. Ѓузелев, Сетина, Воден, Битола и Проништа имале функција на „владетелски резиденции“. Со таквото мислење како да се согласува и Ѓ. Николов, Централизъм и регионализъм в ранносредновековна България /края на VII-началото на XI в./, София 2005, 126, според кого „владетелски резиденции“ освен Охрид, Преспа, Сетина и Битола, биле и Воден и Проништа.

[6] *Scylitzae*, 353, 358–359; ВИИНЈ, III, 116, 128. Според С. Пириватриќ, *Самуилова држава...*, 167–168 убедливоста на податоците на Скилица за Охрид како престолнина на државата повеќе се заснива на околностите дека во него се наоѓале дворците на царевите и ризницата со круните, отколку на самиот израз „метропола на цела Бугарија“.

Тоа се, главно, директните изворни податоци врз основа на кои се темелат тезите и се гради аргументацијата дека Охрид станал главна престолнина на државата во времето на Самоил. Всушност, сосема јасно се забележува дека во презентираните изворни податоци единственото што се констатира е моменталната состојба, без притоа да се открие од кога трае таа состојба. Па така, единствено што е сигурно од податоците е дека Охрид влегувал во редот на престолнините и речиси сигурно бил главна престолнина во времето на последниот цар Јован Владислав (1015–1018), но не и дека се здобил со тој статус уште од времето на Самоил.

Еден од најзначајните, но посредни изворни податоци, преку чие толкување и датирање се прават обиди макар приближно да се одреди времето на преселувањето на престолнината е од црковна провениенција. Во „Каталогот на бугарските архиепископи“, познат и како Диканжов список (XII век), по архиепископот Герман Гаврил, со седишта во Воден и во Преспа, споменат е архиепископот Филип, како прв кој столувал во Охрид.[7] Иако податоците од Диканжовиот список не се датирани, хронолошки непрецизираното присуство на Филип во Охрид најрано се датира во последните години на X век, воедно тогаш кога се случило преместувањето на црковното седиште од Преспа во Охрид,[8] кое се претпоставува дека одело заедно со преселувањето и на владетелското (световното).

Како дополнителен аргумент за тезата дека веројатно токму во времето на Самоил се случило преселувањето на престолнината од Преспа во Охрид, може да послужи толкувањето на веќе добро познатиот податок дека во Охрид се наоѓале дворците на царевите на Бугарија, кој на две места го донесува Ј. Скилица. Иако податокот се однесува на времето на царот Јован Владислав, Ј. Скилица употребува множина и не вели дека во Охрид се наоѓале дворците на царот на Бугарија или на царот Јован Владислав,[9] туку на царевите на Бугарија. Се разбира, постои отворена можност дека царските дворци во Охрид освен последниот цар Јован Владислав и, секако, неговиот претходник, царот Гаврил Радомир (1014–1015), да ги користел уште првиот цар Самоил. Можеби затоа

Тој израз е дел на титулатурата на охридските архиепископи, институција која постои и во времето на Јован Скилица (II половина на XI век) и за која, кога е Охрид во прашање, првенствено е врзан поимот Бугарија. Самиот израз изгледа како анахронизам, но и покрај тоа соодветствува на приликите и од порaниот период.

7 Й. Иванов, *Български старини из Македония* (фототипно издание), София, 1970, 566; И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, I, София, 1924, 29; И. Божилов, *Българската архиепископия XI–XII век. Списъкът на българските архиепископи*, София, 2011, 102, 104.

8 Сп.: С. Антолјак, „Критички осврт на изворите за Самоиловата држава (до 1014)“, *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава,* Скопје, 1971, 41.

9 За разлика од претходно наведените изворни податоци, каде што конкретно и поименично се известува за припадноста на престолничките дворци во Преспа и во Сетина на Самоил, во Битола на Гаврил Радомир, во овој случај не само што Скилица сосема неочекувано отстапува од практиката да не ја употребува титулата цар за владетелите на Самоиловата држава, туку воопшто не споменува имиња и сосема неодредено и воопштено бележи дека тие им припаѓале на „царевите на Бугарија“.

Ј. Скилица употребил множина кога напишал „царевите на Бугарија“. Но, исто така, Скилица можеби сметал на последните двајца цареви, но не и на Самоил.

Поддржувачите на тезата дека главната престолнина Самоил ја пренесол од Преспа во Охрид предлагаат различна хронологија и аргументација за тоа кога и зошто се случило ова. Мошне е распространета тезата дека крунисувањето на Самоил за цар било главната причина за преселувањето. Притоа, за времето на неговото крунисување постои речиси едногласие во науката и се датира во последните години на X век.[10]

Бидејќи не постојат директни изворни податоци за времето и за тоа под какви околности се случило пренесувањето на престолнината од Преспа во Охрид, преостанува да се направи обид евентуално да се предложат некои тези во таа насока, имајќи ја предвид, пред сѐ, воено-политичката состојба. Сосема извесна ни изгледа претпоставката дека почетокот или траењето на некоја подолга византиска воена кампања, која за првпат дотогаш подиректно и континуирано би ги загрозувала централните области на Самоиловата држава, на одреден начин можела да го принуди Самоил да ја пренесе престолнината на побезбедно место. Еден таков сериозен и поконтинуиран византиски воен притисок, царот Василиј II организирал во временскиот период 1001–1005 г. Меѓу другото, во 1001/2 г. под византиска власт паднале Верија, Колидрон, Сервија и Воден, во 1004 г. Скопје, а во 1005 г., по мирен пат, и мошне значајниот пристаништен град Драч преминал под византиска контрола.[11]

Поконкретно, преселувањето на престолнината можело да се случи во 1002 или 1003 г., по губењето на Верија, Колидрон, Сервија и, особено, на Воден, кој бил важен пункт на патот Виа Егнатија. Директното загрозување на Пелагонија и приближувањето на Византијците од север и од југ речиси до нејзините граници[12] можело да влијае на одлуката за пренесување на престолнината подалеку кон северозапад. Знаејќи дека византиските навлегувања во тој период насочени кон јадрото на државата доаѓале, главно, од југ (преку Виа Егнатија) и од исток, помалку од север, но не и од запад (од Драч), логично било престолнината да се пренесе подлабоко во внатрешноста на државата, кон северозапад и подалеку од Пелагонија.

Инаку, Б. Панов, без да понуди некаква елаборација, веќе изнел слична теза, при што предлага дека преселувањето на престолнината се случило во првите

[10] Иако С. Пириватриќ, *Самуилова држава...*, 146 и бел. 43, 166–167, се изјаснува дека не е извесно каде бил крунисан Самоил, дали во Преспа или во Охрид. Со доза на разбирлива претпазливост, дозволува можност дека доколку крунисувањето се случило во Охрид, главна причина за изведеното преместување на престолнината било токму крунисувањето на Самоил. Според Б. Панов „Охрид од средината на X век до крајот на XII век“, *Средновековна Македонија, 3*, Скопје 1985, 725, крунисувањето на Самоил се случило последните години на X век во Преспа и не било поврзано со преселувањето на престолнината од Преспа во Охрид. К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 42, смета дека Самоил ја добил царската круна најверојатно кон крајот на X век или набргу потоа, без да се изјасни за местото на неговото крунисување.

[11] *Scylitzae*, 344–346; *Lupus Protospatarus Annales (a. 855-1102)*, (ed, G. Pertz), MGH SS, V, Hanovre 1844, 56. Сп.: С. Антолјак, *Самуиловата држава*, 52, 61–65; К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 36–37; С. Пириватрић, *Самуилова држава...*, 114, 116-117.

[12] К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 37.

години на XI век токму како последица на зачестените византиски навлегувања во Македонија.[13]

Накусо да се осврнеме на некои компаративни согледувања за степенот на безбедноста со која се одликувале престолнините Преспа и Охрид. Секако, тоа зависело од многу фактори, и пред сé, било условено од развојот на настаните во македонско-византиската војна. Факт е дека како што се зголемувал воениот притисок врз централните области на државата, така Охрид станувал попогоден за престолнина отколку Преспа. Охрид како престолнина пружал можности за поголема мобилност при управувањето и дејствувањето, но истовремено бил и полесно достапен за непријателот бидејќи се наоѓал на самиот пат Виа Егнатија. Но, сепак, поголемата оддалеченост на Охрид од Солун, од каде што доаѓала главната опасност, треба да се смета за предност наспроти Преспа. Во изворите Охрид бил нарекуван „πολις“ – што во тоа време подразбирало крупна и развиена градска населба – со извонредна позиција и ридеста конфигурација на теренот на кој се протега,[14] за разлика од Преспа, односно од островот Св. Ахил, за кој се знае дека освен што претставувал живеалиште на владетелското семејство, во него, веројатно, постоела и некаква населба од понизок ранг,[15] но сигурно не претставувал „πολις“.

За разлика од градот Охрид, дворецот на Самоил во Преспа, кој се наоѓал на островот Св. Ахил, сам по себе значел мошне безбедно, но истовремено изолирано место. Можноста за поголема мобилност била ограничена. Островот бил релативно оддалечен од главната траса на патот Виа Егнатија, а, исто така, бил потребен дополнителен напор и време за да се премине од островот на копното. Во почетниот период кога Самоил водел активна освојувачка политика и кога постоела сосема мала веројатност централните области директно да бидат воено загрозени од Византија, Преспа била сметана за доволно безбедна престолнина. Ситуацијата изгледа се променила кога Самоил бил принуден да прибегне кон одбранбена стратегија и кога Василиј II постепено почнал да го стега обрачот околу централните области на Самоиловата држава.

Главно резервираност кон тезата која е распространета во науката дека во времето на Самоил градот Охрид станал негова главна престолнина, во своите трудови изразил С. Антолјак. Изложувајќи ги внатрешните прилики во времето

---

[13] Б. Панов, „Охрид од средината на X век...“, 726; Idem, „Охрид и Охридско во ранофеудалниот период“, *Охрид и Охридско низ историјата, т. I,* Скопје 1985, 195; *Историја на македонскиот народ, Том I*, ред. Б. Панов, Скопје 2000, 386.

[14] Сп.: *Scylitzae*, 358–359; ВИИНЈ, III, 126. Сепак значењето на терминот полис не треба да се разбере буквално и, притоа, статусот и големината на Охрид да се споредуваат со оние на Солун и на Драч. Се чини дека именувањето на Охрид како полис има преносно значење і најмногу е употребено поради неговото големо политичко-црковно значење во времето на Самоиловата држава и подоцна, како седиште на Охридската архиепископија. Всушност, во дадениот период Охрид бил средновековен кастрон, што подразбирало пространа и развиена урбана населба, но со далеку помали размери од полис (Сп.: И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 18, 43).

[15] За веројатната гробница на цар Самоил, за остатоците од катедралната црква и за другите археолошките наоди на островот Св. Ахил поопширно види: Н. Муцопулос, *Базиликата “Свети Ахилий” в Преспа. Един исторически паметник-светиня*, Пловдив, 2007.

на Самоил, Антолјак претпоставува дека тогаш со негова согласност црковниот поглавар го преселил седиштето од Преспа во Охрид, но дека самиот Самоил не го сторил тоа со владетелската престолнина. Сосема исправно забележал дека не постојат никакви изворни податоци дека Самоил ја напуштил Преспа и се преселил во Охрид или дека тој макар и за момент престојувал во Охрид. Затоа споменатиот автор заклучува дека за Самоил, Преспа претставувала единствена постојана престолнина, каде што се наоѓал и неговиот дворец. Охрид бил единствено подвижна престолнина.[16] Во друг прилог истиот автор го потврдува своето мислење дека постојана престолнина на Самоил била Преспа, а не Охрид.[17]

Одбегнувајќи директно да расправа за преселувањето на Самоиловата главна престолнина од Преспа во Охрид, Ј. Ферлуга изнесува сосема поинаков дискурс по однос на ова прашање. Коментирајќи го изворниот податок на Скилица дека Охрид бил „метропола на цела Бугарија“, за него не е спорно дека Охрид бил престолнина на Самоил и на неговите наследници. Но притоа објаснува дека престолнината во средниот век не била секогаш врзана за еден град, како што било случај со Византиското царство. Па така, во овој случај Скилица пишува од византиска перспектива и Самоиловата престолнина ја врзува за едно место, за Охрид. Како и другите средновековни владетели, Самоил и неговите наследници имале дворци на повеќе места: во Преспа, во Битола и во Сетина, а нивната престолнина, фактички, се наоѓала таму каде што во моментот се наоѓале тие. Сепак, по сѐ изгледа, Самоил и неговите наследници им давале некаква предност на Охрид и на Преспа.[18] На овој начин се релативизира сфаќањето за постоење главни и подвижни престолнини, но сепак останува барем поделбата на значајни и помалку значајни престолнини.

По однос на престолнините на Самоил, доста уникатно и необично мислење изнесол Т. Томоски. Тој смета дека постојат доволно податоци за тесната поврзаност на Самоил со Преспа, поточно со островот Св. Ахил на Малото Преспанско Езеро. Дворецот на островот бил место на постојано живеење на неговото семејство, односно претставувал единствено феудално живеалиште, но не и престолнина на државата. Па така, според Т. Томоски, градот Охрид бил метропола на државата. Охрид имал подобра местоположба, подобри врски и побогата околина од Преспа. На крајот додава дека треба да се има предвид дека

16 С. Антолјак, *Самуиловаӣа држава*, 82 бел. 837. Евидентна е извесна контрадикторност. Иако прво се изјаснува дека црковниот поглавар, архиепископот, обично се наоѓал таму каде што престојувал или каде што имал седиште неговиот господар (Самуил н.б.), во продолжение ја изнесува тезата дека архиепископот го пренесол своето седиште одделно и во различно време од она на владетелот.

17 С. Антолјак, „Охридската архиепископија во време на владеењето на царевите Самоил и Василиј II“, *Средновековна Македонија, 1*, Скопје 1985, 677, 682. Расправајќи за преселувањето на црковниот поглавар од Преспа во Охрид на друго место (*Исӣорија на македонскиоӣ народ, I*, Скопје 1969, 132), С. Антолјак, од неразбирливи причини изнесува сосема спротивно мислење дека всушност архиепископот го следел Самоил, кој минал во Охрид. На тој начин Охрид станал црковен центар и престолнина на едно царство, потенцира Антолјак.

18 ВИИНЈ, III, 128, бел. 166 (Ј. Ферлуга).

во тоа време немало престолнини во денешна смисла на зборот.[19] Од изнесеното мислење индиректно произлегува дека покрај потврденото постоење на владетелски дворец, Преспа не би требало да се смета за владетелска престолнина на Самоил и дека Охрид, всушност, бил единствената вистинска престолнина на државата на Самоил. Ваквото мислење ни изгледа делумно прифатливо.

Според С. Пириватриќ, пак, не е познато кога се случило пренесувањето на престолнината од Преспа во Охрид. Задржувајќи се попатно на прашањето единствено во контекст на црковните прилики тој претпоставува дека преселувањето на престолнината било придружено и со преселување на црковното седиште. Според него terminus ante quem, кога се случило тоа, е доцната есен во 1015 г., додека terminus post quem условно би можела да биде 992/3 г. Од друга страна, сосема исправно забележал дека не постои извор кој известува за Охрид како за престолнина на Самуил. Во прилог на тоа како карактеристичен податок го наведува оној кога по поразот во битката кај Беласица, Самоил прво отишол во Прилеп, а потоа во Преспа, каде што и умрел. Најпосле реторички запрашува дали тој податок упатува на сознанието дека Преспа сé уште била престолнина на Самоил?[20] Навистина е тешко да се најде соодветно објаснување за тоа зошто крајната дестинација на Самоил по битката кај Беласица била Преспа, а не Охрид. Доколку во 1014 г. Охрид бил главна престолнина на државата, како што претпоставуваат најголем дел од истражувачите, логично би било Самоил да го завршил животот таму, а не во Преспа.

М. Бошкоски посебно и експлицитно не се изјаснил по прашањето за престолнините, но попатно при разгледување други научни проблеми изнесува контрадикторни и произволни тези поврзани со него.[21]

Отсуството на какви било изворни податоци кои би го поврзале Самоил со Охрид и за тоа дека тој воопшто престојувал во градот за време на своето долго владеење не треба да се смета за нешто случајно и занемарливо. Навистина е тешко да се разбере како е возможно доколку Самоил ја преселил својата престолнина од Преспа во Охрид, во изворите да не останал посведочен ниту еден контакт или, евентуално, некое негово присуство во Охрид. Од друга страна, постои недатиран податок за преместување на црковното седиште од Преспа во Охрид. Архиепископот Филип бил првиот црковен поглавар во рамките на Самоиловата држава кој во Диканжоивиот список се споменува дека столувал

---

19 Т. Томоски, „Преспа во средниот век“, *Историја*, XV/2, Скопје, 1979, 66–67.

20 С. Пириватрић, *Самуилова држава...*, 156.

21 На едно место напоменува дека Преспа била првата престолнина на Самоил; дека Преспа и Охрид биле црковни и политички центри на цар Самоил и на неговите наследници; потоа дека Прилеп е една од повеќето негови престолнини; дека во присуство на преспанско-охридскиот патријарх Филип било извршено крунисувањето на Самоил во новата соборна црква Св. Софија (Охрид) на Велигден 1001 г.; дека Г. Радомир во време на владеењето на Самоил (околу 1002 г.) ја протерал унгарската принцеза од царскиот двор во Охрид; дека во царската престолнина Охрид патријархот Филип го извршил крунисувањето на Г. Радомир; дека во време на Г. Радомир Битола била една од повеќето царски престолнини, а потоа дека Битола била негова престолнина; дека во време на Јован Владислав Преспа и Охрид биле центри на државата, за потоа да истакне дека во негово време Охрид бил главна престолнина и единствен центар на државата (М. Бошкоски, *Великаните...*, 43, 104, 125–126, 146, 151–152, 158, 176, 180, 190).

во Охрид. Иако податокот не е датиран, се дошло до доста уверливо мислење дека тоа се случило во времето на Самоил. Токму речиси извесното преселување на црковното седиште од Преспа во Охрид во овој период, се зема како главен аргумент во прилог на тоа дека во исто време се случило и преселувањето на световната престолнина.

Имајќи ги предвид расположливите извори и различните мислења во науката, сметаме дека остануваат две можни претпоставки: 1. во време на Самоил се случило единствено преместување на црковното седиште или 2. во време на Самоил се случило преселување на црковното седиште и делумно или административно преселување на световната престолнина.

Првата теза се темели на тоа што не постојат никакви податоци во прилог на преселувањето на световната престолнина во времето на Самоил, додека за преселувањето на црковното седиште, сепак, постои каков-таков посреден податок. Крупна отежнувачка околност за да се прифати оваа теза претставува претпоставеното одделно преселување на црковното и на световното седиште, што како практика во средниот век е многу малку веројатна.

Втората теза ни изгледа поверојатна од следниве причини. Токму речиси извесното преселување на црковното седиште во времето на Самоил оди во прилог на претпоставката дека тоа во исто време неизбежно се случило и со световната престолнина. Објаснување за отсуството на податоци кои на кој било начин би го поврзале Самоил со Охрид треба да се бара во можноста дека Самоил делумно или административно ја преселил престолнината во Охрид, но до крајот на владеењето тој, веројатно, лично преферирал да престојува во својот изворно потврден дворец во Преспа, како непроменето и постојано место на живеење, а по смртта по сѐ изгледа, и негово вечно почивалиште.[22] Тоа би значело дека едновремено со црковниот поглавар од Преспа во Охрид, веројатно поради воено-стратегиски причини, можеле да бидат преселени единствено државните институции и целокупниот административен апарат, но не и постојаното живеалиште на Самоил и на неговото семејство.[23]

Во продолжение се наметнува прашањето која или кои била/е престолнината/престолнините на синот и наследник на царот Самоил, царот Гаврило Радомир? Се чини дека бројноста на престолнините останала иста, но извесна е поголемата поврзаност на Радомир со Пелагонија и особено со градот Битола, каде што имал свои дворци уште во времето додека владеел неговиот татко. Тоа впрочем се дознава од едно известување на Скилица.[24] Врз основа на таквото известување во науката се појавило оправдано мислење дека Г. Радомир, како престолонаследник и совладетел на својот татко добил за управување територии во Пелагонија со градот Битола, како и предели јужно од Пелагонија. Натаму

---

[22] Види бел. 15.

[23] Во науката веќе е присутно оправдано сомнение дека световната престонина на Самоил била преселена од Преспа во Охрид. Сп.: С. Антољак, *Самуиловата држава*, 82 бел. 837; Idem, „Охридската архиепископија", 677, 682; С. Пириватриќ, *Самуилова држава...*, 156.

[24] *Scylitzae*, 351; ВИИНЈ, III, 112.

се претпоставува дека токму поради тоа, по смртта на Самоил, градот Битола станал главна резиденција на новиот владетел на Самоиловата држава.[25]

По насилното симнување на Г. Радомир од власта, на престолот дошол неговиот братучед, Јован Владислав. Во изворите наоѓаме директна потврда дека во време на споменатиот владетел во функција биле три престолнини: Охрид, Битола и Преспа.[26] Но прашањето која била главната престолнина на Ј. Владислав треба да се смета за апсолвирано. Впрочем, погоре веќе беше наведено дека постојат сигурни и конкретни изворни податоци дека токму за време на неговото владеење (1015-1018) градот Охрид бил метропола или главна престолнина на Самоиловата држава.[27]

Од сето досега изнесено може да се констатира дека владетелите на Самоиловата држава располагале со вкупно четири престолнини, од кои позначајна улога во време на владеењето на Самоил имале Преспа и Охрид наспроти Битола и Сетина. Потребно е да се прифати како извесно мислењето дека Охрид станал позначајна престолнина уште од времето на Самоил, но во врска со тоа дали станал т.н. „главна“ престолнина, неминовно е да се има предвид издржаното мислење на Ј. Ферлуга дека Самоил во текот на своето долго владеење немал само една престолнина. Се чини дека за време на кусото владеење на Г. Радомир престолнината Битола добива поголемо значење во однос на претходниот период, а неспорно е дека за царот Ј. Владислав метрополата Охрид имала примарно значење во однос на сите други престолнини.

---

[25] К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 41–42. Впрочем таквото мислење по автоматизам не мора да ја исклучи можноста дека Охрид продолжил да биде главно црковно седиште и административна престолнина на државата, но по примерот на својот татко, кој до крајот на својот живот, најверојатно, преферирал да престојува во Преспа, Г. Радомир избрал најчесто да престојува во Битола. Можеби токму затоа првиот византиски воен продор по смртта на Самоил бил насочен кон Пелагонија и кон Битола, при што биле запалени битолските дворци на Г. Радомир, но самиот град не бил освоен. *Scylitzae*, 351; ВИИНЈ, III, 112.

[26] Дека Ј. Владислав се ангажирал да ја обнови битолската тврдината, како една од неговите престолнини, се дознава од Битолскиот натпис (види бел. 27). За функционирањето на Преспа како една од престолнините на Ј. Владислав се дознава од известувањето на попот Дукљанин за погубувањето на Јован Владимир, дукљанскиот владетел и зет на Самоил. *Летопис Попа Дукљанина*, 337–340.

[27] Види стр. 2–3 и бел. 6. Од натписот на Битолската плоча се дознава дека Ј. Владислав ја обновил битолската тврдина (1015/1016) (сп.: В. Мошин, „Битољска плоча из 1017 године“, *Македонски јазик, XVII*, Скопје 1966, 52-54; Й. Заимов, *Битолски натпис на Иван Владислав самодържец български. Старобългарски паметник от 1015-1016 година*, София 1970, 33), што послужило како повод во науката да се развие тезата дека споменатиот владетел ја пренесол својата престолнина од Охрид во Битола. В. Заимова, *Иван Владислав и неговият надпис. Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български*, София 1970, 109; *История на България, т. II*, София 1981, 417. Ваквата теза со право е оспорена во македонската историографија. Види: Т. Томоски, „Преспа во средниот век“, 71; К. Аџиевски, *Пелагонија...* 53.

Toni FILIPOSKI

**THE SEATS OF SAMUEL'S STATE:**
**CRITICAL HISTORIOGRAPHICAL REVIEW**

(Abstract)

The foundation and existence of Tsar Samuel's empire (976-1018) is one of the most glorious periods in Macedonian medieval history. Historians have along agreed that this state had four seats — Prespa, Ohrid, Bitola and Setina — and that Prespa was the first. However, there appears to be little other than this that historians agree on. In historiography there are different theories and opinions regarding Samuel and his successors' seats. This review critically addresses those theories in an effort to put them into perspective and reconsider them. Moreover, alternative ideas are offered and new questions are raised with the primary objective of prompting further academic discussion.

**Бобан ПЕТРОВСКИ** *

# САМОИЛ ПО САМОИЛ: КОМПРОМИСИТЕ НА ВАСИЛИЈ II

По ликвидирањето на државата на Самоил и на неговите наследници од страна на императорот Василиј II во 1018 година, заземената територија влегла во составот на Византиското Царство и била вклучена во рамките на византискиот воено-административен управен систем. Но, активностите што ги спровел Василиј II веднаш потоа говорат во насока на нашата теза за направени сериозни компромиси на императорот во однос на посоченава освоена територија и на тамошното население.

Така, по византиското освојување, голем дел од територијата на Македонија била инкорпорирана во рамките на новоформираната голема тема позната под името Бугарија (θέμα Βουλγαρίας). Оваа воено-административна единица во територијален поглед ги опфаќала централните делови на, некогаш, пространата држава на Самоил. Темата Бугарија била омеѓена со неколку теми[1]. Драч на запад, Сирмиум на север, Паристрион на запад, Стримон и Солун на југ/југоисток[2]. Новата тема најпрво имала ранг на катепанат, а подоцна ранг на дукат со седиште во Скопје[3].

* Институт за историја, Филозофски Факултет, УКИМ – Скопје

[1] Детален преглед на администрацијата на Василиј II воспоставена по 1018 година со поновите научни ставови и дискусии за тоа е понуден кај Bojana Krsmanović, *The Byzantine Province in Change (On the Threshold Between the 10th and the 11the Century)*, Belgrade – Athens 2008, 191–203. Сп. и: Alexandru Madgearu, „Byzantine Military Organization on the Danube 10th–12th Centuries“, во F. Curta (ed.), *East Central and Eastern Europe in the Middle Ages 450–1450*. Volume 22, Brill Leiden–Boston 2013, 55-64.

[2] За границите на темата Бугарија и за поновите мислења за ова прашање, опширни размисли се дадени кај: Boban Petrovski, „Central–southern Europe under the Restored Byzantine Administration after the fall of Samuel State“, во V.Gjuzelev – G.Nikolov (eds.), *South-eastern Europe in the second half of 10th – the beginning of 11th centuries: History and Culture*, International Conference, 6 – 8 October 2014, Sofia 2015, 266-269.

[3] Милан Бошкоски, *Скопје и скопската област од VI до крајот на XIV век*, Скопје 2009, (126–134) 126–127; Catherine Holmes, *Basil II and the Governance of Empire (976–1025)*, Oxford 2005, 422; Иван Йорданов, “Печати на тема България”, *Нумизматика, сфрагистика и епиграфика 7 (2011)*, 179–180; Alexandru Madgearu, „Byzantine Military Organization…“, 56. Види и: Margaret Mullett, *Theophylact of Ohrid. Reading the Letters of a Byzantine Archbishop*. Birmingham Byzantine and Ottoman Monographs 2, Birmingham 1997, 53–69; Αγγελική Δεληκάρη, Η Αρχιεπισκοπη Αχριδων κατα τον μεσαιωνα. *Ο ρολος της ως ενωτικου παραγοντα στην πολιτικη και εκκλησιαστικη ιστορια των Σλαβων των Βαλκανιων και του Βυζαντιου*, Θεσσαλονικη 2014, 89.

Воспоставувањето нова воено-административна единица, која во својата есенција ја имала територијата на некогашната Самоилова држава[4], зборува за генералната политика на Василиј II кон овие територии. Далекусежниот византиски император, за разлика од другите византиски области, во темата Бугарија имал намера да воспостави еден преоден управен период, при што во тој временски интервал населението требало да се приспособи, транзитирајќи од Самоиловиот систем кон воспоставување целосен византиски систем. Ваквата Василиева политика е генезата на неговите следни компромиси кои оделе во насока на „мека репатријација“ на овие освоени области.

Освен во управната сфера, се чини дека и во поглед на фискалната политика, во оваа воено-административна единица Василиј II направил компромис. Имено, во темата Бугарија бил оставен и понатаму да функционира даночниот систем својствен за Самоиловото време. Изворни вести за тоа се содржат во известувањето кај Скилица-Кедрен. Во делот каде што во изворот станува збор за причините поради кои населението од хеладската тема Никопол се придружило на востанието на Петар Делјан, се посочува дека Василиј II, откако ја покорил Бугарија, ништо не променил, туку го оставил и понатаму на сила стариот даночен систем во покорените области како што било во времето на Самоил[5]. Иако нешто подоцнежни, овие изворни вести се еклатантно сведоштво за компромисот што го направил императорот во поглед на фискалната политика воведена (оставена) во темата Бугарија и на даночните традиции присутни кај тамошното население. Имено, за разлика од другите византиски територии каде што даноците, главно, се плаќале во пари, главна карактеристика на Самоиловиот даночен систем е плаќање на даноците во натура[6]. Токму за плаќањето даноци во натура на третираниве простори сведочат изворите на кои ќе се осврнеме подолу во текстот.

Исто така, ниту во духовната сфера не биле извршени видни промени, освен, неопходните. За тоа сведочат трите повелби што византискиот император ѝ ги издал на Охридската архиепископија, со кои се регулирани нејзините

---

4 Предраг Коматина, „Појам Бугарске у XI и XII веку и територија Охридске архиепископије“, во: *Византијски свет на Балкану*, Византолошки институт, САНУ, Посебна издања Књига 42/1, Књига 1, Београд 2012, 42, 48–50. Авторот мошне аргументирано зборува за терминот Бугарија произлезен токму од името на темата Бугарија.

5 *Ioannis Scylitzes, Sinopsis historiarum*. Editio princeps, rec. I. Thurn (CFHB Vol. 5), Berolini et Novi Eboraci 1973, 412-413, 527-533. Сп.: *Извори за българската история XI, Гръцки извори за българската история VI*, София 1965, 304; *Византијски извори за историју народа Југославије Том III*, Београд 1966, 151-152 и бел. 230 (Ј.Ферлуга).

6 На ова прашање детално се осврнал Христо Меловски, „Прилог кон даночната политика на Самуиловата држава“, *Гласник на ИНИ XXI/1*, Скопје, 1976, (177–182) 180. Сп. и: Paul Stephenson, *Byzantium`s Balkan Frontier. A Political Study of Nothern Balkans, 900–1204*, Cambridge University Press 2004, 77; Сърджан Пириватрич, *Самуиловата държава. Обхват и характер*, София 2000, 213; Michael Angold, *The Byzantine Empire 1025–1204. A political history*, Longman London and New York, 1997 (repr.), 8, 10; *Историја српског народа. Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371 г.)*, Београд 1981, 177 (Љ. Максимовић); Васил Златарски, *История на Българската държава през средните векове. Том 2. България под византийско владичество (1018-1187)*, Второ фототипно издание. София 1994, 26–28.

привилегии, обврски и граници[7]. Така, Василиј II, веројатно, го снижил рангот на Охридската патријаршија на архиепископија, по што на нејзино чело го поставил архиепископот Јован кој бил од словенско потекло, родум од Македонија[8]. Но, императорот не ја укинал нејзината црковна организација актуелна во веќе непостојната Самоилова држава. Напротив, ставајќи ја под свој патронат, на Охридската архиепископија ѝ овозможил заштита и зачувување на нејзината јурисдикција речиси врз сите дотогашни епископии[9]. Преку ваквите активности е видлив уште еден мошне важен компромис направен од страна на византискиот император во насока на зачувување на дотогашната црковна организација.

За нашиот предмет на интерес, како во контекст на црковната организација така и за даночниот систем, се чини, мошне е речита Првата Василиева повелба (1019 г.). Во неа се содржат податоци за постоење на феудална рента и на даноци, кои несомнено биле на сила барем во моментот на нејзиното настанување. Имено, во почетокот на текстот од грамотата се понудени сведоштва за одработна феудална рента со која било обременето зависното население – клириците и париците, кои ѝ се доделувале на Охридската архиепископија во секоја од нејзините епископии одделно. Имено, изразот: „се задолжуваат да работат" (τοὺς ὀφείλοντας [...] ὑπειρετεῖν)[10], кој се однесува на посоченово зависно население, претставува изворно сознание за постоењето на овој вид феудална рента во споменатиот временски период. Во завршниот дел од текстот на Повелбата, пак, се наведени даноците „икомодион" (οἰκομοδίου) и „други епирии" (καὶ τῶν λοιπῶν ἐπηρειῶν) од кои биле ослободени црковните клирици. Овие вести, исто така, понудуваат делумно сведоштво за даночниот систем што се применувал. Имено, екскусијата за икомодион на клириците означува дека тие биле ослободени од давање модиј жито на службеното лице кое го вршело премерот. Епириите, пак, биле нередовни државни давачки, од кои, исто така, се ослободувале клириците. Воедно, ослободувањето од нив означува потврда за привилегиите што ги имале црковните луѓе во однос на преостанатото население, олицетворени преку неплаќање одредени давачки во полза на државата. Ваквата привилегија клириците, најверојатно, ја имале и во времето на Самоил и на неговите наследници, така што, по се изгледа, Василиј II во Повелбата само ги потврдил. За тоа сведочи и одредбата во Повелбата каде што дословно е запишано дека архиепископските

[7] Трите повелби издадени во периодот 1019–1025 година се мошне значаен извор воопшто за историјата на Балканскиот Полуостров во времето на воспоставување на византиската власт. Текстот на повелбите е даден кај: Йордан Иванов, *Български старини из Македония*, (фототипно издание), София 1970, 550–562; ИБИ *XI,* ГИБИ *VI*, 40–47. Сп. и Иван Снегаров, *История на Охридската архиепископия. Том 1. От основаването ѝ до завладяването на Балканския полуостров от турците*, Второ фототипно издание, София 1995, 55–59.

[8] Michael Angold, *Church and Society in Byzantium under the Comneni 1081–1261*, Cambridge University Press 1995, 158.

[9] Во историографијата постојат мислења дека византискиот император дури и ги зголемил привилегиите на Охридската архиепископија, сп.: Иван Снегаров, *История на Охридската архиепископия...*, 54–55, 60, 195; Сърджан Пириватрич, *Самуиловата държава...*, 191–192, 196–197; Catherine Holmes, *Basil II…*, 428.

[10] Йордан Иванов, *Български старини...*, 550; ИБИ *XI,* ГИБИ *VI*, 41.

клирици се ослободуваат од овие давачки „исто онака како што било и во времето на Самоил“ (ὡς ἐξκουσεύοντο καὶ ἐπὶ τοῦ Σαμουήλ).[11]

Наведениве изворни вести експлицитно сведочат за задржувањето на привилегиите што ги имала Охридската архиепископија не само во времето на Самуил, туку и на неговите наследници, па сѐ до моментот на наметнување на византиската власт на териториите на некогашната Самуилова држава. Ова поточно претставува сведоштво за зачувување на црковна состојба на статус кво од страна на новопоставената византиска администрација. Во тој контекст, дополнителен аргумент се наоѓа во текстот на самиот почеток на Повелбата, каде што се вели дека таа се издава за да се удоволи на барањето на охридскиот архиепископ Јован писмено да му бидат определени црковните клирици и парици[12]. Така, кога овој податок запишан на почетокот на Повелбата ќе го ставиме во корелација со текстот содржан во крајниот дел кој се однесува на ослободување на клириците од одредени давачки, се чини, се упатува на несомнен заклучок дека Охридската архиепископија и претходно го поседувала споменатото и конкретно наброено зависно население. Во случајов, со промената на световниот господар се појавила потреба одредени привилегии со кои веќе располагала Архиепископијата да ѝ бидат потврдени и од новиот владетел на територијата на некогашната Самуилова држава. Василиј II тоа го сторил во согласност со својата зацртана политика за примена на транзициска византиска управа во овие новоосвоени замји. Тоа е, несомнено, уште еден од компромисите што ги направил византискиот император.

Потврда за ваквата компромисна политика на византискиот император може да се следи и на микро ниво во третираниов временски период. На посоченото место, како илустрација ја предочуваме актуелната ситуација во областа Полог која, како дел од некогашната Самоилова држава, по византиското освојување станала составен дел на новоформираната тема Бугарија.

Според истражувањата направени во минатото, потврдени и во современата наука, Првата грамота на Василиј II издадена во полза на Архиепископијата во 1019 година, содржи спомен за населено место кое се наоѓало во Полог. Така во Повелбата, меѓу другото, се наведува дека на призренскиот епископ му се доделуваат петнаесет клирици и исто толку парици во Призрен, Хосно, Леаскумца и во уште едно населено место од кое се расчитува само Брат[...]. Веројатно, зад византиската форма Леаскумца (τὸν Λεασκουμζιὸν) се крие словенската именка Лешок, која, во случајов, ја означува полошката населба со идентично име[13]. Преку податоците што се однесуваат на оваа полошка населба, во корелација со клириците и париците дарени на Призренскиот епископ, може да се изврши делумна реконструкција на црковните, социјалните и на економските прилики во Полог под византиска управа во третираниов период[14].

---

11 Йордан Иванов, *Български старини...*, 555; ИБИ *XI,* ГИБИ *VI*, 44.

12 Йордан Иванов. *Български старини...*, 550; ИБИ *XI,* ГИБИ *VI*, 41.

13 За средновековен Лешок детаљно во Бобан Петровски, *Средновековни населби и патишта во Полог – пишани извори*, Скопје 2015, 79–83.

14 Детаљно за тоа во: Бобан Петровски, „Византиската управа во Полог по уништувањето на Самуиловата држава“, *Историја XLIV/1–2*, 37–46.

Во поглед на црковната историја, според податоците понудени во погоре наведениот екскурс од Првата грамота на Василиј II, каде што се наведува дека призренскиот епископ добил зависно население и во Лешок, можеме да извлечеме констатација дека Лешок се наоѓал под јурисдикција на призренскиот епископ. Со оглед на тоа што оваа јурисдикциска припадност продолжила и во наредните столетија дури до средината на XIV век, при што во изворите има сведоштва за Лешок како за дамнешно црковно средиште,[15] се чини дека Лешок бил под Призренската епикопија и во времето на Самуил. Во тој случај, посочениве изворни вести упатуваат на задржување на црковно-организациската структура на Охридската архиепископија и во времето на Василиј II.

Преку споменатите подарени клирици и парици индиректно можат да се извлечат податоци и за развитокот на феудализмот и на феудалниот систем во Македонија и специјално во Полог под византиска упрва во разгледуваниов временски период. Најпрво, регистрирањето на клириците и на париците како потчинети на призренскиот епископ говори за тоа дека тие биле припадници на зависниот слој луѓе кои византискиот император ги дарувал, односно, ги потврдил за Охридската црква, конкретно за Призренската епископија. Самото именување како клирици и парици зборува за категориите зависно население кои постоеле во тој период. Обете категории биле зависно земјоделско население, но со различен правен статус, кое ги обработувало црковните имоти, за што наоѓаме потврда во почетниот дел од текстот на грамотата, каде што се наведува дека писмено се определуваат клириците и париците кои треба да работат на црковните имоти на архиепископот и на епископите. Клириците уживале одредени привилегии во однос на париците, изразени преку ослободување од некои државни даноци и вонредни обврски погоре изворно засведочени, со што се доближувале до слојот на нижото свештенство.

За жал, не е возможно да се утврди бројот на клириците и на париците во Лешок, бидејќи во посоченава повелба е понуден само вкупниот број на наведениве две категории зависно население кое му се доделува на призренскиот епископ во четирите споменати населени места. Доколку се потпреме на нивниот вкупен број, кој бил триесет луѓе – по петнаесет од двете категории, можеме да претпоставиме дека Црквата сè уште не била крупен земјопоседник на кој би му биле потребни голем број луѓе за да ги обработуваат нејзините имоти. Аналогно на тоа, имајќи го предвид логичното правило дека развитокот на феудализмот е правопропорционален со растот на црковниот земјопосед, како и со бројот на зависните луѓе, во нашиот случај можеме да претпоставиме дека доминантната феудализација не била својствена за овој регион, респективно за Македонија. Со тоа ниту закрепостувањето на населението во Полог и во Македонија сè уште не било силно застапено. Потврдувањето на бројот на зависно население во овие

[15] Станува збор за Призренската повелба на Стефан Дечански од 1326 година, во која во членот 11 се известува за три поповски стаси, наречени двор пискупов од века кои биле при црквата Света Богородица во Лешок, сп.: Синиша Мишић, „Хрисовуља краља Стефана Уроша III Призренској епископији“, *Сūари срūски архив 8*, Београд 2009, 16, 127–128 [22 – превод на српски јазик]; Лидија Славева, „Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век“, *Сūоменици за сре∂новековнаūа и ūоноваūа исūорија на Маке∂онија. Том III*, Скопје 1980, 270; Стојан Новаковић, *Законски сūоменици срūских ∂ржава сре∂њеīа века*, Београд, 1912, 640.

области од страна на Василиј, бездруго, сведочи за уште еден негов компромис, во случајов направен во поглед на неменување на дотогашната социо-економска ситуација во новоосвоените територии.

* * *

Гореизнесените изворни вести се еклатантни сведоштва за компромисите на Василиј II во новоосвоените земји на некогашната Самоилова држава. Тие биле толку длабоки што, несомнено, отскокнувале од класичната византиска власт во другите области на царството која, главно, се базирала на три постаменти: воено-административната управа, фискалната политика – даноци, црковната организација. Во сите три круцијални сегменти на византиската власт Василиј II направил компромиси кога станува збор за териториите и за населението од некогашната Самоилова држава. Овие компромиси видно се одразиле врз квалитетот на животот на населението, претставувајќи транзициски период барем во наредните две децении. Во тој временски интервал византиската власт била проткаена со сè уште мошне живите Самуолови традиции присутни дури и по смртта на Василиј II. Во крајна линија, тоа овозможило трајно зачувување на слободарската меморија кај тамошното население. Оттука, воопшто не изненадуваат пројавените обиди за обнова на Самоловата држава, кои ќе се реализираат во наредните децении преку востанија предводени токму од личности што потекнувале од Самоиловата лоза.

Dr. Boban PETROVSKI

**SAMUEL AFTER SAMUEL: COMPROMISES OF BASILIUS II**

– *Summary* –

After Samuel's and his descendants' state was torn apart by the Byzantine Emperor Vasilius II in 1018, Macedonia became part of the Byzantine Empire. In this article I emphasize the compromises which Byzantine Emperor Vasilius II did in newly conquered territories when establishing a fair Byzantine authority.

A huge part of geographical location of Macedonia was incorporated in the frames of the newly formed administrative district known under the name of theme Boulgaria. Historians accept the fact that theme Boulgaria in terms of territory included the central part of Samuel's and his descendants' state.

Direct and indirect original facts/evidences witnessed Vasilis's II indulgency not only about the military-administrative government but also regarding financial and religious sphere. Such a serious and numerous exceptions were not typical at all for the victorious Byzantium.

Thus, regarding the fiscal politics in this military-administrative unit, the tax system of the Samuel state remained functioning. Also, apart from the really essential ones, other significant changes were not undertaken when speaking about the church organization.

Socio-economic situation in Macedonia under the Byzantine governing is presented on micro level through dealing with information given in the First Charter about region of Polog. Namely, through the data regarding the Polog settlement Leshok it could be seen that the socio-economic system of the Samuel state remained rather functioning. While dealing with the authentic data on a micro level I emphasize the compromises which Byzantine Emperor Vasilius II did in this part of Macedonia as well.

All mentioned above clearly speaks about the Byzantine tendency promoted by Vasilis II for preservation of the situation in theme Boulgaria as they used to be during the reign of Samuel and his descendants.

Јован БЕЛЧОВСКИ

# ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ЦРКВАТА ВО САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

Со востанието на комитопулите против Бугарија во 969 г. е создадена Самоиловата држава. Сепак, извесен период таа минува низ премрежја, така што некаде кон 972/973 г. се нашла во вазална положба во однос на Византија. Токму затоа, ползувајќи го метежот создаден со смртта на императорот Јован Цимискиј во јануари 976 г., комитопулите ќе се кренат против Византија и ќе извојуваат целосна независност за својата држава. Седиштето на државата е на островот Ахил (поранешна Преспа) во езерото Мала Преспа – денес во Грција. Тука ќе биде и првото и почетно седиште на црквата што ќе ја организираат Самоил и нејзиниот прв поглавар, Герман – Гаврил.[1]

Во епохата за која станува збор веќе било искристализирано и прифатено правилото дека една независна држава мора да има и своја самостојна (автокефална) црква. Независната држава и самостојната (автокефална) црква биле сплотени и оделе едно со друго, рака под рака.[2] Доколку државата била кралство, рангот на црквата бил архиепископија, доколку пак државата била царство, црквата морала да биде во ранг на патријаршија. Историјата бележи случаи каде што државата ја губи својата автокефална црква, но потоа пропаѓа и самата држава и обратно.[3] Од друга страна, бидејќи веќе било вкоренето и сфаќањето дека самостојната црква треба да го втемели своето постоење врз авторитетот на некој апостол или светител – со култ во голем подем,[4] Самоил и поглаварот Герман биле принудени и тука да бараат решение. Токму затоа по освојувањето на Лариса, Самоил ги зел моштите на св. Ахил и ги донел во својата престолнина Преспа. Изградил црква, трободна базилика, која го добила името на светителот, а неговите мошти биле положени од надворешната страна до ѓаконикот, од јужната страна на храмот. Црквата е трободна осветлена базилика, за жал, денес во урнатини. Во апсидата се наоѓале столови за архијереите на црковниот Синод. Црквата Св. Ахилеј во 1071/1072 г. била запалена од Алеманите, меѓутоа во Теофилактово

---

1 *Визан̄тиски извори за ис̄торију народа Југославије, Том III*, Београд, 1966, стр. 83, бел. 28.

2 Јован Белчовски, *Меѓусебнитe односи на православните цркви низ историјата (црковна автокефалија)*, Скопје, 2012, стр. 151–152.

3 Сергеј Троицки, „Државна власт и црквена аутокефалија“, *Архив за правне и друштвене науке, књига XXVII (XLIV), бр. 6*, Београд, 1933, стр. 478–479, 483.

4 Јован Белчовски, *Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт*, Скопје, 1997, стр. 77–78.

време повторно била обновена. Во почетокот на XV век, за време на османлиската инвазија, црквата била повторно разурната, но подоцна и обновена.

Врз основа на пронајдените монети, чие потекло се датира во временски период од 3 века, како и врз база на нивната разновидност, се доаѓа до заклучок дека култот на св. Ахилеј бил мошне развиен и се негувал со векови. Со текот на времето се распространил на целокупната територија на Охридската архиепископија, а и надвор од нејзините граници. Тоа се потврдува и со фактот што неговиот лик е насликан во голем број храмови на споменатата црква. Освен во базиликата Св. Ахил на Мала Преспа, неговиот лик е нацртан и во црквата Св. Никола – Манастир во Мариово, која потекнува од 1271 г.[5] Тој е насликан и во црквата Св. Ѓорѓи – Курбиново, и тоа во композицијата „Поклонување на жртвата“ или „Литургиска служба“. Всушност, тоа е една од најважните фрески во православните храмови и секогаш е сликана во централната апсида на храмовите, пред светиот престол. На таа фреска секогаш се сликаат творците на литургиите: св. Јован Златоуст, св. Василиј Велики и св. Григориј Двоеслов, папа римски. Од претставниците на самостојната Охридска архиепископија, на таа најважна фреска низ вековите биле удостоени да се најдат само тројца светители: св. Ахил, за кој станува збор, св. Климент и Константин Кавасила, охридски архиепископ од втората половина на XIII век. Тоа значи дека Охридската архиепископија се темели врз авторитетот на овие истакнати светители.[6]

Култот на св. Ахилеј се распространил и во Србија. Центар на неговиот култ станала црквата во денешното Ариље. Неговиот лик го нашол своето место и во манастирите во Студеница и во Милешево. Името на св. Ахил ќе се најде и во топонимијата во Македонија, поконкретно во Североисточна Македонија, каде што во областа Жеглигово во XIV имало населба по име Архилевица. Поради авторитетот на светителот и поради важноста на првиот соборен храм на Преспанско-охридската архиепископија, и подоцна, кога седиштето на црквата ќе биде пренесено во Охрид, Синодот одел и заседавал во храмот на св. Ахил во Преспа. На спојот од крајот на XI и почетокот на XII век, авторитетниот охридски архиепископ Теофилакт одел и служел во црквата Св. Ахилеј во Преспа. Судејќи по сè, за празникот на храмот, 15 мај, архиепископите патувале од Охрид за Преспа и служеле во храмот на светителот. Исто така, таму одржувале и седници на Светиот синод.[7]

Култот на св. Ахил дошол до израз и во црковната и богослужбена литература. Во САНУ се наоѓа пергаментен минеј рс. 361, кој потекнува од средината на XIII век и во кој се наоѓа служба на светителот. И во Криптофератските студиски грчки минеи, кои се употребувале во Јужна Италија, постои негова служба. Меѓутоа, тука тој се слави на 16, а не на 15 мај. Во Патристичкиот институт во Солун постои минеј и за мај, рс. г. 19, на манастирот Велика Лавра, во кој се наоѓа грчка служба на св. Ахил. Минејот потекнува од 1047 г., па тоа би била и

[5] Цветан Грозданов, *Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век*, Скопје, 1983, стр. 145, 148, 150.

[6] Петар Миљковиќ-Пепек, „Црквата св. Јован Богослов – Канео во Охрид“, *Културно наследство III*, Скопје, 1967, стр. 89.

[7] Јован Белчовски, *Охридската архиепископија...*, стр. 78–79.

најстарата зачувана служба на светителот.[8] По името на светителот, и островот бил преименуван во Ахил, а имало и село по име Аил. Подоцна, кога Василиј II Македонец во 1018 г. го победил Самоиловото Царство, го сменил името на островот во Констанција, меѓутоа култот на светителот бил издигнат на толку високо ниво што новото име не можело да се одржи.[9]

Иако на бреговите на Охридското Езеро биле погребани св. Климент и св. Наум, во Самоилово време нивниот култ уште не бил толку развиен и уште ја немале почитта што ја уживал св. Ахилеј Лариски. Тој е еден од 318-те учесници на Првиот вселенски собор во Никеја во 325 г., што значи дека, според тогашните сфаќања, самостојноста на својата црква Самоил ја засновал на цврсти темели. Впрочем, соградената базилика посветена на св. Ахилеј е првата соборна црква на Преспанско-охридската архиепископија.

Подоцна седиштето на црквата било пренесено во Охрид, додека со седиштето на државата тоа се случило подоцна. За такво нешто во Охрид веќе се создале подобри услови како резултат од црковната и културно-просветната дејност на св. Климент и на св. Наум. Нивниот култ кај месното население толку пораснал што било сосема логично Охрид да стане седиште на црковната организација, бидејќи нивниот авторитет ќе ѝ биде од голема полза на црквата во нејзината понатамошна мисија меѓу Словените на Балканот, во пространата Самоилова држава.[10]

На самиот почеток од своето постоење, Преспанската црква развила богат црковен живот, за што сведочат бројните урнатини од храмовите. Месното население зборува дека само на островот Ахил имало десет до дванаесет цркви, меѓу кои најпознати се: базиликата Св. Ахил, Св. Апостол, Св. Ѓорѓи, која е сочувана сè до денес и е активна, потоа манастирот Св. Богородица, Св. Дванаесет апостоли, Св. Димитриј и други. Од овие храмови, посебно го привлекува вниманието манастирот Св. Богородица, кој бил зографисан во 1542 г., а по вторпат во 1741 г. Мошне е интересно што во овој храм е насликан св. Климент Охридски како епископ со рака која благословува, а на натписот стои „Охридски архиепископ" иако се знае дека светителот не ја извршувал таа должност, бидејќи Архиепископијата е создадена многу подоцна (по 976 г.) по неговата смрт (916). Тоа зборува дека во народната традиција неговиот култ веќе толку бил издигнат што бил вброен во архиепископите, затоа што Охридската архиепископија се темели врз неговото дело.

На островот Град, во езерото Голема Преспа, според преданието кое се пренесува, во околината имало седум цркви, од кои попознати се Св. Петар и Св. Димитриј. На островот Мал Град (сега во Албанија) се наоѓала црквата Св. Богородица. Според преданието, во тој период во Преспа и во нејзината околина имало околу 40 цркви и манастири. Меѓу најпознатите треба да се набројат уште: манастирот Св. Герман во истоименото село (сега во Грција), каде што лежат моштите на првиот поглавар на Преспанската црква, Герман – Гаврил, потоа на

---

8 *Исто*, стр. 79.

9 *Византиски извори...*, стр. 130, бел. 177.

10 Стјепан Антољак, *Самуиловата држава*, Скопје, 1969, стр. 169, бел. 837; Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија Том I*, Скопје, 1985, стр. 682.

Самоиловите родители Никола и Рипсимија и на неговиот брат Давид, како и храмовите – црквата Св. Лиса (Алиса) и манастирот Св. Марена.[11]

Новосоздадената црква со центар во Преспа, а подоцна во Охрид, влијаела и на појавата на нов стил во архитектурата и во живописот, а, исто така, влијаела и на црковната литература и книжевност. Во Самоиловата епоха мошне често се гради трободна базилика, која битно се разликува од византискиот стил. Во Преспанскиот Регион во епохата за која станува збор се среќаваат храмови со разновидни архитектонски решенија во нивните основи. Најмногубројни се издолжените еднобродни и трободни базилики, додека храмовите во форма на вписан крст, како и оние со зрачести решенија – на пр., триконхалните цркви, сè поретко се среќаваат. Правоаголните објекти со олтар, без нартекс, а со влезна врата од западната страна се најчести. Во Македонија трободната базилика се појавила и посебно била во мода во временскиот период IX – XI век. Такви храмови се сретнуваат најмногу во Преспа, Охрид и во Костур. Обликот на базилика без нартекс се гради особено во XIX век, што зборува за сочувувањето на еден континуитет уште од Самуиловата епоха.[12]

Типичен пример на црква со вписан крст, со централно кубе претставува Св. Герман во истоименото село, која во Македонија е најстар пример на црква од тој стил. На тој период му припаѓа и црквата Св. Леонтиј во Водоча кај Струмица.[13]

На самиот почеток, црквата во Самоиловата држава била организирана на митрополитски начин, потоа била издигната во ранг на архиепископија и најпосле во ранг на патријаршија.

Прашањето за автокефалноста на Охридската архиепископија во овој период не е спорно. Во својата самостојна држава Самоил имал потреба и од автокефална црква и тоа успеал да го реализира. За самостојноста на црквата сведочат и имињата на епископите испишани над столовите во олтарот на црквата Св. Ахил на Преспа, потоа повелбите на Василиј II од 1019, 1020 и 1025 г., како и подоцнежната преписка на Калојан и на папата Инокентиј III на почетокот од XIII век. Во преписката директно се истакнува дека бараните права биле дадени уште во Самоилово  време, па според тоа автокефалноста на Охридската архиепископија не треба да се става под никакво сомнение.

Меѓутоа, според канонитe на христијанската црква, тоа прашање не можело да биде решено само со согласност на домашните епископи и на поглаварот на црквата. Автокефалноста на црквата во неговата држава требало да биде потврдена и прифатена од другите самостојни цркви, во дадениот случај од Цариград или од Рим. Од Цариград такво нешто не можело да се очекува, бидејќи Самоил бил во големо непријателство со Византија и водел постојани војни со неа. Признавањето пристигнало од Рим. Но, тука секогаш треба да се води сметка дека тоа се случило пред поделбата на црквата на Источна и Западна во

[11] Василије Марковић, *Православно монаштво и манастири у средновековној Србији*, Сремски Карловци, 1920, стр. 7–10; Славко Димевски, *Македониските културно-општествени текови во феудализмот*, Скопје, 1981, стр. 64–65.

[12] Крум Томовски, „Христијанска архитектура во Преспа“, *Зборник на Архитектонскиот факултет бр. 1*, Скопје, 1977, стр. 7–8.

[13] *Исто*, стр. 9, 12–13; Steven Runciman, *A History of the First Bulgarian Empire*, London, 1930, p. 232.

1054 г. Во изворите нема никакви податоци за тоа дека Цариград презел некакви мерки, односно некакви санкции, а судејќи по сè, самостојноста на Охридската архиепископија ја прифатила како свршен чин.[14]

Дека црквата во Самоиловата држава била самостојна најдобро сведочи Нил Доксопатрид во 1143 г. во својот труд „Трактат за патријаршиските престоли". Имено, тој во него зборува за тоа дека Охридската архиепископија е автокефална исто како и Кипарската црква, а познато е дека самостојноста (автокефалноста) на Кипарската црква била призната и потврдена од 2 вселенски собора. Доксопатрид посебно истакнува дека Охридската архиепископија била автокефална и пред пропаѓањето на Самоиловата држава во 1018 г. и со неа управувале нејзините епископи.[15] Сепак, треба да се нагласи дека самостојноста на Охридската црква била потврдувана од Рим и со тоа што на новоизбраните поглавари папата им испраќал палиуми. Од посебно значење за самостојноста на Охридската архиепископија во подоцнежниот период е сведоштвото на Теодор Валсамон, човек кој заземал високи функции и бил ѓакон, номофилакс и прв во влахерна, а потоа бил избран за антиохиски патријарх.[16] Тој е еден и од петтемина најпознати правници на Православната црква. Со составувањето на Номоканонот со 14 наслови тој посведочил дека Охридската црква е самостојна. Во XII век, за време на архиепископот Јован Комнен, Архиепископијата била во врвен подем од својата самостојност, што се гледа и од почестите кои на архиепископот му биле оддавани на цариградските собори од 1143, 1156, 1157 г. итн.[17]

За да се сфатат работите подобро, треба што поопстојно да се разјасни и поимот „автокефалија". Тоа прашање во православното црковно право и во канонската книжевност не е доволно разработено, па во таа смисла познатиот канонист Сергиј Троитски дури и им приговара на православните канонисти. Исто така, самите услови за автокефалија не се јасно пропишани со канините на Православната црква.[18] Веќе стана збор за тоа дека црквата на Исток го зачувала единството само во догматски поглед, додека на административен план таа се поделила на самостојни цркви. Имено, Вселенската православна црква по своето уредување личи на сојузна федеративна држава, во која сите членки се потчинети на една заедничка власт, која во црквата е со надземен (божествен) карактер. Самостојните цркви се независни само во своето административно уредување.[19] Вселенската црква си има свој устав, кон кој се должни да се придржуваат и да го применуваат сите помесни цркви. Тоа е, всушност, учењето на Црквата кое се состои во Светото писмо, Светото предание, апостолските правила, одлуките на седумте вселенски собори, одлуките на деветте помесни собори кои се прифатени како важечки за целата Вселенска црква. Доколку некоја од помесните

[14] Р. Љубинковиќ, *Прилог проучавања Самоилове цркве*, Старинар X–XI, Београд, 1969, стр. 126–127; Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија...*, стр. 511.

[15] *Византијски извори...*, стр. 362–364.

[16] Бранко А. Цисарон, *Црковно право Том I*, Београд, 1970, стр. 43.

[17] Јован Белчовски, *Охридска архиепископија...*, стр. 129–130.

[18] Сергеј Троицки, „Суштина и фактори автокефалије", *Архив за правне и друштвене науке, књига XXVI (XLIII)*, бр. 3, Београд, 1933, стр. 189; *Историја српског народа,* Том I, стр. 321.

[19] Јован Белчовски, *Охридска архиепископија...*, стр. 134–135.

цркви ги наруши горенаведените одредби, другите помесни цркви се должни да свикаат собор и  да ја исклучат од својата средина.

Како што рековме, во канонските трудови тешко се наоѓа дефиниција за поимот автокефалија, па сепак една се оформила и таа гласи: „Автокефална црква е онаа која својата духовна власт не ја добива од друга црква, туку од самиот основач на црквата Исус Христос, преку хиротонијата на својот поглавар и на другите епископи од своите епископии“. Од ова се забележува дека власта во црквата се предава по пат на хиротонија, бидејќи таа е единствениот извор за црковната духовна власт. Во таа смисла, и прочуениот канонист и еден од петтемина врвни правници на Православната црква, Матиј Властар, изјавува дека Кипарската црква, Иверската црква и Охридската црква се апсолутно самостојни цркви, бидејќи нивните новоизбрани владици примаат хиротонија од своите домашни постари владици.[20] Всушност, тоа е добивање на апостолското преемство. Својата духовна власт апостолите ја пренесуваат на епископите, а епископите неа ја пренесуваат на своите новоизбрани владици. Во Теофилактовата кореспонденција се наоѓаат бројни сведоштва за тоа како членовите на Архијерејскиот синод на Охридската архиепископија ги ракополагаат своите новоизбрани владици, што е најбитно сведоштво за самостојноста на Охридската архиепископија.[21]

Од гореизложеното произлегува дека Охридската архиепископија низ историјата на своето постоење била самостојна црква. Меѓутоа, факт е дека многупати се посегнувало по нејзината автокефалност и таа била нарушувана. На такви шиканирања најмногу биле изложени Охридската архиепископија и Српската црква, што значи дека се случувало нивните автокефалии да бидат повредени. Никој не се осмелувал, да речеме, да ја негира самостојноста на Антиохиската патријаршија, иако честопати се случувало, поради тешкото невреме, дури и патријаршискиот престол да биде испразнет и по сто години. Меѓутоа, авторитетната црква никој не ја вознемирувал, а последните две споменати биле изложувани на постојани навреди.

Кога е во прашање поимот автокефалија, треба да се истакне дека тој се однесува на административната независност на една црква од која било друга црква. Тој не се однесува на односите помеѓу граѓанската и црковната власт во една држава. Кај сите православни народи односите помеѓу државата и црквата претставуваат посебен предмет за проучување целосно независен од поимот автокефалија, па сепак низ историјата и тогаш кога се случувало државната власт премногу да се вмеша во работите на самостојната црква, врвната интелигенција жестоко протестирала против нарушувањето на самостојноста на црквата. Така, кога царицата Теодора во 1056 г. сама го избрала и директно го поставила Теодул за охридски архиепископ, против неа станала цариградската интелигенција обвинувајќи ја за деспотизам и самовластие. Против неа станал и врвниот интелектуалец на своето време, учител на Теофилакт Охридски и на царската ќерка Ана Комнина, Михаил

[20] Сергеј Троицки, *Суштина и фактори...*, стр. 194.

[21] Иван Сньгаровъ, *История на Охридската архиепископия, Първи том*, София, 1924, стр. 81; Мит. Симеонъ Варненски, *Писмата на Теофилакта Охридски*, Сборникъ на Българската академия на науките, книга XVII, София, 1931, стр. 210.

Псел. Царицата Теодора жестоко ја обвиниле, нејзината постапка при изборот на архиепископот ја сметале за незаконска и го критикувале нејзиниот ревносен однос кон самодржавието (диктатурата).[22]

По прашањето дали Охридската црква била во ранг на архиепископија или на патријаршија, водени се долги дискусии. Доколку се има предвид теоријата за пентархијата, според која, со целокупната христијанска вселена управуваат пет патријархати: Константинпол, Ерусалим, Александрија и Антиохија, Охрид не би можел да биде патријаршија. Во IX век на Запад биле уште построги. Имено, со христијанската вселена можеле да управуваат само три патријархати: Рим, Александрија и Антиохија.[23] Меѓутоа, познато е дека со текот на времето двете споменати теории сосема ја изгубиле својата важност и целосно биле суспедирани, така што се појавиле и други патријаршии: Москва, Букурешт, Белград и др.

Повеќе податоци зборуваат дека црквата во Самоиловата држава некаде од пред 1000 г. била во ранг на Патријаршија. Пред сè, големата распространетост на нејзината диецеза зборува дека таа ги исполнувала условите за патријаршија. На тоа алудира и самиот Самоилов карактер. Тој бил горд, властољубив, воинствен, полн со енергија, не отстапувал пред никакви препреки кога требало да ја постигне својата цел. Чисто од ривалски побуди, тој не сакал во ништо да заостанува зад Константинопол, па прогласил и патријаршија. Подоцна во епохата на османлиското владеење, одделни поглавари на Охридската црква покрај архиепископ, ја употребувале и титулата патријарх, која, веројатно, требало да потсетува на славната епоха на црквата кога таа имала највисок ранг. Кога се анализираат авторите и литературата посветена на тоа прашање, се забележува дека оние од источна провениенција и припадици на Православната црква зборуваат за патријаршија, додека оние од Запад зборуваат за архиепископија. Причините за тоа се сосема јасни. Во свечените поворки кај римскиот престол, патријарсите оделе пред своите примаси и поради тоа, но и поради редица други причини, тие не признавале патријарси толку лесно. Всушност, каде лежи вистината. Рим ја признал Охридската црква во ранг на архиепископија и нејзините поглавари ги потврдувал со палиуми. Поглаварот на црквата и Самоил самостојно прогласиле патријаршија и односите со Рим се влошиле, така што за последниот поглавар на црквата од Самоиловата епоха не пристигнал палиум од Рим.[24]

## ЗАКЛУЧОК

Веднаш по создавањето на државата во 976 г., Самоил и првиот поглавар на црквата, Герман – Гаврил, пристапиле кон нејзиното организирање, со што се придржувале кон веќе искристализираното правило: во независна држава – самостојна црква. Според древните обичаи, самостојна црква да се темели врз

[22] Јован Белчовски, *Охридска архиепископија*..., стр. 179–180.

[23] *Исто*, стр. 85–86.

[24] *Исто*, стр. 88–89.

авторитетот на некој апостол или истакнат светител, таа е втемелена врз култот на св. Ахил Лариски и св. Климент Охридски. Најпрвин е организирана како црква со митрополитски систем, потоа прераснува во архиепископија и најпосле во патријаршија. Таа е самостојна автокефална црква, за што сведочат повеќе извори, со таа разлика што изборот на поглаварите го потврдувал папата, кој им испраќал палиуми.

Jovan BELČOVSKI

**THE LEGAL POSITION OF THE CHURCH IN SAMUEL'S STATE**

Immediately after the creation of the state in 976, Samuel and the first head of the church, German-Gavril, approached towards its organization, and thus, followed the already established rule: in an independent state - an independent church. According to the ancient customs, an independent church should be based on the authority of an apostle or a prominent saint, and it was based on the cult of St. Achilles of Larissa and St. Clement of Ohrid. Firstly, it was organized as a church with a metropolitan system, then it grew into an archbishopric and finally in a patriarchy. It was an autonomous autocephalous church, as evidenced by several sources, with the difference that the election of the heads was confirmed by the pope, who sent them pallia.

Драган ЗАЈКОВСКИ

# ЕРАРХИЈАТА НА ЦРКОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ВРЕМЕТО НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

Создавањето на Самоиловата држава[1], меѓу другото, подразбирало и организирање црковен живот, односно црква. За жал, поради скудноста на изворните сведоштва, отсуствуваат прецизни одговори на голем број прашања поврзани со најраната историја на оваа црковна организација, во литературата позната како Преспанска, односно Охридска патријаршија (подоцна архиепископија). Оттука, дел од нив сè уште остануваат отворени за научна дискусија. Меѓу нив е и прашањето за нејзината ерархија во времето на Самоиловата држава, кое е предмет на нашиот интерес.

До денес се сочувани неколку литерарни извори кои содржат податоци за првите поглавари на Црквата во Самоиловата држава. Меѓу нив ги издвојуваме:

- *Кратката историја на Јован Скилица,* вклучително и дополнувањата кон неа од *Михаил Деволски*;
- *Диканжовиот список на бугарските архиепископи*;
- трите грамоти на византискиот цар Василиј II (976 – 1025) за правата на Охридската архиепископија;
- двете житија на свети Јован Владимир: *Краткото (грчко)* и *Пространото (словенско)*;

[1] Самоиловата држава, во литературата позната и под терминот средновековна македонска држава, ја основале четворицата браќа, комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил. Тие во 969 година ја отфрлиле бугарската власт и се осамостоиле во Југозападна Македонија, поставувајќи ги темелите на државата. Нејзиното јадро го сочинувале охридско-преспанската област и Пелагонија, со престолнина во Преспа, а подоцна во Охрид. Во почетокот била организирана самостојна власт, а од 971 до 976 година браќата комитопули ја признавале врховната византиска власт. По смртта на царот Јован I Цимиски (969 – 976) кренале востание, ја отфрлиле византиската власт и повторно започнале да владеат самостојно. По загинувањето на Давид и Мојсеј, а потоа и по убиството на Арон, единствен владетел останал Самоил. (Бранко Панов и др., *Историја на македонскиот народ: том I* (Скопје: Институт за национална историја – Скопје, 2000), 357–362; Милан Бошкоски, *Великаните на македонскиот среден век: книга 1* (Скопје: Македонска реч, 2007), 42–52; Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија: том I* (Скопје: Мисла, 1985), 635–662.

– *Летописот на попот Дукљанин*[2] и
– *Хрониката на Јован Зонара*.

Врз основа на нивна споредбена анализа можеме да заклучиме дека по детронизирањето на бугарскиот цар Борис II (969/970 – 971), Византија на идентичен начин постапила и со бугарскиот (доростолскиот) патријарх Дамјан.[3] Имено, податоците содржани во *Диканжовиот список* од XII век упатуваат на претпоставката дека на Бугарската црква целосно ѝ била одземена самостојноста.[4]

Во прилог на изнесената теза се и податоците за селидбата на доростолскиот патријарх содржани во втората грамота на царот Василиј II за правата на Охридската архиепископија. Во неа, меѓу другото, се вели дека по ликвидирањето на бугарската држава, поглаварите на Бугарската црква со седиште во Доростол се преместувале од едно место во друго, „*еден во Тријадица, друг во Воден и Меглен, и најпосле ние го најдовме сегашниот архиепископ во Охрид*“.[5]

Внимателно разгледувајќи ги споменатите епископии, забележуваме дека доростолскиот патријарх Дамјан се селел на запад, во областите под власта на комитопулите, надвор од досегот на византиската политичка власт. Станува збор за епископии кои не ја признале јурисдикцијата на Константинополската патријаршија, а кои претходно влегувале во диецезата на доростолскиот патријарх. Ова, воедно, нѐ упатува на претпоставката дека комитопулите настојувале да го искористат авторитетот на доростолскиот патријарх во плановите за организирање самостојна црковна организација на територијата под нивна власт.

Врз основа на сведоштвото содржано во *Диканжовиот список* дознаваме дека по смртта на Дамјан, за нов црковен поглавар бил избран Герман, наречен Гаврил. Тој прво резидирал во Воден, потоа во Меглен, за на крајот Преспа да

2 *Летописот на попот Дукљанин*, со оригинален наслов *Regnum Sclavorum*, е познат уште и како *Барски родослов (Ljetopis popa Dukljanina,* priredio, uvod i komentar, Vladimir Mošin, [Zagreb: Matica hrvatska, 1950], 55; Љубинка Басотова, „Летописот на поп Дукљанин како извор за македонската средновековна историја“, во: *Споменици за средновековнатта историја на Македонија: том V*, ред. Владимир Мошин [Прилеп: Архив на Македонија, 1988], 205).

3 Првото седиште на Бугарската црква било во Плиска, па потоа во Велики Преслав, за на крајот да се премести во Дрстр (Доростол).

4 „(...) καθηρέθη παρὰ Ιωάνον Τζιμισχῆ“ (Jean Darrouzès, ed. *Notitia episcopatuum ecclesiae Constantinopolitanae: text critique, introduction et notes* [Paris: Institut Etudes Byzantines, 1981], 105; *Извори за българската история, Гръцки извори за българската история: том VII,* съставили и редактирали, Иван Дуйчев и др. [София: Българска академия на науките, 1967], 109–110 [во понатамошниот текст: ИБИГИБИ VII]).

5 „(...)τοῦ μὲν εἰς Τριάδιτζαν τοῦ δὲ ἐν τοῖς Βοδενοῖς καὶ ἐν τοῖς Μογλαίνοις, εἶθ' οὕτω ς ἐν τῇ Ἀρχίδᾳ τὸν νῦν εὕρομεν ἀρχιεπίσκοπον“ (*Извори за българската история, Гръцки извори за българската история: том VI,* съставили и редактирали, Иван Дуйчев и др. [София: Българска Академия на Науките, 1964], 45 [во понатамошниот текст ИБИГИБИ VI]; сп. Йордан Иванов, *Български старини из Македония* (София: Българска академия на науките, 1970), 557; Срђан Пириватић, *Самоилова држава: Обим и карактер* [Београд: Византолошки институт Српске академије науке и уметности, 1997] 153; Милан Бошкоски, „Улогата на св. Климент во зацврстувањето на апостолицитетот на Охридската архиепископија во времето на цар Самоил“, *Македонско наследство* бр. 17 [2001]: 28–29).

стане негова столица и седиште на новата црковна организација во Самоиловата држава.[6] Токму затоа во овој период Црквата во Самоиловата држава ја препознаваме како Преспанска архиепископија, која по преместувањето на седиштето во Охрид го менува називот и станува Охридска. Оттука и архијерејот Герман (Гаврил) се смета за прв поглавар на Преспанската, односно Охридската патријаршија.

*Диканжовиот список* е сведоштво дека поглаварот Герман (Гаврил) бил наследен од Филип, кој архијерејувал со градот Охрид.[7] Токму овој податок упатува на заклучокот дека веќе во времето на поглаварот Филип, црковното седиште од Преспа било преместено во Охрид.[8]

Она што е предмет на полемика во врска со патријархот Филип е прашањето за датирањето на неговото раководење со Охридската патријаршија. Ова се должи на фактот што освен во *Диканжовиот список*, за патријархот Филип нема други пишани изворни податоци. Токму затоа се изнесени различни мислења: Б. Прокиќ[9] смета дека Филип бил поглавар на Охридската патријаршија од 990 до 1015 година, а пак И. Снегаров[10] ја нуди хронолошката рамка од 1000 до 1015 година. Она што со сигурност се знае е дека во 1016 година патријархот Филип повеќе не се наоѓал на чело на Охридската патријаршија. Сведоштвото за ова е содржано во *Краткага историја* на Јован Скилица[11], каде што авторот пишувајќи за деталите околу убиството на зетскиот владетел Јован Владимир,

---

6 Daruzes, *Notitia episcopatum*, 105; *„Дюканжовъ списъкъ“,* во: Й. Иванов, Български старини, 566; *ИБИГИБИ VII*, 109; сп. Бошкоски, *„Улогата на св. Климент“*, 29–30; Јован Белчовски, *Охридската архиепископија: од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт* (Скопје: Православен богословски факултет „Климент Охридски“, Скопје, 1997), 90–91. М. Бошкоски хиротонијата на Герман (Гаврил) во Воден ја датира пред 980 година (Милан Бошкоски, „Прашањето на патронатот на црквата во времето на македонската средновековна држава (969 – 1018)“ [излагање презентирано на и печатена статија од Првата научна средба по повод патрониот празник на НУБ „Свети Климент Охридски“ – Скопје одржана во Скопје на 7.12.2007 година], 40–41).

7 „(...) Φίλιππος ἐν Λυηνίδῃ τῇ πάλαι μὲν Σασσαρίπῃ προσαγορευμένη νῦν δὲ᾽ Αηρίδη (…)“ (Daruzes, *Notitia episcopatum*, 105; сп.: *ИБИГИБИ VII*, 109; Й. Иванов, *„Дюканжовъ списъкъ“*, 566).

8 Според Б. Прокиќ, седиштето на Црквата било пренесено од Преспа во Охрид околу 990 година. (Прокић, „Постанак охридског патријархата“, 230–232). Наспроти ова, С. Пириватиќ смета тоа се случило најрано во 992/3, а најдоцна во есента 1015 година (Пириватић, *Самоилова држава*, 155–156). Со став истапува и Б. Панов, кој изнесува теза дека тоа, најверојатно, се случило во почетокот на XI век, кога царот Василиј II почнал речиси секоја година да навлегува на македонска територија (Бранко Панов, *Средновековна Македонија: том III* [Скопје: Мисла, 1985], 726).

9 Прокић, „Постанак охридског патријархата“, 230–232.

10 Иван Снегаров, *История на Охридската Архиепископия: том 1. Второ фототипно издание* (София: Академично издателство, 1995), 29.

11 Joannis Scylitzae, *Synopsis Historarum*, rec. J.Thurn (Berlin: 1973), 38, 65 (353); *ИБИГИБИ VI*, 288; *Византијски извори за историју народа Југославије: том III,* ур. Георгије Острогорски и Јадран Ферлуга (Београд: Византолошки институт, 1966) , 117–118 [во понатамошниот текст: ВИИНЈ III]. Јован Скилица, во согласност со тогашната византиска идеологија, охридските црковни поглавари во времето на Самоиловата држава гиословува со титулата архиепископи.

го споменува името на архиепископот Давид како учесник во заверата; Михаил Деволски[12] во дополнувањата кон текстот на Скилица наместо архиепископот Давид, го пишува името на архијерејот Јован.

Следниот на списокот охридски патријарси кој се искачил на црковниот трон по смртта на поглаварот Филип бил Јован. За него изворите сведочат дека станува збор за личност која потекнувала од селото Агноандника кај Дебар. По замонашувањето станал игумен на манастирот Св. Богородица во близината на Дебар, од каде што потоа, најверојатно во 1016 година, бил избран за охридски патријарх.[13] Тој се споменува и во првата повелба на Василиј II издадена на Охридската архиепископија. Имено, овој охридски патријарх по паѓањето на Самоиловата држава под византиска власт останал на високата црковна позиција во Охрид, но во ранг на архиепископ.[14]

Извесна полемика околу наследникот на патријархот Филип предизвикува пишувањето на Јован Скилица, според кого, во периодот од 1015 до 1018 година со црковната катедра во Охрид раководел Давид. Имено, византискиот хроничар на две места во својата *Кратка историја* го споменува името на Давид како црковен поглавар во времето на последниот цар од Самоиловата династија. Првиот пат е во контекст на заговорот за убиството на зетскиот владетел Јован Владимир, маж на Самоиловата ќерка Косара,[15] а вториот пат кога во близината на Струмица во 1018 година се сретнал со царот Василиј II предавајќи му писмо од царицата Марија, вдовицата на Јован Владислав, во кое таа му ги нудела условите под кои би ја напуштила земјата и, се разбира, би му ја предала власта.[16]

Токму сведоштвото наведено кај Скилица е аргумент во насока на оспорувањето на тезата дека Јован бил последниот поглавар на Охридската патријаршија во времето на Самуиловата држава. Па така, извесен број автори од крајот на XIX и првата половина на XX век,[17] а, за волја на вистината, и некои современи

[12] Bozidar Prokic, ed., *Die Zusatze in der Handschrift Des Johannes Skylitzes: Codex Vindobonensis historia graeca LXXIV* (Munchen: H.Kutzner, 1906), 32.

[13] Daruzes, *Notitia episcopatum,* 105; сп. *ИБИГИБИ VII*, 110; Й. Иванов, *Дюканжовъ списъкъ*, 566; сп.: Прокић, „Постанак охридског патријархата", 231–234; *ВИИНЈ III*, 118, ф. 134; Цветан Грозданов, „Архиепископот Јован од Дебарско и традицијата за основањето на манастирот Свети Јован Бигорски", *Зборник Манастир Свети Јован Бигорски, Културно-историско наследство на Република Македонија XXXII*, (1994): 19–24.

[14] *ИБИГИБИ VI*, 40–44; сп.: Снегаров, *Охридската Архиепископия 1*, 55–57; Й. Иванов, *Български старини*, 550–555.

[15] Scylitzae, *Synopsis*, 38, 65–85 (353–354); *ИБИГИБИ VI*, 288; *ВИИНЈ III*, 117–118.

[16] Scylitzae, *Synopsis*, 41, 75–80 (357–358); *ИБИГИБИ VI*, 290–291; *ВИИНЈ III*, 124–125; сп.: Бранко Панов и др., *Историја на македонскиот народ I,* 399; Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија I*, 685; Белчовски, *Охридската архиепископија*, 98–99; Милан Бошкоски, *Скопје и скопската област од VI до крајот на XIV век* (Скопје: Македонска реч, 2009), 122.

[17] Види: Евгений Евсигнеевич Голубинский, *Краткий очерк истории Православных церквей болгарской, сербской и румынской или молдо-валашской* (Москва: 1871), 30; Hainrich Gelzer, *Der Patriarchat von Achrida* (Leibzig: 1902), 8; Снегаров, *Охридската Архиепископия 1*, 55–57, 29–31.

автори[18], сметаат дека Давид, а не Јован, е последениот охридски патријарх детрониран од Василиј II. Тие како аргумент го наведуваат и пишувањето на Јован Зонара[19], кој, исто како Скилица, го наведува името на архиепископот Давид во контекст на неговата средба со Василиј II кај Струмица и предавањето на писмото од царицата Марија. Меѓутоа, ако внимателно го погледнеме текстот на Зонара, ќе забележиме дека тој го користи Скилица како основен извор. Оттука, поради второстепеноста, неговото кажување не може да се смета за веродостојно.

Ние сметаме дека одговорот на ова прашање е во дополнувањата на Михаил Деволски кон *Краткаta историја* на Скилица.[20] Имено, работите целосно се менуваат доколку имаме предвид дека на двете места каде што Скилица го споменува Давид, деволскиот епископ Михаил интервенира со исправки и го пишува името на „архијерејот Јован". Веродостојноста на споменатите исправки дополнително добива на тежина ако се има предвид дека Михаил бил деволски епископ и оттука имал увид во епископските списоци и во другите документи од архивите на Охридската архиепископија. Не е исклучено тој да користел заеднички извор со авторот на *Диканжовиот список*, во кој, како што кажавме, фигурира Јован како наследник на Филип. Не сомневајќи се во веродостојноста на исправките на Михаил Деволски, се произнесуваме дека во периодот од околу 1016 до 1018 година на чело на Охридската патријаршија се наоѓал патријархот Јован, за потоа да биде симнат во ранг на архиепископ и оставен да раководи со новоуредената Охридска архиепископија.

Следната личност од највисоката ерархија на Охридската патријаршија чија историчност, исто така, е предмет на полемика е поглаварот Николај Чудесни. Сведоштво за него има во *Краткото житие* на свети Јован Владимир и во списокот *Светии кај бугарскиот народ*, кој е додаден во *Зографската бугарска историја*.[21] Индикативен е фактот што Николај Чудесни не е споменат во ниту еден друг извор освен во горенаведените, кои се од подоцнежен датум. Тој не е наведен ниту кај Скилица, ниту во дополнувањата на Михаил Деволски, го нема во *Диканжовиот список*, а за него молчат *Пространото (словенско) житие* на св. Јован Владимир, *Летописот на попот Дукљанин* и повелбите на Василиј II. Сепак, и покрај ова, извесен број автори не се сомневаат во неговата историчност и го наведуваат веднаш по поглаварот Герман (Гаврил). Тие отсуството на неговото име во првостепените извори за Охридската патријаршија го објаснуваат со претпоставката дека Николај Чудесни кусо време бил на чело на Црквата.

Она на што сметаме дека треба да се внимава при одговорот на прашањето за историчноста на Николај Чудесни се три моменти: 1) датирањето на *Краткото*

---

18 Антољак, *Средновековна Македонија I*, 684; Белчовски, *Охридската архиепископија*, 100–102.

19 В. Ioannes Zonaras, „Annales" во *Patrologiae cursus completus, series Graecae, tomus CXXXIV*, ed. J. P. Migne (Pariis: 1866), III, 5 (col. 549); сп.: *ИБИГИБИ VII*, 189.

20 Prokic, *Die Zusatze*, 25. Според Б. Прокиќ, овие дополнувања на М. Деволски датираат од 24 април 1118 година.

21 „Пролошко житие на Св. Јован Владимир", во *Москополски зборник: Пролошки житија на светците*, превод и коментари Христо Мелоски (Скопје: Догер 1996), 171–185; сп. Й.Иванов, *Български старини*, 175.

*житие* на св. Јован Владимир; 2) утврдување, барем приближно, на изворите што ги користел неговиот автор при пишувањето и 3) анализа на точноста на другите историски податоци содржани во него. Наведеното е со цел да се утврди автентичноста на споменатото житие како историски извор.

Денес со сигурност се знае дека автор на *Краткото житие* на св. Јован Владимир, напишано на грчки јазик, е китијскиот,[22] а подоцна драчки митрополит Козма. Тој во периодот од 1682 до 1685 година бил игумен на манастирот Св. Јован Владимир во Елбасан, а извесен период бил местобљуститeл и настојник на Охридската архиепископија. Се претпоставува дека додека ја извршувал функцијата игумен на манастирот Св. Јован Владимир во Елбасан, го напишал житието на светецот. Во него се вели дека Јован Владимир бил воспитан од охридскиот архиепископ *„свети Николај“*.[23] Тоа е, всушност, првото негово споменување во историските извори.

Во контекст на вреднувањето на автентичноста на историските податоци содржани во *Краткото житие* на св. Јован Владимир, ќе ги наведеме очигледните историски анахронизми содржани во него. Имено, уште на почетокот од хагиографскиот текст се вели дека Јован Владимир бил син на Немања, а пак овој син на бугарскиот цар Симеон.[24] Станува збор за очигледно непознавање на историските факти. Токму ова, погледнато во поширок контекст, упатува на внимателен пристап кон другите податоци содржани во житието. Затоа, на мислење сме дека како релевантни сведоштва треба да се земат само оние што можат да се проверат во другите извори.

Имајќи го предвид кажаното, а особено големата временска оддалеченост од периодот кога живее Јован Владимир до пишувањето на неговото *Кратко житие*, како и одделните, очигледни, историски неточности содржани во него, нè наведувааат на тоа да се сомневаме во автентичноста на податокот дека извесен охридски архиепископ Николај бил учител на Јован Владимир. Ова уште повеќе затоа што податокот за историчноста на Николај Чудесни досега не е забележан во ниту еден друг, литерарен или епиграфски, извор.

Посредни податоци за ерархијата во Охридската патријаршија наоѓаме и во два други литерарни извори: *Летописот на попот Дукљанин* и *Пространото (словенско) житие на св. Јован Владимир*. Имено, во *Летописот на попот Дукљанин*, во делот каде што се соопштуваат подробностите околу заверата за убиството на Јован Владимир, се вели дека царот Јован Владислав, преку делегација составена од двајца епископи и еден монах испосник, му испратил на зетскиот кнез дрвен крст како еден вид црковна гаранција за неговата безбедност доколку дојде во Преспа.[25] Притоа, авторот не ги соопштува имињата на

22 Козма на должноста местобљуститeл и настојник на Охридската архиепископија дошол во 1685 година и на таа должност останал, најверојатно, до 1693 година. (Gelzer, *Der Patriarchat von Achrida*, 52; Иван Снегаров, *История на Охридската Архиепископия*: *том 2. Второ фототипно издание* (София: Академично издателство, 1995), 224.

23 „Пролошко житие на Св. Јован Владимир“, 172, 177.

24 „Пролошко житие на Св. Јован Владимир“, 171, 175.

25 „(...) accersitis duobus episcopis et uno hermita, mentiendo illis maligne, fidem suam dedit crucem ligneam misitque eos ad regem“ (*Ljetopis*, XXXVI, 83; сп.: Љубинка Басотова, „Летописот“, 210).

епископите и на испосникот. Тоа остава простор за различни толкувања во врска со нивната идентификација. Ние, во врска во ова, го исклучуваме директното учество на поглаварот на Охридската патријаршија во делегацијата бидејќи доколку тој бил дел од неа, авторот сигурно не би заборавил да го нагласи тоа. Најверојатно станува збор за двајца владици на Охридската црква, чии имиња и епархии остануваат непознати. Тие, несомнено, уживале доверба кај својот црковен поглавар, кој, најверојатно, целосно бил запознаен со деталите на заверата. Според сведоштвото кај Скилица, архиепископот Давид му испратил и гаранции за безбедност на Јован Владимир;[26] Михаил Деволски во дополнувањата кон текстот наместо името на архиепископот Давид, го пишува она на архијерејот Јован.[27]

Во *Летописот на попот Дукљанин,* уште на две други места се спомнуваат епископите на Охридската патријаршија. Првото е во контекст на чинот на погубувањето, а второто во врска со погребот на зетскиот кнез Јован Владимир. За жал, ниту во овој дел од текстот не се наведени нивните имиња.[28]

Епископите, учесници во заверата против зетскиот владетел, не се поименично спомнати ниту во *Пространото житие на св. Јован Владимир*. Во него единствено се кажува дека царот Јован Владислав му испратил епископи на зетскиот кнез, кои пред евангелијата и крстот лажно се заколнале во чесните намери на царот. Во споменатото житие дури не е наведен ниту бројот на епископите во делегацијата испратена кај Јован Владимир.[29]

Освен во литерарните, податоци за конкретни личности од црковната ерархија во времето на Самоиловата династија има и во епиграфските извори датирани во тој период. Станува збор за два натписа: едниот, кирилски, датиран во 996 година, и другиот, ерменски, датиран во X/XI век. Кирилскиот, во литературата познат како Варошки натпис, е врежан на мермерниот столб од тремот на црквата Св. Архангел во месноста Варош кај Прилеп. Во него се спомнува смртта на, според едно исчитување – епископот, а според друго – попот Андреја, во 996 година. Тоа, всушност, значи дека извесниот Андреја бил црковен достоинственик во времето на царот Самоил, чија личност не е спомната во другите, досега познати, извори.[30]

Вториот епиграфски натпис во кој се спомнува личност од ерархијата на Охридската патријаршија е т.н. Таинствен варошки натпис на ерменски јазик.

---

26 Scylitzae, *Synopsis*, 38, 65 (353); *ИБИГИБИ VI*, 288; *ВИИНЈ III*, 117–118.

27 Prokic, *Die Zusatze*, 32 (32).

28 *Ljetopis*, XXXVI, 84; сп. Љубинка Басотова, „Летописот“, 215–216. Во овој летопис експлицитно се споменува местото *Краини (Craini)* каде што бил закопан Владимир, кое, според мислењето на Љ. Басотова, треба да се идентификува со с. Крани на Преспанското Езеро. Како аргумент го цитира делот во *Летописот* каде што се вели дека Владимир бил убиен пред црквата во Преспа и закопан крај неа. Подоцна моштите биле пренесени во Краини (*Craini*), односно Крани, од каде што по третпат биле ексхумирани за да бидат закопани во манастирската црква Св. Јован Владимир крај Елбасан (Љубинка Басотова, „Летописот“, 216).

29 „Словенско Житије Јована Владимира“, во: *Читанка о Светоме краљу Јовану Владимиру*, саставио Епископ Николај [Велимировић], (Београд: 1925), 6.

30 Й. Иванов, *Български старини*, 26–28.

Тој е испишан на плоча од бел мермер најдена во 1966 година при археолошките ископувања во старата црква Св. Димитрија во Варош кај Прилеп. Според исчитувањето што го предлага Владимир Мошин, во текстот се спомнува свештеникот Атанасиј и годината 1002.[31] Она што е збунувачки е јазикот на кој е напишан. Очигледно е дека ерменскиот јазик упатува на претпоставката дека спомнатиот свештеник Атанасиј бил со ерменско етничко потекло. Можеби станува збор за припадник на ерменските колонисти, за кои не е исклучено дека во извесен број ги имало и во околината на Прилеп, каде што Атанасиј ја извршувал свештеничката должност.

Од сето горенаведено сметаме дека црковната организација во рамките на Самоиловата држава броела тројца поглавари: Герман, Филип и Јован.

Dragan ZAJKOVSKI

## HIERARCHY OF CHURCH ORGANIZATION AT THE TIME OF SAMUEL`S STATE

– *Abstract* –

One of the least studied questions in church historiography is certainly the first stage of the church organization at the time of Samuel's state. Without doubt, the reason is the scarcity of genuine testimonials. Therefore, precise answers to many questions related to the history of the church organization at the time of Samuel's state are missing. Among them there is one that concerns the church hierarchy.

However, based on available historical sources we can conclude that the Ohrid Patriarchate at the time of Samuel's state counted three patriarchs: German named Gabriel, Philip and John. Finally, the comparative analysis of the sources questions the historicity of two other leaders: David and Nicholas The Miraculous. Sources that mention these church leaders are full of other historical inaccuracies. Moreover, they are of later date. Those are the reasons that we categorize them as unreliable historical sources.

---

[31] Владимир Мошин, „Прилепско-варошкиот таинствен натпис на една античка плоча", во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том IV*, ред. Владимир Мошин (Скопје: Архив на Македонија, 1981), 509–513.